М. 9
Инв. 2799
2799

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
НА ШКОЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА

НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА

ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗДАВАЧКО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОСВЕТНО ДЕЛО“

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
НА ШКОЛСТВОТО НА СР МАКЕДОНИЈА

НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА

ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВТОРО ИЗДАНИЕ

ИЗДАВАЧКО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„ПРОСВЕТНО ДЕЛО“
СКОПЈЕ, 1966

Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија, во согласност со Основите на наставниот план и програма за основните училишта во СР Македонија што ги донесе Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија на седницата од 15-IV-1966 година, го објавува овој Наставен план и програма за основните училишта во СР Македонија, разработен согласно чл. 39 од Законот за основното училиште („Сл. весник на СРМ“ бр. 31/65), кој ќе се применува од учебната 1966/67 година

Редакцијата на овој Наставен план и програма ја изврши групата за основно образование при Републичкиот завод за унапредување на школството: *Милорад Крстиќески, Благој Кондарко* и *Зафир Аговски*

УВОД

Досегашните наставни планови и програми за основните училишта во СР Македонија се донесени од Советот за просвета на НР Македонија на седницата од 29-IV-1959 година и на седницата од 21-III-1960 година. Во текот на нивната седумгодишна примена не се вршени никакви корекции и дополнувања.

Процесот на примената на наставните планови и програми е следен од страна на Републичкиот завод за унапредување на школството и околиските заводи за школство. Во текот на изминатиот период извршена е широка консултација и анкета на голем број наставнички колективи, стручни друштва, здруженија и поединци, со цел да се даде оценка за целисходноста на наставниот план и програма и на постигнатите резултати во реформата на основното училиште, како и да се добијат сугестии за натамошното усовршување на наставниот план и програмата.

Како резултат на тоа следење изработен е елаборатот „Резултати и проблеми во реформата на основното училиште“, во кој е дадена оценка за резултатите од реформата, воопшто, за наставните планови и програми во целина и за секој наставен предмет посебно.

Извршената оценка за резултатите од реформата на основното училиште даде можност да се потврдат основните ставови на концепцијата на реформата на основното училиште и да се уочат некои проблеми кои наложија да се пристапи кон корекција и натамошно усовршување на наставните планови и програми.

Основните констатации од досегашното следење на реформата на основното училиште, главно, можат да се сведат на следново:

— Концепцијата на реформата на основното училиште во СФР Југославија е сесрдно прифатена од просветните работници и широката општествена јавност, што е потврдено и со заклучоците на Сојузната скупштина од 1963 година и на Републичкото собрание на СР Македонија од 1964 година.

— Во наставните планови се потребни извесни корекции со цел да се обезбеди поголем фонд часови на некои наставни предмети, на кое укажуваат практиката и современите општествени барања.

— Наставните програми по повеќе наставни предмети често содржински се повторуваат на исто образовно ниво или содржините се предвидуваат во два или повеќе наставни предмети, а што влијае врз ритмот на наставниот процес и неговата рационалност.

— Рамковност на наставните програми не одговара, во потполност, на структурата и можностите на наставничкиот кадар. Во определувањето обемот во наставните содржини, интерпретацијата и реализацијата на наставните програми во практиката се јавуваат две крајности: дел од наставниците тешко успева обемот на наставниот материјал да го сообрази со возраста на учениците — оди во преголем екстензитет и со тоа ги преоптоварува учениците, а дел од наставниците обемот на наставните содржини го дава под можностите на учениците и на тој начин ја осиромашува наставата.

— Дополнителната настава не е сосема правилно организирана и дидактички поставена. Се оди во широчина (со вклучување на сите предмети во дополнителната настава) и главно се применува фронталниот вид на работа со учениците што не постигнуваат резултати.

— Голем број училишта тешко се снаоѓаат во изнаоѓањето правилен сооднос меѓу структуралните подрачја на воспитно-образовната работа во училиштето. Слободните активности, според бројноста на формите, често не се сообразени со објективните услови и можности на училиштето. Некои училишта, во слободните активности и јавните културно-просветни и спортски манифестации почнаа да ги гледаат дури основните интенции на реформата. Оваа ориентација се одразуваше врз наставата, која се смета како основна и најважна воспитно-образовна дејност на училиштето. Слободните активности, место да придонесат за збогатување и оживување на наставата, како и за поефикасно поврзување на училиштето со општествената средина, ја нарушуваат единственоста на дејствувањето на сите воспитно-образовни подрачја.

Тргнувајќи од овие констатации се пристапи кон корекција и усовршување на наставниот план и програма и кон поконкретна разработка на другите структурални подрачја на задолжителното основно образование. При структуирањето на овој наставен план и програма, во основа е акцептирана, и во целост задржана, концепцијата за реформа на основното училиште.

Во споредба со претходниот овој наставен план се разликува во тоа што го зголемува општиот фонд на часовите по

мајчин јазик, математика и странските јазици. Во рамките на мајчиниот јазик се решава прашањето за краснописот. Се намалува фондот на часовите по некои наставни предмети (по запознавање на природата и општеството во I и II одделение, по ликовно воспитание во I одделение, по запознавање на природата во V одделение), а се укинува предметот Основи на социјалистичкиот морал, со тоа што во VIII одделение се задржува како Основи на општественото и моралното воспитание.

Во овој наставен план и програма се определува и максималното можно ангажирање на учениците со дополнителна настава, продолжна настава, приозводствена и општествено-корисна работа и со слободните активности.

Се настојуваше содржините на наставните програми да се пречистат од повторувања, како во самите предмети така и меѓу сродните предмети.

Во рамките на одделните наставни предмети задржани се основните теми, но е извршена поголема конкретизација на наставните содржини, така што во границите на можностите, е определен обемот на содржините што ученикот треба да ги совлада. Некои содржини, и покрај тоа што се дадени како наставни единици, се тезирани, со цел наставникот полесно да се ориентира при нивното реализирање.

Креативноста на наставникот, при реализацијата на овие програми, треба да дојде до израз во поврзувањето на наставната материја со средината во која што работи училиштето, со општествената средина воопшто, како и со современите настани во нашиот општествен и стопански живот. Креативноста посебно треба да дојде до израз при изборот на современи средства и методи за реализација на програмата, како и во полното активирање на учениците во наставниот процес.

Во некои наставни предмети е извршено преместување на дел од наставната материја од едно одделение во друго, некаде се извршени скратувања, некаде дополнувања, а некаде пак е извршено ново структуирање на наставната материја, за да се даде извесен дидактички систем и среденост на наставната материја, како и да се обезбеди порамномерна оптовареност на учениците сообразно со нивната возраст.

Дополнителната и продолжната настава се третираат како составен дел на редовната настава.

Другите структурални подрачја се обработени со цел да се укаже на нивното воспитно-образовно значење, да го најдат своето соодветно место во единството на воспитно-образовното дејствување на училиштето, а учениците да се ангажираат во границите на нивните психофизички можности.

Со цел да му се помогне на наставничкиот кадар во реализацијата на наставните прграми, како и да му се даде можност да изврши поквалитетно планирање на наставната мате-

рија, дадени се поопширни објасненија за секоја одделна наставна програма. Тие треба да се сметаат како составен дел на програмите, затоа треба солидно да се проучуваат пред да се пристапи кон планирањето и реализирањето на наставната материја.

Наставните планови и програми се разработени од Републичкиот завод за унапредување на школството, врз основа на Основите на наставниот план и програма за основните училишта во СР Македонија, што ги донесе Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија на својата седница од 15-IV-1966 година.

Овие наставни планови и програми ќе се применуваат во сите одделенија на основните училишта во СР Македонија од учебната 1966/67 година.

ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СФРЈ

Воспитанието и образованието во СФРЈ, како битна и основна функција на општеството, произлегува од социјалистичките општествени односи во нашата земја, односно од развитокот на социјалистичката демократија, која се засновува врз општествената сопственост на средствата за производство, самоуправувањето на работните луѓе во општеството и на другите подрачја на општествениот живот, како и од правото на работните луѓе самостојно да го распределуваат производот на својот труд. Воспитанието и образованието, исто така, произлегува и од постојниот развиток на општествените производни сили и материјалните услови на животот во современата цивилизација, заснована на сè пошироката и посистематската примена на резултатите на науката и техниката, како и од новата положба и улога, од новата смисла и можности, што се даваат на ослободената човечка личност во социјализмот.

Според тоа, целите на воспитанието и образованието во СФРЈ се: да се развива творечки однос на младата генерација спрема идниот позив и спрема трудот воопшто; да се развива социјалистичка општествена свест и да се оспособува младината за учество во општествениот живот на земјата, во органите на општественото самоуправување и управување; да се запознаваат и усвојуваат достигањата на нашите народи и на целокупното човештво на разните подрачја од општествениот, научно-техничкиот и културен развиток; да се развива духот на братството и единството на југословенските народи; да се развива интернационализмот, духот на меѓународната солидарност на работните луѓе, како и идејата за рамноправност и зближување на сите народи во интерес на мирот и напредокот во светот; да се усвојуваат основите на научниот — материјалистичкиот поглед на светот; да се развива сестрано активна личност со интелектуални и морални особини на граѓанин на социјалистичка заедница; да се подобрува физичкото здравје, особено со развивањето на физичката култура и телесното воспитување, како услов за нормален живот и развиток.

Раководејќи се од спомнатите цели и задачи на воспитанието и образованието во СФРЈ, посебните задачи на основното училиште се следниве:

1. Учениците да ги оспособи за самостојно усно и писмено изразување; да им овозможи здобивање на елементарни познавања од областа на природните и општествените науки; да им ги развие психичките и физичките способности, а особено способностите за набљудување, самостојно и критичко мислење; да им развива траен интерес за образование и за продлабочување на здобиените знаења преку самообразување во училиштето и надвор од него;

— на учениците да им овозможи здобивање на работни навики и да им развие култура на работата; да им создаде хигиенски навики и трајна потреба за активно фискултурно дејствување;

— да го збогатува внатрешниот живот на учениците со посестрано естетско воспитување и да ги запознае со достигањата на културата и уметничкото творештво на нашите народи и на целото човештво, сообразно со нивните психофизички можности;

— учениците да ги воведува во основите на техниката и призводството, со цел да им даде соодветни работотехнички знаења и навики, преку непосредното вклучување во производствената и општествено-корисната работа;

— на достапен начин учениците да ги запознава со современата организација на социјалистичкото општество и да ги оспособува за разбирање на самоуправувањето, развивајќи им свест за општествена одговорност и дисциплина;

— кај учениците да развива социјалистички хуманизам, патриотизам и интернационализам, преку запознавањето со минатото на нашите народи, а пред сè со Народноослободителната борба, со борбата на прогресивното човештво и неговите културни придобивки, како и со современиот општествено политички и економски развиток кај нас и во светот, а во сообразност со нивната возраст.

2. Да работи врз постојаното издигање на квалитетот на воспитно-образовната работа, употребувајќи такви форми, методи и средства во воспитно-образовната работа што претставуваат достигања на современата наука на воспитанието и образованието;

— активно да се заложува за систематско и целесообразно стручно и методско педагошко издигање и усовршување на наставничкиот кадар;

— да настојува за постојано унапредување и усовршување на организацијата на својот внатрешен живот и работа, преку воведување пообјективни и поегзактни мерила за вреднувањето на резултатите од својата работа, за да се придонесе за пообјективна распределба на личниот доход и за создавање соработнички односи меѓу наставниците;

— да ја следи, евидентира и документира целокупната своја активност, со цел да има увид за резултатите и проблемите и поуспешно да ја насочува својата идна работа.

3. Да придонесува за остварувањето на заедничките општествени задачи во однос на физичкото и здравственото воспитание на граѓаните, како и за подигањето на нивното културно ниво и за унапредувањето на општествената заедница како целина;

— во остварувањето на своите задачи училиштето соработува со семејството, младинската, културно-стопанските и другите општествени организации, како и со стручните здруженија, установи и служби;

— организира разновидни културно-просветни дејности, со цел да придонесе за културниот развиток на средината во која што дејствува.

БИТНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И УЛОГАТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Основното училиште, како самостојна и самоуправна работна организација, претставува темел на целокупниот воспитно-образовен систем. Тоа треба да даде основа како за натамошното школување и вонучилишно образование, така и за полесно вклучување на учениците во производството и општествениот живот. Основното училиште треба да овозможи самостојно лично издигање и самообразование. Затоа тоа е задолжително за сета млада генерација до 15-тата годишна возраст.

Според своите цели и задачи, според својата општествена и педагошка улога, како и според своите основни образовни содржини и принципи, основното училиште е единствено за сите училишни обврзници. Неговата единственост се остварува на различни начини и низ разновидни форми. Богатството на формите, разновидноста на содржината на работата, тесната поврзаност со општествената средина и слично не треба да ја нарушува единственоста на основното образование како темел за натамошното образование, самообразование и вклучување во општествениот и производниот живот.

Основното училиште е општообразовно училиште кое младата генерација треба да ја запознае со достигањата на човештвото во материјалниот, научниот, техничкиот, културниот живот и твореството, како и да ја оспособи за научно гледање на светот, врз основа на дијалектичко-материјалистичката наука. Основното училиште треба да ја развива свеста кај младата генерација за творечката моќ на човечкиот ум во сознавањето и менувањето на природата и општеството, во создавањето на материјалната благосостојба и култура како и во обликувањето на општествените социјалистички односи.

Со општото образование што го дава основното училиште ученикот треба да се здобива со работни навики што ќе го оспособуваат да стане активен граѓанин и градител на социјализмот. Ученикот добива основа и ориентација за својот иден животен позив; се оспособува за користење на културните придобивки на човештовото, за да може да живее со полн живот достоен на човекот; добива општи технички знаења и се запознава со современото производство, без оглед на неговиот животен позив; здобива навики за фискултурен живот.

Имајќи ги предвид целите и задачите на основното училиште за воспитувањето и образованието на младата генерација, како и неговите битни карактеристики, неговата улога се состои, пред сè, на младиот човек да му обезбеди што понаучно и посестрано современо општо и општествено образование. Со содржината на својата работа и еластичното организирање на воспитно-образовниот процес, основното училиште треба свесно да се поврзува со општествената и стопанска средина, за да може и самото тоа да се развива.

Улогата на основното училиште се состои и во непосредната ангажираност на сите субјективни сили, заедно со сите други општествени фактори, во работата на физичкото и здравственото воспитување на училишните обврзници, не само за да се развива нормално нивниот организам, туку да се создаде солидна работна кондиција, ведрина и елан за совладување на напорите што се јавуваат во воспитно-образовниот процес и да служи како рекреација во слободното време.

Во соработка со соодветните општествени организации и други фактори, а и самостојно, основното училиште треба активно да учествува во општествениот, политичкиот и културниот живот на средината, за која цел смислено и планомерно треба да работи и на естетското воспитување и на уметничкото образование на учениците.

Активноста на основното училиште во остварувањето на својата улога, целите и задачите, треба да биде ориентирана, така што да придонесува за постепено и систематско интелектуално, општествено-морално, трудово-техничко и естетско воспитание.

СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Имајќи ги предвид целите и задачите на воспитанието и образованието, задачите на основното училиште, како и неговите основни карактеристики и улога, на сегашнава етапа од нашиот развиток се определува следнава структура на воспитно-образовната работа во основното училиште: настава, физичко и здравствено воспитание, производствена и општествено корисна работа, слободни ученички активности и јавна и културно-просветна дејност на училиштето.

1. НАСТАВА

Наставата претставува основна и најважна воспитно-образовна активност на основното училиште, бидејќи преку неа учениците на најорганизиран и најцелесообразен начин се здобиваат со знаења, умеења и навики од областа на науката, техниката, уметноста и здравствената заштита. Истовремено таа најмногу придонесува за развивањето на интелектуалните способности и претставува предуслов, извор и поттик за остварување и на другите особини на личноста на ученикот, како што се: општествено-моралните, работно-техничките, естетските и физичко-здравствените.

Современа организирана и изведувана настава претпоставува: избор на современи образовни содржини од областа на науката, техниката, културата и уметноста; нивно трансформирање во наставни предмети и подрачја; нивно хоризонтално и вертикално распоредување и поврзување во рамките на осумгодишниот период, согласно со внатрешната логичка поврзаност на содржините и психофизичките можности на учениците. Ваквата настава претпоставува и користење на современи методи и средства, не само заради пренесување на воспитно-образовните содржини, туку и за оспособување на учениците тие методи, форми и средства да станат составен дел на нивната индивидуална активност во процесот на образованието и самообразованието. Основното училиште, како самостојна самоуправна работна организација, треба да ги има предвид горните претпоставки за да може да изврши квалитетно планирање и програмирање на работата во училиштето.

За успешно остварување целите на современото воспитување и образование, основното училиште, во структурата на наставата ги опфаќа следниве наставни предмети: мајчин јазик, запознавање на природата и општеството, запознавање на природата, физика, хемија, биологија, математика, основи на општотехничкото образование, запознавање на општеството, географија, историја, основи на општествено-моралното воспитание, еден од јазиците на народите, односно народностите на Југославија, македонски јазик, странски јазик, физичко воспитание, ликовно воспитание, музичко воспитание и домаќинство.

Републичкиот завод за унапредување на школството на СР Македонија, врз основа на Основите на наставниот план и програма, донесени од Просветно-културниот собор на Собранието на Македонија, го определува следниов наставен план и програма за основните училишта во СР Македонија, како и општиот годишен план за работа на училиштата, изработен врз законскиот минимум од 210 работни дена во учебната година:

НАСТАВЕН ПЛАН

за основните училишта со македонски и српскохрватски наставен јазик

	Наставни предмети	Одделенија							
		I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII
1	Мајчин јазик	7	7	7	6	5	5	4	4
2	Запознавање на природата и општеството	3	3	4	—	—	—	—	—
3	Запознавање на природата	—	—	—	3	2	3	—	—
4	Физика	—	—	—	—	—	—	3	3
5	Хемија	—	—	—	—	—	—	2	2
6	Биологија	—	—	—	—	—	—	2	2
7	Математика	6	6	6	6	5	4	4	4
8	Основи на општотехничкото образование	—	—	—	1	2	2	2	2
9	Запознавање на општеството	—	—	—	3	3	—	—	—
10	Географија	—	—	—	—	—	2	2	2
11	Историја	—	—	—	—	—	2	2	2
12	Основи на општествено-моралното воспитание	—	—	—	—	—	—	—	1
13	Еден од јазиците на народите, односно народностите, на Југославија	—	—	—	—	2	2	2	2
14	Странски јазик	—	—	—	....	3	3	3	3
15	Физичко воспитание	3	3	3	2	2	2	2	2
16	Ликовно воспитание	1	2	2	2	2	2	1	1
17	Музичко воспитание	2/2	2/2	2/2	2	2	2	1	1
18	Домаќинство	—	—	—	—	—	1	1	1
19	Вкупно задолжителни часови	21	22	23	25	28	30	31	32
	Часови за евентуални други предмети и содржини	—	—	—	—	1	1	2	2
	ВКУПНО:	21	22	23	25	29	31	33	34

ЗАБЕЛЕШКА: За училиштата со српскохрватски наставен јазик фондот на часовите под „1“ (мајчин јазик) станува фонд на часовите по српскохрватски јазик, а фондот на часовите под „13“ (Еден од јазиците на народите, односно народности, на Југославија) станува фонд на часови по македонски јазик.

НАСТАВЕН ПЛАН

за основните училишта со шиптарски и турски наставен јазик

	Наставни предмети	Одделенија							
		I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII
1	Мајчин јазик	7	7	6	6	5	5	4	4
2	Запознавање на природата и општеството	3	3	4	—	—	—	—	—
3	Запознавање на природата	—	—	—	3	2	3	—	—
4	Физика	—	—	—	—	—	—	3	3
5	Хемија	—	—	—	—	—	—	2	2
6	Биологија	—	—	—	—	—	—	2	2
7	Математика	6	6	5	5	5	4	4	4
8	Основи на општотехничкото образование	—	—	—	1	2	2	2	2
9	Запознавање на општеството	—	—	—	3	3	—	—	—
10	Географија	—	—	—	—	—	2	2	2
11	Историја	—	—	—	—	—	2	2	2
12	Основи на општествено-моралното воспитание	—	—	—	—	—	—	—	1
13	Македонски јазик	—	—	3	3	3	3	3	3
14	Странски јазик	—	—	—	....	3	3	2	2
15	Физичко воспитание	3	3	3	2	2	2	2	2
16	Ликовно воспитание	1	2	2	2	2	2	1	1
17	Музичко воспитание	2/2	2/2	2/2	2	2	1	1	1
18	Домаќинство	—	—	—	—	—	1	1	1
19	Вкупно задолжителни часови	21	22	24	27	29	30	31	32
	Часови за евентуални други предмети и содржини	—	—	—	—	1	1	2	2
	ВКУПНО:	21	22	24	27	30	31	33	34

ОПШТ ГОДИШЕН ПЛАН

за основните училишта со македонски и српскохрватски наставен јазик
(број на часови)

	Наставни предмети и други активности	Одделенија								Вкупно
		I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	
1.	Мајчин јазик	245	245	245	210	175	175	140	140	1575
2.	Запознавање на природата и општеството	105	105	140	—	—	—	—	—	350
3.	Запознавање на природата	—	—	—	105	70	105	—	—	280
4.	Физика	—	—	—	—	—	—	105	105	210
5.	Хемија	—	—	—	—	—	—	70	70	140
6.	Биологија	—	—	—	—	—	—	70	70	140
7.	Математика	210	210	210	210	175	140	140	140	1435
8.	Основи на општотехничкото образование	—	—	—	35	70	70	70	70	315
9.	Запознавање на општеството	—	—	—	105	105	—	—	—	210
10.	Географија	—	—	—	—	—	70	70	70	210
11.	Историја	—	—	—	—	—	70	70	70	210
12.	Основи на општествено-моралното воспитание	—	—	—	—	—	—	—	35	35
13.	Еден од јазиците на народите, односно народностите, на Југославија	—	—	—	—	70	70	70	70	280
14.	Странски јазик	—	—	—	(35)	105	105	105	105	420 (35)
15.	Физичко воспитание	105	105	105	70	70	70	70	70	665
16.	Ликовно воспитание	35	70	70	70	70	70	35	35	455
17.	Музичко воспитание	35	35	35	70	70	70	35	35	385
18.	Домаќинство	—	—	—	—	—	35	35	35	105
19.	Часови за евентуални други предмети и содржини	—	—	—	—	35	35	70	70	210
20.	Дополнителна настава	35	35	35	35	70	70	70	70	420
21.	Производствена и општествено корисна работа	20	20	20	30	30	40	40	40	240
22.	Слободни активности	35	35	35	35	70	70	70	70	420
	ВКУПНО:	825	860	895	975 (35)	1185	1265	1335	1370	8710 (35)

ЗАБЕЛЕШКА: Овој план е изработен врз база на 210 работни денови во учебната година, односно 35 работни седмици. Тој претставува минимум што школата е должна да го оствари.

ОПШТ ГОДИШЕН ПЛАН

за основните училишта со шиптарски и турски наставен јазик
(број на часови)

	Наставни предмети и други активности	Одделенија								Вкупно
		I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	
1.	Мајчин јазик	245	245	210	210	175	175	140	140	1540
2.	Запознавање на природата и општеството	105	105	140	—	—	—	—	—	350
3.	Запознавање на природата	—	—	—	105	70	105	—	—	280
4.	Физика	—	—	—	—	—	—	105	105	210
5.	Хемија	—	—	—	—	—	—	70	70	140
6.	Биологија	—	—	—	—	—	—	70	70	140
7.	Математика	210	210	175	175	175	140	140	140	1365
8.	Основи на општотехничкото образование	—	—	—	35	70	70	70	70	315
9.	Запознавање на општеството	—	—	—	105	105	—	—	—	210
10.	Географија	—	—	—	—	—	70	70	70	210
11.	Историја	—	—	—	—	—	70	70	70	210
12.	Основи на општествено-моралното воспитание	—	—	—	—	—	—	—	35	35
13.	Македонски јазик	—	—	105	105	105	105	105	105	630
14.	Странски јазик	—	—	—	(35)	105	105	70	70	350 (35)
15.	Физичко воспитание	105	105	105	70	70	70	70	70	665
16.	Ликовно воспитание	35	70	70	70	70	70	35	35	455
17.	Музичко воспитание	35	35	35	70	70	35	35	35	350
18.	Домаќинство	—	—	—	—	—	35	35	35	105
19.	Часови за евентуални други предмети и содржини	—	—	—	—	35	35	70	70	210
20.	Дополнителна настава	35	35	35	35	70	70	70	70	420
21.	Производствена и општествено корисна работа	20	20	20	30	30	40	40	40	240
22.	Слободни активности	35	35	35	35	70	70	70	70	420
	В К У П Н О:	825	860	930	1045 (35)	1220	1265	1335	1370	8850 (35)

ЗАБЕЛЕШКА: Овој план е изработен врз база на 210 работни денови во учебната година, односно 35 работни седмици. Тој претставува минимум што школата е должна да го оствари.

ОБЈАСНЕНИЕ

КОН НАСТАВНИОТ И ОПШТИОТ ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Наставниот план ги определува наставните предмети по одделенија, вкупниот фонд на часови за секое одделение и фондот на часовите за секој предмет одделно.

Наставниот предмет *Еден од јазиците на народите, односно народностите на Југославија* (Ред. бр. 13 во Наставниот план) се застапува од V — VIII одделение во училиштата со македонски наставен јазик, што значи дека училиштето врши избор на еден од следниве јазици: српскохрватски, словенечки, шиптарски или турски.

Во училиштата со шиптарски, турски и српскохрватски наставен јазик се учи македонски јазик, а факултативно може да се изучува и еден од јазиците на народите, односно народностите, на Југославија. Оваа настава може да се изведува од V до VIII одделение, користејќи го фондот на часовите за евентуални други предмети и содржини. За ова одлучува Советот на училиштето, во согласност и соработка со надлежната просветно-педагошка служба.

Краснописот во наставниот план не е застапен како посебен наставен предмет, но со програмата се предвидени наставни содржини кои се остваруваат со по еден час седмично во II и III одделение, во рамките на наставата по мајчин јазик.

Практична работа што е предвидена во наставната програма по запознавање на природата и општеството се изведува на посебен час, но во рамките на веќе предвидениот фонд на часови за овој наставен предмет.

Производствената и другата практична работа, предвидена како наставна содржина во предметот Основи на општотехничкото образование, се изведува во училиштето и надвор од училиштето како посебен час, но во рамките на постојниот фонд на часовите.

При организацијата на наставата по општотехничко образование и практичната работа по домаќинство се врши делење на секоја паралелка во две групи. Во овој случај фондот на часовите за учениците останува ист, а за наставниците двојно се зголемува.

Хорот се третира како редовна наставна дејност на наставникот. Оваа дејност се изведува во траење од 3—5 часа седмично, во зависност од големината на хорот, неговата структура и организација. Часовите за работа со хорот претставуваат составен дел на општиот фонд на часови со кои наставникот е оптоварен во рамките на неговата наставна работа.

Ликовното и музичкото воспитување во основните осумгодишни училишта, почнувајќи од IV одделение се изведува како предметна настава, т.е. од страна на наставник по ликовно, односно музичко воспитание.

Наставата по странски јазици, според наставниот план, предметно се изведува почнувајќи од V одделение. Меѓутоа, во основните осумгодишни училишта со странскиот јазик може да се започне уште од IV одделение, до колку за тоа постојат стручни кадри. Во ова одделение наставата по странски јазик ќе се изведува со по еден час седмично.

Часовите за евентуални други предмети и содржини, што се поставени во наставниот план под реден број 19, не се задолжителни, а можат да се користат за внесување на нови содржини во постојните предмети, како и за нови наставни предмети или за зголемување фондот на часовите на постојните предмети. За нивното застапување и користење одлучува Советот на училиштето, во согласност и соработка со надлежната просветно-педагошка служба.

Дополнителна настава. — Во процесот на наставната активност не е можно еднакво напредување на сите ученици, поради нивните различни предиспозиции и способности, како и поради други причини (отсуство, болест и сл.). Поради ова извесен број ученици заостанува во нормалното следење на наставата. Ваквата положба условува потреба за организирање на посебна активност во вид на дополнителна работа.

Дополнителна настава се изведува во текот на целата учебна година, во зависност од укажаната потреба и причините што го условиле заостанувањето на учениците по одделни предмети. Дополнителна настава не се изведува по предметите: основи на општотехничко образование, општествено-моралното воспитание, физичко воспитание, ликовно воспитание, музичко воспитание и домаќинство.

До колку ученикот заостанува од повеќе предмети со дополнителна настава може да се опфати истовремено по еден до два наставни предмети, и тоа од оние по кои има најголема потреба.

Дополнителната настава се застапува: од I—IV одделение со 1 час седмично, а од V—VIII одделение со до 2 часа седмично.

Додатна настава. — Додатна настава се организира за ученици кои побрзо напредуваат, а во вид на слободни форми за здобивање на знаења, како што се, на пример, групите на: млади математичари, млади физичари, млади биолози, млади историчари итн. Временската ангажираност на учениците со оваа настава се решава во согласност со определеното време за работа во слободните ученички активности.

Продолжна настава. — Продолжната настава претставува посебен вид наставна помош на слабите ученици. Таа може да се изведува на крајот од учебната година, во траење од 10 — 15 дена и тоа главно за онаа категорија слаби ученици кои немале можност во текот на учебната година да постигнат задоволителни резултати, но постојат изгледи со ваквата настава да им се овозможи да го завршат одделението.

*

Со наставниот план е извршено квантифицирање само на наставната работа. Имајќи ги предвид целите и задачите на воспитанието и образованието во основното училиште и во согласност со нив определената воспитно-образовна структура, се јавува потреба да се изврши квантификација и на другите видови активности во основното училиште и со тоа да се обезбеди најцелисходна оптовареност на учениците и наставниците.

Во областа на *физичкото и здравственото воспитание,* кое се јавува како посебен структурален елемент на воспитно-образовната работа во основното училиште, за учениците можат да се организираат до 3 одделенски или училишни излети во текот на целата учебна година. Овие излети, покрај рекреативна и здравствена цел, имаат и здравствен карактер.

Логорувањата, по принцип, се организираат за учениците од VIII одделение, во траење до 7 дена и тоа по завршувањето на учебната година.

Систематските лекарски прегледи се задолжителни како за учениците така и за наставниците.

Спортските и други натпревари се изведуваат во рамките на времето предвидено за слободни ученички активности.

Производствената и општествено-корисната активност се организира во текот на целата учебна година и тоа:

— за учениците од I—III одделение 10 пати годишно по 2 часа дневно;

— за учениците од IV—V одделение 15 пати годишно по 2 часа дневно;

— за учениците од VI—VIII одделение 20 пати годишно по 2 часа дневно;

Слободните ученички активности што ги организира училиштето се: за здобивање нови знаења, технички активности, фискултурни и спортски активности, културно-уметнички и културно-забавни активности и работно-производствени активности. Овие активности се организираат согласно со развиеноста, условите и можностите на училиштето.

Во текот на учебната година ученикот може да биде вклучен најмногу во 2 форми на слободни активности. Временската оптовареност на учениците за работа во слободните активности треба да биде следнава:

— за учениците од I—IV одделение 1 час седмично;

— за учениците од V—VIII одделение 2—3 часа седмично.

Слободните активности за учениците од I — IV одделение на осумгодишните училишта, по правило, се организираат во рамките на одделението, но, согласно со покажаниот интерес, некои од нив можат да бидат опфатени и низ формите за повозрасните ученици.

Јавната и културно-просветна дејност на училиштето претставува општествена активност, со исклучок на работата со родителите, која е составен дел на воспитно-образовната работа на училиштето.

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по македонски јазик се:

— учениците систематски да ги оспособува за правилно и убаво усно и писмено изразување на литературен македонски јазик;

— да ги запознае со основните јазични законитости, правописните правила и основните поими од теоријата на литературата — како основ на писменоста на секој граѓанин;

— да ги оспособува за разбирање и доживување на народната и уметничката литература, преку запознавање со одбрани литературни творби на нашите и други народи;

— да развива интересирање и љубов кон книгата и да ги оспособува учениците за самостојно служење со неа;

— да развива кај учениците естетски и етички чувства, да го негува братството и единството на југословенските народи и народности; да развива љубов кон социјалистичката татковина и кон работните луѓе, создавајќи кај нив правилен поглед на светот.

I ОДДЕЛЕНИЕ

Почетно читање и пишување

Во почетното читање и пишување се разликуваат два периода: подготвителен период и период за совладување на читањето и пишувањето.

Во подготвителниот период се вршат нужни подготовки за премин на почетно читање и пишување, а имено: се води разговор за предметите и настаните во училиштето и семејството, со цел учениците да се оспособат во говорот и да се изразуваат со полни реченици. За оваа цел наставата по мајчин јазик тесно се поврзува со другите наставни предмети, а особено со наставата по запознавање на природата и општеството. Во овој период постапно се напушта локалниот говор и учениците спонтано се воведуваат во литературниот јазик.

Учениците се оспособуваат да ги разликуваат предметите, сликите и зборовите, да ги уочуваат гласовите во природата и во зборовите и правилно да ги изговараат.

При цртањето се внимава на правилното држење на телото и моливот.

Времетраењето на подготвителниот период го определува самиот наставник, а во зависност од тоа во која мера учениците се оспособени за премин на читање и пишување, т. е. кога децата ќе се оспособат за правилна артикулација на гласовите, а раката ќе се оспособи и ќе се здобие со потребната подвижност.

Почетното читање и пишување се изведува според слободниот избор на проверени современи методи. Уште од почетокот учениците треба да се навикнуваат на правилно считавање и разбирање на прочитаното. Како наставни средства се користат: разни буквари, буквар, специјални текстови од наставникот, читанката, сликовници и разни детски листови.

Почетното читање и пишување може да се обработува било одвоено едно од друго, т.е. првин читањето па потоа пишувањето, или напоредно — читањето и пишувањето заедно. Без разлика кој од овие начини се применува, треба да се обрнува внимание како на пишувањето на буквите, така и на нивното правилно поврзување.

Усно и писмено изразување

Во прво време децата се искажуваат на месниот говор, на којшто зборуваат во своите домови, а потоа постепено се воведуваат во правилниот литературен јазик. Усното и писменото изразување се изведува во врска со целокупниот живот и работа на децата во училиштето и со целокупната настава. Во врска со тоа се изведуваат систематски вежби за проширување на детскиот речник и за развивање на усниот и писмениот израз. Притоа се користат радио и телевизиските емисии за деца филмовите за деца и сл.

Како вежби за усно изразување предвид можат да се земат: одговори на усни прашања, слободно прераскажување на кратки приказни, бајки и басни; кратки раскажувања на лични доживувања; опис на набљудуван предмет; раскажување за содржината на поединечни слики, а потоа и на повеќе содржински поврзани слики; разговор за детски цртани филмови и др.

Како вежби за писмено изразување предвид доаѓаат: препишување зборови и реченици; пишување зборови и реченици по диктат; пишување кратки одговори на усни прашања; пишување самостојни одговори на писмени прашања; писмено раскажување за содржина на слика; писмен опис на набљудуван предмет во однос на формата, бојата и сл.

Поуки за јазикот

Разликување на предметите, односно суштествата и нивните симболи: зборови, реченици и гласови (без дефиниции). Главна буква во почетокот на реченицата и при пишувањето на најобичните сопствени имиња. Употреба на точката на крајот на реченицата.

Вежби во правилниот изговор на гласовите: *к*, *ќ*, *г*, *ѓ*, *ч*.

II ОДДЕЛЕНИЕ

Читање, усно и писмено изразување

Се продолжува со совладувањето на читањето и пишувањето, со цел тоа да стане што поразбирливо, поприродно и поправилно. Уште во ова одделение се почнува со воведувањето на учениците во естетското читање, со обрнување внимание на интонацијата, дикцијата и артикулацијата.

Усното изразување се изведува во врска со материјалот по запознавање на природата и општеството, како и во врска со целокупниот живот во училиштето: опишување настани од детскиот живот, работата и играта, доживувањата, излетите и набљудувањата; прераскажување на она што учениците го читале и чуле во училиштето и во домот, што слушале на радиоемисиите, гледале на филмовите и телевизјата и на разни приредби. Се учат напамет и се рецитираат песнички, покуси прозни состави и се вршат обиди за драматизација.

Како вежби за усно изразување предвид доаѓаат: слободно раскажување на лични и заеднички доживувања од детскиот живот, работата и играта; прераскажување на она што се читало (басни, бајки, прикаски), чуло и видело (радио, филм, телевизија, театар); опис на предмети, раскажување на низа содржински поврзани слики.

Се обрнува внимание на правилното писмено изразување преку: препишување текстови со определена задача (дополнување на испуштени зборови, класирање на зборовите според нивното значење и употреба, издвојување на одделни реченици од текстот итн.), пишување напамет научени текстови, писмено прераскажување на она што учениците го чуле во училиштето и во домот, составување на мали раскази со помош на наставникот, самостојно пишување куси писмени состави; прераскажување на писмено поставени прашања, прераскажување според заеднички составен план, опис на предмети, раскажување на заеднички доживувања врз основа на план од наставникот, раскажување на содржински поврзани слики, раскажување на содржината на сликата на која се прикажани 2—3 дејствија; писмен состав според дадени зборови и сл.

Еден час во неделата се посветува на убавото пишување (краснопис).

Во II одделение се учи новото писмо — латиницата. За времето одлучува наставникот.

Поуки за јазикот

Се прошируваат основните знаења за реченицата. Реченици со кои нешто кажуваме, прашуваме или извикуваме и знаците на крајот од овие реченици. Зборови што означуваат предмети и суштества и зборови што означуваат работа. Еднина и множина. Употреба на две точки и запирка при набројувањето. Пренесување на зборови од еден ред во друг (практично, без дефиниции). Диктат и писмени вежби во врска со поуките за јазикот.

Во ова одделение се учи напамет азбуката и се продолжува со увежбувањето во правилнот изговор на гласовите: *к, ќ, г, ѓ, ч.*

III ОДДЕЛЕНИЕ

Читање, обработка на четива и рецитирање

Во ова одделение читањето треба да биде течно и со разбирање. Се обрнува внимание на правилната артикулација, дишењето, интонацијата, ритмот, паузите и на истакнувањето на зборовите.

Покрај изразното читање учениците се оспособуваат за читање во себе, со цел што подобро да ги разберат одделните зборови и реченици во текстот.

Целокупната настава на читањето е поврзана со работа на литературен текст. При обработката на ваквите текстови не треба да се обрнува внимание само на прераскажувањето на содржината туку и на уочувањето убави мисли и на покарактеристични белези на одделни ликови; се забележуваат убави описи и се вршат споредби.

Во текот на целата година се изведуваат вежби во читање по улоги и рецитирање.

Со цел учениците да се воведат во читањето на домашната лектира наставникот треба да прочита и обработи пред учениците барем една детска книга. Домашната лектира се обработува, по правило, 2 часа месечно. На овие часови се води разговор за прочитаните книги, слично како и при обработката на четива.

Усно и писмено изразување

И во ова одделение запознавањето на природата и општеството, како и другите наставни области, даваат можност за усно и писмено изразување. Се користи детското искуство, набљудувањето, личните доживувања, филмовите, театарските претста-

ви, радио и телевизиските емисии. За збогатување на усното и писменото изразување се прават описи, состави според зададени теми, се пишуваат писма (меѓуучилишна преписка) и сл.

Како вежби за усно и писмено изразување предвид доаѓаат: прераскажување врз основа на заеднички план; раскажување според низа слики — секоја слика во одделна ставка; раскажување за содржината на една слика; самостоен состав според дадени зборови; довршување на започнатата приказна; обид за самостојно кусо раскажување; обид за самостојни куси описи на предмети и појави во природата; пишување дописници и писма (наслов, потпис, датум, адреса).

Секоја недела, по правило, се изведува една усна и една писмена вежба, а еден час му се посветува на убавото пишување (краснопис).

Во текот на годината се работат 5 училишни писмени задачи.

При прегледот и оценувањето на писмените вежби и задачи посебно внимание се обрнува на ракописот, уредноста и изгледот на задачата.

Поуки за јазикот

Разликувањето на именката и глаголот и забележување на нивната улога во реченицата (подмет и прирок). Утврдување и проширување на еднина и множина. Родот кај именките (практично).

Пишувањето на „не“ и „ли“ (одвоено), „и“ и „ѝ“, „не“ и „нѐ“, „му“ — во најобични случаи. Самогласки и согласки. Поделба на зборовите на слогови (практично).

Знаењата за употребата на голема буква се прошируваат и при пишувањето на имињата на: народи, книги, листови, улици, установи и сл.

Се вршат правописни вежби (еднаш на 15 дена) за отстранување на правописни грешки. За оваа цел се пишуваат диктати и други писмени вежби во врска со поуките за јазикот.

Во ова одделение учениците се упатуваат како да се служат и да учат од учебниците.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Читање, обработка на четива и рецитирање

Се обрнува уште поголемо внимание на логичкото и изразното читање и рецитирањето. Читањето и рецитирањето треба да биде јасно, природно и естетско. Се внимава на правилната артикулација и на техниката на дишењето. И натаму се негува читањето во себе.

Преку текстовите што се обработуваат како четива се врши анализа на содржината на текстот, на личностите, нивните

особини и постапки, на убавите описи, зборовите и нивното значење, со цел да се изгради личноста на ученикот, да му се развие љубов кон книгата итн.

Учениците се воведуваат во литературата и се запознаваат со стихот и прозата, како елементи од теоријата на литературата, со посебен осврт на басната.

И во ова оделение се продолжува со исправањето на јазичните грешки и отстранувањето на локализмите во говорот и пишувањето; се збогатува речникот на учениците; се објаснуваат значењата на зборовите и изразите; се врши споредба меѓу зборовите со лично значење; се бараат точни изрази за одделни појави и предмети, а посебно за нивниот облик, големината, бојата и слично.

Соодветни четива се читаат по улоги, а на погодни кратки четива (какви се на пример, басните) се врши и драматизација.

Домашната лектира се работува 2 часа месечно, на кои се зборува за прочитаното дело: за содржината, главните личности и нивните постапки, за убавите описи на личностите и природата, за убавите и сликовитите изрази и зборови. Од учениците се бара кусо и самостојно нешто да запишат, како на пример: името на делото, на главните личности, најдобрите места итн.

Усно и писмено изразување

И во ова одделение се продолжува со вежбите за проширување на речникот на учениците, како и за натамошното развивање на нивното усно и писмено изразување. Учениците постапно се воведуваат во доживувањето на поединостите и изнаоѓањето како на прозни така и на поетски изрази.

Вежбите во писменото изразување се изведуваат преку прераскажувања, описи, слободни состави, куси животописи (лични или на својот другар), при што се отстрануваат провинцијализмите и дејалектизмите во говорот и пишувањето.

Како вежби за усно и писмено изразување можат да се земат следниве: прераскажувања според заеднички план на учениците; прераскажување со менување на извесни елементи; прераскажување според сопствен план на ученикот; раскажување на содржината на слика; покусо самостојно раскажување за појавите во природата и поважните настани во местото; довршување на започнат непознат расказ; опис на заеднички лични доживувања; пишување на писма, работни состави, записници, телеграми, честитки, потврди и слично.

Се работат 5 училишни писмени задачи.

Поуки за јазикот

Се утврдуваат и прошируваат знаењата за реченицата. Проста и проширена реченица.

Именки — општи и сопствени; род и број кај именките. Лични заменки. Глаголи: сегашност, минатост, идност. Разли-

кување на именските од глаголските додатоци (без изучување на видови глаголски и именски додатоци). Придавки — описни и присвојни. Броеви — општо за броевите и нивната поделба на прости и редни. Разликување на директен и индиректен говор (само практично).

Правописни и фонетски вежби во врска со изучените поуки за јазикот.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање, рецитирање и обработка на уметнички четива

Се продолжува да се одгледува јасното и изразното читање на текстови од читанката, детски списанија, детски книги и дневниот печат, како и на извадоци од литературни дела, достапни за возраста на учениците.

И натаму се развива смислата за важното, истакнатото место во реченицата, и за интонацијата воопшто.

Се изведува читање на раскази и драмски текстови по улоги, истакнувајќи го релјефот на литературниот текст.

На учениците им се помага во доживувањето на литературниот текст и неговите убавини и им се разбудува желбата за читање на творби од народната и уметничката литература.

Се земаат текстови и од областа на историјата и географијата и полесни научно популарни текстови што укажуваат на значењето на работата во животот на човекот, односот на човекот спрема човекот и спрема заедницата во која живее. И натаму се обработуваат текстови од народни и уметнички песни и приказни и со нивна помош учениците се воведуваат во поважните литературно-теориски поими и изразни средства како што се: стих и проза (што се обработуваат само практично), епитет, компарација, хипербола, ономатопеја и персонификација.

Се читаат и кратки текстови на словенечки јазик.

Усно и писмено изразување

Се продолжува со вежбите за набљудување на појавите во природата и општеството и за изразување на она што се набљудувало. Треба да се одгледуваат формите за раскажување и известување, така што да можат учениците јасно да ги разликуваат.

Треба да се открива што е во искажувањето главно, а што споредно. Се обработуваат и теми од фантазијата (замислување на извесни настани и сл.). Учениците се навикнуваат своите впечатоци и мисли да ги изложуваат во јасни, правилно оформени реченици, прегледно и во делови. Се отстрануваат јазичните грешки и провинцијализми.

Писменото изразување се врши, главно, во форми што се применуваат и во IV одделение, а пак работните состави се прошируваат со пишување на молби, порачки и кратки извештаи.

Во текот на учебната година се работат 5 задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот и обработка на граматичкиот материјал

Утврдување и проширување на знаењата за реченицата — деловите на простата и проширената реченица: атрибут и предмет. Поим за сложената реченица — нејзиното разликување од простата по составот. Поврзување на еднаквите делови во реченицата и на одделните реченици во една сложена реченица со најчестите сврзници (и, или, а, туку, дека, да, за да, бидејќи и сл.). Разликување на директниот и индиректниот говор, интерпункцијата во најчестите случаи.

Утврдување и проширување на знаењата за именките — род, број (збирна и избројна множина). Поим за менливоста на зборовите. Разликување на основниот и продолжениот дел на зборот — основа, претставка и наставка (преку градењето на формата за множина). Определување на именките со членот од трите вида. Утврдување и проширување на знаењата за заменките — долгите и кратките форми на личните заменки. Утврдување и проширување на знаењата за придавките — степенување, придавката како атрибут и дел од предикатот. Членување на броевите и придавките. Утврдување и проширување на знаењата за основните глаголски времиња (сегашно и идно). Помошниот глагол сум. Искажување на заповед со глагол. Акцентот во македонскиот литературен јазик (само укажување на потребата од нагласување на определен слог во зборот).

Делба на зборовите на слогови (само практично, слухово, по изговорот).

Делба на согласките на звучни и незвучни. Правопис на звучните согласки на крајот на зборовите.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање, рецитирање и обработка на уметнички четива

Изборот на литературните четива се врши во сообразност со возраста на учениците, одбирајќи дела од народната литература и од периодот на романтизмот, реализмот и современата литература.

Изразното читање и рецитирање сè повеќе се усогласува со внатрешните барања на текстот.

Преку читањето на текстови и дела учениците се подготвуваат за самостојно читање дома. При тоа, се дискутира во од-

делението за читањето на поедини ученици (разликување на добро и лошо читање, паузирање, монотонија, интерпункција и слично).

Учениците постепено се оспособуваат да ја согледуваат главната мисла во литературните дела, текот на работата и ликовите, а, исто така, и извесно одразување на животот и односите во општеството. Анализата и натаму се врши во смисла на откривањето на убавините на уметничкиот текст (убави сцени, описи, живописни и стилски изрази и сл.). Се развива смисла за богатењето на речникот кај учениците. Така, кај учениците ќе се развие правилен однос спрема литературното дело, потреба за читање и одушевување од прочитаното. Се работи на подлабоко разбирање на уметничките изрази (зборови во преносно значење — метафориката).

Врз основа на обработакта на текстовите учениците се запознаваат со некои поважни литературни имиња од нашата и туѓата литература (не впуштајќи се во литературен историцизам, но укажувајќи на воспитните моменти од животот и работата на писателот) и се упатуваат на оние нивни дела кои им се достапни.

Се читаат и кратки текстови на словенечки јазик.

Усно и писмено изразување

Усното и писменото изразување се изведува и натаму на теми од природата и општеството, користејќи ја детската и младинската литература, печатот, филмовите, радио-емисиите и др.

Учениците се упатуваат самостојно да изработуваат усни и писмени состави. Се применуваат разновидни форми на прераскажувања и се увежбува точноста во опишувањето и искажувањето.

И натаму се развива смислата на поетски израз и се изведуваат вежби за богатење на изразот особено преку изнаоѓањето на синоними.

Во текот на учебната година се работат 5 задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот и обработка на граматчкиот материјал

Утврдување и проширување на знаењата за реченицата — апозиција и прироковите додатоци; независен и зависен однос на реченициte во една сложена реченица. Утврдување и проширување на знаењата за директниот и индиректниот говор — претворање на директниот во индиректен говор, и обратно, и интерпункцијата во врска со тоа.

Утврдување и проширување на знаењата за заменките: придавски заменки — присвојни (мој, твој, негов, свој), показни (тој, овој, оној), прашални (каков). Утврдување и проширување на знаењата за броевите — бројни форми за лица и приближни количества. Неменливост на зборовите — прилози, предлози, сврзници, извици, честици. Поим за преодноста — не-

преодноста на глаголите. Поим за свршеноста — несвршеноста на глаголите. Утврдување и проширување на знаењата за глаголските форми — минато определено несвршено и свршено време, глаголската л-форма, минато неопределено и предминато (одамна минато) време; правописот во врска со изучените глаголски форми. Утврдување и проширување на знаењата за акцентот во македонскиот литературен јазик и акцентот во туѓите зборови.

Утврдување и проширување на знаењата за звучните и незвучните согласки — едначење на согласките по звучност и отстапувања.

Утврдување и проширување на знаењата за делбата на зборовите на слогови — најчестите случаи.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање, рецитирање и обработка на уметнички четива

Литературните текстови се одбираат од нашата и туѓата литература. При обработката на одбраните текстови се има предвид убавината и содржинската вредност на текстот.

Учениците се воведуваат во разбирањето на настаните и ликовите, во согледувањето на општествените услови во кои ликовите се јавуваат, во изнајдувањето на идеите со кои се инспирирал писателот и се воодушевувале лицата што ги опишува тој.

Како и во претходното одделение, се продолжува работата на изразното читање и рецитирање со цел учениците подлабоко да навлезат во убавината, содржинската вредност на текстовите од народната и уметничката литература, да ги доживеат идеите, да ги анализираат ликовите и описите. Анализата на стилот се врши на литературни текстови во стих и проза. По читањето и рецитирањето во одделението или на јавните изведби се врши критичка анализа на интерпункцијата на текстовите и поетските изрази, користејќи се сега и со стручни термини.

Самостојно се приготвуваат и изведуваат драматизации на одделни текстови и помали целини.

Постепено се навлегува во композицијата на поголеми целини, во забележувањето на психолошки места и во следењето на дијалози. Се обрнува вниманието на учениците на јазично-стилските средства со кои се служи писателот, набљудувајќи ги во тесна врска со настаните, работата и личностите. И натаму се проширува литературно-теориското знаење на учениците преку забележување на поважни нови изразни средства во текстот.

Се разликуваат литературните видови: роман, драма, новела, сатира, патепис, дневник и др. Од поновата југословенска литература вниманието на учениците се задржува врз најзначајните писатели во врска со анализата на одбраните текстови. Напоредно со тоа се истакнува значењето на тие писатели, давајќи само карактеристични податоци за нивниот живот и работа.

На одбрани текстови учениците се запознаваат со поважните литературно-историски поими (романтично, реалистично).

Се читаат и кратки текстови на словенечки јазик.

Усно и писмено изразување

Се развиваат оние форми на усното и писменото изразување кои придонесуваат за натамошното култивирање на ученичкиот самостоен израз. Во таа смисла се организираат разговори и дискусии на поодделни теми од животот во училиштето и во детските организации, од литературата, филмот, радиото, во врска со театарски изведби, приредби и др. Учениците се навикнуваат во изложувањето да се служат и со карактеристични поединости, прикажувајќи ги изразно, интересно и, по можност, со поента на главната мисла и истакнатите места. Исто така, учениците се воведуваат во изнесувањето и прикажувањето на своите интензивно доживеани емоции. Се упатуваат и натаму да се служат со точни, живописни изрази и да се сообразуваат со барањата на добриот стил. Се изработуваат кратки прикази на прочитани дела, концизни анализи на ликови и на најубави места (по избор на учениците).

Во текот на учебната година се работат 4 задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот и обработка на граматичкиот материјал

Утврдување и проширување на знаењата за реченицата — видови независни реченици и зависни реченици за време и причина; интерпункцијата во тие видови реченици.

Утврдување и проширување на знаењата за глаголските форми — условна глаголска форма; искажување на минатоста со *имам* и глаголската придавка; можности за искажување на времињата со: прилог, именка, сложен прилог, реченица и сл.: искажување на сегашноста, минатоста и идноста со различни глаголски форми. Утврдување и проширување на знаењата за акцентот — акцентот во акцентските целости.

Утврдување и проширување на знаењата за интерпункцијата — употреба на точка и запирка и две точки во реченицата; интерпункцијата во врска со местото на туѓите зборови во директниот говор.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање, рецитирање и обработка на уметнички четива

Се земаат примери од народната и уметничката литература со тематика од минатото и сегашната стварност на нашите народи. Се настојува да се опфати и општествено-историската и уметничката вредност на текстот. И натаму учениците се воведуваат во анализата на мотивите, темите, идеите. ликовите, психолошките и драмските места. Се посветува внимание на композицијата на текстот и неговите јазичко-стилски средства. Според природата на текстот се корситат податоци и од другите наставни области.

Јавните настапи, приредбите и свеченостите им даваат на учениците можности да ја пројават својата способност за изразно читање и рецитирање.

И натаму се обрнува внимание на литературните родови и видови и на основните литературно-историски поими (романтично и реалистично).

Се читаат и кратки текстови на словенечки јазик.

Усно и писмено изразување

Преку усното и писменото изразување учениците треба да добијат извесно заокружување на сето она во што се вежбало во поранешните години.

Преку дискусии, на пример, за литературни дела, театарски и други приредби и манифестации со кои учениците се запознале, ќе се согледува културата на зборот на учениците.

Во изборот на темите за писмени состави треба да се има предвид претходниот развој на одделението. За писмени работи и вежби се земаат теми во врска со прочитаната литература, гледани филмови, театарски претстави, слушани радио-емисии, како и во врска со општествениот живот. Учениците се воведуваат во постапката околу изработката на самостојни состави: прибирање на податоци, размислување по нив, распоредување по план и оформување. Секое писмено изразување на овој степен од школувањето треба да е целосно, прегледно и организирано. Поради тоа, треба да се обрне внимание на јазичко-стилските средства за поврзување на деловите.

Во текот на учебната година се работат 4 задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот и обработка на граматичкиот материјал

Утврдување и проширување на знаењата за реченицата — другите типични знаења на зависната реченица и интерпункцијата во врска со тоа.

Градење на зборовите — најобични начини на градењето, најобични гласовни промени и најобични примери на сложенки по начинот на пишувањето.

Утврдување и проширување на знаењата од правописот — пишување на големи букви: правопис во врска со промената на именките, придавките, заменките и глаголите; правопис на согласките *ј* и *в*; правопис на предлозите *на, врз, во* и *в, од, со* и др.

Утврдување и проширување на знаењата за интерпункцијата — употреба на реченичните знаци.

Утврдување и проширување на знаењата за акцентот — логичното акцентирање во реченицата; отстапување од третосложеното акцентирање.

Согледување на најбитните разлики во нашите народни говори (на одбрани погодни текстови).

ЛЕКТИРА

ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

I и II ОДДЕЛЕНИЕ

1. *Сликовници* — според Андерсен и други автори
2. *Чудни случки* — Ванчо Николески
3. *Ронки* — Борис Бојаџиски
4. *Цвеќенце* — Бистрица Миркулоска
5. *Шеќерна приказна* — Славко Јаневски
6. *Ѓерданче или Зајче без опавче* — Васил Куновски
7. *Зоки Поки* — Оливера Николова
8. *Багрем и деца* — Бошко Смаќоски
9. *Ах, ти мило детенце* — Иван Ивановски
10. *Оросено чело* — Злата Видачек
11. *Приказна за шивачката и ножиците* — Драготин Кете
12. *Од левиот џеб* — Драган Лукиќ
13. *Детски песни* — Ј. Ј. Змај
14. *Чук, чук, чук* — Николај Носев
15. *Раскази од азбуката* (издание за деца) — Лав Толстој
16. *Приказни по избор* — Браќа Грим (домашни изданија)
17. *Аловото цвеќенце* — С. Т. Аксаков

III и IV ОДДЕЛЕНИЕ

1. *Итер Пејо* — Стале Попов
2. *Прости ми канаринке* — Видое Подгорец
3. *Бубачки и шумски зверки* — Славко Јаневски
4. *Страшно, пострашно, најстрашно* — Васил Куновски
5. *Ха, ха, ха, и две — три ах* — Васил Куновски
6. *Поеми (Мице, Воденичарот дедо Веле и Во полската кукичка* — Ванчо Николески
7. *Далечен свет* — Глигор Поповски
8. *Деца под печурка* — Видое Подгорец
9. *Сончево око* — Србо Ивановски

10. *Првите цутови; Денес, утре, задутре; Клетка* — по избор) — Борис Бојациски
11. *Со тротинет по цел свет* — Глигор Поповски
12. *Волшебното самарче* — Ванчо Николески
13. *Гоце Делчев* (роман за деца) — Ванчо Николески
14. *Итри, будалести и секакви* — Народни хумористични приказни
15. *Од лав до страв* — Михо Атанасовски
16. *Децата од нашата улица* — Нецати Зекирија
17. *Цицибан* — Отон Жупанчиќ
18. *Приказни од моето луле* — Зоран Јовановиќ
19. *Овчарчиња* — Франце Бевк
20. *Мали приказни за големите деца* — Алекса Микиќ
21. *Книга за Тито* (извадоци по избор) — Франце Бевк
22. *Смешни зборови* — Д. Радовиќ
23. *Приказни за рибарот и рипката* — Александар Сергеевич Пушкин
24. *Приказни по избор* — Браќа Грим
25. *Кладенче* — Ангел Каралијчев
26. *Басни* — Езоп
27. *Раскази за Ленин* — П. Макрушенко — М. Зошченко — А. Кононов
28. *Стариот учител* — Едмондо де Амичис
29. *Црвениот балон* — Албер Ламорис
30. *Козета, Гаврош* — Виктор Иго
31. *Носко* — Вилхелм Хауф
32. *Алиса во земјата на чудата* — Луис Карол
33. *Бајки* — Карел Чапек
34. *Бабини и дедови приказни* — Виктор Иго и Жорж Санд
35. *Вањушка или Каштанка* — Антон Чехов
36. *Синооката самовила* — Л. А. Чарска
37. *Василиса Прекрасна и други руски народни приказни*
38. *Карван* — Вилхелм Хауф
39. *Златното клуче* — А. Толстој
40. *Гулаб на мирот* — Раскази од целиот свет
41. *Приказни на Шехерезада* — избор од Илјада и една ноќ
42. *Браќата на Могли* — Р. Киплинг
43. *Минхаузен* — А. Д. Мунд

V и VI ОДДЕЛЕНИЕ

1. *Карамба и барамба или Марсовци и глувци* — Славко Јаневски
2. *Дружината братско стебло* — Јован Стрезовски
3. *Присутните се меѓу нас* (избор) — Гого Ивановски
4. *Јаготки* — Цане Андреевски
5. *Мостот* — Глигор Поповски
6. *Јуначки мегдан* — Епски народни песни
7. *Јунак над јунаци* — Епски народни песни
8. *Ајдучка чешма* — Видое Подгорец
9. *Чекори што не можат да запрат* — Борис Бојациски
10. *Зелената патрола* — Данко Облак

11. *Прва бразда* — Милован Глишиќ
12. *Басни* — Доситеј Обрадовиќ
13. *Малиот пират* — Анте Станчиќ
14. *Маски* — Тоне Селишкар
15. *Црни браќа* — Франце Бевк
16. *На родот и на јазикот* — Петар Прерадовиќ
17. *Приказни од старо време* — Ивана Брлиќ—Мажураниќ
18. *Големиот пријател на кривото дете* — Бранко Ќопиќ
19. *Одбрани песни* — Франц Прешерн
20. *Возот в снег* — Мате Ловрак
21. *Песни за деца* — Кајтан Кович
22. *Пинки го виде Тита* — Јован Поповиќ
23. *Верни другари* — С. Север
24. *Момина солза* — Прежихов Воранц
25. *Козара* (раскази од НОБ) — Нусрет Идризовиќ
26. *Мартин Крпан* — Фран Левстик
27. *Раскази* (Јаблан, Низ вијулица) — Петар Кочиќ
28. *Малечката Фадета* — Жорж Санд
29. *Емил и дедективите* — Ерих Кестнер
30. *Петар Пан* — Џ. Бари
31. *Волшебниот прстен* — Естонски народни приказни
32. *Сибирка* — Л. А. Чарска
33. *Пиерета или Без огниште* — Хектор Мало
34. *Црвениот пони* — Џек Штајнбек
35. *Принцот и питачот* — Марк Твен
36. *Вечниот лав* — А. Белјаев
37. *Раскази за деца* — Максим Горки
38. *Во дивите краишта* — Е. Маршал
39. *Целсолмино во земјата на лажговците* — Џани Родари
40. *Мојот добар татко* — В. Гољавкин
41. *Срце* — Едмондо де Амичис
42. *Скриениот дневник* — Л. Суходелчан
43. *Том Соер* — Марк Твен
44. *Сивата братија* — И. Ферлеж
45. *Одбрани раскази* — Х. Андерсен
46. *20.000 милји под море* — Жил Верн
47. *Детство во џунглата* — Дхан Гопал Мукерџи
48. *Колибата на Чичо Том* — Хариет Бичер Стоу
49. *Повик на дивината* — Џек Лондон
50. *Во дворот на великиот кан* — Марко Поло
51. *Детството и школските години на Ленин* — Ана Улјанова
52. *Оливер Твист* — Чарлс Дикенс
53. *Јан Бибијан* — Елин Пелин
54. *Гуливеровите патувања* — Џонатан Свифт
55. *Платеро и јас* — Хименес
56. *Хајди* — Јохан Шпири
57. *Невидливиот човек* — Х. Џ. Велс
58. *Се викам Арам* — В. Саројан

VII и VIII ОДДЕЛЕНИЕ

1. *Улица* — Славко Јаневски
2. *Песни* — Н. Ј. Вапцаров
3. *Песни* — Блаже Конески
4. *Песни* — Славко Јаневски
5. *Песни* — Ацо Шопов
6. *Песни* — Гого Ивановски
7. *Песни* — Матеја Матевски
8. *Песни* — Гане Тодоровски
9. *Песни* — Јован Котевски
10. *Песни* — Лазо Каровски
11. *Раскази* — Т. Георгиевски
12. *Раскази* — Живко Чинго
13. *Раскази* — Ѓорѓи Абациев
14. *Рибарот Климе* — Радослав Петковски
15. *Раскази* — Иван Точко
16. *Ограда* — Димитар Солев
17. *Раскази* — Цветко Мартиновски
18. *Крпен живот* (скратена верзија) — Стале Попов
19. *Раскази* — Бранко Пендовски
20. *Туѓоземјанин* (расказ) — Симон Дракул
21. *Раскази* — Томе Момировски
22. *Солунските атентатори* — Јован Бошковски
23. *Раскази* — Ј. Леов
24. *Темни кажувања* — К. Ќамилов, С. Јаневски, М. Јовановски
25. *Раскази* — Владо Малевски
26. *Македонска драма* — Изадние „Кочо Рацин“, избор: Ј. Бошковски
27. *Драми од македонски автори* — (избор)
28. *Сердарот* — Глигор Прличев
29. *Стихови и проза* — Коста Рацин
30. *Стихови* — Коле Неделковски
31. *Крвава кошула* — Рајко Жинзифов
32. *Творби* — Константин Миладинов
33. *Јама* (извадоци) — Иван Горан Ковачиќ
34. *Данок во крв* (извадок од „Мостот на Дрина“) — Иво Андриќ
35. *Повести и цртици* — Иван Цанкар
36. *Раскази* — Мишко Крањец
37. *Глувата пештера или Сутјеска* — Душан Костиќ
38. *Слугата Јернеј и неговото право* — Иван Цанкар
39. *Записи од НОБ* — Родољуб Чолаковиќ
40. *Одбрани песни* — Матеј Бор
41. *Одбрани раскази* — Л. Лазаревиќ
42. *Песни* — Јован Јовановиќ — Змај
43. *Раскази од НОБ* — Бранко Ќопиќ
44. *Автобиографија или одбрани комедии* — Бранислав Нушиќ
45. *Родољубиви и социјални песни* — Алекса Шантиќ
46. *Со партизаните* — Владимир Назор
47. *Ненаситеност и сиромаштија* — Вјенцеслав Новак
48. *Водач* — Радое Домановиќ

49. *Пилипенда* — Симо Матабуљ
50. *Ученичка разделба* — Бранко Радичевиќ
51. *Тарас Буљба* — Гоголь
52. *Таинтственият остров* — Жил Верн
53. *Како се калеше челикот* — Николај Островски
54. *Старецот и Морето* — Ернест Хемингвеј
55. *Славните морепловци* — Николај Чуковски
56. *Низ пустината и прашумата* — Х. Сенкиевич
57. *Црното момче* — Камара Леј
58. *Маглината на Андромеда* — И. Ефремов
59. *Бај Гањо* — Алеко Константинов
60. *Песни* — Христо Ботев
61. *Судбината на човекот или Донските раскази* — Михаил Шолохов
62. *Аелита* — Алексеј Толстој.

КОРИСТЕЊЕ НА ЛЕКТИРАТА

Во претходната наставна програма по македонски јазик лектирата беше застапена од III оделение. Во неа македонските автори, со исклучок на три—четири случаи, беа дадени само по име, без да се набројат и нивните творби, како што е тоа направено за творбите на авторите од другите југословенски народи и другите народи во светот. На наставниците им беше препуштено сами да вршат избор во рамките на дадениот список на имињата на македонските автори, а покрај тоа тие имаа и „одврзани раце“ да ја дополнуваат лектирата и со нови книги што излегуваат од печат.

Досегашното искуство од примената на наставните планови и програми ни дава можности да дојдеме до извесни констатации кои укажуваат на потребата од натамошно усовршување на овој дел од програмата. Зашто, наставната практика ни покажува, во најголем број случаи, дека наставниците не биле во состојба да вршат избор од „народното творештво, поезијата, прозата и драмското творештво на македонските писатели“, особено на современите, па се останувало, главно, во рамките на оние деведесетина творби распределени на шест одделенија, што овој значаен дел од наставата значително го осиромашуваше. Тоа, како и потребата од проширување на изборот на лектирата, од замена на овие творби што се наживеени, надраснати и од авторите и од читачите, од пополнувањето на лектирата со творби од автори кои стекнале општо признание како поети и писатели за деца и др. и го предизвикаа појавувањето на новиот список на литературни творби што се предвидуваат за лектира во основното училиште.

Коригиранава наставна програма предвидува лектира и за I и за II одделение.

Секако прави впечаток бројноста на застапеноста литературни творби во списокот. Во тоа и треба да се согледа усовр-

шувањето на овој дел од наставната програма по македонски јазик. Во списокот вкупно 214-те одделни броја по ред (65 на македонски автори, 48 на автори од другите југословенски народи или сè на сè 113 југословенски автори, и 101 на автори од различни народи на светот) треба да му помогнат и да го ориентираат наставникот да може да изврши успешен избор на лектирата што ќе им ја препорача на своите ученици за прочитување. А кои творби ќе ги застапи, ќе зависи, пред сè, од конкретните услови, од можностите на училиштето и од културата на читањето на учениците. Ако досега учителот — наставникот по македонски јазик и бил доведуван во ситуација да се двоуми што да земе од лектира од новите литературни постигнувања, сега тој има можност таков избор да направи, зашто списокот содржи двојно повеќе творби отколку што можат да се обработат во едно одделение за една година.

Паѓа во очи дека лектирата е предвидена за по две одделенија, место за секое одделение посебно. Тешко е однапред да се предвиди која литературна творба на која психичка возраст на учениците ѝ одговара, зашто ни една не е напишана за строго определена возраст. Потесното распределување на лектирата му се препушта на учителот — наставникот кој, впрочем, и досега тоа го чинеше по однос на авторите кои беа само по име застапени во програмата. Тоа е и оправдано, затоа што тој ја познава најдобро зрелоста и дораснатоста на своите ученици во едно определено одделение да можат да читаат извесна творба. Така, тој ќе ја има секогаш таа слобода да прави извесни нужни поместувања и префрлања од една година во друга.

Во списокот на поодделните возрасти прво се набележени творбите на македонските автори, потоа на авторите од другите југословенски народи и народности, и на крајот, творбите на авторите на различни народи на светот. Но, тоа никако не значи дека наставникот треба буквално да се држи за тој редослед. Во никој случај потесно определување, зашто по тој начин ќе бидат застапени секогаш само македонските автори. Ниту пак треба да се одберат по неколку творби од македонски автори, по неколку од другите југословенски автори и по неколку од останатите народи на светот, зашто творбите не се определени по нивната уметничка вредност и литературно значење. Така, можат да се забележат и имања и наслови кои настанале инцидентно пред или веднаш по некое општопознато име или наслов кој станал поим во литературата за деца. Таква градација не е правена, ниту е пожелно уште сега да се прави. Можеби подоцна, по неколкугодишната примена на оваа лектира ќе може да се направи извесна оцена, врз база на констатациите на наставната практика, за да се установи кои литертурни творби најмногу придонеле за остварување на целите и задачите на наставната програма, како и кои творби се најсакани од наставниците и, уште повеќе, од учениците.

Учителот — наставникот треба, пред сè, да прибере податоци кои творби можат да се најдат во училишната, класните (ако ги има), и јавните библиотеки, со кои книги располагаат учениците во своите приватни библиотеки, па дури потоа да изврши потесен избор на лектирата, при што ќе води сметка за застапеноста на автори од различни народности, како и за застапеноста на творби на кои најдобро ќе може да се воспитува младата генерација.

Колку творби треба да се определат за читање во едно одделение е прашање кое, исто така, му се препушта на наставникот да го реши, зашто тоа не може да се реши со некакви прописи или методски рецепти. Сè зависи од тоа какви се навиците, дораснатоста и културата на читањето кај учениците. А тоа никој подобро не може да го дознае од учителот — наставникот. Секако тој број не треба да биде помал од 10 во годината.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Почетно читање и пишување

Совладувањето на почетното читање и пишување претставува основа за секој натамошен напредок во наставата по мајчин јазик. На работата во овој период треба да ѝ се посвети потребно внимание, особено со оглед на тоа што тој паѓа во време кога децата во почетокот на школувањето се наоѓаат пред низа тешкотии што треба да ги совладаат.

Подготвителниот период е исполнет со вежби и со подготовки на децата за премин кон почетно читање и пишување. За развивање на психомоториката кај децата наставникот во работата употребува: пластелин, кит, глина и други средства што ќе го помогнат цртањето и пишувањето на буквите.

И покрај тоа што подготвителниот период трае различно, а во зависност од конкретните услови на училиштето и структурата на учениците, сепак треба да се има предвид дека детето во современите услови е поразвиено отколку порано, во однос на речникот и реченицата со кои се служи, поради што може да се смета на пократко време, како за подготвителниот период, така и на периодот за совладувањето на почетното читање и пишување отколку што досега се практикуваше.

Ракописот на учениците се изградува, главно во основното училиште, поради што треба да му се обрнува посебно внимание уште од I одделение, за да биде едноставен и читлив, без обзир со какви средства ученикот се служи при пишувањето.

Изборот на методите, формите и средствата за изведување на почетното читање и пишување се препушта на наставникот, со тоа што се подвлекува дека тие треба да се современи и да одговараат на конкретната ситуација и условите на училиштето, за да можат да се постигнат што подобри резултати.

При вежбите во читањето, покрај буквагот, учениците треба да употребуваат и разни буквагици, сликовници и детски весници, како и погодни текстови што ги составил наставникот, како што се, на пример, разни плакати, натписи и сл.

Со цел учениците да оформат убав и читлив ракопис наставната програма предвидува посебни часови по краснопис во II и III одделение, во склопот на часовите по мајчин јазик, и тоа по еден час седмично. Содржината на овие часови треба да се состои во: препишување на зборови, реченици или кратки текстови (по углед и без углед, од угледни тетратки, таблата или учебник). Дали ќе се употребува косото или исправеното пишување на буквите зависи од насоченоста на самиот ученик. И едното и другото пишување е прифатливо ако е естетски напишано. Посебно внимание треба да се обрнува на уредноста како и на правилата што треба да се спазуваат при пишувањето: насловот, почетокот на текстот, новата реченица, интерпункцијата и сл. На часовите по краснопис се прегледуваат и тетратките за домашни задачи, за да се истакнат уредните и неуредните ученици во пишувањето.

Изразно читање, рецитирање и обработка на уметнички четива

Читањето и рецитирањето имаат големо значење за развивањето на јазичната култура и говорните способности на учениците. Уште од почетокот на работата треба да се одгледува читањето со разбирање, а да се избегнува читањето заради читање. Почнувајќи од II одделение треба систематски да се увежбува и изразното читање. Особено внимание треба да му се обрне на тоа читањето и рецитирањето да бидат природни, засновани врз сопственото емоционално доживување на текстот и ослободени од секаков патос и театралност. Притоа, покрај индивидуалното читање и рецитирање, треба да се одгледува и читањето по улоги, хорското рецитирање и драматизацијата.

Изборот на литературните текстови треба да се сообразува со возраста на учениците. Треба да се застапени народни и уметнички песни, раскази, бајки, басни, поговорки, сврзани со играта, природата и животот, како и со настаните во Народноослободителната борба. Посебно се укажува на тоа дека за рецитирање треба да се одбираат, покрај поетски, и погодни куси прозни текстови.

При обработката на литературните текстови треба кај учениците да се развива, на определен начин, љубов кон културното наследство, природните убавини, историското минато и хероите во војната, изградбата, трудот и хероите на трудот, и кон сето она што е позитивно во животот и перспективите на развитокот на нашето општество. На одбрани текстови треба да се огледува чувството на југословенскиот социјалистички патриотизам и интернационализам. При сето тоа, треба да се има предвид дека секое доживување на убавото е, всушност,

и спонтан извор на моралното воспитување, па затоа треба да се избегнува сувото и здодевното морализирање и, уште повеќе, инсистирањето на нешто што го нема во текстот.

Посебно, во V и VI одделение, учениците треба, појдувајќи од текстот и доживувањето, да се воведуваат во поважните литературно-теоретски поими и изразни средства, како што се: стихот и прозата (само практично), епитетот, компарацијата, хиперболата и ономатопејата. Изразните средства, при тоа, треба индуктивно да се изведуваат и воопштуваат врз сопственото јазично и емоционално доживување.

Литературно-теоретските поими, иако главно програмски се предвидуваат во V и VI одделение, не треба да се напуштаат ни во VII и VIII одделение при уметничка анализа на текстовите. Од VI одделение па до крајот на основното образование учениците се воведуваат во уметничкото дело и во основите на литературата. Уметничкото дело е единствена целост, па при неговата обработка треба да се води еднаква сметка како за одразот на општествените и економските прилики, така и за естетските, јазичните и стилските елементи. Текстовите треба да се обработуваат со читање (логичко и изразно), прераскажување (опширно и скратено, усно и писмено), со опишување и споредба на ликовите, со проследување на текот на дејството, со илустрирање, драматизирање и учење напамет (на цели творби или извадоци).

Драматизацијата е интересна форма на работа со која успешно се развиваат изразните способности на учениците, а и подлабоко се навлегува во содржината и смислата на текстот и неговото доживување. Учениците од последните одделенија се воведуваат во содржината на текстот преку согледување на местото и времето на дејството, преку анализа на личностите, потоа се учат улогите и, на крај, се врши изведбата. Така се запознаваат учениците со драмската техника (дејство, сцена, појава итн.). Покрај тоа, тие треба да се запознаат и со елементите на театарската и филмската уметност, за што треба многу да придонесе слушањето на радио-емисии, гледањето на филмови (во кино и на телевизијата), претставите, приредбите и др.

Со учениците се водат разговори за цртаните детски филмови, се прераскажува нивната содржина и се издвојуваат убавите места. Исто така, се водат разговори за детските радио и телевизиски емисии, театарски претстави, приредби и слично. Тоа постепено се раширува во разговори за поедини ликови од филмови, театарски претстави и радио или телевизиски емисии. Подоцна се минува на филмови што настанале врз основа на некои наши литературни творби, чија тематика е блиска до возраста на учениците. Во гледањето учениците го споредуваат, во целост или само во делови, филмот со литературната творба по која е изработен. Така учениците ќе можат да ги согледаат изразните средства со кои се служи литературата и оние со кои се служи филмот. Може да се почне и од самиот филм, т.е. на него да се врши анализа на неговите уметнички изрази: на ли-

ковите, дејството, пејсажот и сл., како што е работено со особеностите на литературните дела. Покрај сето ова, можно е и натамошно воведување на учениците во процесот на создавањето на еден филм, радио или телевизиска емисија (информации за идејата, сценариото, глумата, музиката и сл.), а можат да се прават и извесни творечки обиди со ученици кои покажуваат посебно интересирање и смисла за работа во слободните активности. Освен уметнички и наставни филмови, треба да се користат во наставата документарни и културно-просветни филмови, како и филмски журнали.

Усно и писмено изразување

Усното и писменото изразување треба да се сфати како нужно организирано и систематско одгледување на културата на усниот и писмениот говор. Освен спомнатите вежби на усното и писменото изразување (прераскажување, рецитирање, драматизација), треба да се користат и специјални говорни и писмени вежби (како што се дадени во програмата), зголемувајќи ги барањата во секое погорно одделение.

Темите за говорни вежби треба да се земаат од животот на ученикот и неговата околина, водејќи сметка за современите настани и интересирањето на учениците. Потребно е учениците да свикнат да зборуваат по план, да разберат дека секоја говорна целина се состои од делови, дека се тие распоредени по логичен ред и дека пред излагањето треба да се среди содржината на она што ќе се кажува. Вежбите на учениците да зборуваат по план се изведуваат со помош на поставени прашања, потоа со помош на заеднички составен план, сè додека учениците не научат сами да ги изведуваат плански своите мисли. Во литературното изразување учениците се воведуваат постепено преку набљудувања, доживувања и сеќавања за говорни и музички емисии, гледани филмови и претстави.

Писменото изразување на мислите бара од учениците поголеми напори отколку усното изразување, заради што е потребна поголема систематичност и постапност. Тематиката на писменото изразување е иста како и на усното изразување, само тука треба да се обрнува внимание и на формата на писмениот состав, на правописот, на правилноста и убавината на ракописот. Темите и тука се земаат од она што учениците го набљудувале, за кое размислувале или што го доживееле. При изведувањето на писмените вежби, треба, како и при говорните вежби, учениците постојано да се упатуваат на јасно и логично искажување на мислите, но при тоа треба да се почитува индивидуалноста и слободата на изразувањето. Видовите писмени состави и сложеноста во барањата се определуваат според степенот на развиеноста на учениците.

Во текот на учебната година се работат и задолжителни писмени работи — по 5 за III, IV, V и VI одделение (по 2 во I и 3 во II полугодие) и по 4 за VII и VIII одделение (по 2 во секое

полугодие). За да не се предизвика возбудување и страв кај учениците, не треба да се укажува на некакво посебно значење на писмените работи. На нив треба да се гледа само како на средство за дидактичко сумирање и проверување на резлутатите постигнати во писмените и говорните вежби што се изведуваат од една до друга писмена работа. Во писмените работи, како и во сите писмени состави, се оценуваат и содржината и формата (сфаќањето на темата, распоредот на материјалот, точноста на изразот, структурата на реченицата, правописот, ракописот и надворешниот изглед). Секоја оценa треба да биде накратко образложена.

Поуки за јазикот и обработка на граматичкиот материјал

Поуките за јазикот и обработката на граматичкиот материјал треба во текот на целото школување во основното училиште да се засновуваат врз јазичното чувство и набљудувањата на учениците. Аналогно на тоа, треба да се поаѓа од јазичното чувство на учениците, па постепено да се оди кон запознавањето и усвојувањето на литературниот јазик.

Поуките за јазикот и граматичкиот материјал, како се поставени во наставната програма, треба да се сфатат и како средство за развивање на усната и писмената култура кај учениците, а и како средство за воведување на учениците во основните законитости на нашиот јазик. Усвојувањето на основните знаења за јазикот не треба да стане само за себе цел, туку да служи за издигнување на општата култура и сигурното практично владеење со јазикот.

Формите, значењата и службата на одделни видови зборови, службата на деловите во реченицата, на сврзувањето на зборовите во смисловни целини (синтагми) и реченици, учениците најлесно ќе ги согледаат на примери дадени во разни говорни ситуации и погодни текстови. Така, на пример, именските и глаголските форми не треба да се набљудуваат апстрактно, издвоено во вид на парадигми, туку конкретно, преку согледувањето на нивното значење и функцијата што ја вршат во реченицата.

Особено внимание треба да ѝ се обрне на синтаксата на реченицата. Во склопот на сложената реченица битно е учениците да го разликуваат зависниот и независниот однос меѓу одделните реченици и нивното значење во тој однос. Ако при обработката на зависните реченици и нивните значења се доведе во врска она што учениците порано го учеле за значењето на додатоците во проширената реченица, тогаш секако полесно ќе ја сфатат функцијата и значењето на зависните реченици.

Во текот на наставата треба постојано да се согледуваат говорните отстапувања од литературниот јазик, како и грешките што се јавуваат во писменото изразување. На тој начин поуките

за јазикот понекогаш ќе имаат вид на говорни или писмени вежби, со цел тоа што се научило и утврдило да стане добар навик на усното и писменото изразување.

При обработката на гласовите важно е учениците да ја сфатат функцијата на говорните органи. Не е потребно да се учат напамет видовите на гласовите, туку преку развивање на своите забележувања учениците лесно ќе можат да определат кој глас на кој вид му припаѓа. Не треба да се оди во подробности по однос на гласовните особености и закони, туку треба да се дадат само основните поими за самогласките и согласките и нивните промени.

Учениците треба да се запознаат, само во главни црти, како се создаваат простите и сложените зборови, а како именските и глаголските форми; потребно е да се даде само општ поглед за потеклото и настанок на зборовите.

При воведувањето на учениците во народните говори да не се оди во откривањето на сите нивни особености, туку прво да се даде основен поглед на тие говори, пред сè преку звучното оживување — преку читање и рецитирање од наставникот, како и со употреба на грамофон, магнетофон, радио и телевизија, па дури тогаш да се оди и на изнаоѓање и утврдување на некои гласови и други особини.

Сето тоа треба да им помогне на учениците да ги разбираат народните говори. (Со иста цел се читаат и текстови на словенечки јазик). Покрај тоа, може да се користат и други средства преку кои учениците полесно ќе ги согледуваат особеностите на нашите дијалекти. Такви се: ликовни илустрации на определени говорни краишта, филмови, радио и телевизиски емисии и сл.

Правописот никогаш не треба да се изучува, издвоено, туку заедно со изучувањето на граматичките категории, како е тоа покажано во програмата. Потребни се почести вежби, за да може правилното пишување да стане навик кај учениците.

За да се избегнат евентуалните различности, потребна е во наставата по поуките за јазикот и обработката на граматичкиот материјал да се употребува само терминологијата што е дадена во наставната програма.

СРПСКОХРВАТСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА И ПАРАЛЕЛКИТЕ СО НАСТАВЕН СРПСКОХРВАТСКИ ЈАЗИК

СРПСКОХРВАТСКИ ЈЕЗИК

Задаци наставе српскохрватског језика су:

— да оспособљава ученике да се правилно и лепо усмено и писмено изражавају књижевним језиком;

— да изучавањем граматике упозна ученике са основним законитостима нашег књижевног језика;

— да преко изабраних књижевних дела оспособљава ученике за разумевање и доживљавање народне и уметничке књижевности и да их упознаје с важнијим особинама књижевне уметности;

— да код ученика развија интерес и љубав према књизи уопште, као и способност да се њоме самостално служи;

— да уводи ученике у разумевање наше друштвене стварности, развија југословенски социјалистички патриотизам, негује братство и јединство југословенских народа и народности, утиче на формирање њиховог моралног лика и подстиче их на активно учешће у друштвеном животу;

— да омогући шире образовање, подиже културни ниво и развија естетска осећања ученика.

I РАЗРЕД

Општа припрема. Упознавање ученика и увођење у школски ред и рад.

Припрема за почетно читање и писање.

Проверавање знања и искуства са којима деца долазе у школу; вежбање у усменом изражавању и правилном изговору; богаћење дечјег речника; разликовање речи од предмета на који се она односи; разликовање речи и гласа.

Увежбавање покрета руке за цртање, писање и руковање прибором.

Почетно читање и писање

Савлађивање читања и писања.

При вежбању ученика у читању и писању, поред савлађивања технике читања речи, реченица и кратких текстова, посебну пажњу посветити разумевању значења речи и садржаја текста.

Обраћати пажњу на правилност дисања при читању.

Вежбе у усменом и писменом изражавању

Вежбе у усменом и писменом изражавању изводе се у повезаности са целокупним животом и радом деце у школи. Слободно причање доживљаја, описивање предмета и слика, препричавање краћих прича, бајки и басана, препричавање по улогама као и причање о дечјим играма, учење напамет прикладних дечјих песмица и краћих прозних састава. При овоме се користе буквар, сликовнице, разне слике, дечји листови и др.

Потребно је стално обраћати пажњу на артикулацију гласова и вежбања у правилном изговору консонаната, вокала, речи, и реченица.

Вежбе у писменом изражавању врше се преписивањем речи и реченица, диктатима речи и краћих реченица, писањем кратких одговора на постављена питања, описивањем слика и познатих предмета, као и првим покушајима писања краћих састава.

У току овог рада потребно је изводити систематске вежбе ради проширивања дечјег речника и развијања усменог и писменог израза. При том користити дечје радио-емисије, филмове за децу и друга средства.

Поуке о језику

Разликовање реченице, речи и гласа (без дефиниција). Употреба великог слова на почетку реченице и код властитих имена. Употреба тачке на крају реченице.

Увежбавање правилног изговора гласова ћ, ч, ђ, џ, х.

II РАЗРЕД

Вежбе у течном и логичком читању

Обрада народних и уметничких прича, басана, бајки и научно-популарних штива. Читање, препричавање и учење краћих одломака напамет.

Обрада краћих народних и дечјих песама; вежбање у рецитовању.

Читање по улогама и извођење погодних краћих прозних и поетских текстова. При том користити филмове, радио и телевизијске емисије, позориште и друге приредбе намењене деци.

Обраћати и даље пажњу на правилност дисања при читању и рецитовању.

При избору прозних текстова и рецитација, поред читанке користити дечју литературу и штампу.

Вежбе у усменом и писменом изражавању

Неговање усменог изражавања остварује се причањем догађаја из дечјег живота, рада и игре, описивањем доживљаја и излета, препричавањем оног што су ученици читали и чули у школи, и код куће, што су слушали преко радио-емисије, гледали у филмовима, у дечјим позориштима, на свечаностима и приредбама. Учење напамет и рецитовање песмица и краћих прозник састава.

Посвећивати пажњу што правилнијем писменом изражавању, користећи при том преписивање текста с одређеним задатком, писањем напамет научених текстова, писмено препричавање онога што су ученици учили у школи или код куће, и то помоћу питања, по плану и слободно; састављање малих прича уз помоћ наставника. Самостално писање кратких писмених састава. Систематски спроводити вежбе ради богаћења речника и даљег развијања усменог и писменог изражавања ученика.

Поуке о језику

Разликовање потврдне, одречне и упитне реченице.

Речи које значе предмете и бића и речи које значе радњу (без дефиниција).

Употреба великог слова при писању географских имена. Употреба упитника, двеју тачака и зареза у набрајању.

Правилан изговор и писање гласа *j* (био а не бијо, шије, а не шие итд.). Правилно писање инфинитива (градити а не гради итд.).

Развијати природно осећање за границу слога ради правилног преношења речи у нови ред.

Наставити са увежбавањем правилног изговора гласова (нарочито) ћ, ч ђ. џ, речи и реченица.

Писмене вежбе у вези са поукама о језику.

III РАЗРЕД

Вежбе у логичком и изражајном читању

Увежбавање логичког и изражајног читања изводити обрадом народних и уметничких прича, басана, бајки, научно-популарних штива и пословица, као и читањем, препричавањем и учењем краћих одломака напамет. Потпунија разрада штива, уочавање и описивање главних ликова и носилаца радња. Обра-

да уметничких и народних песама. Вежбе у рецитовању. Читање по улогама и извођење краћих погодних прозних и поетских текстова. Запажање лепих описа и израза. У овим вежбама користити грамофонске плоче и магнетофон.

Читање у себи. Увођење ученика у самостално читање дечје штампе и књига за децу.

У овом разреду обрадити и друго писмо (латиницу, односно ћирилицу).

Вежбе у усменом и писменом изражавању

Оспособљавање ученика у усменом изражавању рецитовањем, извођењем по улогама, вежбањем у сликовитом причању, краћим усменим излагањем, описивањем и поређењем предмета, слика, личности и разних скупова, причањем догађаја и препричавањем вести из штампе, са радија и телевизије, као и излагањем садржине гледаних филмова и представа.

Вежбе у писменом изражавању изводе се писањем напамет научних текстова, писањем састава према садржини слике (састављање прича), писменим излагањем прочитаних штива и доживљаја (по плану и слободно), као и слободним писменим саставима.

Поуке о језику

Именице: властите и заједничке; род и број. Разликовање једнине и множине у реченици. Глаголи: разликовање садашњости, прошлости и будућности. Разликовање именица и глагола и запажање њихове улоге у реченици (подмет и прирок). Речи које значе особину (без дефиниције).

Употреба великог слова (називи установа и предузећа), двеју тачака и наводника при навођењу туђих речи.

Правилно писање негације *не* и упитног *ли*.

Правилно писање будућег времена (*ићи ћу, радићу* итд.).

Наставити са развијањем природног осећања за границу слога, ради правилног преношења речи у нови ред.

Наставити са увежбавањем правилног изговора гласова и правилног акцентовања речи.

Писмене вежбе у вези са поукама о језику.

Два школска писмена задатака у току полугодишта.

IV РАЗРЕД

Вежбе у логичком и изражајном читању

Даље увежбавање логичког и изражајног читања изводити обрадом текстова (из народне, уметничке књижевности и одабраних научно-популарних штива), читањем, препричавањем и учењем краћих одломака напамет. Уочавање главних личности, тока радње и лепих описа. Обрада уметничких народних песама.

Вежбање у рецитовању. Читање по улогама и извођење погодних прозних и поетских текстова. Указивање на лепе и сликовите изразе. Читање у себи. Самостално читање дечје штампе и књига за децу.

Вежбе у усменом и писменом изражавању

Наставити са вежбама у проширивању речника ученика у даљем развијању њиховог усменог и писменог изражавања. Вежбе у писменом изражавању врше се рецитовањем, извођењем по улогама, самосталним састављањем прича, причањем догађаја и препричавањем онога што је прочитано, излагањем садржине филмова, позоришних дела, увођењем ученика у елементарне облике дискусије у разреду, у групама, секцијама и другим облицима колективног рада ученика (давање обавештења, подношење извештаја о раду и др.).

Вежбе у писменом изражавању изводити слободним причањем по мотивима са слика, препричавањем прочитаних текстова, састављањем телеграма, честитки и писама, као и писањем слободних писмених састава. Развијање међушколске преписке.

Поуке о језику

Основни појмови о променљивим и непроменљивим речима. Именице: збирне и градивне. Уочавање различитих облика код именица. Придеви (описни и присвојни); род и број придева; поређење придева. Указивати на грешке и одступања у изговору и писању придева *(људски, градски,* а не *људцки, грацки);* писање префикса *нај* у суперлативу *(најбољи* а не *нај бољи; најјачи* а не *нај јачи* или *најачи).* Личне заменице: род и број. Употреба и писање заменице *Ви* из почасти. Основни, редни и збирни броеви. Правилан изговор и писање бројева (*једанаест,* а не *једанајест; шездесет* а не *шесет* или *шестдесет* и сл.). Глаголи: садашње, прошло и будеће време.

Проста и проширена реченица. Додаци именици (атрибут) и глаголу (место, време, начин, предмет).

Даља употреба великог слова: имена припадника народа, припадника држава, покрајина, места; писање присвојних придева.

Наставити са развијањем природног осећања за границу слога и правилно акцентовање речи.

Два школска писмена задатка у току полугодишта.

V РАЗРЕД

Логичко и изражајно читање и обрада књижевног текста

Наставити са неговањем логичког и изражајног читања на текстовима из читанке, дечјих листова и дневне штампе, као и на одломцима књижевних дела доступних овом узрасту ученика. По-

степено уводити ученике у анализу текстова: уочавање главних личности и њихових карактеристика, тока радње и главне мисли. Учити напамет изразито лепе и васпитно погодне одломке. Вежбати ученике у рецитовању, при чему продубљивати смисао текста и уочавати лепе изразе; водити рачуна о дикцији, интонацији и ритму при читању. Читање текстова по улогама.

Упознавање ученика са најважнијим књижевним појмовима и изражајним средствима на погодним књижевним текстовима; проза, поезија; народна и уметничка проза; врсте народне прозе: приповетка, бајка, басна, легенда (на одабраним примерима). Разликовање лирске и епске поезије; народна и уметничка поезија. Епитет, поређење, хипербола, ономатопеја, персонификација.

При давању појмова о народној и уметничкој поезији, из народне лирске поезије наших народа обрадити шаљиве и обичајне песме, а из народне епске поезије преткосовски циклус (песме по избору).

Усмено и писмено изражавање

Вежбање у сликовитом препричавању народних и уметничких прича. Самостално састављање прича. Рецитовање напамет научених песама, при чему продубљавати смисао текста и водити рачуна о дикцији, интонацији и ритму. Драматизација чланка, погодних рецитација и одломака из књижевних дела. Руковођење разредним састанцима и вођење дискусије. Отварање школских приредаба, скупова, изложби, поздрављање гостију, давање обавештења, подношење извештаја.

За писмено изражавање користити вежбе у причању, препричавању и описивању. Вођење подсетника, дневника, међушколске преписке, писама, потврда итд.

Као и у свим осталим разредима, стално обраћати пажњу на спољни изглед писмених радова; рукопис, форму, уредност.

Теме за вежбе у усменом и писменом изражавању узимати из непосредне околине ученика, првенствено оно што је везано за њихове доживљаје, као и за актуелна и савремена збивања. Користити знања из школског и ваншколског живота у вези са дечјим интересовањем. Одабирати теме које развијају машту и теме са практичним садржајем.

Поуке о језику и обрада граматичког материјала

Наставата по запознавање на природата и општеството дава широки можности за воспитно делување врз учениците. Таа можност ја дава самата содржина на наставата, но најмногу се очекува од наставната постапка. Наставникот секогаш треба да има предвид дека здобивањето на знаењата не е само за себе цел, но е нужно во тој процес кај учениците да се формираат и потребни навики. Така на пример, не е цел учениците само да знаат за личната хигиена, но да имаат и потребни навики да ја одржуваат. Тоа исто така се однесува и на формирањето на други навики и особини кои се тесно поврзани со програмските содржини како на пример: поведение на јавни места, почитување на трудот, чување на општествената сопственост, однос кон постарите, другарите итн. Создавањето на навики не се постигнува со морализирање, но низ подолг процес на поттикнување и вежбање кој почнува во I одделение и продолжува и во постарите одделенија.

Наставниот материјал е даден по одделенија. Некои теми се јавуваат во сите три одделенија, но сепак е определно во кое одделение што ќе се обработува, со оглед на возраста на учениците.

Во I одделение главно се обработува животот и работата на учениците на училиште и во родителскиот дом. Природната средина и работата на луѓето се обработуваат на подрачјето на училиштето, домот и родното место.

Во II одделение природната средина и работата на луѓето зафаќа поголемо подрачје од родниот крај, под кој може да се разбере и комуната, но не секогаш тој да се поистоветува со неа, бидејќи често пати на учениците од некое училиште на периферијата на комуната поблиску им е природната средина и работата на луѓето од соседната комуна. Во ова одделение, покрај запознавањето со природните појави и промените во текот на годишните времиња, работата и занимањата на луѓето, учениците се запознаваат и со изгледот на родниот крај во географска смисла. Овој материјал е даден во врска со другиот, со цел да се обработува преку целата година врз основа на непосредно набљудување.

Во III одделение, како што е речено, подрачјето на родниот крај се проширува. Темите со географска содржина сè повеќе се прошируваат со цел учениците да се здобијат со потемелни знаења за натамошно изучување на географијата. Посебно се обрнува внимание на систематското картографско описменување на учениците, при што се служиме со карти на поширокиот роден крај, на СР Македонија, и релјефи на кои можат да се видат картографските знаци.

При обработката на географскиот материјал потребно е секогаш наставникот, каде е тоа можно, да ги обработува и моментите од општествено значење како и елементите од запознавањето на природата, а не да го одделува географскиот материјал. Поголемиот дел од темите се така дадени што тешко може да се оддели што е географија а што запознавање на општеството или природата.

Во темата „Природната средина и работата на луѓето" дадениот материјал претставува проширување на тоа што учениците го учеле во II одделение, со цел во рамките на поширокиот роден крај учениците да се здобијат со појасни поими за земјоделството, поледелството, сточарството, лозарството, овоштарството, индустријата, рударството и др., за да можат со разбирање да ги применуваат на подрачјето на СР Македонија, а подоцна и на СФРЈ.

Во темата „Нашата поширока и потесна татковина", а при изучувањето на СР Македонија дадени се објектите и природните богатства со убавините, со цел да се избегне одење во ширина. Учениците треба да ја запознаат во преглед, потесната татковина во географска и стопанска смисла.

Во ова одделение постојат и реални можности повеќе да се влијае врз развивањето на логичкото мислење кај учениците со уочувањето на елементарните причински врски во природата и општеството, како на пример: зависноста на растителниот и животинскиот свет од почвата, влагата, воздухот и светлината; зависноста на човечкиот живот од природните услови. Учениците можат постапно да навлегуваат во разбирање на потребата од трудот и за можностите на човекот со трудот да ја менува природата и го подобрува својот живот.

Во оваа настава, покрај интелектуалното учество на учениците во наставниот процес, големо значење има и мануелната активност, ако се надоврзува на тој процес, поради што е дадена и ориентациона програма за практична работа. Наставникот, на погоден начин, преку задачи и други средства, треба да ги поттикнува учениците кон изработување на разни предмети, модели, цртежи, илустрации, релјефи, збирки, албуми и слично, достапно на нивните психофизички можности.

ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

Задачите на наставата по запознавање на природата се:

— учениците да ги запознае со животот и појавите во природата и да им укажува на заемната поврзаност на тие појави и на постојаните промени и движења во природата;

— на конкретни објекти и на појавите во природата на учениците да им укажува на единственоста и зависноста на животот на живите суштества, нивната меѓусебна зависност и зависноста од средината во која тие живеат;

— со научно толкување на појавите и промените во природата да го побудува кај учениците интересирањето за сознавање и да развива научен поглед на светот;

— учениците да ги запознае со тоа како човекот со својата работа влијае врз промените во природата и како ги користи нејзините сили и богатства;

— да овозможи учениците да сфатат како човекот запознавајќи ја природата се здобива со искуства, изградува техника, го унапредува производството и создава подобри услови за живот;

— кај учениците да развива љубов спрема природата, интересирање за нејзиното проучување и навики за чување на природата;

— учениците да ги оспособува здобиените знаења за природата низ самостојна работа да ги продлабочуваат и применуваат во животот.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

1. Земјиштето на кое живееме

Настанување на земјиштето: распаѓање на карпите; улогата на сонцето, ветрот и водата. Улогата на живите суштества во настанувањето на земјата.

Пластови на земјиштето: ораница, здравица и мртвица.

Состав и својства на почвата (ораницата и здравицата). Состав: хумус, песок и глина. Својства: порозност, пропустливост, содржи воздух, вода и минерални соли.

Видови почви: песоклива, глинеста, иловна, варовна и хумусна почва.

Обработка на земјата и подобрување составот на почвата — Обработка на земјата: орање (есенско, пролетно, летно), браносување. Подобрување составот на почвата: ѓубрење — арско и вештачко. Плевели и борба против нив.

2. Воздух, вода и временски промени

Воздух. Особини и распространетост на воздухот: безбоен, прозирен, без мирис и вкус, зазема простор — гасовито тело, има тежина, спроведува топлина, се шири. Воздушен притисок: барометар. Затоплување и движење на воздухот. Состав на воздухот: кислород, јаглен диоксид, азот.

Вода. Распространетост на водата во природата. Особини на водата: течност, нема постојан облик, зазема водорамна положба и има тежина.

Водата како растворувач. Пречистување на водата (филтрирање). Вода за пиење — водовод.

Затоплување, ширење и испарување на водата. Трите агрегатни состојби на водата — течна, гасовита и цврста.

Атмосферски талози: корист и штета. Борба против суша, град, слана и др.

Метеоролошка станица (барометар, термометар, дождомер, ветроказ и хигрометар).

3. На земјата се развива живот

Животот на некои растенија. Органи и основни функции на органите на растенијата: корен, стебло, лист, и цвет.

'Ртење и исхрана на растенијата. 'Ртење и услови за 'ртење. Исхрана на растенијата. Дишење и размножување на растенијата (само преку набљудување).

Зависност на животот на растенијата: од подлогата, воздухот, водата, сончевата светлина и топлина.

Животот на некои животни. Услови потребни за живот на едно животно. Исхрана, растење, размножување и нега. Одгледување на младите животни.

Меѓусебна зависност на растителниот и животинскиот свет (растенијата како храна на животните, опрашување, разнесување на семето).

Распространетост на организмите: растенијата и животните во шума; растенијата и животните на нива; растенијата и животните во бара, езеро и море и растенијата и животните во воздухот (инсекти и птици).

4. Човекот како дел од природата

Човекот како живо суштество (глобално за основните животни функции, во споредба со другите живи организми).

Коски и мускули и нивното чување и развивање.

Органи за варење — чување и болести (дизентерија, тифус, пролив); заштита на забите; умереност во исхраната; употреба на чиста храна итн.

Органи за дишење — чување и заболување (грип, ангина, туберкулоза, дифтерија).

Органи за крвоток — чување на органите.

Органи за лачење — бубрези и кожа. Заболување на кожата и запазување на кожата (шуга, мала сипаница, шарлах).

Нервниот систем и неговото значење: мозок, 'рбетен мозок и нервите (најопшто).

Сетива (око, уво, нос, јазик, кожа) и нивно чување.

V ОДДЕЛЕНИЕ

1. **Човекот го менува и користи растителниот и животинскиот свет**

Културни растенија. Жита (пченица, јачмен, овес, пченка, ориз); зеленчук (грав, компири, зелка, патлиџани, пиперки); овошје (јаболко, слива, цреша, праска, лимон, смоква); индустриски растенија (сончоглед, коноп, лен, шеќерна репка, тутун); лековити и украсни растенија (нане, камилица, врбена трендафил и др.).

Од диви до културни растенија. Одлики, услови за одгледување, добивање нови сорти, преработка и употреба.

Штеточинци и болести кај културните растенија. Главни штеточинци и болести и борба против нив.

Плантажно одгледување на растенијата.

Домашни животни: говеда, овца, свиња, коњ, куче, кокошка, пајка, гуска, мисирка (потекло и припитомување, одлики, услови за одгледување, облагородување, корист).

Најпознати болести и паразити кај домашните животни и борба против нив (шап, чума, тенија).

Пчела и свилена буба — услови за одгледување и корист.

2. **Човекот ги запознава и користи богатствата на природата**

Горива и горење. Видови горива, добивање и употреба (дрво, ќумур, тресет, мрк јаглен, камен јаглен, нафта и нејзини производи).

Руди во земјата. Вадење и топење на рудите и добивање метали (железо, бакар, алуминум, цинк, жива — особини и употреба).

3. **Човекот ги запознава и користи силите на природата**

Користење силата на ветрот и водата: ветрот ги движи едрилиците и ветерниците; водата ги движи воденици, пилани, турбините; воденатa пара ги движи парните машини.

Магнет и неговата примена

Основни поими од електростатика: електризирање со триење, видови електрицитет и заемно дејство, спроведување и изолатори. Електрични појави во природата (молња и гром).

Користење на електричната струја во домаќинството. Електричните машини во служба на човекот.

Заштита од електрична струја.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

1. **Почва, вода, воздух и светлина — услови за живот**

Физички и хемиски својства на почвата. Почвата како шупликава материја — вода и воздух во почвата. Капиларност на почвата. Густина и аномалија на водата.

Сонцето како извор на топлина и светлина. Светлината како услов за животот (растенијата на светлина и во темнина).

2. **Организми приспособени за живот во вода**

Живиот свет и водата

Водата е составен дел на телото на сите организми. Способност на организмите да ја примаат водата од природата. Особини на водната средина.

Живиот свет во слатка вода

Пригоденоста на животот на некои животни и растенија во водата (риба, школка, хидра-парамециум, трска, алга). Едноклеточни растенија и животни. Поим за клетка на примерот на едноклеточната алга. Поврзаност и меѓусебна зависност на растенијата и животните во водата.

Живиот свет во море

Особини на водата: соленост, струење, плима и осека, бранови и нивното влијание врз организмот.

Животинскиот и растителниот свет на морската површина и на дното на морето (делфин, ајкула, морска ѕвезда).

Меѓусебна поврзаност и зависност на растенијата и животните во морето.

3. **Живиот свет приспособен за живот во вода и на копно**

Пригодување на градбата на телото од водна на копнена средина кај возрасните животни и на одделни стадиуми на развитокот (жаба, комарец, трска, шамак, пајак, веслар, вилинско коњче, воден цвет, мушичката хирономос).

Пригодување за живот во земјата (дождовен црв, корисни бактерии).

4. Организми приспособени за живот на копно

Особини на воздушната средина. Градба и живот на некое индустриско растение со цвет. Растителни органи и нивните функции (корен, стебло, лист, цвет и плод). Семка, 'ркулец, 'ртење и услови за 'ртење. Примање (осмоза) и спроведување на храната; асимилација. Дишење и транспирација. Опрашување со ветар и инсекти. Оплодување. Расејување на плодовите и семињата. Растенија без цвет (печурка, лишај, маховина, папра).

Градба на телото и начинот на живеењето на некое животно (некој цицач).

Погодност за движење во воздухот (клукајдрвец, мајски бумбар).

Компарација со живиот свет во вода.

5. Животни заедници

Шума (листопадна и зимзелена), ливада, бара — сè со карактеристични растенија и животни, според крајот во кој се чаоѓа училиштето.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Наставата по запознавање на природата, која се изведува во IV, V и VI одделение, претставува продолжение на наставата по запознавање на природата и општеството. Во I, II, и III одделение учениците се запознаваат со природните појави што ги окружуваат, без подлабоко навлегување во причините и последиците на нивното настанување. Во наредните одделенија се врши диференцијација и наместо запознавањето на природните и општествени појави, се издвојува запознавањето на природата како посебен наставен предмет.

Во рамките на овој предмет учениците треба да се оспособуваат за подлабоко навлегување во суштината на природните појави, да ги објаснуваат, а истовремено да ги согледаат причините на нивното настанување, како и последиците што ги создаваат тие, водејќи сметка за психофизичките можности на учениците од оваа возраст.

При изведувањето на наставата по овој предмет, треба да се има предвид дека наставните содржини што ќе се изучуваат во одделни одделенија, постепено да создаваат солидна база за систематско изучување на биологијата, хемијата и физиката во VII и VIII одделение. За таа цел воведувањето на учениците во изучувањето на природните појави и природата воопшто, треба да се заснова врз непосреден контакт со природата, преку набљудување и следење на појавите во самата природа, со изведување опити и др. По обработката на секоја поголема наставна целина, треба да се изврши проверка на здобиените знаења и доколку се констатираат празнини или неутврдени знаења да се преземат соодветни мерки пред да се мине на нова наставна целина.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Во IV одделение учениците најнапред треба да се запознаат со дејствувањето на надворешните сили врз распаѓањето на карпите и преку обиди да се убедат во што се можностите на дејствувањето на сонцето, воздухот и водата врз карпестата површина. Со обиди исто така треба да се утврди, која карпа побрзо се загрева, како се менува нејзиниот волумен и што се случува при брзата промена на температурата. Преку набљудување во природата треба да се утврди што се случува со грутка замрзната земја, што се случува со земјата кога ќе се потопи во вода итн. Исто така се набљудува влијанието на ветрот врз сувите лисја, на дрвјата, прашината; дејството на водата во реката, потокот или за време силен дожд (носи стебла, турка камења од различни големини, движи частички од распаднати карпи и каде и како ги таложи). Со испитување на почвата да се утврди дека во неа се наоѓаат частички од карпи и делови што се остатоци од растенија и животни (полжави, школки, лисја, гранчиња).

Натаму, учениците преку набљудување и опити треба да се запознаат со воздухот како тело, со неговите особини и распространетост, како се затоплува и движи и од што е составен. Исто така треба да се докаже што се случува со водата под влијание на сончевите зраци, (побрзо испарува на сонцето отколку на место каде сонцето не грее) и што станува со воденатa пареа кога ќе дојде во допир со студен воздух. Во текот на годината се набљудуваат, мерат и бележат атмосферските талози: дожд, снег, град. Се запознаваат со користа и штетите од атмосферските талози, како и начинот на борбата против сушата, градот, сланата и сл.

Во училишната бавча и непосредната околина се набљудува како се развиваат растенијата и какво влијание врз нивниот развиток имаат: почвата, водата, сончевата топлина и светлина и воздухот. Исто така се набљудуваат промените на растенијата во текот на растењето и развивањето. Се изучува функцијата на одделни органи на растенијата: со коренот растенијата ја примаат водата и минерални соли; листот служи за изградување хранителни материи, за дишење и испуштање на вода, (без навлегување во анатомската градба на растенијата и хемизмот на процесите).

Проучувањето на животот на животните се врши преку набљудување на едно домашно животно кое е најраспространето во средината во која се наоѓа училиштето без да се навлегува подлабоко во анатомската градба и физиолошките процеси. Натаму треба да се утврди начинот на живеењето, исхраната, размножувањето, одгледувањето на младите и грижата на човекот за создавање подобри услови за животот на животните. Покрај тоа, учениците се запознаваат со животот и на други животни во смисла на нивното поведение и промени што настануваат во врска со условите на животот и годишните времиња како: паѓање на влакната, зимски сон и сл.

Човекот како живо суштество, се изучува во најопшти црти, не навлегувајќи подлабоко и поподробно во неговата анатомска градба и физиолошки процеси. Повеќе се обрнува внимание на причините што го загрозуваат здравјето и условите (хигиенски) што го одржуваат здравјето на човечкиот организам. Акцентот треба да биде поставен на поуките за запазување на здравјето и чувањето од разни заболувања.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Материјалот по запознавање на природата во V одделение претставува природно продолжување на материјата од IV одделение.

Во текот на реализацијата на програмата во темата *Културни растенија и домашни животни* треба да се обработат неколку претставници и преку нив да се изнесат покарактеристичните морфолошки особини. Во исто време можат да се прават и меѓусебни паралели врз база на разлики кои што се појавуваат. Исто така треба да се изучи како се подобруваат условите на животот за да се добијат поквалитетни сорти на растенија и раси на животни. Бидејќи во V одделение се зборува за припитомени животни и културни растенија, важно е на учениците да им се објасни патот на нивното култивирање, односно припитомување, како и нивното потекло.

Со програмата е предвидено да се обработат некои претставници на систематски групи, но не е потребно сите тие да се обработуваат како посебни наставни единици. Во текот на излагањето ќе треба да се акцентира потеклото и биолошките карактеристики, условите за животот и одгледувањето. Ќе се нагласи и практично значење на определена група растенија или животни.

Од инсектите се предвидени пчелата и свилената буба, бидејќи се одгледуваат во некои краишта од нашата Република.

При обработката за *штетниците кај растенијата* и *паразитите на животните* ќе се дадат основни поими, а ќе се обработи и борбата против штетниците.

Со програмата е предвидено, исто така, да ги изучат силите и богатствата на неживата природа. Во делот за горива и горење, ќе се обработат некои видови горива, а повеќе цврстите горива. Накусо ќе се изложи за нафта и за некои продукти од нејзината фракција (петролеум и бензин), а пак горењето ќе се даде преку обиди. Постручно излагање на материјалот ќе се изврши по предметот хемија во VII одделение.

Во партијата за користењето силата и запознавањето на силите од неживата природа ќе се дадат основни поими на појавите и манифестациите во природата како и нивното практично користење од страна на човекот. Преку тоа учениците треба да сознаат до колкава мера човекот успеал да владее со појавите од

ПЕДАГОШКИ ЗАВОД СКОПЈЕ

неживата природа. Кога се работи за магнет и електрични појави главен акцент треба да биде на нивната употреба, а да не се навлегува во објаснувањето на сите детали. Потребно е да се истакне и заштитата на човекот од електричната струја.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Во VI одделение учениците треба да се запознаат со некои физичко-хемиски појави како и со разни растенија и животни кои живеат во природните услови, а потоа со самите услови и животната средина во која што се развиваат.

Материјалот на VI одделение, опфаќа повеќе целини. Една од нив е и изучувањето на факторите што влијаат врз животот на растенијата и животните, а потекнуваат од неживата и живата средина. Одделно ќе се изучува топлината, светлината и почвата, додека останатите само ќе се спомнат. Во излагањето треба да се подвлече меѓусебната поврзаност и влијанието на факторите.

Кога се изучува градбата на организмите и средината во која што тие живеат ќе се набројат повеќе растенија и животни. Изучувањето треба да оди од просто градени спрема сложено градени суштества и секојпат се потенцираат особините и градбата на телото како адаптивни одлики во односот на самите услови што влијаат врз нивниот живот и коишто владеат во определена животна средина.

Во партијата живи суштества од водена средина прво ќе се зборува за влијанието на факторите, на пример, за светлината и нејзиното влијание врз богатството на растителниот свет, за густината на водата, притисокот, за принципот на пливање. Исто така треба да се зборува за температурата како фактор, аномалијата на водата и нејзиното значење за одржување на живиот свет во текот на зимата (замрзнување на површината на реките, езерата, мориња).

При обработката на живите суштества треба да се тргне од најпростите-едноклеточни растенија. На примерот на едно такво суштество треба да се посочат елементите на градбата на клетката. Во однос на попростите растенија, ќе се објасни за растителниот планктон и неговото значење за исхрана на животните. Од посложените растенија ќе се обработат повеќецветниците. Од животинскиот свет пред се ќе се изучи парамециумот, како едноклеточно суштество со посложена градба. Ќе се акцентира оформувањето на органелите како и начинот на размножувањето. И тука треба да се зборува за планктон. Освен за праживотни, ќе се спомнат и некои посложени претставници но без детално обработување на градбата. Од посложените пред сè да се изучи хидрата, со истакнување на битното, потоа за школката, а од рибите за крапот и пастрмката. Зборувајќи за рибите се истакнува формата на телото, лушпите, перките за пливање, потоа за рибниот

меур, размножувањето и селењето во текот на мрестењето; вештачко одгледување на рибите и нивното економско значење.

Пред да се зборува за живите суштества во солена вода накусо да се обработи морето како воден биотоп и условите за живот. Се изучуваат само покарактеристични растителни и животински организми кои живеат прикрепени за дното или се подвижни (сунѓери, корали, власулец, острига, рак самец, морска ѕвезда, морски еж и др.) И тука треба да се потцрта дека и растенијата и животните изградуваат планктон. Од нектонските форми да се спомне сарделата, морското куче, тунот а може да се спомене харингата и бакаларот, заради економското значење за северните земји. Од цицачите да се изучи делфинот, а китот како животно цицач од подалечни мориња.

Кога се зборува за слатководните риби треба да се опфати и јагулата како риба што има интересен начин на живеење.

Пред да се помине на изучувањето на копнената средина и живиот свет што во неа се населува, треба да се обработат суштествата што живеат и на копнена и во водна средина, без оглед дали тоа се одвива во определени фази на развитокот или во текот на целиот живот. Од растителниот свет ќе се обработи трската и лопочот, како растенија на коишто извесни органи им се постојано во вода, а другите надвор. Од животните и инсектите ќе се зборува за жабата, комарецот, водниот пајак, за градбата на телото и исхраната. Кога ќе се зборува за нивното размножување ќе се истакне дека тоа е зависно и од водната и од копнената средина во определена фаза на развитокот.

Кога ќе се обработува и копнената средина треба да се објаснат условите за живот и да се подвлече брзото менување на факторите што придонесле за појавата и развитокот на голем број разновидни растенија и животни. Освен за попростите животни и растенија, ќе се назначи дека променливите фактори овозможиле и голема разновидност на најсложените суштества: цветници од растителниот свет и цицачи и птици од животинскиот свет.

Во врска со ова може да се дадат поими и за дрвенести и зелјести растенија, за грмушки (низ конкретни примери).

Покрај цветниците ќе се изучат и копнените растенија без цвет и маховините, и папратот, а од попростите — габите и плеурококусот, како алга од влажни места, (без да се даваат сите факти, а кај маховините и папратите не се опфаќа смената на генерации).

Животни заедници: Барата ќе се изучи како определен биотоп каде што владеат специфични услови и ќе се обработат растенијата и животните што ги населуваат барите. Доколку има можност треба да се следат фенолошките промени во текот на годишните времиња.

Ливадата како животна заедница ќе се обработи во главни црти; ќе се изврши поделба на типови ливади (долински, ридски,

високопланинска). Треба да се покажат и најчестите растенија и животни што ја сочинуваат ливадската заедница (камилица, детелина, споменче, англиска трева, мравки, пчели, полски глушец, крт, чучулига, потполошка и др.). Ќе се подвлече и економско значење на ливадите.

При обработката на шумата како животна заедница треба да се изучи листопадната и иглолисната шума. Освен дрвенести растенија треба да се обработат и некои зелјести растенија што сочинуваат определени катови. Да не се претерува со набројување на многу претставници. Од инсектите ќе се обработат: губарот, мајскиот бумбар, еленче, стрижи буба и др. а од птиците: славејче, кукавица, клукајдрвец и др. Во иглолисните шуми ќе се спомне крстоклунот и др. Од цицачите ќе се спомне мечката, волкот, лисицата, срната и др.

Во текот на изучувањето на секоја биоценоза ќе се зборува за веригата на исхраната, и движењето на материјата преку примери.

ФИЗИКА

Задачите на наставата по физика се:

— да им даде на учениците основни знаења за физичките појави, како и да ги оспособува здобиените знаења да ги применуваат во практичниот живот;

— да ги упатува кон широка примена на законите на физиката во техниката, производството, сообраќајот и практичниот живот;

— да ги воведува, во најосновен вид, во методите на истражување на природните појави и да ги оспособува да се служат со нив;

— да придонесува за формирање научен поглед на светот кај учениците.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Физиката како природна наука. Предмет, задачи и поделба на фазиката.

Телата во природата. Својства на телата и агрегатни состојби. Мерење и мерки (мерење на должина, површина и волумен). Мерење на времето. Поим за маса (мерење на масата). Густина на телата. Специфична густина и нејзиното определување.

Движење на телата. Поим за мир и движење. Релативност на движењето. Патна линија, пат и брзина на движењето. Праволиниско рамномерно движење. Нерамномерно движење. Рамномерно забрзано и рамно успорено движење. Слободно паѓање на телата.

Рамнотежа на силите. Инерција на телата. Поим за сила (силата како причина за промена на положбата и движењето на телата). Односот помеѓу силата, масата и забрзувањето. Графичко претставување на силите. Мерење на силите. Динамометар. Сложување и разложување на силата. Тежиште и видови на рамнотежа (стабилност на телото). Тежина на телата. Специфична тежина. Разлика меѓу масата и тежината на телата. Висок и либела. Триење при лизгање и триење при тркалање.

Механизми и машини. Работа, ефект (моќ) и енергија. Видови енергија. Закон за одржувањето и претворањето на енергијата. Лост. Наведена рамнина. Прости и сложени макари. Винт. Чекан. Чивија. Златно правило на механиката. Коефициент на корисното дејство. Терезија на лост. Трговска терезија. Децимална терезија. Кантар.

Криволиниски и периодични движења. Сложување на движењата. Хоризонтален и кос истрел. Движење по кружна линија. Центрифугална и центрипеталнa сила и нејзината примена (сушилни, центрифугална машина и др.). Последици од центрифугалната сила при возењата на кривини. Поим за периода и амплитуда на нишањето. Нишало (примена на нишалото кај часовникот). Механичка резонанција.

Својства на течностите и гасовите. Пренесување на притисокот низ течностите. Паскалов закон. Хидраулична преса. Хидростатичен притисок. Сврзани садови. Архимедов закон. Пливање на телата. Својства на гасовите. Воздушен притисок. Торичелиев обид. Барометри. Бојл-Мариотов закон. Манометри. Аеромеханички направи (крива натега, Хероново шише, пумпи за згуснување и разредување на воздухот).

Молекуларни појави кај течностите. Атхезиски и кохезиски сили. Површински напон. Капиларност.

Звук. Настанок на звукот. Звучни извори. Пренесување на звукот. Одбивање на звукот. Звучна резонанција. Тон (јачина, висина и боја на тонот). Музички инструменти. Снимање на звукот на грамофонски плочи.

Топлина. Ширење на телата при загревањето. Температура и термометри. Работа и топлина. Промена на агрегатната состојба на телата (топење и стврднување, испарување и вриење, кондензација и сублимација). Претворање на топлинската енергија во механичка работа. Парна машина. Експлозивни мотори (бензински, нафтини и реактивни).

Лабораториски вежби според можностите на училиштата.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Основни електрични појави. Електризирање на телата со триење и допир. Електрично нишало и електроскоп. Видови електричество. Електростатична инфлуенца. Распоред на електричеството по површината на спроводниците. Дејство на шилците. Атмосферско електричество. Громобран. Електростатичко поле. Потенцијал и напон. Електричен капацитет. Кондензатори.

Извори на електрична струја. Настанок на електричната струја. Галвански елементи (Волтин и Лекланшеов). Просто електрично коло. Јачина на електричната струја. Ампер. Галванометар и амперметар. Волт и волтметар. Електричен отпор. Закон за електричниот отпор. Ом. Отпорници (врзување на отпорни-

ците). Врзување на елементите во батерии. Работа и ефект на електричната струја. Претворање на електричната енергија во топлина (Џаулов закон). Електрични грејни уреди (сијалица, решо, пегла и др.). Осигурувач.

Течење на електричната струја низ течностите. Електролити и електролитична дисоцијација. Течење на струјата низ електролитите. Електролиза. Техничка примена на електролизата. Оловен акумулатор.

Основни магнетни појави и магнетно дејство на струјата. Својства на природни магнети. Магнетно поле. Земјин магнетизам (деклинација и инклинација). Магнетно поле на електричната енергија. Соленоид. Електромагнет. Електрично ѕвонче и телеграф. Дејство на магнетот врз спроводник низ кој тече струја. Амперметар и волтметар со подвижна рамка.

Електромагнетна индукција. Основни обиди за добивање на индукувана струја. Правило на левата рака. Телефон и микрофон. Генератори за добивање на наизменична и постојана струја. Електро-мотор. Трансформатори. Пренесување на електрична енергија на далечина. Трифазен систем.

Електроника. Течење на електричната струја низ разредени гасови (флуоросцентни и неонски цевки). Електронска цевка. Диода и триода. Исправувач на наизменична струја (принцип). Електрично осцилаторно коло. Струја со висока фреквенција. Емисија на електромагнетни бранови. Антена. Модулација и демодулација на електромагнетните бранови. Основи на радиофонијата. Транзистори. Радар. Фотоефект. Тон, филм и телевизија. Рентгенски зраци и рентгенски цевки.

Светлина. Светлински извори. Праволиниско ширење на светлината. Одбивање на светлината; рамно огледало. Сферни огледала и нивната примена. Леќи. Проекционен апарат. Принцип на кинематографијата. Дисперзија на светлината. Спектар на сончевата светлина. Вино-жито.

Атомска енергија. Природна радиоактивност. Апарати за откривање на радиоактивното зрачење (Гајгер-Милеров бројач). Поим за изотопи. Фисија и верижни јадрени реакции. Уранова печка и нејзината примена. Добивање на електрична енергија и радио-изотопи. Термојадрени реакции. Успеси за добивање нуклеарна енергија во нашата земја.

Лабораториски вежби според можностите на училиштето.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

При обработката на наставната програма по физика учениците треба првин да се запознаат со основните физички големини и поими, за да можат да ги разберат посложените. Архи-

медовиот закон повторно е внесен во програмата поради неговото специјално значење за развитокот на класичната физика.

За да се развива преку наставата по физика постепено научниот поглед на светот, потребно е учениците да ги усвојат солидно основните физички знаења. Затоа најпрво треба да се изучат предметот и задачите на физиката, нејзиното место меѓу природните науки, основните физички појави во природата, поважните својства на телата, мерките и мерењето. Потоа треба да се изучат најосновните форми на механичките движења како физички појави за кои учениците имаат поблиски знаења. По воведувањето на поимот *сила*, како причина за промена на мирната состојба на телото и состојбата во движење, треба да се изучуваат и сите други посложени појави за чие одржување битна улога игра силата. Тука, пред сè, би дошла гравитацијата на земјата, тежината на телото, триењето, отпорот на средината, кружните и периодичните движења, како и силите на притисокот кај тврдите, течните и гасните тела.

Механичката работа и ефектот да се обработат со повеќе примери од практичниот живот. За таа цел треба да се решаваат конкретни задачи. Поимите за кинетички и потенцијални мерила да се обработат така за да се покаже дека нивниот збир е постојан.

При изучувањето на простите машини, топлинските мотори, генераторите и електромоторите треба постојано да се укажува на сè поголемата нивна примена во техниката, сообраќајот, индустријата и земјоделието. За целисходно реализирање на овие подрачја треба да се изврши поврзување со општотехничкото образование.

Поимот *електрична струја* треба да се даде како движење на електроните во спроводникот, а електричниот отпор како последица од судрувањето на електроните со атомите на материјата, од кои е изграден спроводникот.

При обработката на Џауловиот закон треба да се изучат домашните термички уреди, оспособувајќи ги учениците да решаваат задачи за пресметување на потрошената електрична енергија и нејзиното чинење во динари.

На електролитичката дисоцијација и електролизата треба да се посвети особено внимание поради сè поголемата примена во индустријата и металургијата. Принципот на акумулаторот со оловни електроди може да се покаже преку мал трансформатор и исправувач на струја.

Електромагнетот треба да се обработи преку непосредно набљудување и експериментирање на некои поистакнати работи сврзани со неговата примена.

Поимот за електромагнетна индукција се здобива преку лесни обиди, а потоа се проширува на работата на генераторите со еднофазна наизменична струја. При описот на генераторот за постојана струја, треба да се обрне внимание на акумулаторот, преку кој наизменичната струја се претвора во постојана. Прин-

ципот на работата на трансформаторот да се објасни преку електромагнетната индукција и да се покаже дека со него не може да се трансформира постојана струја. На крајот знаењата за генераторот за еднофазна наизменична струја да се прошират со знаења за генератор за трифазна наизменична струја.

Елементарните знаења за оптичките појави треба да се дадат преку докази за праволиниското простирање на светлината. Со обработување на методата на Олаф Ремер за определување брзината на светлината треба да се објасни дека брзината на светлината е најголема од сите други брзини што се постигнати во природата. Внимателно треба да се обработат сферните огледала и леќите, со оглед на нивната широка примена во оптичките уреди, техничките, воените и сообраќајните постројки.

Основите на атомската физика да се обработат на ниво достапно за возраста на учениците. За таа цел наставникот треба да користи разни слики, цртежи, шеми и дијафилмови.

Правилното изведување на наставата по физика им дава на учениците елементи од општотехничката култура. За да се постигне ова барање, нужно е во наставата по физика систематски да се изведуваат експерименти и да се организираат вежби со учениците. Наставникот треба да избира такви вежби што можат да се изведат со едноставни уреди, како на пример: мерење на масите на разни терезии, ширење на телата при загревање, електрично коло, електролиза на водата, принцип на акумулаторот и др. и да се даваат поедноставни нумерички задачи.

При запознавањето на учениците со примената на физичките закономерности во техниката, потребно е да се тргнува од конкретни технички уреди со кои човекот се користи во техниката, сообраќајот, индустријата, земјоделието и домаќинството. За таа цел треба, по определени прашања од наставниот материјал, учениците да се водат во претпријатија, установи со техничка опрема и други технички објекти. Како такви би дошле предвид: машинскотракторски станици, гаражи, пошти, железнички станици, трансформаторски станици, противпожарни станици и др. По таков начин би можело практично да се обработат следните теми: топлински машини, примена на прости машини во земјоделството, триење и систем на сопирачки, машини кои за својата работа ја користат центрифугалната сила, трансформатори, генератори за неизменична струја, турбини итн.

ХЕМИЈА

Задачите на наставата по хемија се:

— да ги среди и систематизира елементарните знаења од областа на хемијата што ги добиле учениците во претходните одделенија;

— учениците да усвојат одредени знаења од хемијата што се потребни за изградување на научно разбирање на природата и природните појави;

— на учениците да им го открива значењето на хемијата за современиот човек и нејзиниот придонес во подобрувањето на животните услови;

— по пат на активно учество во наставниот процес, и во другите облици на работа, да ги оспособува учениците за набљудување и мерење, да развива разбирање кај нив за техниката и да им обезбеди здобивање на техничка спретност и работни навики;

— учениците да ги оспособува како да ги применуваат знаењата од хемијата во производството и во животот, врз основа на проучувањето на основните хемиски закони и преку објаснувањата на хемиските процеси.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Материи — Природа, тело и материја. Својства на материите (физички и хемиски промени).

Вода — (водата во природата). Пречистување на водата. Филтрирање и дестилирање. Кристализација. Состав на водата. Анализа и синтеза. Кислород — оксидација. Водород — редукција.

Смеси, соединенија и елементи. Во преглед да се изучат следните елементи: сулфур, хлор, јод, јаглерод и натриум.

Основни хемиски закони. Закон за одржување тежината на материјата. Закон за постојаните тежински односи.

Воздух. Состав на воздухот во вид на повторување. Азот, амонијак. Јаглероден диоксид. Инертни гасови.

Состав и промени на составот на материите. Зрнест состав на материите. Атоми. Состав на атомот. Атомска тежина. Молекули. Промени на составот на атомите. Промена на составот на молекулите. Знаци. Формули. Валенција. Равенки. Основни поими за природниот систем на елементите (групи и периоди).

Горење на материите. Состав на пламенот при горењето (да се спомнат само видовите горива: течни, цврсти, гасовити, ракетни).

Оксиди, киселини, бази и соли. Хлороводородна киселина. Индикатори. Употреба на индикаторите. Оксиди на познатите киселини и нивните киселини: сулфур диоксид, сулфур триоксид, сулфурна киселина, азотна киселина (да се спомнат фосфорната и јаглеродната). Општи својства на киселините. Оксиди на бази — натриум оксид и хидроксид. Магнезиум оксид и хидроксид (да се спомнат само калциум оксидот и калциум хидроксидот). Општи својства на базите. Соли (воопшто). Готварска сол и бакарен сулфат.

Исхрана на растенијата. Солите во исхраната на растенијата. Закон на минимумот. Природни и вештачки ѓубриња.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Состав на земјиштето. Карпи. Варовик. Бигор. Вар (негасена и гасена), малтер. Глина, керамика, порцелан. Цемент. Силициум. Стакло.

Руди и метали. Распространетост на металите во природата. Добивањето на метали од руди. Општи својства на металите и нивната заштита (корозија). Железо. Алуминиум. Бакар. Цинк, олово и сребро. Фотографија.

Поважни јаглеродни соединенија

Увод во органската хемија. Својства на јаглеродниот атом. Јаглеводороди (метан, бутан, ацетилен). Пластични маси. Нафта (течни горива). Јаглени хидрати (гроздов, овошен и обичен шеќер). Скроб и целулоза. Вештачка хартија и влакна. Алкохолно вриење. Алкохоли (метил, етил и глицерин). Оцетна киселина. Сува дестилација на дрво (генераторски и воден гас). Масти и масла. Естери. Сапуни-детерџенти. Белковини (состав на белковините).

Развиток и напредок на современата хемија.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Наставата по хемија во VII и VIII одделение се надоврзува на основните познавања за природата и нејзините појави до кои учениците дошле во претходните одделенија. Учениците се запознаени со некои процеси што во природата се одигруваат сами од себе, а и со оние во кои човекот учествува. Кај нив, исто така, постои сознание дека во природата се одвиваат многубројни процеси при кои материите се подлежни на многу промени. Бидејќи хемиските процеси се тежиште на сите појави во природата, тие треба да бидат тежиште и во наставата по хемија, зашто сите се развиваат според определени природни закони. Поради тоа со учениците од основното училиште треба уште во почетокот на изучувањето на хемијата да се утврдат некои од тие закони, и тоа само оние што се мошне потребни за усвојувањето на основните знаења. Учениците на тој начин логично ќе сфатат некои технолошки достигнувања.

Во VII одделение, во првиот дел, учениците треба да се запознаат со разновидните материи во природата и во практичниот живот и врз основа на тоа да се дефинира поимот материја. Со изведувањето на експерименти учениците треба јасно да прават разлика меѓу физичките и хемиските промени.

Во вториот дел — *вода* — треба да се појде од искуствата и предзнаењата за природната вода, што учениците ги усвоиле во претходните одделенија. Поради тоа овој материјал не треба да се обработува како нов (агрегатни состојби, кружење на водата во природата и сл.). При хемиски чистата вода треба да се обрне внимание на добивањето на водата и на некои битни физички својства на чистата вода. Посебно треба да се истакне кристализацијата како важна појава за хемиските процеси. Треба да се изврши анализа на водата, а потоа да се изврши синтеза на кислородот и водородот.

Основните закони треба добро да се обработат и да се изведат експерименти од кои ќе можат да се разберат законитостите. Од квалитетот на усвоените знаења во оваа целина многу ќе зависи и разбирањето на поимите *анализа*, *синтеза*, *соединение*, *елемент*.

За воздухот учениците порано веќе слушале, но во општи црти, без да се навлезе во изучувањето на воздухот како смеса. При обработката на другите својства, толкувањето треба да биде во вид на повторување, да се каже, во општи црти, неколку збора за кислородот, а да се објасни неговото техничко добивање од течен воздух (оксигени).

При обработката на материите треба да се појде од атомот, па преку молекулите до зрнестиот состав на материите и така, по пат на различни волумени и предочувања (модели, слики и сл.), да се дојде до хемиските формули. Со обработката на формулите лесно ќе се дојде и до поимот валенција, а со тоа ќе се олесни и прикажувањето на хемиските равенки.

Со обработувањето на горењето и горивата треба да се внимава да не се повторуваат работи што се обработувале во V одделение, туку да се обработи горењето, составот на пламенот и промените што настануваат при согорувањето на основните горива (преку експерименти).

Делот од програмата за оксидите, киселините, базите и солите е многу важен за здобивањето на основни знаења за хемиските процеси и тука треба многу да придонесат експериментите. Бидејќи во оваа целина се работат такви експерименти што самите ученици можат да ги изведуваат, потребно е да се извршат добри подготовки и да се преземат мерки на безбедност (кога се работи со опасни хемикалии).

При обработката на последната целина треба да се направи информативен осврт на елементите што го градат растителниот организам, како тие елементи растенијата ги добиваат и ги трошат. Притоа, природните ѓубриња треба само да се спомнат, а детално да се обработат вештачките.

Во обработката на првиот дел од програмата за VIII одделение треба накусо да се каже за својствата на минералите и нивното технолошко добивање. При спомнувањето на хромната руда кај нас треба да се спомнат рудните богатства на Македонија.

Подетално треба да се обработи поимот силикати и производството на натриумовото стакло. (По можност да се посетат фабрики).

Во целината *метали* треба да се искористат познатите факти што ги добиле учениците, а потоа повеќе да се задржи на суровините и добивањето на металите од нив. Со изучувањето на физичките својства да се каже и за хемиските својства (на пример, дека металите градат хидроксиди и дека се соединуваат со неметалите давајќи соли). Исто така треба да се истакне дека металите се подлежни на разјадување (корозија), па заради тоа тие се заштитуваат. Важно својство на металите е да градат легури (при разработката на металите да се спомнат најважните легури). Многу важно место треба да му се даде и на хемиското добивање на металите. (Толкувањето да биде сврзано со пригодни експерименти, на пример, редукција на Fe со Cu, електролиза на $CuSO_4$).

На крајот, треба да се каже и за важноста на металургијата во Југославија и за производството на некои метали кај нас (на пример: Fe, Cu, Pb, Al, Cn и Cr). Се препорачува во врска со изучувањето на оваа материја да се посети некоја фабрика или да се прикаже филм.

При преминувањето од неорганската на органската хемија, која во VII одделение и добар дел во VIII одделение претставува во хемијата една целина, потребно е во почетокот на изучувањето на органската хемија да се спомне дека, со оглед на хемиските законитости, не постои разлика меѓу органските и неор-

ганските соединенија (ова особено се нагласува во уводот). Во врска со ова ќе се објасни и својството на јаглеродниот атом дека може да гради голем број соединенија.

Бидејќи кај јаглеродите е важна нивната хемиска градба, својствата и употребата, со експерименти лесно може да се покаже нивниот едноставен начин на добивање.

Во програмата не се конкретизирани обидите, а е оставено изборот да го направи самиот наставник. Во основните училишта наставата по хемија треба да се одвива врз основа на обиди, зашто учениците се на таква возраст кога можат да заклучуваат со размислување врз основа на она што претходно го виделе или доживеале.

БИОЛОГИЈА

Задачите на наставата по биологија се:

— учениците да ги запознае со животот и функциите на растенијата, животните и човекот;

— кај учениците да развива љубов кон природата и живиот свет;

— преку активното учество во наставниот процес и практичната работа во кабинетот, училишната градина и др. да ги поттикнува учениците на самостојна работа во здобивањето и усвојувањето на биолошки знаења, поврзувајќи ги со практиката;

— учениците да ги запознае со промените и причинската поврзаност во природата, а преку тоа да придонесува во изградувањето на материјалистички поглед на светот;

— да ги среди и прошири знаењата здобиени во поранешните одделенија и да ги запознае учениците со системот на живите суштества, како и нивната еволуција;

— учениците да здобијат основни познавања за градбата, функцијата на органите и нивната хигиена;

— кај учениците да развие смисла за чување на природата и здобиените знаења да ги поврзуваат со практиката.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Биологија. Биологијата како наука на живите суштества. Поделба на биологијата на дисциплини.

Општи својства на живите суштества: ќелиска градба, разменување на материјата и енергијата, растење, движење, дразнење, размножување, еволуција. Разлики меѓу растенијата и животните.

Природен систем на живите суштества и еволуција

Природен систем на растенијата и еволуција.

Алги — зелената еуглена како преодна форма. Волволкс (поим за едноќелиски и многуќелиски суштества). Кафеави и црвени алги. Значењето на алгите за еволуцијата.

Бактерии — градба, начин на исхраната и размножување. Значење на бактериите (зимогени и патогени бактерии).

Габи — потекло, градба, начин на исхранување и размножување (на примери на некоја попроста габа: мувла, квасец, пеницилин). Посложени габи — печурки (некои примери).

Лишаи — градба, распространување, размножување. Симбиоза.

Маховини — како повисока форма на развитокот на растенијата (зачеток на органите). Потекло, одлики, размножување и развиток. Примери на маховини без лист и со лист.

Папрати — потекло, одлики на градбата, размножување, развиток, еволутивно значење. Примери на некои папрати. Папратници од поранешни времиња — изумрени папрати.

Голосеменици — како први цветници (гинко и цикас). Градба, размножување и развиток на голосеменициte (на примерот на борот или елата). Распространетост на иглолистните (некои примери). Потекло на голосеменициte.

Скриеносеменици — како најсложени растенија во однос на градбата и размножувањето. Некои примери на цветниците. Монокотиледони и дикотиледони — разновидност, распространетост. Потекло на скриеносеменициte.

Филогенија на растенијата

Природен систем на животните и нивната еволуција

Праживотни — својства (на примерот на парамециум). Амеба, дизентерична амеба; маларични плазмадиум.

Сунѓери — како најпрости двослојни животни. Својства (на некои примери). Разлика на еднокелични и повеќекелични животни.

Бесцревни — основни карактеристики (на примерот на хидрата). Диференцирање на ќелиите. Медузи. Корали и нивното значење за изградба на земјината кора.

Глисти — сплескани глисти — градба (на некои примери планарија, метил, тенија). Животни со еден телесен отвор. Еволутивно значење. Валчести глисти — карактеристики на примерот на детска глиста. Трихина — Членковити глисти — (карактеристики на примерот на дождовен црв). Појава на разни системи и органи.

Членконоги — потекло, разновидност и поделба. Раковидни животни (на примерот на речниот рак). Пајаци и стоноги — општо. Инсекти — карактеристики, поделба, размножување. Борба против штетните инсекти. Корисни инсекти.

Мекотелни — одлики на градбата и размножувањето (на примерот на лозовиот полжав). Да се наведат примери на полжави, школки и главоножни. Потекло на мекотелните.

Иглокожни — својства (на примерот на морската ѕвезда или еж).

Хордати — потекло и општи својства.

Пра'рбетници — амфиоксус — градба. (Животно како преодна форма). Систематика на посложените 'рбетници.

Риби — потекло, распространетост, главни својства на градбата (на примерот на крапот или некоја друга риба). Да се наведат примери на некоја 'рскавична риба, штитовидна и коскориба. Шакоперки — нивното значење за еволуцијата на копнените 'рбетници; двојнодишечки риби. Потекло на рибите.

Водоземни — потекло (стегоцефал). Денешни водоземни — градба и метаморфоза (на примерот на жабата).

Влекачи — карактеристики на градбата (на примерот на гуштерот). Некои примери од денешните влекачи. Потекло на влекачите и значење за еволуцијата. Изумрени влекачи.

Птици — својства (на примерот на гулабот). Примери на некоја тркачка и летачка птица. Потекло на птиците — праптици.

Цицачи — општи својства, систематска поделба: клунари, торбари, плацентали цицачи (бубојади, глодачи, ѕверови, папкари, копитари и мајмуни). Поим за еволуцијата и потеклото на цицачите. Местото на човекот во природниот систем.

Филогенија на животните.

Разновидност и распространетост на растенијата и животните.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

АНАТОМИЈА, ФИЗИОЛОГИЈА И ХИГИЕНА НА ЧОВЕКОТ

Местото на човекот во природата.

Градба на човечкиот организам — ќелија, делба на ќелијата. Ткива. Органи, систем на органите и поим за организмот.

Кожа — градба и нејзината улога. Болести на кожата (шуга), нега на кожата.

Систем за движење — коски (градба, форма и сврзување на коските). Состав на скелетот: коски на главата, трупот и крајниците. Прекршување на коските, ишчашување, рахитис. Нега на коските. Мускули (градба, форма и функција). Врска на мускулите и коските. Работа и замор на мускулите. Влијанието на фискултурните вежби за правилен развиток на мускулите и коските.

Прибор за варење на храната — градба на органите за варење. Механичко и хемиско преработување на храната. Впивање и ресорпција на хранителните материи. Нега на органите за варење. Некои болести и паразити.

Прибор за крвоток — крв (состав и улога). Поим за коагулација, крвни групи и трансфузија на крвта. Имунитет. Срце — градба и работа. Крвни садови — артерии, вени и капилари. Крвоток. Лимфа, лимфни садови и органи. Нега и некои болести на органите за крвоток.

Прибор за дишење — градба на органите. Механизам на белодробното дишење и размена на гасовите. Поим за ќелиско дишење. Органи за глас. Нега на органите за дишење. Давење, труење и прва помош — вештачко дишење. Заболување и нега на приборот за дишење. Туберкулоза.

Органи за лачење — бубрези (градба и функција). Состав на урината, нега на органите за лачење и некои заболувања. (Да се спомне кожата како орган за лачење — потни жлезди).

Нервен систем — нервна ќелија (градба и улога). 'Рбетен мозок (градба и улога). Нерви на 'рбетниот мозок. Поим за рефлекси и рефлексен лак. Мозок (градба и функција). Условни и безусловни рефлекси. Мозочни нерви. Вегетативен нервен систем. Спиење и сон. Значење на нервниот систем во животот на човекот. Нега и болести на нервниот систем. Штетно влијание на морфиумот, никотинот и алкохолот.

Сетивни органи — сетивни ќелии и сетивни органи. Кожни сетивни органи (за допир, студ, топлина и болка). Сетивни органи за вкус и мирис. Сетиво за вид — помошни делови, очно јаболко. Создавање на ликот во окото. Мани и болести на окото. Сетивни органи за слушање и рамнотежа. Уво (градба и физиологија — примање и пренесување на звучни бранови). Нега и некои заболувања на сетивата.

Поим и улога на хормоните и жлездите. Штитовидна жлезда. Панкреас, надбубрежни, полови и хипофиза — градба и заболување.

Ембрионален развиток на човекот. Ембрионот на човекот во споредба со ембрионите на другите 'рбетници. Здравствено осигурување и заштита на мајката и детето.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Низ наставата по биологија во VII и VIII одделение се врши проширување, систематизирање и средување на знаењата што учениците ги здобиле по предметот запознавање на природата во претходните одделенија. Во VII одделение се изучува еволуцијата и природниот систем на живите суштества, а во VIII одделение градбата, функцијата и хигиената на органите на човекот.

Во VII одделение, во општиот дел, ќе се даде основен поим за биологијата како наука и нејзините гранки — зоологија и ботаника, а потоа за палеонтологијата, геологијата и еволуцијата.

Сосема накратко ќе се зборува за историскиот развиток на земјата и геолошките периоди. Тука ќе се дадат и својствата на живите суштества и разликите меѓу животните и растенијата.

Природниот систем на живите суштества ќе започне со растителниот свет.

Од обемната група алги ќе се опфатат само некои карактеристични примери, според градбата на телото и начинот на исхраната. На зелениот камшичар ќе се разгледа градбата и аутотрофениот и хетеротрофениот начин на исхрана. На колонијални примери ќе се објасни поделбата на работата и постепеното диференцирање од едноќелични кон повеќеќелични растенија. Од зелените алги ќе се дадат и едноќелични и повеќеќелични примери. Да се истакне значењето на алгите за еволуцијата на растенијата.

Во врска со изучувањето бактериите треба да се средат и прошират знаењата од V и VI одделение, односно да се зборува за тоа дека бактериите се просто градени суштества и во општи црти да се каже за нивната поделба според формата, размножувањето и накратко за значењето на бактериите.

Натаму треба да се обработи градбата на едноќеличните и повеќеќеличните габи, начинот на нивното исхранување и размножување, како и нивното потекло. Да се спомне значењето на габите за фармакологијата — антибиотици.

Лишаите да се обработат како симбиоза од алги и габи.

На примерот на посложена маховина да се истакне појавата на посложеното тело во однос на талофитите и појавата на примитивно развиените органи. Во ова одделение добро да се обработи смената на генерациите и доминацијата на гаметофитот.

Папратите да се обработат како први вистински копнени растенија. Во однос на тоа да се подвлече развивањето на органите — коренот, стеблото и листот, а во однос на размножувањето — смената на генерациите и доминацијата на спорофитот. Да се истакне значењето на папратите за еволуцијата и појавата на посложени растенија. Преку примери на изумрените папрати да се објасни постепеното создавање на голосемениците и скриеносемениците. Да не се изучува детално за создавањето на јагленот.

Голосемениците, преку цикас и гинко, да се поврзат со папратите, а на примерот на борот или елата да се зборува за градбата и размножувањето кај иглолисните, што не е сврзано со водна средина. Исто така ќе се зборува за појавата на опрашувањето.

Скриеносемениците да се дадат како најсложена група растенија и најмногу распространети на земјата. Треба да се обработат растителните органи, а особено: цвет, плод и семка; размножувањето, опрашувањето, оплодувањето и редукцијата на гаметофитот.

По изучениот систем на растенијата накратко, во вид рекапитулација, ќе се даде филогенијата на растенијата.

Со оглед на тоа што во VI одделение се изучува парамециумот, тој ќе се спомне и во VII одделение, а повеќе ќе се даде за амебата и маларичниот плазмодиум. Секаде треба да се подвлече дека и праживотните се еднокелични суштества.

Сунѓерите да се споменат како најпрости двослојни суштества.

На примерот на хидрата да се зборува за диференцирање на ќелиите и создавање на ткивата кај мешестите животни. Медузата да се спомне како суштество со смена на генерацијата, а за коралите како мешести животни со скелет и нивното значење за настанокот на некои острови. Бесцревните ќе се истакнат како стара група животни и ќе се подвлече нивното значење за еволуцијата.

Глисти. Отпрвин ќе се изучат сплескаките глисти и на примерот на планаријата треба да се истакне градбата — прва појава на трето ткиво и појава на органите. Преку тоа да се установи врската на глистите со мешестите. Од паразитните сплескани глисти ќе се изучи метилот и тенијата, нивната упростена градба врз паразитскиот начин на животот, како и начинот на живеењето. Од валчестите глисти да се спомнат детската глиста и трихината. Одделно место треба да им се даде на прстенестите глисти. Ќе се изучи дождовниот црв и тоа повеќе внатрешната градба, првата појава на крвен систем и др., бидејќи за надворешната градба се изучувало во VI одделение. Да се даде значењето на прстенестите глисти за еволуцијата на некои животни.

Во врска со обработката на членконогите пред сè треба да се изврши поделба на раковидни, пајаци, стоноги и инсекти. Од четирите групи повеќе да се зборува за раковидни (на пример на речниот рак) и тоа да се даде за сегментацијата на телото, хитинската ципа и размножувањето. Инсектите треба да се изучат како најмногубројна и најраспространета група; потоа за сегментацијата на телото и развитокот со метаморфоза. Потребно е да се нагласат некои корисни и штетни инсекти и борбата против нив.

На примерот на лозовиот полжав да се нагласат типичните својства на мекотелците: стапало, наметка, лушпа и да се подвлече сличноста на ларвата на морските полжави со мешестите. Да се спомне значењето на изумрените мекотелци. Иглокожните да се изучат на конкретен пример (sвзедата или ежот). зрачната симетрија кај возрасните, а двобочната кај ларвите. На примерот на амфиоксусот да се дадат општите одлики на хордатите: појава на нервната цевка, хордата, цревната цевка, а освен тоа да се зборува и за разликата помеѓу 'рбетниците и без'рбетниците.

Бидејќи во VI одделение учениците учеле за рибите и за нивната надворешна градба, во VII одделение ќе се обрне внимание на внатрешната градба. Затоа треба да се изучат: скелетот, мускулите, срцето со една комора и преткомора, скрлушките и др. Зборувајќи за размножувањето да се наведат примери на риби што се грижат за потомството. Шакоперката да се изучи заради ево-

луцијата. Дводишниците да се земат како риби со двоен начин на дишење. Да се подвлече економското значење на рибите.

И при обработката на водоземците да се води сметка за изучувањето во VI одделение и затоа зелената жаба ќе се обработи повеќе во однос на внатрешната градба: појавата на бели дробови, срце со две преткомори и една комора, размножувањето и метаморфозата. Да се обработи систематската поделба на водоземците. Неопходно е да се истакне стегоцефата како изумрена форма и предок на сегашните водоземци и влекачи.

Да се обработат сите карактеристични својства на влекачите: сува кожа, рогови, лушпи, поделба на срцето на четири дела, усложнување на мозокот и координацијата на нервните функции; размножувањето и развитокот во јајчни ципи (преку конкретни примери). Да се подвлече значењето на рептилите за еволуцијата на птиците и цицачите и изумрените влекачи од мезозојскиот перид.

Општите својства на птиците да се дадат на примерот на некоја птица (гулаб или кокошка). Ќе се истакне појавата на пердуви, крилја, клун, постојана телесна топлина, размножување и развиток. Зборувајќи за својствата, треба да се подвлекува сличноста и разликите со влекачите. Да се спомнат некои тркачки и летачки птици. Да се изучи археоптерисот и врската на птиците со влекачите.

Цицачите ќе се обработат како најраспространета и најобемна група животни. Најсложената градба на телото ќе се разгледува на некое домашно животно (зајак, куче или мачка). Неопходно е да се истакне појавата на диференцирани коскени заби, потоа влакното, млечните жлезди и др. Од внатрешната градба ќе се изучува: крвниот систем со мал и голем крвоток, срцето кое наполно е поделено на четири дела, најсложено развиениот нервен систем, а размножувањето и развитокот ќе се објаснат со појавата на внатрешното развивање во плацентата. Во систематскиот дел ќе се дадат најпростите клунари и торбари, а од плаценталните: бубојади, глодачи, sверови, папкари, копитари и мајмуни. Да се изучи потеклото на цицачите и да се поврзе со изумрените влекачи.

По изложениот материјал се обработува филогенијата на животните во вид на рекапитулација.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

При изучувањето на науката за човекот учениците се запознаваат со градбата и функциите на човечкото тело. Освен тоа нужно е и давање упатства за одржување хигиената на органите и за некои покарактеристични заболувања.

Во почетокот ќе се обработи човекот како живо суштество и ќе му се одреди местото во природата според градбата на телото. Потоа ќе се објаснат поимите и задачите на науките: физиологијата, анатомијата и хигиената.

Иако е изучувано за ќелијата, во ова одделение ќе се прошират знаењата и ќе се поврзат со знаењата за ткивата, а истовремено не треба да се оди во голема широчина.

Кожа. Освен за градбата да се нагласат и основни продукти на кожата, хигиената на кожата и некои кожни заболувања.

Систем за движење — коски и мускули: да се зборува за градбата на коските и скелетот, поделбата на скелетот и некои поважни коски. Исто така да се зборува за врските помеѓу коските и мускулите, како и за градбата и видовите мускули и нивните основни особини (контрактичност, еластичност и др.). Да се зборува за заморот. Движењето да се поврзе како заемна работа на коските и мускулите. Во однос на негата на скелетот и мускулите да се истакне значењето на телесните вежби за правилниот развиток на телото.

Систем за варење. Освен за градбата и функциите на органите за варење на храната, да се спомнат и хранителните материи и витамините, но не опширно, бидејќи тоа се изучува во предметот домаќинство. Толкувајќи ги функциите на органите за варење треба да се истакне значењето на ферментите како биокатализатори и на ресорпцијата на храната во танкото црево. Тука може упростено и накратко да се зборува за метаболизмот на органските материи. Во однос на хигиената на органите ќе се дадат основни упатства, а ќе се зборува и за паразитите на цревниот систем.

Систем на крвоток. Пред сè да се обработи составот на крвта и лимфата. Ќе се изучи за срцето, артериите, вените и капиларите и ќе се објасни движењето на крвта. Како практична вежба може да се земе набљудување на крвните ќелии како и коагулација на крвта. И тука ќе се дадат основни упатства за хигиената на органите и некои болести на срцето и крвта (леукемија).

Систем за лачење. Освен за органите за лачење треба да се обработи и процесот на создавањето на уринатa и нејзиниот состав.

Систем за дишење. Ќе се обработат и опфатат патиштата за спроведување на воздухот, белите дробови, размената на гасовите и ќе се даде поим за ќелиско дишење. Од болестите ќе се земе за туберкулозата и некои заболувања предизвикани од разни видови правови.

Нервен систем. Бидејќи во почетокот се зборува за градбата на нервната ќелија, ќе се дополни за нејзините особини — спроведување и надразнување. Да се даде поделбата на сензибилни и моторни влакна. Освен за градбата на 'рбетниот мозок треба да се учи и за рефлексот и рефлексниот лак. При изучувањето на мозочните делови ќе треба да се обработи нивната градба и функција и тоа поопширно за големиот мозок, малиот

мозок и продолжниот мозок. Исто така треба да се изучи условниот рефлекс според Павлов. Потребно е да се изведе обид за рефлексите кај декапитована жаба.

Сетивни органи. Подетално да се обработи градбата и функцијата на окото и увото. И на другите сетива да им се даде место, но повоопштено. Во почетокот е потребо да се истакне за сетивните ќелии како и за врската на сетивата и нервниот систем во однос на функцијата. Исто така да се истакнат некои заболувања и негата на сетивата.

Ендокрини жлезди и хормони. Од жлездите и нивните хормони повеќе треба да се учи за хипофизата, штитната жлезда, панкреасот, надбубрежните и половите жлезди. Не е потребно изучувањето на хистологијата на жлездите, туку само топографскиот распоред во телото, формата и големината. Во однос на хормоните треба да се истакне нивното значење и влијанието на определените функции во телото и да се зборува за координацијата на сите функции во организмот.

Ембрионален развиток. Прво треба да се установи врската на развитокот на човекот со развитокот на цицачите, а потоа да се дадат ембрионалните стадиуми. Со излагањето да се истакне сродноста на човекот со другите цицачи и 'рбетниците. Да се повтори за здравствената заштита на мајката и децата во нашата земја.

Потекло на човекот. Излагањето треба да почне од цицачите за да се создаде врска на материјалот од VII одделение со материјалот од VIII одделение. Освен општите податоци да се нагласат и промените на телото кај човекот во однос на исправениот став, развитокот на рацете преку работата, извонредно развиениот нервен систем, кој обусловува висок степен на умствен развиток и влијание на човекот врз природата. Освен тоа треба да се истакне значењето на социјалниот начин на живеење на човекот.

МАТЕМАТИКА

Задачите на наставата по математика се:

— учениците да се здобијат со математички знаења, запознавајќи се со бројните и просторните величини, како и со аритметичките операции со нив;

— учениците да се научат при решавањето на практичните проблеми од животот да ги применуваат здобиените математички знаења;

— кај учениците да развива чувство за убаво, воведувајќи ги во хармоничноста, јасноста и прецизноста на математичките односи и геометриските конструкции;

— кај учениците да се развие смисла за самостојна и организирана работа и да се придонесе за развитокот на функционалното мислење, комбинирање, проценување на величините и за просторно претставување.

I ОДДЕЛЕНИЕ

Снаоѓање во непосредната околина: набљудување и именување на различни предмети во училиштето, дворот, градината, овоштарникот, игралиштето, полето и нивата — запознавање на предметите и здобивање на нови поими.

Одредување положбата на предметот спрема набљудувачот и на предметот спрема предмет: горе — долу, напред — назад, над — под; лево — десно, пред — зад, преден — заден; внатре — надвор, на почеток — во средина — на крај, спроти — помеѓу.

Квантитативни односи меѓу истовидни предмети — споредување:

— по величина: мал — голем, мал — помал — најмал; голем — поголем — најголем; еднаков;

— по височина: висок — низок, висок — повисок — највисок; низок — понизок — најнизок; еднаков;

— по широчина: широк — тесен, широк — поширок — најширок; тесен — потесен — најтесен; еднаков;

— по должина: долг — краток, долг — подолг — најдолг; краток — пократок — најкраток; еднаков;

— по длабочина: длабок — плиток, длабок — подлабок — најдлабок; плиток — поплиток — најплиток; еднаков;

— по дебелина: дебел — тенок, дебел — подебел — најдебел; тенок — потенок — најтенок; еднаков.

Форма на предметите: запознавање и разликување на предметите по форма: ќошести — заоблени; рамни — брановидни предмети (преку примери).

Линии: набљудување на предмети што мируваат и што се движат и запознавање на линијата како трага на предмети во движење — трага од кола што се движи по пат, трага од стап што се движи по песок, трага од креда на табла, трага од молив на хартија.

Запознавање на линиите во непосредната околина независно од тоа како тие настанале — линиите како граници помеѓу ораница и ливада, вода и брег, ѕид и под, итн.

Разликување на прави и криви линии.

Множините како објекти на детското набљудување. Различни множини и нивното именување според природната содржина (куп камења, група деца, јато птици, стадо овци итн.).

Истовидна (истоимена) множина: две или повеќе групи деца, повеќе купови камења, повеќе јата птици итн.

Разновидна (разноимена) множина: стадо овци со овчари и кучиња; гуски, пајќи и кокошки во дворот; куп ореви, сливи и јаболка, итн. Сфаќање на множината како целина.

Операции со множините. Уредување на множините: одделување на истовидни множини од разновидни и нивното редење во праволиниски, хоризонтални и вертикални редови.

Раставување поголеми множини на помали и составување на помали множини во поголеми.

Запознавање на единицата преку раставување на множината на нејзините единки (елементи).

Споредување на множините. Споредувања на неуредени множини од око (поими: поголема множина, помала множина, еднакви множини — поголемо, помало, еднакво).

Споредување на множините со придружување (поставување на елементите на неуредени множини во редови и споредување — поголема, помала, еднаква).

Споредување со броење (ако учениците знаат да бројат), споредување на множините и нивното редење по големина (количество на елементите) од помали кон поголеми и обратно.

Групирање на множина помеѓу две множини (прво кога е можно да се групира само една, а потоа две, три, па и повеќе множини).

Множини до 10 единки (елементи). Природните броеви како множини на единки. Природната низа на броеви до 10. Броење до 10 и назад. Разликување на редни и главни броеви.

Споредување на должини кај предметите. Уочување на нееднакви должини кај истовидни предмети по пат на споредување на тие должини. Уочување на еднакви и нееднакви должини кај различни предмети преку споредување на тие должини од око и со помош на затегнат конец.

Попознати мерки од секојдневната практика: чекор, стапало, педа; метар; килограм; литар; ден и седмица; пари. Користење на овие мерки за образување на именувани броеви.

Собирање и вадење до 10. Запознавање на броевите, пишување цифри, раставување, составување, дополнување и усно собирање и вадење до 10 — со запишување.

Множини до 20 единки (елементи). Запознавање на природната низа броеви од 10 до 20. Броење до 20 и назад. Пишување броеви до 20.

Собирање и вадење до 20. Усно собирање и вадење до 20 со запишување.

Множење и делење до 20. Множењето како составување на повеќе еднакви множини во една поголема множина. Усно множење до 20 — со запишување.

Делењето како раставување на една множина на повеќе еднакви множини. Усно делење до 20 — со запишување.

II ОДДЕЛЕНИЕ

Растојание помеѓу две места во природата. Уочување на растојанието помеѓу два предмета во природата и растојанието на две места на некој предмет. Сврзување на две места со крива и права линија. Оддалеченост на две места. Правата линија како најкус пат и растојание.

Проширување на бројната низа до 100. Проширување на бројната низа до 100 преку изведување на стотката од десетки. Редење десетки, потоа десетки и единици во броеви до 100. Сфаќање на десетката како единица од повисок ред. Низа природни броеви до 100. Броење и пишување на броевите до 100.

Собирање, дополнување и вадење на броевите до 100 (усно и со запишување).

Мерење на оддалеченост. Споредување на различни оддалечености или должини кај предмети со проценување од око и со природните мерки: чекор, стапало или педа. Метар и неговите делови: дециметар и центиметар (dm, cm).

Множење и делење до 100. Усно множење со запишување. Таблица на множењето. Усно содржување и делење со запишување. Таблица на содржувањето и делењето без остаток и со остаток.

Цртање на прави линии и отсечки. Упатство за употреба на хартијата, моливот и линијката за цртање на прави линии и отсечки.

Цртање на прави и накршени линии.

Отсечката како најкраток пат помеѓу две места. Цртање на еднакви и нееднакви отсечки. Сврзување на две или повеќе точки со отсечки по одреден ред и практична примена на ова цртање.

Единици за мерење. Единици за мерење на тежина: килограм, хектограм, декаграм; товар; за мерење на течности: литар, помали и поголеми мерки од литарот (до 100). Мерила за време: година, месец, седмица, ден, час и делови на часот. Мерила за парче: рало (пар) и дузина. Пари: метални и книжни пари до 100.

Во врска со мерките се врши запознавање со: половина, четвртина, десетина и стоти дел — без запишување.

Римски броеви до 20.

III ОДДЕЛЕНИЕ

Геометриски обележја на предметите од непосредната околина. Уочување и запознавање на површината како граница меѓу предметите. Правите и кривите линии како граница помеѓу две соседни површини. Рабови и уочување на темето како точка во која се составуваат рабови.

Водорамна, исправена и коса положба. Запознавање со водорамни (хоризонтални) површини во природата и кај предметите. Уочување на водорамни површини на предмети — водорамни површини. Либелата и нејзината употреба. Уочување на водорамни рабови.

Уочување на површини и рабови што имаат исправена (вертикална) положба. Висок и неговата употреба.

Уочување на површини и рабови кај предметите што не се ни водорамни ни исправени — коса положба — коси рабови.

Квадар и коцка. Уочување на предмети во околината што имаат форма на квадар и коцка. Квадар и коцка — уочување на карактеристиките, сличностите и разликите.

Запознавање на правоаголникот и квадратот и нивното уочување кај предметите и кај коцката и квадарот. Споредување на правоаголникот и квадратот: сличности и разлики. Исечување на правоаголник и квадрат.

Прав агол. Уочување на правиот агол кај различни предмети. Правиот агол како карактеристичен елемент на правоаголникот и квадратот. Утврдување еднаквоста кај правите агли. Справи со кои се утврдуваат правите агли во градежништвото и занаетчиството.

Цртање на прав агол. Запознавање со триаголникот за цртање и уочување на правиот агол кај триаголникот. Цртање на прав агол со помош на триаголник и линија. Цртање на правоаголник и квадрат со помош на триаголник и линијка.

Проширување на бројната низа до 1000. Проширување на бројната низа до 1000 преку изведување на илјадата од стотки и десетки, со помош на пари или симболи на пари. Редење на стотки, потоа стотки и десетки во броеви до 1000. Сфаќање на стотката како единица од повисок ред. Низата природни броеви до 1000. Броење и пишување на броевите до 1000. Месната вредност на цифрите во броевите до 1000.

Метарски систем на мерки. Мерки за должина: m, dm, cm, mm и km. Мерки за тежина: kg, dkg, g, q (квинтал); мерки за течност: l, dl, cl и hl. Мерење на величините и нивното изразување со единици на мерки и делови. Претворање на едноимени броеви од поголеми единици во едноимени броеви од помали единици и обратно. Претворање на многуимени броеви во едноимени броеви и обратно.

Во врска со мерките се врши запознавање со: осмина и илјадити дел без запишување.

Операции со броевите до 1000. Усно собирање и вадење на стотки и стотки и десетки. Усно множење и делење на стотки и стотки и десетки.

Писмено собирање и вадење.

Писмено множење со двоцифрен множител и делење со едноцифрен делител.

Проширување на низата природни броеви до 10.000. Усно собирање и вадење на илјади и илјади и стотки. Писмено собирање и вадење на броевите до 10.000. Писмено множење со двоцифрен множител и делење со едноцифрен делител.

Се работат четири училишни писмени задачи во текот на учебната година.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Рамнина. Набљудување на рамни површини во природата и кај предметите. Можност да се замисли дека рамната површина може неограничено да се прошири. Рамнината како неограничена рамна површина. Уочување дека рамните површини на предметите се делови на рамнината.

Права, полуправа и отсечка. Набљудување на правите линии кај предметите. Правата како неограничена права линија. Полуправа. Отсечката како дел на правата.

Точка. Уочување на точки во кои се состануваат, односно сечат, рабовите на предметите. Точката како пресек на две прави. Обележување на точката со големи латински букви. Определување на правата со две точки.

Прави во рамнина. Прави што се сечат. Цртање нормални прави со помош на линијка и триаголник во различни положби. Паралелни прави. Цртање паралелни прави со помош на линијка и триаголник во различни положби.

Низа природни броеви до 1,000.000. Запознавање на броевите до 1,000.000. Пишување и читање на напишаните броеви до 1,000.000. Месна вредност на цифрите на броевите до 1,000.000. Усно собирање и вадење со повисоки декадни единици. Писмено собирање и вадење. Писмено множење со повеќецифрени броеви и делење со двоцифрен број.

Кружна линија и круг. Уочување на предмети во природата кои имаат форма на цилиндер. Уочување на круг и кружна линија. Уочување на круг и кружна линија и на други предмети од околината на ученикот (садови, метални пари, тркала на машини и возила итн.).

Цртање на кружна линија. Запознавање на учениците со шестарот и упатства за ракување со него. Кружна линија и нејзиниот полупречник. Конструкција на кружна линија со различни полупречници со помош на шестарот.

Сметање со отсечки. Мерење на отсечките, нивната должина и нивниот мерен број. Пренесување на отсечките. Графичко собирање и вадење на отсечките.

Правоаголник и квадрат. Конструкција на правоаголник и квадрат според зададени страни.

Обем на правоаголникот. Графичко и аритметичко пресметување на обемот на правоаголникот ($0 = a + b + a + b = 2a + 2b$).

Обем на квадратот. Графичко и аритметичко пресметување обемот на квадратот ($0 = a + a + a + a = 4a$).

Мерки за површина. Мерење на површината на поголем правоаголник и поголем квадрат, со помош на пренесување помали складни квадрати. Мерки за површина: m^2, dm^2, cm^2, mm^2, a, da, ha.

Површината на правоаголникот и квадратот. Површината на правоаголникот: $p = a \cdot b$ (примена на оваа формула во решавањето на практични задачи). Површината на квадратот: $p = a \cdot a$ (примена на оваа формула во решавањето на практични задачи).

Триаголник и агол. Поим за триаголник врз основа на набљудување на триаголници кај разни предмети и модели. Уочување на аглите во триаголникот и нивното споредување со правиот агол. Остри и тапи агли. Видови триаголници според должината на страните и големината на аглите. Цртање и исечување на триаголници (правење модели).

Величини. Набљудување на предмети со различна должина, површина, тежина и волумен. Поим за величина. Споредба на величината и множината (величините се делат неограничено, а множините само до своите елементи).

Едноимени и многуимени броеви. Непосредно мерење на величини (должини, површини, тежини, волумени, течности и слично) и нивното изразување со едноимен и многуимени броеви.

Претворање на именуваните броеви. Претворање на едноимените во многуимени и на многуимени во едноимени броеви.

Усно и писмено собирање и вадење на многуимени броеви.

Делови на величините — обични дропки: делење на величините на еднакви делови — половина, четвртина, осмина, третина, шестина, деветина, петина, десетина, седмина, стотина и илјаднина. Споредување вредностите на дропките. Собирање и вадење на дропки со еднакви именители.

Теренско мерење. Запознавање со справи за теренско мерење: колчиња и значки, јаже за мерење и метална лента.

Трасирање на прави на теренот. Трасирање на отсечки со дадена должина.

Се работат четири училишни писмени задачи во текот на учебната година.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Кружна линија, агол и триаголник

Кружна линија. Радиус, дијаметар, тетива и лак. Поим за тангента и секанта. Пренесување, собирање и вадење на лаци.

Агол. Настанок на аголот, обележување, видови агли. Единици мерки за аглите изведени од прав агол. Агломер и неговата употреба. Собирање и вадење на агли.

Триаголник. Основни елементи кај триаголникот: страни и агли и нивното обележување. Меѓусебниот однос на страните и меѓусебниот однос на страните и аглите во триаголникот. Збирот на аглите во триаголникот.

Основни геометриски форми

Геометриско тело. Поим и видови (рабести и валчести): набљудување на предмети што имаат форма на квадар, коцка, пирамида, цилиндар, конус и топка; модели на овие тела; геометриски својства на телата (форма, големина и положба).

Површини, линии и точки. Набљудување на површините, линиите и точките кај тела во природата и на модели на геометриски тела. Површините како граници на геометриските тела; линијата како граница на површините. Поим на точката како граница на линии. Тело, површина, линија и точка како основни геометриски форми.

Однос на правите и рамнините во просторот

Меѓусебна положба на правите (прави што се сечат, паралелни прави и разминувачки прави).

Меѓусебна положба на прави и рамнини (кога правата ја прободува рамнината, кога е паралелна со неа и кога лежи на неа).

Меѓусебна положба на рамнини: паралелни рамнини, рамнини што се сечат и што се поклопуваат.

Специјална положба на прави и рамнини, хоризонтални рамнини и хоризонтални прави, вертикални прави и вертикални рамнини. Коси прави и коси рамнини.

Нормални прави и нормални рамнини. Растојание од точка до права и растојание од точка до рамнина.

Теренско мерење

Размер и размерник. Намалено цртање на поголеми отсечки, правоаголници и квадрати.

Трасирање на нормални прави, правоаголник и квадрат.

Трасирање на квадрат со страна: 1m, 1dkm; трасирање, мерење и пресметување на површини на теренот во форма на правоаголник и квадрат.

Површина и волумен

Мрежа и површини на квадар ($P = 2ab + 2ac + 2bc$)
Мрежа и површина на коцка ($P = 6 \cdot a \cdot a = 6a^2$)
Единици мерки за волумен ($1m^3$, $1dm^3$, $1cm^3$, $1mm^3$)
Волумен на квадар ($V = a \cdot b \cdot c$)
Волумен на коцка ($V = a \cdot a \cdot a = a^3$)

Бројни системи

Декаден систем. Римски систем на броеви.

Основни својства на аритметичките операции

Четири основни аритметички операции со природните броеви. Основните својства на збирот, разликата, производот и количникот. Зависноста на резултатите на аритметичките операции од нивните компоненти.

Децимални броеви

Децимални броеви и четирите аритметички операции со децимални броеви.

Систем на мерки

Метрички систем на мерки: мерки за должина, површина и волумен; за тежина и течност. Изразување на повисоки единици со помали и обратно; повеќеимени броеви и четирите аритметички операции со нив.

Трапези. Својства на трапезите и основни конструкции. Еднаквост на трапез и паралелограм; еднаквост на трапез и триаголник. Површина на трапез.

Трапезоиди. Својства на трапезоидот и неговите конструкции. Површина на трапезоид.

Мерење на различни четириаголници на терен, нивното снимање и цртање во даден размер.

Се работат четири училишни писмени задачи во текот на учебната година.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Позитивни и негативни броеви

Величини што се менуваат во две спротивни насоки; температура, водостој на вода, географска должина и широчина, итн. Поим за позитивен и негативен број. Бројна оска. Претставување на позитивни и негативни броеви на бројната оска. Апсолутна вредност на бројот. Споредување на позитивни и негативни броеви. Четирите основни аритметички операции за сметање со позитивни и негативни броеви. Пресметување на бројна вредност на изрази составени од позитивни и негативни броеви.

Општи броеви и алгебарски изрази

Поим за општ број и алгебарски израз. Моном, коефициент и главно количество. Пресметување на бројната вредност на алгебарски изрази (зависност на вредноста на алгебарскиот израз од вредноста на општите броеви во изразот со помош на таблици). Разни видови загради.

Равенки (равенство, идентитет и равенка)

Решавање на равенки од вид: $x + a = b, a - x = b$, $x - a = b$, $ax = b$, $\frac{x}{a} = b$, $\frac{a}{x} = b$, врз основа на дефиницијата на основните аритметички операции.

Алгебарски операции

Собирање и вадење на мономи. Полином — поим. Сведување на полиномот. Собирање и вадење на полиноми. Степени и сметање со нив. Множење и делење на моном со моном. Множење на полином со моном и полином со полином. Делење на полином со моном. Квадрирање на бином. Квадрирање на посебни броеви. Таблици на квадратите и кубовите на посебните броеви. Таблици на квадратни и кубни корени на посебни броеви (користење на

таблиците). Раставување на најпрости алгебарски изрази на множители со извлекување на заеднички множители пред заграда и примена на формулата за разликата на квадрати.

Поим за функција

Меѓусебно зависни величини (примери од животот, геометријата и другите природни науки). Графичко претставување на меѓусебно зависни величини со графикони и дијаграми.

Пропорционални величини

Право и обратно пропорционални величини (примери од животот, геометријата и другите природни науки). Просто правило тројно.

Многуаголници

Поим за многуаголник врз основа на набљудување на предмети и модели. Правилен многуаголник. Конструкција на правилен многуаголник со шест, осум и дванаесет страни и цртање правилен петтоаголник. Пресметување на обем и површина на многуаголници (кај правилните и со таблици).

Теренско мерење

Снимање многуаголник на терен и правење план на тој многуаголник во даден размер.

Кружна линија и круг

Односот меѓу дијаметарот и должината на кружната линија. Одредување на бројот π (експериментално).

Пресметување должината на кружната линија.

Должина на кружен лак. Односот меѓу должината на лакот и централниот агол. Определување на должината на лакот со помош на таблица.

Концентрични и ексцентрични кружни линии.

Површина на круг, кружен прстен и кружен исечок (и неговото користење за правење на дијаграми).

Питагорово правило

Питагоровото правило и неговата примена кај геометриските слики.

Се работат четири училишни писмени задачи во текот на учебната година.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Линеарни равенки

Основни својства на равенките. Решавање на равенки од I степен со една непозната (броен коефициент). Проблеми од I степен со една непозната и нивното решавање.

Линеарна функција

Поим за линеарна функција. Таблично претставување на линеарните функции. Правоаголен координатен систем. Графичко претставување на линеарните функции во координантниот систем. Примери на линеарни функции изведени од материјата на природните науки и практичниот живот и нивното графичко претставување во кординатниот систем.

Процентна и интересна сметка

Запознавање со основните поими од процентната и интересната сметка. Алгебарско изразување на односите меѓу основните величини на процентната и интересната сметка: процентен износ, процент, основна вредност, капитал, интерес, време.

Меѓусебни односи на точка, прави и рамнини

Определеност на рамнината со три точки што не лежат на една иста права. Заемен однос на точка и рамнина. Заемен однос на права и рамнина. Права паралелна со рамнина и права нормална на рамнина.

Ортогонална проекција на точка и отсечка на рамнина.

Диедар

Поим за диедар и неговото мерење. Нормални рамнини.

Поим и употреба на хоризонтална и вертикална проекција

Проектирање во две рамнини. Хоризонтална и вертикална проекција на квадар и коцка во посебни положби спрема рамнините на проектирањето.

Коса паралелна проекција: поим и нејзината употреба. Претставување на рамнински геометриски фигури во коса паралелна проекција. Претставување на квадар и коцка во коса паралелна проекција.

Призми

Четиристрана, тристрана и правилна шестострана призма и нивното претставување со помош на нормална и коса проекција. Цртање мрежа и пресметување површината и волуменот на дадени призми.

Пирамиди

Четиристрана, тристрана и правилна шестострана пирамида и нивното претставување со помош на нормална и коса проекција. Цртање мрежа и пресметување површината и волуменот на дадени пирамиди.

Цилиндер и конус

Претставување со помош на нормална и коса проекција. Цртање на мрежа и пресметување површината и волуменот на земени тела.

Топка

Поим и претставување во нормална проекција. Површината и волуменот на топка (експериментален доказ).

Слични фигури

Слични триаголници и слични многуаголници. Цртање на слики во даден размер. Цртање на спортски игралишта, населби итн.

Теренско мерење

Снаоѓање со помош на ситуациони планови и теренски карти.

Пресметување на површини и волумени на сложени тела: метални одливи, цевки, садови, врските кај дрвениот градежен материјал и сл. Буре и неговата кубатура.

Се работат четири училишни писмени задачи во текот на учебната година.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Наставната програма по математика во основното училиште претставува континуирано наставно градиво кое се обработува во сообразност со ученичките психофизички можности. Затоа е потребно целосно познавање на програмата, а не само програмата на своето одделение.

I ОДДЕЛЕНИЕ

Во почетната настава по математика учениците се здобиваат со основни и елементарни поими од областа на аритметиката и геометријата, користејќи го искуството на учениците и организирајќи разновидни набљудувања во училиштето и блиската околина. Сето ова има за цел учениците најнапред да се запознаат со предметите од непосредната околина и за нив да добијат соодветни претстави и поими. Затоа овој почетен период во наставата по математика не се третира како нешто посебно и одделно

од наставата по запознавање на природата и општеството. Меѓутоа, започнувајќи со обработката на наставната содржина „Одредување положбата на предметите. . . " се врши постепена диференцијација. За математички наставни цели, во врска со обработката на оваа наставна содржина, значајно е учениците да здобијат јасни и конкретни поими за односите на положбите како на релацијата набљудувач — предмет, така и помеѓу самите предмети и да се уочи дека односите на положбите меѓу предметите се релативни и зависни од местото на набљудувачот, кој ги одредува тие односи.

Акцентот при обработката на квантитативните односи прво се поставува врз запознавањето на учениците со разните видови квантитативни односи, а потоа низ споредување се утврдуваат поголемите, односно помалите истовидни предмети по квантитет. Притоа посебно се потенцира дека при одреувањето на квантитативните односи еден од предметите претставува основна норма спрема другите предмети со кои се врши споредување и установување на квантитативните односи.

Што се однесува за формата на предметите, нужно е прво учениците да се запознаат со неа, а потоа да ги разликуваат предметите по форма. Притоа треба да се има предвид дека обработката на оваа наставна содржина треба да се изврши преку набљудување на конкретни примери и истакнување на битните разлики што ги карактеризираат одделни предмети.

Општо земено, овие три наставни содржини: односите на положбите на предметите, квантитативните односи меѓу истовидните предмети и формата на предметите, претставуваат основа за натамошно развивање на ученичките знаења по математика.

Линиите се обработуваат низ набљудување на предметите било тие да се движат и оставаат трага или да мируваат, но притоа се уочува дека површините на предметите се состануваат на едно место, односно во одредена линија.

Познавањата на предметите можат да послужат и за запознавање на учениците со множините, прво како истовидни конкретни множини од предмети, а потоа како разновидни. Во процесот на обработката на множините, односно операциите со множините, нивното споредување, подредување и сл., треба да се постигне една од најважните задачи на почетната настава, а имено, поимот за бројот да се формира врз принципот: *од природните целини до логичните целини.*

Иако поимот за множина се провлекува како црвена нишка низ целата настава по математика во основното училиште, работата со конкретните множини, односно со множините од конкретни предмети претставува една одредена етапа, која помага преминот од природните целини кон логичките целини да се изврши согласно со законитостите на психофизичкиот развиток на децата. Затоа оваа етапа временски може да трае различно и во зависност од конкретните услови и умешноста на учителот што побрзо и поефикасно да премине кон броевите, како множини, односно како логички целини.

Покрај аритметичките операции во рамките на првите две десетки, учениците од ова одделение се запознаваат и со мерките од секојдневниот живот, за да можат со помош на нив да се упатуваат во мерењето и во решавањето на задачите од секојдневниот живот. Метарот, килограмот и литарот на оваа возраст не се обработуваат како декадни единици, туку како мерки што служат во секојдневниот живот.

II ОДДЕЛЕНИЕ

Во второ одделение се продолжува со проширувањето на бројната низа до 100, на тој начин што стотката се изведува од десетките, користејќи се со операциите со множините (составување, раставување, дополнување, удвојување, преполовување) и настојувајќи учениците десетката да ја сфатат како единица од повисок ред.

Аритметичките операции и натаму се работат врз основа на операциите со множините: собирањето како составување на две и повеќе множини во една поголема, вадењето како раставување на една множина на две помали множини, множењето како собирање на множини од повеќе еднакви помали множини, содржувањето и делењето како раставување на множини на помали еднакви множини и едноподруго вадење на еднакви помали множини од поголема множина.

Аритметичките операции се изведуваат усно, а писмено се поставува само задачата и се забележува резултатот.

Во ова одделение се продолжува и со работата од областа на геометријата. Линијата започнува да се сфаќа како најкус пат и растојание меѓу две места во природата и се уочува дека таа линија е права, за разлика од кривата линија, која не е најкраток пат и растојание меѓу две места.

Паралелно со уочувањето на линијата, како најкус пат и растојание меѓу две места во природата, се врши и проценување на оддалеченоста на овие места и тоа прво од око, а потоа и со природните мерки. Бидејќи е проширена бројната низа до 100, учениците се во состојба, со помош на метарот и помалите метарски мерки, да мерат растојанија, а со повеќе метри да мерат и оддалечености меѓу две места во природата. Покрај метарот, како единици за мерење се обработуваат: единиците за мерење на тежина и течност, водејќи сметка дека сè уште овие мерки не се обработуваат како метарски систем на мерки, туку како мерки што ни служат во практичниот живот за мерење на разни тежини и течности. Преку нив истовремено се утврдува бројната низа до 100, а оваа наставна содржина служи и за запознавање на учениците со половина, четвртина, десетина и стоти дел — без запишување.

Во ова оделение посебно се обрнува внимание на наставната содржина „Цртање на прави линии и отсечки“, затоа што уче-

ниците почнуваат за првпат да користат геометриски прибор и да се воведуваат во геометриското цртање. Затоа е нужно да се дадат опстојни упатства за употребата на линијката и моливот и да се настојува кај учениците да се создаде навика за уредно држење и служење со приборот за цртање. Цртајќи еднакви и нееднакви отсечки, сврзувајќи две или повеќе точки со отсечки, всушност се врши проширување на знаењата за линијата и се доаѓа до сознавање дека линија која претставува најкраток пат меѓу две места се вика *отсечка.*

III ОДДЕЛЕНИЕ

Додека во претходните две одделенија природната средина и предметите во неа претставуваат основа врз која, преку набљудување, се здобиваат основни познавања од областа на геометријата, во III одделение започнува постепено одделување од конкретното и сè повеќе се навлегува во процесот на апстрахирањето на конкретните-материјалните белези на предметите од непосредната околина. Тоа е случај, на пример, при обработката на квадарот и коцката како геометриски тела, правоаголникот и квадратот, правиот агол и неговото цртање и сл.

Меѓутоа, за одбележување е и фактот дека конкретните — природните предмети не само што не се напуштаат, туку тие и натаму се користат како соодветни средства со помош на кои учениците на подостапен начин ги разбираат и сфаќаат својствата на геометриските форми. Затоа во програмата е предвидено линиите, површините и телата, а исто така и положбите — водорамна, исправена и коса положба — да се обработуваат како геометриски обележја на предметите од непосредната околина, односно да се уочуваат во непосредната стварност.

Како и во претходното одделение, така и во ова, се врши натамошно оспособување на учениците за служење со геометрискиот прибор — се воведува триаголникот за цртање, а со него и линијката се цртаат прави агли, правоаголници и квадрати. Цртањето на овие геометриски слики доаѓа откако учениците претходно визуелно и моторно ќе ја уочат и претстават нивната форма, односно откако тие ќе се пронајдат како карактеристични елементи кај предмети од непосредната околина, кај квадарот и коцката, откако нивната форма ќе се исече од картон или хартија, итн.

Што се однесува за аритметичките наставни содржини, важно е да се одбележи дека прво се врши проширување на бројната низа до 1000 по аналитичко-синтетички начин, односно изведувајќи ја илјадата од стотки и сфаќајќи ги стотките како декадни единици од повисок ред. Затоа е и предвидено на оваа возраст учениците да се запознаат со месната вредност на цифрите во броевите до 1000.

Во врска со обработката на аритметичките операции во ова одделение се започнува со писменото собирање и вадење, писменото множење се обработува со двоцифрен множител, а делењето на едноцифрен делител. Откако ќе се совлада бројната низа до 1000 и аритметичките операции во овој обем, се пристапува кон проширување на бројната низа до 10.000.

Во ова одделение мерките се изучуваат како метарски систем на мерки и тоа: мерки за должина, тежина и точност, а во врска со нив се врши мерење на величините, кои се изразуваат со единици мерки и нивните делови.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

За наставата по математика во IV одделение карактеристично е дека се врши натамошно систематско обработување на геометриските наставни содржини и учениците се здобиваат со основните поими од геометријата, како што се: рамнина, права и точка. За разлика од претходните одделенија, процесот на апстрахирањето во ова одделение продолжува и тоа со знатно поголем темпо и размери, а тоа значи дека учениците на оваа возраст се веќе во состојба математичките законитости да ги поимаат и сфаќаат на повисок ниво, да донесуваат соодветни заклучоци и да ја уочуваат внатрешната логичка поврзаност на наставното градиво.

Ако за наставата по математика во претходните три одделенија беше карактеристично набљудување, запознавање и опишување на геометриските и аритметичките белези и својствата на предметите од непосредната околина, во ова и наредното одделение се врши проширување и продлабочување на здобиените знаења. Како главен извор на знаењата и натаму остануваат набљудувањето, мерењето и експериментот, но на оваа возраст веќе започнуваат да се вршат и првите обобштувања и да се здобиваат сè повеќе апстрактни поими.

Сето ова е видливо како во областа на аритметиката, така и во областа на геометријата. Проширувајќи ја бројната низа до 1.000.000 и запознавајќи ја месната вредност на цифрите во овој обем, учениците веќе здобиваат јасен поим за природната низа на броевите и за декадниот систем на броевите. Обработувајќи ги аритметичките операции низ погодни комбинирани задачи, учениците ја уочуваат нивната поврзаност, се запознаваат со величините и ја уочуваат нивната врска со броевите.

Од областа на геометријата, покрај основните поими за рамнина, права и точка, учениците се запознаваат со кругот и кружната линија, се дава поим за триаголник и поделба на триаголниците според должината на страните и големината на аглите. Претходно се прошируваат знаењата за аглите.

Геометриското цртање во ова одделение добива карактер на конструирање на геометриски слики како што се: конструкција

Во VI одделение веќе треба да се започне со воведувањето на логичниот доказ за изведување на некои вистини. Затоа, пожелно е, при поедноставни теореми (без да се спомнува терминот теорема) да се употребува и логичниот доказ по експерименталниот (на пр. вкрстени агли, својства на паралелограми, еднаквост на површини и др.).

Во програмата е предвидена конструкцијата на тангента само во дадена точка на кружна линија, бидејќи тоа е поврзано со конструкцијата на нормала во дадена точка на права.

Една од клучните партии во VI одделение е „Складност и конструкција на триаголници". На неа треба да се обрне посебно внимание затоа што ќе служи како основа за обработка на натамошната материја.

Во наставната област „Еднаквост на рамнински геометриски фигури" да се обработат само оние геометриски фигури преку кои ќе се изведуваат формулите за површини на геометриските слики (на пр. паралелограм со еднакви основи и висини, паралелограм и триаголник со еднакви основи, а висината на паралелограмот е двапати помала од висината на триаголникот, итн.).

При изучувањето на материјата од геометрија да се настојува да се навлезе во геометриската суштина на материјата, а не да се допушти тежината да падне на аритметичко пресметување (на пр. кога е даден агол и се бара неговиот суплемент, комплемент, напореден агол и сл., тој треба да се одреди геометриски — конструктивно, а потоа по аритметички пат).

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Во VII одделение поимот за број се проширува со поимите за позитивни и негативни броеви. Притоа треба да се настојува учениците свесно да усвојат дека позитивните броеви не се нови броеви туку веќе изучените природни броеви и дропките. Со воведувањето на негативните броеви — познатата бројна полуоска преминува во бројна оска.

Воведувањето на општите броеви дава можност за алгебарско претставување на одредени закони, формули или општо решение на задачи од ист вид. Учениците треба јасно да сфатат дека општиот број може да биде заменет со било кој посебен број (освен ако самата задача не наложува некакво ограничување).

При изучувањето на бројната вредност на алгебарските изрази треба да се даваат повеќе вредности за буквите што влегуваат во тој израз, така што ученикот да ја согледа зависноста на вредноста на изразот од вредноста на буквите. Ова ќе послужи како подготовка за подлабоко сфаќање на функциите.

При изучувањето на партијата за мономи и полиноми одделни задачи да се проверуваат со посебни броеви (множење полином со моном, делење полином со моном и др.), со што ќе се утврди уште повеќе поимот за општ број, како и тоа дека алгебарските изрази се всушност броеви.

Партијата „Равенки“ во ова одделение да се обработи единствено врз основа на законите на аритметичките операции.

Изучувањето на функциите има за цел да ја прикаже функционалната зависност меѓу појавите во природата, стопанството и животот воопшто, а не тие да се разгледуваат само од математички аспект. Истовремено тие ќе послужат како база за правилно усвојување на пропорционалните зависности меѓу величините. За графичкото претставување воопшто да не се користи координатен систем, туку учениците да се оспособат да цртаат и читаат графици и дијаграми што се среќаваат во разни области од науката и животот.

Конструкциите на правилните 6-то; 8-мо и 12-то аголници да се изведуваат само со линијка и шестар, а правилен петтоаголник да се црта со користење на агломер.

Теоремата на Питагора, како многу важна партија, треба да се обработи така што ќе се навлезе во нејзината геометриска суштина. Важно е учениците да го разберат геометриското толкување на теоремата, што се постигнува со експериментални докази, како и со соодветни конструктивни задачи. Откако ќе се совлада геометриското толкување на теоремата да се премине на алгебарско толкување и на нејзината примена.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Партијата „Равенки“ се изучува не само за да се изучат својствата на равенките, туку и на учениците да им се овозможи полесно решавање на задачи во вид на проблеми од разни области на математиката, како и други сродни дисциплини и животот воопшто.

Меѓусебните односи на точки, прави и рамнини да се илустрираат што повеќе нагледно со помош на модели и примери од практичниот живот, за да се здобијат учениците со правилни претстави за тие односи.

Диедарот да се обработи, исто така, нагледно.

Косата паралелна проекција да се обработи толку колку што е неопходно учениците да се здобијат со знаења за претставување на телата во рамнина што е најблиску до природното претставување, кое и досега се изведуваше, но без никакви теоретски објаснувања.

При изучувањето на сложените тела да се работи и со модели, а по можност добиените резултати да се проверуваат со мерење. При обработувањето на површините и волумените на геометриски тела да се решаваат што повеќе задачи од животот.

Работата со ситуациони планови да се изведува само на терен.

ОСНОВИ НА ОПШТОТЕХНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Задачите на наставата по општотехничко образование се:

— да развива кај учениците интерес за работа, техника и производство;

— преку активно учество во трудово-технички дејности, како и набљудување и следење на работата на возрасните, да им овозможи на учениците да сфатат како луѓето ги користат придобивките на науката и техниката во својата работа;

— да ги запознае учениците со главните гранки на производството и да им овозможи да се здобијат со основни знаења, умеења и навики од тие области;

— да им овозможи на учениците да се запознаат со основните технички, технолошки, општествено-економски и организациони прашања на современото производство;

— да развива трудово-техничка култура кај учениците: смисла за планирање на работата; рационална организација на работата и работното место; користење на мерни инструменти и мерења, технички цртежи и друга техничка документација; чување на опремата и работните инструменти во исправна состојба; рационално користење на времето, сопствените сили и материјалите; точно, брзо и квалитетно извршување на работните задачи; смислен и творечки однос кон работата; почитување и одржување на работната дисциплина, зачувување на општа хигиена и посебни правила за хигиенско-техничка заштита при работата;

— да развива кај учениците правилен критериум за врските меѓу теоријата и практиката, умствениот и физичкиот труд и односите на учениците кон работата и работните луѓе;

— преку непосредниот и посредниот увид во животот и работата на луѓето да им помогне на учениците во изборот на професијата.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Во IV одделение започнува систематско воведување на учениците во техниката и производството. Преку работа со подостапни работни инструменти и обработка на леснообработливи материјали, работа со погодни „конструктори“, како и посети на соод-

ветни објекти и работни организации, кај учениците од оваа возраст треба да почне да се развива елементарната трудово-техничка култура, техничкото творештво и правилниот однос кон работата, производството и работните луѓе.

Материјали за работа (својства и начини на обработка): хартија, картон, книгоподврзувачко платно, пластични маси и материјали (глина, кит, пластелин, поливинил, „спиропор", дрво); помеки и полеснообработливи видови и профили (прачки, летвички, штички, фурнир, шперплоча, лесонит и др.); помеки и потанки лимови и жици, гипс, различни материјали од природата и отпадоци од производството; „конструктори" за состaвување и градба на модели, различни лепила и други домашни материјали.

Алати и прибор (својства, употреба и одржување): нож, ножици за хартија и картон, мали забарски или златарски ножици за метал, чекан, клешти, турпии, прибор за дрворез, мали рачни сврдли, мали преси, челични, пластични и дрвени линијки, аголник, агломер, шестар, шило, игли, четки и др.

Работни операции. Пренесување на скици или готови цртежи на материјал што се обработува (по пат на мерење или копирање), раставување на материјали (сечење), составување (лепење, ковење), стружење, мазнење, дупчење, виткање, боење и украсување.

Практични изработки:

— од хартија, картон, пластични маси и слични материјали: корици за тетратки и книги, работни мапи, папки, блокови, албуми, кутии (за лични потреби, збирки и др.) модели и макети (на сообраќајни средства, мебел, куќи и др.), рамки за слики, разни нагледни средства и предмети од употребна вредност;

— од дрво (летвички, фурнир, шперплоча и др.): модели на сообраќајни средства, макети на куќи, мостови, мали кутии, сандачиња, рамки, збирки, потребни предмети за живото катче, училишната градина, зоокатче (ознаки, огради, сандачиња, кукички за птици и др.) разни нагледни средства;

— од други материјали, односно комбинирана употреба на различни материјали, од кои би можеле, на пример, да се работат: поедноставни модели и макети на згради, сообраќајни и други средства, нагледни средства и помагала при чиј избор, пред сè, треба да се имаат предвид и општотехничките содржини од запознавањето на природата и запознавањето на општеството (населби, средства за работа, сообраќај, нагледни средства).

Вежби со „конструкторски кутии": проучување на пишани и графички упатства, редење, составување, комбинирање и монтирање.

Сообраќај. Видови сообраќај. Патен сообраќај и видови патишта. Сообраќајни средства и сообраќајни знаци.

Посети на работни организации за производство и обработка на хартија и картон, дрво, пластични маси, земјоделски стопанства, сообраќајни организации.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Во V одделение, со релативно мала разлика, се појавуваат скоро слични задачи како и во претходното одделение. Се проширува донекаде само изборот на материјалите и средствата за работа. Работните задачи во ова одделение треба да бидат посложени и потешки, што секако претпоставува и проширени и продлабочени општотехнички знаења, умеења и навики.

Материјали за работа. Покрај материјалите предвидени за IV одделение уште и: стакло, гипс, материјали и елементи за воведување на учениците во користење и употреба на електричната енергија (џебна батерија, исправувач, мали трансформатори, танки жици, мали сијалички, ѕвончиња, „електро-конструктори").

Алати и прибор. Покрај предвидените алати и прибор за користење во IV одделение уште и: мали рендиња за дрво, длето, дрвени чекани, рачна дупчалка, турпии, обележувачи, метар, клешти, стегалки, одвртки.

Работни операции. Сечење, составување (со лепење, ковење и на заби), стружење и мазнење (рендисање, турпиење, шмирглање), виткање, заштитување и украсување (бајцување, боење, лакирање).

Практични работи. Во V одделение се изработуваат слични предмети како и во IV одделение, но знатно посложени, а со цел да се прошири и усовврши системот на општотехничките знаења, умеења и навики. Во таа смисла се работи следново: кутии и сандачиња за збирки (на семиња, ѓубриња, видови земја, руди, инсекти, различни суровини и материјали, мали технолошки збирки); носачи, држачи и сандачиња за цвеќиња, куќички, кафези и хранилки за птици, инсектариуми, терариуми, модели на мебел, сообраќајни средства (чун, брод, едрилица, авион, автомобил и др.); модели и макети (на куќи, населби, сообраќаен полигон, пристаниште, аеродром); нагледни средства за користењето на силата на движењето на воздухот и водата и воденета пара и др.

Работа со електро и други конструктори — градба на модели на сообраќајни средства, различни подвижни модели, изведување на поедноставни електро-инсталации со користење на џебна батерија и сијаличка и за тоа погоден друг материјал од „конструкторите".

Сообраќај. Елементи на улицата и патот. Објекти на патиштата и нивните знаци. Преминување преку улица и пат. Моторни возила — видови и ознаки.

Посети на производствени организации за обработка на дрво, метал; земјоделски стопанства, хидро-метеоролошки станици, електрична централа, сообраќајни претпријатија и сервиси, градилишта.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Во VI одделение, преку обработка на различни материјали, особено на дрво и метал, одделно внимание да им се посветува на работи со користење на скици и технички цртежи.

Материјали, за работа својства, примена, обработка): дрво, разни видови дрвена граѓа, шперплоча, лесонит, метали; потанки профили, лимови, жици; пластични маси, гипс, стакло и други материјали за моделирање и макетирање.

Алати, машини и прибор: училишни комплети на алати за обработка на дрво и метали, столна електрична дупчалка, електрична кружна пила, декопир, пила, струг, алат и прибор за работа со стакло (елмаз, работна ламба за загревање) прибор и алати за макетирање и др.

Работни операции: мерење, обележување, раставување и составување на материјалите (сечење, лепење, лемење, составување со ковење, различни видови состави кај дрвото и металите), симнување на струшки (рендисање, турпиење, мазнење, дупчење), менување обемот на материјалите со виткање, ковење, стегање, боење, заштитување и лакирање.

Практични работи: изработка на предмети со практична употребна вредност за самиот ученик или училиштето (различни лични и домашни потреби, помошни и нагледни средства за наставата), модели на куклен и училишен мебел, сообраќајни средства (летачки модели, модели на бродови и други сообраќајни средства), макети на куќи и други објекти, населби, различни пресеци, релјефи и др. Работа со материјали за градба — „конструктори": составување на модели што се движат со внесување на мали електромотори на погон со џебна батерија (различни уреди и машини — дигалки, транспортери, сообраќајни средства и др.).

Агротехника — средства: алатки и прибор за обработка на почвата. Агротехнички средства.

Практични работи. Запознавање и ракување со едноставни средства и прибор за обработка на почвата. Правење на топли леи и одгледување расад. Експерименти за одгледување зеленчук. Различна обработка на почвата, различно ѓубрење, различни степени на влажност, топлина и др. Споредување на резултатите од различни услови на обработка. Запознавање со различни хемиски и технички средства за борба против плевелите и друг прибор за заштитување и одгледување на растенијата. Запознавање со агротехнички средства (нивните својства, начините на употреба

и ползата од нив). Наводнување во селското стопанство различни тихники на наводнување: пумпи, црпни станици, канали, системи за наводнување.

Техничко цртање — напоредно со практичните дејности. Материјали и прибор, линии, симболи, димензионирање, китирање, обележување. Читање и употреба на технички цртежи во текот на практичните работи.

Сообраќај. Сообраќајни правила и прописи. Возачи на моторни возила — категории на возачи.

Посети на градилишта (со цел учениците да се запознаат со подготвителните работи, организацијата на работата, материјалите и машините во современото градежништво), работни организации од дрвната и металната индустрија.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Наставата во ова одделение има за задача да ги прошири и продлабочи знаењата, умеењата и навиките здобиени во претходните одделенија. Во ова одделение, меѓу другото, треба да се обрне поголемо внимание на обработката на металите, како и на тоа учениците да се воведат во областа на машинската техника, да се запознаат со изворите на енергијата и користењето на различните видови енергија во животот и производството.

Материјали за работа: метали и легури (железо, бакар, алуминиум, месинг и др.), дрво, пластични материјали. Модели на машини и мотори и машински делови.

Алати и машини. Покрај алитите и машините, употребувани во претходните одделенија, се потребни уште и овие алати и машини: струг за обработка на железо, електрични лепила (летком), секачи за метал, алати и уреди за ковање.

Обработка на дрво. Видови дрвена граѓа, својства, примена. Рачна и машинска обработка на дрвото. Сечење, стругање, виткање и поврзување. Бајцовање, боење, лакирање. Изработки од дрво со практична употребна вредност: кутии, полици, рамки, огради, различни градежни конструкции (куќички, мостови и др.), како и разни други потреби за училиштето. Доколку училиштето не располага со машини за обработка на дрво, се посетуваат соодветни дрвопреработувачки работилници и претпријатија што употребуваат машини.

Обработка на метали. Видови метали и легури, нивните својства (тврдост, тежина, еластичност, отпорност), нивната примена и начините на нивната обработка. Рачна и машинска обработка на металите. Поважните машини за обработка на метали (за сечење, дупчење, стругање, полирање). Совладување на основните операции: мерење, сечење, дупчење, стругање и различни начини на поврзување (лепење, нитување и на други начини),

лиење, ковење, виткање. Одделните видови на обработка на металите, за кои не постојат потребни технички услови (машини и др.) во училишната работилница, на учениците треба да им бидат предочени преку организирани посети со примена на практична работа во соодветни работилници и претпријатија за обработка на метали. Преку систематска обработка на металите и легурите учениците треба да изработуваат различни модели, употребни и нагледни средства.

Погонски машини, преносни механизми и машини работилки. Водни турбини, парна машина и турбина, мотори со внатрешно согорување. Трансмисии и други преносни механизми. Машини за обработка на дрво и метали. Запознавањето со погонските машини, преносните механизми и машините за обработка на дрво и метали, треба да се изведува преку посети, практична работа во училишната работилница, како и со правење на намалени модели и уреди. Така, на пример, при запознавањето со погонските машини и средствата за користење силата на водата можат да се прават модели на водно тркало, турбина и други слични уреди. Во иста смисла, при запознавањето со постројките за користење силата на ветерот можат да се прават и соодветни модели (ветерни перки со преносни уреди и сл.).

Запознавање со моторите со внатрешно согорување (автомобил, трактор или мопед). Елементарни познавања за составот и функцијата, чистење, одржување, преносни механизми, механизам за управување, а по можност возење на трактор или мопед.

Изработка на модели на сообраќајни средства (автомобил, трактор, брод, чун, авион, ракети и др.), а по можност со вградување на готови мали мотори, како и разни други уреди и средства (дигалки и сл.).

Техничко цртање. Изработка на технички цртежи. Димензионирање, котирање, симболика. Во ова одделение техничкото цртање треба да биде сообразено со потребите на наставните содржини од обработката на дрво и метали, а особено на машинството.

Сообраќај. Возење на велосипед или мопед и практични вежбања во користењето на изучените сообраќајни правила и прописи.

Запознавање со техниката во земјоделското производство. Преку практична работа во училишната градина, односно задруга, учениците се запознаваат со агротехнички средства за постигање поголеми приноси и подобрување на сортите. Ова треба да се реализира преку организирани огледи и практична производна работа во која да бидат применети современи методи и техника. Практичните работни задачи треба да ги определи училиштето според локалните прилики и услови.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Во ова одделение учениците треба да ги досовладаат потребните знаења, умеења и навики преку работа со материјалите во претходните одделенија. Покрај ова, тежиштето на работата во ова одделение паѓа на електротехниката, основното запознавање со радиотехниката, техниката во земјоделството и елементарното запознавање со организацијата и управувањето на производството.

Материјали за работа. Електро и радиотехнички материјал.

Алати. Покрај алатот и машините потребни за претходните одделенија уште и алати за електро и радиотехника: разни видови клешти, шрафцигери, лепила и други алати, а по можност и машини за земјоделство (особено во селскостопанските реони).

Електротехника. Извори на електрична енергија — разни видови електрични централи. Пренос и распределба на електрична струја. Користењето на електричната енергија за современите потреби на индустријата и домаќинство. Електричната индустрија во современиот дом. Уреди и инсталација за осветлување, греење, разладување, чистење, перење и други видови замена на мануелниот труд. Запознавање со градбата, функциите, намената и одржувањето на уредите и инсталациите. Поедноставни поправки. Мерки и средства за запазување од опасностите што произлегуваат од електричната струја.

Запознавање со алатите и материјалите за електротехника (спроводници, изолатори, осигурувачи, броила, мерни инструменти).

Практични работи. Изработка на макети на електрични апарати во современ стан, со употреба на претходно направена техничка мрежа.

Практични основни монтажни операции на електричната мрежа во домот и училиштата. Изработка на електроплински уреди (решо, пегла, грејалка, инкубатор, вештачка квачка, грејалки за аквариуми, живо катче и др.). Техничко моделирање со примена на електро-монтажни работи (електромагнет, ампер и волтметар, електрично ѕвонче, модел на електромотор, трансформатор, генератор, реостат, телефон, телеграф и др.). Градба на модели на сообраќајни средства што користат електрична енергија: дигалки, трамваи, тролејбуси, воз, вентилатори и др.

Радиотехника. Радиото како средство за врска и како културна потреба на современиот човек. Популарно запознавање со устројството и функцијата на радиоприемник. Разгласна станица. Радиостаница.

Запознавање со поважни алатки и материјали за радиотехника. Изработка на детектор.

Техничко цртање. Понапред здобиените знаења и умеења во ова одделение треба особено да се насочат кон потребите на електро и радиотехниката: читање и изработка на шеми и цртежи за електро и радиоинсталации и уреди.

Запознавање со техничките средства во земјоделството: уреди и машини за современо селско стопанство. Улогата на механизацијата во земјоделството. Практично и поблиско запознавање со трактор и, по можност, возење на трактор. Тракторот и приклучните машини. Комбајн.

Сообраќај. Организацијата на безбедноста на сообраќајот, делувањето на службите за безбедност на сообраќајот и грижата на други општествени фактори и организации за безбедноста на сообраќајот.

Посети на електрични централи, трафостаници, електродистрибутивни центри, производни организации од електро-струка, радиостаница, радиотехнички работилници и сервиси, работилници, фабрики во кои може подобро да се согледа организацијата и управувањето во производството.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Во рамките на целокупната дејност на училиштето што ја сочинува наставата, трудово-производните дејности и слободните активности, еден дел од задачите на политехничкото воспитување ги зема врз себе наставата по општотехничко образование. Потпирајќи се само на политехнизираната настава, особено од природните науки, наставата по општотехничкото образование може единствено и реално да ја исполни својата политехничка функција. Секакво поистоветување на политехничкото воспитување со општотехничкото образование е погрешно, бидејќи по тој начин, од една страна, се стеснува значењето и функцијата на политехничкото воспитание, а од друга страна на општотехничкото образование неоправдано му се додаваат задачи што тоа самото не е во состојба да ги реализира.

Во уводниот дел на наставната програма јасно се формулирани суштинските задачи на наставата по општотехничкото образование. Во програмите за одделните одделенија поблиску се определени наставните содржини, односно набележени материјалите, средствата за работа и типичните работни задачи и вежби преку кои, главно, треба да се остварат основните задачи на оваа настава: *учениците да се здобијат со основни знаења, умеења и навики од техниката и производството.*

Во условите на современиот, мошне брз и разгранет, развиток на науката, техниката и производството од учениците во основното училиште, во сегашните услови, од разбирливи причини, не би можело да се бара да ги усвојат сите придобивки на тој развиток. За учениците од основношколската возраст, а со оглед на нивните психофизички можности, материјално-технич-

ката база на училиштата, како и предвиденото време со наставниот план, за наставата по општотехничко образование ќе биде доволно, ако тие се здобијат со основна општотехничка култура, односно со сè она што е основно и општо во областа на техниката и производството. Наставата по општотехничко образование, поради тоа и е поставена така, да бара совладување само на еден релативно определен, основен, фонд на знаења, умеења и навики, што претставува основа за едно поцелосно и политехничко разбирање на современиот свет на техниката и производството. Со наставната програма предвидените содржини претставуваат практично само една општообразовна целина од општотехнички знаења, умеења и навики што суштински претставува дел од општото образование како функција на основното училиште. Општотехничкото образование, значи, по својата намена и функција е општообразовна, а не стручно професионална воспитно-образовна дејност. Преку наставата по општотехничко образование во основното училиште учениците треба да се здобијат со основна општотехничка култура како база за натамошно школување и оспособување скоро за сите дејности.

Наставната програма по општотехничкото образование, тргнувајќи од вака согледаната општествена потреба од општотехничката елементарна писменост е токму насочена кон исполнувањето на оваа задача. Со програмата предвидените содржини, во соодветна мера сообразени со можностите на децата и училиштето, ја имаат таа задача, учениците да се здобијат со елементарна општотехничка писменост. Преку реализирањето на програмата и нејзиното пригодување кон можностите и потребите на училиштата и средината во која тие делуваат, во сите училишта и во сите услови е можно елементарно општотехничко описменување. Сосема е разбирливо дека во реализирањето на програмата ќе постојат квалитативно-квантитативни разлики меѓу училиштата, зависно од нивните услови и можности, што секако не смее да се сфати и како отстапување од основната концепција на програмата, што како цел има поставено општотехничко образование на сите деца во сите основни училишта.

Набележените цели и задачи, како и содржините преку кои тие треба да се остварат би требало, пред сè, да се сфатат како една дијалектичка целина на настојувања и дејности насочени кон исполнување на релативно сложената задача на општотехничкото образование. Во оваа смисла, на пример, постои знатна опасност од скршнувања, што можат да придонесат концепциски општообразовно поставената програма по општотехничко образование да се изопачи во еден нелогичен збир на меѓусебно неповрзани работнопрактични задачи и дејности. Одделните дејности, најчесто поврзани за изработка на одделни предмети, како и различните посети на производни организации не смеат да се сфатат како цел за себе, туку напротив, како средство за постигање на една единствена и заедничка цел: *општотехничко образование на учениците.* Преку работата и изработката на одделни предмети учениците едновремено се запоз-

наваат: со материјалите и средствата за работа, учат да работат, а преку работата се запознаваат со тоа како луѓето ги користат придобивките на науката и техниката во својата работа. Трудово-техничките дејности, што во извесна смисла претставуваат дидактизиран работен процес, се мошне погодна форма за поврзување на теоријата и практиката, а во исто време и погодна почва за здобивање со трудово-техничка култура и градење правилен однос кон работата и работните луѓе. Ако вака се сфатат трудово-практичните дејности, а преку нив и изработката на различни предмети со употребна вредност, дури тогаш ќе може да се согледа и нивното вистинско значење и улогата во општотехничкото образование. Во оваа смисла би било од особено значење да се сфати дека изработакта на одделни предмети (кутија, куќичка или друго) не е само цел за себе и цел на општотехничкото образование, туку само повод и средство за реализација на дел од целите на оваа настава.

Ако внимателно се разгледа наставната програма, ќе може да се согледа извесен систем, односно постепено редење на обработка на материајли и изработка на предмети, односно вршење на корисни дејности и тоа, главно, врз почитувањето на психофизичките можности на децата и оптималните услови на училиштата. Така, на пример, прво се обработува хартија и картон и од нив се прават различни предмети од причини што овие материјали при нивната обработка даваат релативно најслаб отпор, односно таков отпор што учениците од помладата возраст можат со успех да го совладаат. Потоа, во соодветен редослед, се обработуваат и други материјали чиј отпор при обработката расте заедно со растењето на ученичките можности да го совладуваат. Речиси по ист редослед, систематски и постепено се наредени и задачите во однос на средствата за работа, како и сложеноста на работните задачи: во почетокот учениците треба да користат поедноставни средства, во исто така поедноставни задачи, за да минат потоа на изработка на посложени предмети, за чија изработка се потребни и посложени работни инструменти. Во наставната програма може, исто така, да се согледа и релативно сличната прогресија во користењето на знаењата во процесот на работата. Во прво време се доволни и поедноставни и поопшти упатства, а потоа, заедно со нараснувањето на сложеноста на работните задачи, постепено и сè повеќе расте и потребата за пообемни и посложени знаења. За согледување на ова е доволен и бегол поглед врз наставната програма: во IV и V одделение, на пример, за изработката на поедноставни предмети (корици, кутии, едноставни модели и макети и др.) ќе се користат секако значително помали знаења отколку во запознавањето работата и изработката на далеку посложени предмети, како на пример, во VII и VIII одделение (машини, мотори, електро и радиоуреди и инсталации), каде што се неопходни и пообемни, а и посложени, знаења од природните науки, како и низа други специфични општотехнички знаења.

За правилното разбирање и реализирањето на наставната програма од посебно значење е и согледувањето на нејзината политехничка насоченост кон општотехничките дејности од главните гранки на современото индустриско и земјоделско производство. За разлика од поранешната „рачна работа", која, главно, црпела содржини и попримала методологија од занаетчиското производство, општотехничкото образование е засновано врз содржини и методологија на современото индустриско производство, а особено врз неговите основни гранки: механичкото, хемијското, енергетското и земјоделското производство. Преку содржините од овие гранки учениците можат, во основни општотехнички црти, да го сфатат и разберат во целина современото индустриско производство, што е и основната цел на оваа настава.

Со помош на другата настава, како и низ самата настава по општотехничко образование, заснована на знаењата, умеењата и навиките од областа на главните гранки на индустриското и земјоделското производство, учениците можат да сфатат зошто и како луѓето произведуваат; дека материјата во рамките на производството може да се менува по механички или хемиски пат и дека при сето тоа се користи потребна енергија. Ова, вака општо искажано, можеби и не е сосема јасно и согледливо во наставната програма, меѓутоа, ако само малку повнимателно се проследат содржините, тоа ќе може брзо и лесно да се согледа, на пример, преку механичката обработка на материјалите. Во рамките на механичкото производство, како што е познато, постојат три основни вида или методи на механичката обработка на материјалите: раставување и составување (сечење, лепење, лемење, заковување и сл.); обработка на материјалите по пат на симнување на струшки (стружење, мазнење, дупчење) и обработка на материјалите по пат на деформација (виткање, пресување, ковење). Скоро сите видови механичка обработка на материјалите се по извесен редослед застапени во наставната програма низ обработката на хартија и картон, пластични маси и материјали, дрво, метали и др. Речиси за сите овие видови механичка обработка по рачен пат можат да се обезбедат нужните услови во сите училишта. За механичка обработка по машински пат, и доколку се немаат потребните услови во дел од училиштата, тоа може да се надополни, било по пат на посети на работни организации, во кои учениците ќе можат да видат како машински се изведува механичката обработка или по пат на користење на соодветни наставни средства и помагала.

Преку рачната и машинската обработка на материјалите во самото училиште, како и преку набљудувањата во работните организации, учениците истовремено се запознаваат со машините, енергијата што тие ја користат, како и со општествените, економските и техничките аспекти на рачното и машинското механичко производство.

Во наставната програма, од посочените четири основни гранки на производството, најповеќе има содржини од областа на механичкото производство. Од областа на хемиското производство има помалку содржини, од кои поголем дел се сврзани за материјалите што се обработуваат во рамките на трудово-практичните дејности. Од областа на земјоделското производство во наставата по општотехничко образование е опфатена, главно, само примената на техничките средства во оваа производство. Од енергетското производство во програмата има приличен дел содржини што заедно со сличните содржини во другите наставни предмети можат во голема мера да придонесат учениците да сознаат за изворите, начините на добивање, пренесување, претворање и користење на енергијата воопшто, а посебно на најраспространетиот вид електрична енергија во современиот живот и производството.

Покрај содржините од областа на основните гранки на производството, за поцелосно општотехничко образование, во наставната програма има и извесен дел други содржини, како, на пример, за организацијата и управувањето во работно-производните организации, хигиено-техничката заштита при работата, потоа, дел од содржини од сообраќајот, техничкото цртање и радиотехниката. Сето ова има за цел учениците да се запознаат со основните технички, технолошки, општсетвено-економски и организациони аспекти на современото производство.

Кај учениците е присутен и мошне развиен интересот за техниката и производството, поради што е чудно што наставната програма за општотехничкото образование е потесна од кругот на интересите од овие области за еден прилично голем број ученици. Во таа смисла слободните технички активности се јавуваат како многу значаен фактор за задоволување на овие проширени интереси и надополнување на наставата по општотехничко образование.

Од решавачко значење за политехничкото воспитување, како и за реализацијата на општотехничкото образование е постојаната и солидно организирана поврзаност на оваа настава со другата настава, а особено со наставата од природните науки и математика. Оваа соработка и поврзаност е неопходна од повеќе причини и е корисна за сите: преку неа, прд сè, се обезбедува врска меѓу теоријата и практиката, со што, од една страна, се осмислуваат трудово-техничките дејности во општотехничкото образование, а од друга страна, другата настава станува подинамична, појасна и блиска до животот и практиката. Соработката и поврзаноста меѓу наставата по општотехничко образование и другите предмети не смее да се сфати едностранo, односно само како примена на теоријата во практика. Многу често, меѓутоа, може практиката да биде и мошне корисен извор на нови сознанија.

Врските и соодносите на наставата по општотехничко образование со другата настава се многустрани и мошне корисни. Преку целисходната соработка се придонесува за постојаното збогатување на интелектуалната компонента на ученичката трудово-практична дејност: учениците активно се ангажираат во решавањето на проблемите од технички карактер, го развиваат техничкото мислење, здобиваат нови, а преку примената во практиката, ги проверуваат и здобиените знаења. Во услови на добро организирана соработка и наставата по општотехничко образование политехнички се осмислува, а воедно придонесува за политехнизирањето на другата настава и се појавува како мост меѓу знаењата и работата.

Успешното остварување на наставата по општотехничко образование, покрај разбирањето на неговата основна концепција, многу зависи и од планирањето и организацијата на оваа настава.

Во планирањето на наставата по општотехничко образование треба, пред сè, да се појде од наставната програма, а воедно да се консултираат и општотехничките компоненти и во другата настава. За да се обезбеди планирање што ќе овозможува постојана и успешна поврзаност на општотехничкото образование со другата настава, а особено наставата по природните науки, најцелисходно е планирањето да го врши една општотехничка комисија во чиј состав, покрај наставникот по општотехничко образоование, ќе влезат и наставници од природните науки.

При планирањето би требало, пред сè, да се внимава да биде запазен системен редослед на содржините, преку што треба да се обезбеди исполнувањето на задачите, поставени пред целокупната настава по општотехничко образование. Планот на наставата не смее да се состои само од „порачки" од другите предмети или случајно одбрани содржини, диктирани само од повремени потреби. Во основата на планирањето на наставата треба да лежат содржините, предвидени со наставната програма од оваа област, а сообразени со условите и потребите на целокупната настава.

Наставната програма, главно, ја сочинуваат содржини од основните гранки на производството, електро и радио-техниката, што во најголема мера треба да се реализираат преку практични вежби, кои во себе треба едновремено да содржат и елементи на обработка на најраспространети материјали, проткаени со вежби од техничко цртање, мерења, конструирања, испитување својствата на материјалите и ракување со работни инструменти и технички уреди. Во програмата, заради поголема системност и прегледност, овие содржини се дадени одделно, што не треба да значи дека тие така одделени и по тој ист ред треба да бидат и обработувани. Затоа, при планирањето на наставата треба, главно, да се одбираат практични задачи и вежби што ќе создаваат можности за покомплексна трудово-техничка активност на учениците. Така, на пример, во програмата за VII одде-

ление одделно се дадени обработката на дрво, обработката на метали, погонските машини, преносните механизми и машините работилки, како и елементите на техничкото цртање. Дел од овие содржини можат да се обработат преку посети на работно-производни организации или употреба на наставни средства, но најголемиот дел секако треба да се реализира преку практични задачи и вежби. Една таква задача или вежба, на пример изработка на кутија од метален лим, содржи едновремено и елементи на конструирање, техничко цртање, мерење, механичка обработка на металот (сечење, стружење, дупчење, виткање и составување), запознавање со својствата на металите, примена на соодветни работни инструменти, како и нужната организација на работата.

При планирањето и реализацијата на наставата треба да се има во вид дека техничкото цртање, на пример, не е предмет во предмет, туку само составен дел на наставата по општотехничко образование. Преку систематско и постепено воведување на учениците во користењето на скици, шеми и технички цртежи треба постојано, низ целокупниот систем задачи и вежби, да се избегнува импровизацијата и работата по устен опис, што не се својствени на техниката и производството.

Наставата по општотехничко образование содржи во себе и дел на соодветна теорија, што треба постојано да ја следи, објаснува и осмислува трудово-техничката дејност на учениците. Теоријата, освен во исклучителни случаи, не би смеела да се одделува од трудово-техничките дејности.

При изборот на работните задачи и вежби, во текот на планирањето на наставата, треба да се одберат оние задачи и вежби што ќе можат во одредени услови да се реализираат. Во наставната програма се набележени задачите во вид на прилично обопштени и релативни примери, што во определени конкретни услови треба да добијат и своја конкретна форма. Работните задачи треба внимателно и смислено да се одбираат и тоа како во однос на концепцијата на наставната програма и нејзиното целосно реализирање, така исто и со нужното почитување и на условите во училиштата и можностите на учениците. Задачите и вежбите треба да бидат така одбрани што ќе го овозможуваат нивното извршување од страна на самите ученици, а во рамките на наставните часови по општотехничко образование. Системот на добро одбрани, правилно дозирани и со програмската концепција сообразени работни задачи и вежби, претставува една од значајните гаранции за успешното остварување на наставата по општотехничко образование.

Еден од елементите, што при планирањето мора да се има во вид, поради целисходното и доследното реализирање на целите и задачите на оваа настава, е секако во практиката провереният факт, дека во наставата по општотехничко образование не е можно да се работи со цело одделение. Во услови на работа со голем број ученици најчесто се присутни површноста, импро-

визацијата, стихијноста и несистемноста во работата, што сè заедно ја загрозува и изопачува и основната концепција на програмата, а ја дискредитира и самата настава, и кај учениците, и во училиштето, и пред јавноста. За таа цел, а за да се насочува правилно работата во наставата по општотехничко образование, правилно да се води, помага, контролира и целисходно остварува, одделенијата се делат на две групи, односно се работи со најповеќе 15—20 ученици. При ова, треба да се има предвид дека на учениците треба да им се обезбеди онолку време за настава од оваа област колку што е предвидено со наставниот план. Во ваква организација се позголемува само бројот на часовите на наставникот, а воедно се наметнува и потреба, овој проблем да се решава или по пат на погоден распоред на часовите или, пак, со назначување на повеќе наставници, зависно од бројот на учениците и бројот на часовите.

Во IV одделение, каде што наставата по општотехничко образование е застапена со по 1 час неделно, а ја изведува одделенскиот учител или наставник, би било најцелисходно наставата наизменично да се изведува, исто така, со половина одделение и тоа со по 2 часа секоја втора недела. На ваков начин, практично, се зголемува само бројот на часовите на наставникот. Ако при ова часовите за општотехничко образование бидат во распоредот предвидени како први или последни два часа, во тој случај би било решено и прашањето со другата половина ученици, кои при ваква организација би доаѓале на наставата или би ја напуштале два часа порано или подоцна, или, пак, би биле опфатени со практичната настава по домаќинство.

Присуството на работните задачи и вежби, што се остваруваат преку дидактизиран работен процес, ја чини оваа настава специфична, а со тоа и се наложува таа да се изведува преку систем на 2 поврзани часа во вкупно траење од 90 минути.

Во наставата по општотехничко образование опфатени се наставни содржини и од областа на сообраќајното воспитание и образование на учениците. Почнувајќи од IV одделение, овие наставни содржини се остваруваат континуирано сè до VIII одделение.

Во IV одделение тие се запознаваат со најосновните и најважните прописи и правила за безбедноста на сообраќајот. Во наредните одделенија овие знаења се продлабочуваат и прошируваат. Насекаде се води сметка знаењата да бидат систематски и тесно да се поврзуваат со секојдневниот живот и работа, односно со развиеноста на сообраќајот и сообраќајниците и нивното значење за стопанскиот и културен развиток на заедницата. За таа цел нужно е да се организираат разновидни набљудувања, практични вежби и изработување на разновидни модели на сообраќајни средства и знаци.

Наставата по сообраќајното воспитание во IV, V и VI одделение претставува еден заокружен циклус на знаења, кој се потпира врз наставните содржини од областа на сообраќајното вос-

питание што се остваруваат низ наставата по запознавање на природата и општеството во I, II и III одделение. Појавата на извесно повторување на знаењата во IV, V и VI одделение не треба да се сфаќа како дуплирање на наставниот материјал, туку како продлабочување и систематизирање. Во првите три одделенија акцентот е поставен на воспитната страна, односно на создавањето навики за поведението на јавните места и во сообраќајот воопшто, додека во наредните одделенија, покрај утврдувањето на овие навики, учениците треба да се здобијат и со систематизирани знаења од областа на безбедноста на сообраќајот.

Во завршните одделенија, VII и VIII одделение, се врши општа рекапитулација на познавањата од оваа област на тој начин што во VII одделение низ возење на велосипед или мопед учениците практично ги искажуваат своите знаења од областа на сообраќајните правила и прописи, ги дополнуваат своите знаења на конкретни примери и ги отстрануваат грешките што при тоа ги сториле. Во оваа смисла целисходно е вежбите прво да се организираат на полигони, каде што ќе бидат учениците поставени во разни ситуации за да го покажат своето знаење, а потоа заедно со органите за безбедноста на сообраќајот можат да се организираат вежби и во условите на стварниот сообраќај.

Во VIII одделение, покрај продолжувањето на овие вежби, учениците се запознаваат и со организацијата на безбедноста на сообраќајот, со органите и службите надлежни за безбедност на сообраќајот, како и со другите фактори и организации, кои на соодветен начин помагаат и се грижат за безбедноста на сообраќајот.

Тргнувајќи од сите досега наведени елементи, а почитувајќи ги притоа и особеностите и условите за работа, наставата по општотехничко образование најцелисходно би била планирана и организирана ако за таа цел наставниците составуваат практикуми за работните задачи и вежби, со системно наредени задачи и вежби и тоа за секое одделение одделно. Системот на задачите и вежбите, заедно со планираните посети и други видови наставна дејност ќе придонесува за целокупното општотехничко образование, чии цели и задачи се јасно набележени во уводниот дел на наставната програма.

ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО

Задачите на наставата по запознавање на општеството се:

— на учениците да им даде знаења за нашата земја, животот и работата на нашите луѓе и народите во СФРЈ; за успесите на нашата заедница во социјалистичката изградба и перспективите на изградбата;

— да ги запознае со основните елементи од борбата што ја водеа нашите народи за својата независност, за остварувањето на братството и единството и за изградбата на нашата социјалистичка татковина;

— на карактеристични примери да ги запознае учениците со тоа како луѓето некогаш живееле и каков пат минале до современото општество;

— да ги воведе учениците во разбирање на зависноста меѓу природната средина и луѓето што живеат во неа;

— на учениците да им даде основи за развивање на свеста за развитокот и напредокот на човештвото, да можат подоцна подлабоко да ја сфатат незадржливоста на прогресивното движење на општеството и да здобијат верба во човекот и сознание за неговата постојана борба за поарен и поубав живот;

— да ги упатува учениците да сфатат како народите и земјите живеат поврзано и како достигнувањата на цивилизацијата се заеднички плод на сите народи и сите земји; и

— да ги упатува да ги уочат вредностите на природните богатства и потребата за нивното правилно искористување во подигањето на стопанскиот и општествениот живот воопшто.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

СФР Југославија

Уочување положбата на СФРЈ на картата на Европа и глобусот — споредување. Соседни држави.

СФРЈ — заедница на рамноправни народи. Главен град, Сојузна скупштина, Пертседател на Републиката. Знаме и грб на СФРЈ — изглед и симболично значење.

Шест социјалистички републики, главни градови, јазици на кои се зборува, знамиња и грбови (подетално за знамето и грбот на СРМ).

Изглед на земјиштето (врз основа на разгледување на релјефот и картата на СФРЈ): планинско, ритчесто, рамно земјиште. Однос на планинското и рамното земјиште. Главни реки и морски сливови.

Животот и работата на луѓето во палнинските краишта

Општ изглед на западните планински предели и пониското земјиште. Климатски и сообраќајни услови. Разбиеност на земјиштето со планини, карсни полиња, котлини, речни текови, долини и клисури.

Шумски планински подрачја — најзначајни подрачја и планини: Кожув, Ниџе со Кајмакчалан, Малешевски Планини, Горски Котар, Златибор, Романија, Маглиќ, Игман, Зеленгора, Дурмитор, славонски пошумени предели.

Користење на шумите. Планско сечење, разретчување, пошумување, чување на шумите. Преработка на дрвото и употреба (по можност посета на една пилана). Уништување на шумите (Млечани, Турци, Италијани, Германци).

Планински пасишта. Богатство на нашите планини со пасишта: Шар Планина, Бистра, Стара Планина, Комови, Пештер. Полуномадско сточарење. Бачила, катуни, летни и зимски пасишта. Одгледување на добиток и животот на сточарите.

Природните убавини на шумските планински предели и нивното значење за здравјето на луѓето: планинарење, излети во шума, логорување, планински домови, одморалишта, опоравилишта. Туристичкото значење на шумските предели.

Крашки предели. Најпознати планини: Велебит, Динара, Биоково, Прењ, Ловќен. Недостиг на вода, растителниот свет и обработливото земјиште. Вртачи и ували. Борба за создавање обработливо земјиште. Крашки полиња: Личко, Крбавско и Попово Поле. Понорници — поим.

Занимања на луѓето во крашките предели. Во пониските подрачја: ран зеленчук, тутун, лоза, јужно овошје; во повисоките: сточарство, пчеларство, лековити растенија.

Планиски реки — карактеристики: голем пад, брз тек, тесно корито, клисури, голема сила. Стопанско значење: изградба на хидроцентрали, патишта и пруги покрај речните долини, риболов, сплаварење, спорт (кајакарство). Најпознати хидроцентрали во СФРЈ и значењето на електричната енергија во стопанството и животот на луѓето.

Езера: Охридско, Преспанско, Дојранско, Скадарско, Бохињско, Бледско, Плитвички Езера. Црно Езеро, Борачко Езеро и „горски очи". Убавините и стопанското значење (риболов и туризам).

Значај на шумските предели и планините во борбата за слобода: ускоци, ајдуци, комити (Старина Новак, Иљо Малешевски, Румена Војвода). Шумите и планинските предели во НОБ. Партизани. Слики од борбите: Караорман, Кожув, Козара, Козјак, Неретва, Сутјеска и Дрвар.

Животот и работата во рамнинските краишта

Најпознати рамнини во нашата земја. Панонска Низина, Посавина, Подравина, Поморавје, Косово, Метохија, Овче Поле, Полог и Пелагонија.

Услови за развитокот на земјоделството: плодност на земјата и климатски услови.

Стопанско значење на рамнинските реки: пловност, риболов. Регулирање на реките и создавање нови обработливи површини: изградба на насипи за одбрана од поплави, копање канали за наводнување и исушување на бари и мочуришта. Регулација на Црна Река и Дрим. Исушување на Струшкото млачиште и Моноспитово. Липковски, Брегалнички и Метохиски систем за наводнување. Канал Дунав — Тиса — Дунав.

Земјоделското производство во рамнинските предели: пченица, јачмен, пченка, шеќерна репка, сончоглед, памук, афион, коноп, лен, тутун. Значењето на земјоделското производство за исхраната и како суровинска основа за индустријата.

Средствата за обработка на земјата. Значењето на современите средства за обработката на земјата и вештачките ѓубриња. Познати фабрики за трактори и вештачки ѓубриња во СФРЈ.

Развитокот на средствата за обработка на земјата; за орање: стап, рало, плуг, трактор; за сеење: со рака, плуг, машина; за окопување: камена мотика, железна мотика, посебен вид плуг; за жнеење: срп, коса, косачка, (жнеачка), комбајн; за вршење: стап, коњ, вршалица, комбајн.

Земјоделските производители некогаш и денес. Први земјоделци, робови, чивчии, кметови. Селаните во предвоена Југославија. Селаните денес — земјата му припаѓа на оној што ја обработува. Стопанство, задруга, индивидуално селско стопанство. Улогата на стопанствата и задругите за унапредување на земјоделието.

Животот и работата на нашето приморје

Јадранско приморје: развиеност, острови, полуострови, заливи. Климатски услови и карстност. Начинот на снабдување со вода за пиење.

Занимање на луѓето во приморјето: поморството (трговија и сообраќај, крајбрежна и прекуморска пловидба), бродоградба (Риека, Сплит и Пула), риболов, лозарство, маслинарство и овоштарство. Добивање на сол.

Туризам и угостителство. Поважни туристички места и градови на приморјето. Јадранска магистрала.

Приморјето во НОБ: окупацијата, борбата за ослободување, создавањето на морнарицата — Подгора и Вис во НОБ.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Рударството и индустријата во животот на човекот

Животот и работата на рударите и средствата за копање на руда некогаш и денес.

Големо и разновидно рудно богатство во СФРЈ. Рударски подрачја и рудници: Тимочки базен — јаглен, Бор-бакар, Злетово и Трепча — олово, Радуша — хром, покрај Јадранско Море — боксид, Лендава — нафта и земјен гас. Преработка на рудата: Зеница, Никшиќ, Севојно, Сисак, Скопска железарница.

Производството некогаш и денес

Секој произведувал сè што му треба. Поделба на работата: земјоделство, занаетчиство, индустрија. Предности на современото производство (индустриско): побрзо, повеќе, подобро и поевтино.

Од вретено и разбој до современа текстилна индустрија. Рачна работа, занаетчиско производство, манифактурно, индустриско производство. Современи средства за преработка на металите и дрвото.

Индустријата во нашата земја. Основни потреби за индустријата: машини, јаглен и струја, суровини. Природните богатства на нашата земја создаваат поволни услови за развитокот на индустријата: шуми, руди, брзи реки (за електрична енергија), плодни полиња.

Позначајни фабрики во нашата земја, (да се набројат и покажат на индустриската карта на СФРЈ, како и да се прибираат фотографии, проспекти, огласи за создавање албуми по индустриски гранки).

Управување со фабриката. Фабриката е сопственост на заедницата. Работниците се производители и управувачи во фабриката (работнички совет, управен одбор, директор), наградување според трудот, работно време, заштита, социјално осигурување.

Животот на работниците во предвоена Југославија: работно време, искористување, ниско плаќање, слаба заштита, отпуштање. Борба на работниците за поарен живот: штрајкови, апсења, мачења, убивање на борците за работнички права.

Животот на современиот човек

Современ стан: функционалност, распоред на просториите, осветлување, греење, водовод и канализација, санитарни уреди, телефон, радио, телевизија и др.

Населби:

Село — изглед на селските населби и нивните карактеристики во планинските и рамнинските предели. Начинот на живеење и изградбата на станови.

Градска населба: основни карактеристики — станбени и други згради, водовод, канализација, паркови, игралишта, сообраќај и др.

Најголеми градови во СФРЈ. Преглед на картата — стопанско, културно и туристичко значење. (Правење албуми од погодни фотографии и текстови).

Остатоци на стари населби и градови: Стоби, Хераклеја, Солински ископини, Амфитетар во Пула.

Развоен приказ за начинот на живеењето: пештера, земјанка, колиба, соеница, зидана куќа.

Здравјето на човекот — грижа на општеството: социјална и здравствена заштита, прегледи, лекување, лекови, лекувалишта. Грижа за здравјето на децата — вакцинација. Борба против суеверјето и надрилекарството.

Размена на производите — трговија

Трговијата во служба за задоволување потребите на луѓето. Патот на производите од производителот до потрошувачот. Непосредна и посредна продажба. Мешани, специјализирани продавници, самопослуги, стоковни куќи. Саеми и реклами преку печат, радио, телевизија и сл. Најзначајни саеми во нашата земја. Банки, нивното значење и улога. Значење на штедењето.

Размена на производите помеѓу одделни подрачја во нашата земја. Размена на производите помеѓу нашата и другите земји: увоз-извоз.

Од трампа до современа трговија. Развиток на трговијата, првите саеми, каравани, богатење на трговците, нараснување на градовите. Развитокот на трговијата со воведувањето на железничкиот сообраќај и изградбата на асфалтирани патишта. Дубровник — наш најзначаен трговски град во минатото: поморство, трговија со земји на Балканот, богатство, процут, Дубровачка Република.

Сообраќајот во службата на човекот

Автопатишта, железнички пруги, воден и воздушен сообраќај. Значењето на изградбата на современи патишта.

Главни автопатишта во СФРЈ.

Железничките пруги ги поврзуваат одделни краишта во нашата земја и нашата земја со други земји. Главни железнички пруги и јазли во СФРЈ. Видови железнички пруги: теснолинејќи, широки, пруги со дупли колосеци. Тунели, мостови, вијадукти. Парни, моторни и електрични локомотиви. Возови: товарни, патнички, брзи, експресни.

Воден сообраќај. Бродови: товарни, патнички и воени. Најевтин превоз на стоките. Крајбрежна и прекуморска пловидба. Животот и работата на морнарите.

Воздушен сообраќај. Главни авионски линии во нашата земја и врски со другите земји. Аеродром — хангари, писти, метеролошка служба, радио-врска помеѓу аеродромот и авионите. Пилот, радио-телеграфист, стјуардеса — живот и работа.

Развиток на сообраќајните средства: од коњ и кола, воз, моторни возила до авион; од трупец до современ брод.

Истражувачи на светските патишта: Марко Поло, Коломбо, Магелан.

Средства за врски: пошта, телеграф, телефон, радио, телевизија. Пренос на поштата во минатото и денес.

Културни богатства

Право на секој граѓанин на образование. Задолжително основно школување. Поважни културно-просветни установи и нивното значење.

Развиток на писменоста. Прво писмо, глаголица, кирилица, латиница (историски слики и културни споменици). Од глас до писмо. Од лимени плочки и штичиња до хартија, молив и перо.

Како се дошло до книга и печат. Жива книга, препишување на книгата, пронаоѓање на печатницата — Гутенберг. Печатницата денес.

СФРЈ — слободна земја на социјализмот

Нашите народи се бореле за својата независност и слобода. Населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров. Борбата против Византија и Франките и формирањето на првите држави. Македонија во времето на Самуил. Хрватска за времето на Томислав, Србија во времето на Цар Душан и Босна во времето на Тврткo. Богомилството во Македонија и Босна.

Доаѓањето на Турците во нашите краеви: битката на Марица, Марко Крале, Косовска битка и битката на Крбавското Поле. Робување под Турците: раја, чивчија — бег, давачки — арач, десеток, данок во крв, кулук; насилство. Борба против турската власт: ајдуци и ускоци; истребување на потурјаците во Црна Гора.

Животот на народот во Хрватска и Словенија под ропство. Експлоатација од феудалците. Селски буни (Матија Губец).

Востанија против Турците: Карпошево востание, I и II српско востание, Невесинско востание и Илинденско востание.

Борба на југословенските народи во Првата светска војна: Сараевски атентат, отпорот на Србија, Солунски фронт, доброволци. Создавање на СХС. Владеење на кралот, капиталистите и велепоседниците. Тежок живот на работниците. Доаѓање на другарот Тито на чело на КПЈ. Издајството на кралската влада, 27 март 1941 година.

Народната револуција и Народноослободителната борба: нападот на Југославија. Поделба на земјата и соработници на окупаторот. Злочини на окупаторите: апсење, пљачкосување, убивање, логори и мачења во нив (Бањица, Јасеновац и др.). Масовно убивање: Крагуевац, Краљево, Ваташа.

Прогласот на КПЈ од 21 јуни 1941 година — партизани и партизански одреди. Примери на херојска борба и пожртвување: Кадињача, Козара, Неретва, Сутјеска, Богомилски поход, Караорман, Козјак, Дрвар.

Народни херои: Иво-Лола Рибар, Христијан Тодороќски — Карпош, Кузман Јосифовски — Питу, Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Орце Николов, Сава Ковачевиќ, Раде Кончар, Борис Кидрич.

Создавање на ЈНА. Први пролетерски бригади. Први авиони и воени бродови. Првото и Второто заседание на АВНОЈ, Првото заседание на АСНОМ. Ослободувањето, првите избори и прогласувањето на Републиката на 29. XI. 1945 година. Обнова и изградба на земјата.

Организација на народната власт: општинско собрание, републичко собрание и собори. Сојузна скупштина и скупштински собори.

Југославија како борец за мир, независност и рамноправност на сите народи.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Запознавањето на општеството во IV и V одделение се надоврзува на запознавањето на природата и општеството, кое се изучува во првите три одделенија. Тоа не значи дека во овие две одделенија се создаваат наполно одделни наставни подрачја за општеството, природата. Во изборот на содржината за наставата по запознавање на општеството се излегува од рамките на родниот крај и потесната татковина и се земаат содржини од подрачјето на СФРЈ како целина.

Тргнувајќи од основата што ја имаат децата добиено во претходните три години, се преоѓа на подрачја и области што не се достапни за директно набљудување, поради што за нивното запознавање во обработката се служиме со средства за посредно набљудување и други извори.

На оваа етапа на школувањето учениците треба да се запознаат со својата поширока татковина и да се соживуваат со настаните, поради што содржините се изучуваат комплексно, без диференцирање на посебни предмети. Наставниот материјал е избран од географијата на СФРЈ, историјата на нашите народи, од областа на стопанската и општествената изградба, но не претставува механички збир на теми од соодветни предмети. Секако дека некои наставни единици имаат претежно географска или историска содржина, но тоа не значи дека при обработката тие треба да се трансформираат во географија или историја во полна смисла на зборот.

Сè што е земено од различни подрачја, земено е со цел учениците да се здобијат со знаења за современите општествени настани и борбата за создавање на подобар живот и похумани човечки односи. Човекот и неговата работа и борбата за подобар живот треба да заземаат централно место во наставата по овој предмет. Кон таа задача треба да биде насочена работата, било учениците да се запознаваат со тоа што било во минатото или со тоа како е денес.

Учениците треба да го разберат значењето на борбата, особено на генерацијата што во ослободителната борба извојувале конечно ослободување како национално, така и социјално. Исто така до израз треба да дојде постојаното укажување на поубавата иднина, како резултат на трудот на работниот човек кој гради за себе, а не за други. Со тоа кај учениците ќе се изградува готовност и самите да застанат во редовите на градителите на социјалистичката татковина.

Материјалот по запознавањето на општеството е распореден на две одделенија, но сочинува една единствена целина.

Со цел учениците да го запознаат животот на нашите народи и нивните напори за изградба на поарен живот, потребно е претходно да ги запознаат географските и природните услови, односно и да усвојат потребни географски факти. Притоа задолжително се користат различни средства: филмови, проекции, радио, телевизија, фотографии, податоци од печатот, репортажи, прикази, описи, плакати итн. Постојано се употребува картата како наставно средство, со цел учениците да ја совладаат картографската писменост и да се здобијат со навики да се служат со неа. Тоа во исто време треба да придонесе за успешно изучување на географијата подоцна.

Во процесот на работата нужно е да се активираат учениците. Во дадени ситуации да се поттикнуваат сами да прибираат „проучуваат" материјали, да даваат извештаи и објаснувања. Покрај тоа, при заеднички посети, набљудувања и проучувања учениците да се упатуваат индивидуално и групно да проучат нешто на самото место. Во процесот на наставата понекогаш е нужно да се информираат и за други земји. Со тоа се добива можност да се вршат споредби, а покрај тоа да се развива и задоволува љубопитноста на учениците. Љубопитноста треба да се развива во секоја погодна ситуација, со цел што повеќе да се потенцира желбата за сознавање.

Во IV одделение се започнува со темата „Народите на СФР Југославија", која е дадена поради потребната основна ориентација. При обработката треба да се оживи земјиштето и народите што живеат на него во основни црти, како и да се обработи речната мрежа со најглавните реки за подобра ориентација. Редот на обработката на наставниот материјал по другите теми во ова одделение може да биде различен, зависно од крајот каде се наоѓа училиштето и неговата географска положба. Тоа значи дека училиштата во СР Македонија, зависно од условите, би почну-

вале со темата „Животот и работата во планинските краишта“ или, ако е училиштето во рамнина, со темата „Животот и работата во рамнинските предели“.

Како што материјалот со географска содржина не може да се обработува само како географија, во полна смисла на зборот, така и материјалот со историска содржина не може да се обработува како историја. Овде не се изучува историјата систематски, туку се изучуваат одбрани историски содржини со помош на кои учениците ќе разберат дека денешната слобода на нашите народи е резултат на упорна борба и дека во минатото се живеело поинаку одошто денес. Поради тоа при обработката на материјалот со историски содржини живиот збор на наставникот треба да се поткрепува со слики, цртежи, историски карти, посети на музеи, историски споменици, со читање текстови, народни песни итн. Добро илустрираниот материјал ќе им даде можност на учениците подобро да го сознаат минатото, како и развитокот од примитивните средства за живот до современите. Учениците уште од оваа возраст треба да се воспитуваат на светот да гледаат како на процес на постојан развиток и дека во основата на тој развиток е борбата на човекот да обезбеди поарен живот за себе и за своето потомство, да се запознаат со законитостите на развитокот, како и со тоа дека секое откритие е чекор напред на скалата на општиот развиток.

Последната тема во V одделение „СФРЈ — слободна земја на социјализмот“ треба да се даде во низа слики за борбите за создавањето и изградбата на СФРЈ. Првиот дел на темата треба да се даде во основни црти, преку слики, прикази, служење со литература, народна поезија и др., со цел учениците да разберат за тоа како нашите народи и во минатото се бореле за независност, слобода, каде останале трагови од тие борби, какви херојства покажале итн. Другиот дел од темата ќе се обработи подетално, но пак во вид на слики и служење со литература, како и со настојување да се развива емотивно доживување кај учениците.

Материјалот во програмата по запознавање на општеството е даден во вид на тези, со цел поконкретно да се определат содржините и нивниот обем. Во тезите, во повеќе случаи, е подвлечено што треба особено да се истакне и обработи. Наставникот ги определува наставните единици и ги користи воспитните моменти. Во творечката примена избира факти и карактеристични елементи, водејќи сметка програмата во целост да ја обработи и да ги оствари воспитните задачи, дополнувајќи го материјалот со содржини од современите настани.

Запознавањето на општеството содржи многу силни идејни компоненти, кои придонесуваат да се формира личноста на ученикот, неговиот поглед на светот, неговите етички квалитети. Наставникот треба секогаш да настојува по природен пат да изградува и воспитува етички вредна млада личност на нашето социјалистичко општество.

ГЕОГРАФИЈА

Задачите на наставата по географија се:

— Учениците да ги запознае со основните географски поими и да ги оспособи да се служат со географска карта;

— да ги запознае со најважните природни, општествени и стопански фактори, со основните стопански дејности во нивната меѓусебна поврзаност во одредени географски средини;

— да ги запознава со животот на одделни народи, нивниот придонес во развитокот на современата цивилизација и култура и да им помага да го согледаат светот како целина, во која сите народи вложуваат напори за општ стопански и културен напредок;

— да ги запознае со условите во кои живеат народите на неразвиените земји, за да можат подобро да ги разберат нивните стремежи и борбата за ослободување од колонијализмот;

— да развива смисла за разбирање на меѓународните односи и да им укажува на учениците на стопанските и културните врски меѓу народите, за да развива кај нив чувство за интернационализам и хуманизам;

— да ги запознае со природните богатства и убавините на нашата татковина, со општествено-економското уредување на нашата социјалистичка заедница, со врските на нашата земја со другите земји и улогата што ја има во современиот свет, развивајќи кај нив љубов кон татковината — Социјалистичка Југославија;

— да ги запознае со основните природни и стопански карактеристики на нивната општина, како и со односот на општината кон целата наша социјалистичка заедница.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Основи на општата географија

Предмет и цел на географијата.

Небо и вселена — поим за небо и вселена. Небески тела — ѕвезди, сонце — ѕвезда, ѕвездија. Планети, метеори, сончев

систем, местото на земјата во сончевиот систем. Настанок на сончевиот систем и на земјата.

Форма на земјата

Како си ја претставувале старите народи; првите докази за нејзината форма. Глобусот како модел за формата на земјата — видови глобуси.

Димензии на земјата

Движења на земјата — ротација. Земјина оска и половина. Последици од ротацијата — смена на денот и ноќта. Напоредници и пладневци. Географска широчина и должина. Земјина револуција. Последици од земјината револуција — нееднаква должина на денот и ноќта, сменување на годишните времиња, топлотни појаси.

Месечина и месечеви мени

Пресметувањето на времето — ден, недела, месец и години. Календар, часовни зони.

Земјини сфери. Површина на земјата — копно и вода. Односот на копното и водата на земајта. Поделба на копното (континенти и острови); географски распоред на континентите и нивното сравнување по големина. Поделба на водата (океани и мориња), географски распоред на океаните и нивното сравнување.

Атмосфери и атмосферски појави — поим за атмосфери. Загревање на воздухот. Движење на воздухот и ветер. Влажност на воздухот.

Време и клима — поим за време, поим за клима. Главни климатски елементи; услови од коишто зависи климата. Позначајни климатски типови во врска со топлотните појаси.

Растителен и животински свет во различните климатски области.

Население на земјата.

Основи на картографијата. Земјината слика на глобусот. Поим за географска карта. Споредување на географски карти со глобус. Размер и размерник. Поим за кроки и план. Споредување на кроки и план со географска карта. Претставување релјефот на географската карта. Поделба на географските карти по размер и содржина.

Вежби — крокирање, цртање, зголемување и намалување на карти по размер. Читање на разни карти по размер. Изработување на модели и релјефи.

ЕВРОПА

Име, географска положба и нејзините врски со другите континенти. Граници и големина. Население — број и густина на

населението. Географска поделба на регии: Јужна Европа, Западна Европа, Северна Европа, Средна Европа и Источна Европа.

ЈУЖНА ЕВРОПА

Географска положба. Средоземното Море и неговата разгранетост на мориња, заливи, затони, драги. Полуострови, острови, протоци, канали и провлаки. Значењето на Средоземното Море во минатото и денес. Релјеф — верижни и громадни планини. Низини. Апсолутна и релативна висина. Вулкани и земјотреси. Климатски и хидрографски особини. Вегетација. Населеност и народи на Јужна Европа. Политичка поделба на Јужна Европа. (На примери да се обработат сите нови спомнати географски поими од основите на општата географија).

Бугарија. Природни одлики (врз основа на здобиените знаења од регијата — за сите држави). Население, општествено уредување, краток преглед на стопанството.

Грција. Природни одлики на полуостровска и островска Грција. Население и општествено уредување. Стопански одлики на полуостровска и островска Грција.

Албанија. Краток географски преглед.

Италија. Географски одлики на континентална, полуостровска и островска Италија. Население и општествено уредување. Врски на Италија со СФРЈ.

Шпанија и Португалија. Природни одлики на двете земји (да се користат предзнаењата за Пиринејскиот Полуостров). Нивната улога во откривањето на поморските патишта во минатото. Краток преглед на стопанството на Шпанија и Португалија.

ЗАПАДНА ЕВРОПА

Географска положба и брегова разгранетост. Релјеф, климатски и хидрографски одлики на Западна Европа. Населеност и народи на Западна Европа. Политичка поделба (на примери да се обработат поимите: речна лука, прилив и одлив, голфска струја, западни ветрови).

Велика Британија. Географска положба и нејзиното значење за развојот на В. Британија. Природни одлики. Население и општествено уредување. Стопански одлики. Врски на В. Британија со светот. Комонвелт — поим за колонии и доминиони.

Франција. Географска положба и нејзиното значење за развојот на Франција. Население и општествено уредување.

Природни и стопански одлики на индустриска Северна и Источна Франција, аграрното подрачје на Јужна и Западна Франција.

Бенелукс. Географски и стопански одлики на Бенелукс.

СЕВЕРНА ЕВРОПА

Географска положба, физичко-географски одлики на Северна Европа (да се обработат поимите: фјорд, фејлд). Население и народи на Северна Европа. Политичка поделба.

Норвешка, Шведска, Финска и Данска. — да се даде општ географски преглед на секоја земја.

СРЕДНА ЕВРОПА

Географска положба. Релјеф, климатски и хидрографски одлики на Средна Европа — сообраќајното значење на Рајна и Дунав — посебно на Дунав, за подунавските земји (на примери да се објаснат поимите; речни системи, морско подрачје, вододелница, превалец, тунел, клисура, делта, мелиорација, ледници, циркови, лиднички езера, вегетациони катови; планинско сточарство).

Население и народи на Средна Европа. Политичка поделба.

СР Германија — природни и стопански одлики.

ДР Германија — природни и стопански одлики.

Алпски земји — Австрија и Швајцарија — природни и стопански одлики.

Чехословачка, Полска и Унгарија — природни одлики, население и општествено уредување. Стопански одлики.

ИСТОЧНА ЕВРОПА

Физичко-географски одлики на Источна Европа (да се обработат поимите: тундра, степа). Политичка поделба на СССР и НР Романија.

Да се обработат само природните стопански одлики на НР Романија.

Европа во целина (обопштување на здобиените знаења).

VII ОДДЕЛЕНИЕ

АЗИЈА

Име, географска положба и нејзините врски со континенти. Граници и големина. Релјеф, клима, растителен и животински свет. Хидрографија. Природни богатства.

Население — број и густина. Регионална поделба на Азија.

СССР КАКО ЕВРОПСКА И АЗИСКА ЗЕМЈА

Општи физичко-географски одлики на СССР (уопштување на предзнаењата за Источна Европа и општиот дел на Азија).

Население — многунационална држава, социјалистичко општествено уредување.

Развиток на стопанството по Октомвриската револуција и карактеристики на денешното стопанство во СССР (стопански гранки — накратко).

ИСТОЧНА АЗИЈА

Кина. Природни одлики (се користат предзнаењата од општиот дел на Азија). Население и општествено уредување. Стопански одлики.

Јапонија. Значењето на географската положба на Јапонија. Природни и стопански одлики.

ЈУГОИСТОЧНА АЗИЈА

Континентален дел на Југоисточна Азија. Природни одлики и богатства. Население. Борба за политичка и економска независност. Политичка поделба. Општи и стопански одлики.

Индонезија. Значењето на географската положба. Природни и стопански одлики. Борба за ослободување од колонијализмот.

ЈУЖНА АЗИЈА

Индија. Природни одлики. Население. Општествени промени во Индија. Стопански одлики.

Пакистан. Природни и стопански одлики.

ЈУГОЗАПАДНА АЗИЈА

Географска положба и нејзиното значење. Природни одлики. Нафта во Југозападна Азија. Население и политичка поделба. Ослободување од странска политичко-економска зависност. Борба за единство на арапскиот свет. Краток стопански преглед на Турција, Иран и Ирак (другите држави само да се спомнат).

Азија во целина. (Обопштување на здобиените знаења).

АФРИКА

Географска поделба на Африка. Брегова разгранатост. Релјеф. Климатско-вегетациони области и фауна. Хидрографија. Природни богатства.

Население — поробување на афричкото население. Трговија со црно робје. Расна дискриминација. Борба на афричките народи за ослободување.

Регионална и политичка поделба на Африка.

Краток стопански преглед на УАР, атласките земји, Конго, Етиопија и на јужноафричките републики.

Стопански и културни врски на СФРЈ со афричките земји.

Африка во целина. (Обопштување на здобиените знаења).

АМЕРИКА

Откривање. Географска положба (Северна и Јужна, Англо-Америка и Латинска Америка — да се објаснат поимите за поделбата на Америка). Колонизација на двете Америки.

Брегова разгранетост (на двете Америки). Релјеф (споредба на двете Америки). Климатско-вегетациони области и фауна на Северна Америка, Антилските Острови и Јужна Америка. Хидрографија и природни богатства.

Население — број и густина. Политичка поделба.

САД. — Географски одлики (се користат знаењата од општиот дел). Стопански карактеристики.

Стопански карактеристики на Мексико, Куба, Бразил и Аргентина.

Економските врски на нашата земја со земјите на Америка.

Америка во целина (обопштување на здобиените знаења).

АВСТРАЛИЈА И ОКЕАНИЈА

Положба на Австралија, откривање, населување. Брегова разгранетост. Релјеф, климатско-вегетациони области. Хидрографија. Природни богатства.

Население и стопански одлики. Местото на Австралија во Комонвелтот.

Океанија — општи географски одлики.

ПОЛАРНИ ОБЛАСТИ

Арктик и Антартик. Откривање, значајни експедиции, економско значење на поларните области и земји.

Пред картата на целиот свет. (Воопштување на знаењата од целата регионална географија — во општи црти).

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

СФР ЈУГОСЛАВИЈА

Географска положба, граници и големина на СФРЈ.

Основни релјефни црти на трите природни целини: Јадранско приморје (острови, брегот и јадранска континентална зона), планинска област (алпско, динарско-шарско, карпатско-балканско и родопско подрачје), Панонска Низина и Панонска Обод.

Клима — својства и климатски типови.

Хидрографски одлики — Јадранско Море (својства и значење), реки — поделба на подрачја и речни сливови, хидрографија на кршот; езера — настанок и поделба. Стопанско значење на реките и езерата.

Растителен и животински свет.

Население — број и густина на населението, народи и народности; структура на населението; културни и просветни прилики во нашата земја.

Населби — села и градови — функции.

СТОПАНСТВОТО ВО СФРЈ

Главни карактеристики на стопанството во стара Југославија. Развој на стопанството во СФРЈ. Периодот на обнова и планско стопанство — општествен план.

Енергетика и енергетски извори (хидроенергија, јаглен, нафта и др.). Производство на електрична енергија.

Рударство — наоѓалишта и добивање на руди, црни, обоени метали и неметали.

Индустрија — развитокот на индустријата во СФРЈ. Индустриски гранки, нивната разместеност и производство.

Селско стопанство: карактеристики на селското стопанство. Улогата на социјалистичкиот сектор во преобразбата на селото.

Поледелие — реони и производство на жита, крмни растенија, индустриски растенија; градинарство, овоштарство и лозарство. Сточарство. Шумарство.

Сообраќај — сообраќајни гранки. Најзначајни сообраќајни линии во внатрешниот и меѓународниот сообраќај.

Улогата на туризмот во нашето стопанство.

Трговија — внатрешна и надворешна.

Местото на Социјалистичка Југославија во стопанството на светот.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Со поставените задачи во програмата на наставата по географија се инсистира, во текот на целиот наставен курс во VI, VII и VIII одделение, учениците да усвојат одреден квантум знаења и искуства од низа географски наставни области. Затоа, прво е потребно да се проучат и сфатат интенциите на програмата. Потоа, програмата по географија претставува надоврзување на нови знаења на здобиените најосновни претстави и поими од елементарната географија, здобиени преку одредени наставни содржини или теми во нижите одделенија на основното училиште преку запознавање на природата и општеството во II и III одделение, а посебно преку запознавање на општеството во IV и V одделение и запознавање на природата во IV, V и VI одделение. Затоа предметните наставници по географија треба да се запознаат со содржините на споменатите предмети до VI одделение. Во таков случај ќе се обезбеди методско-програмска организација на наставата по географија во вишите одделенија и ќе се постави како надградба на веќе здобиената елементарна основа.

Во VI одделение наставните содржини се опфатени во 5 наставни области.

Темите од првата наставна област им даваат на учениците знаења за земјата како небеско тело, т. е. од астрономијата. Без основни познавања на сончевиот систем, за местото на земјата во тој систем, за земјините движења и друго, многу природни појави, многу географски закономерности не можат да бидат разбрани од учениците.

Темата „Небо и вселена“ содржи методски единици со чија апстрактна материја учениците за првпат се судруваат. Тоа наложува методската организација да се потпре врз претходни набљудувања и целосно ангажирање на ученичкиот интерес и активност.

Методските единици од темата „Земјини сфери“ содржат наставен материјал што се проширува и продлабочува во VI одделение. Со методската единица „Копно и вода“ се проширува географскиот хоризонт, со добивање на нови претстави и поодредено и појасно разбирање на географскиот простор и географската оддалеченост. Затоа географската карта има посебно значење за изучувањето на новите знаења и поими од оваа методска единица. Доколку копното и водата, односно континентите и нивната разгранетост (воопшто), океаните и морињата и нивната хоризонтална разгранетост (воопшто) не се темелито усвоени од картата и на картата, не е можно да се обработува регионалната географија.

Наставната тема „Атмосфера и атмосферски појави“ е нова област за учениците. Покрај непосредното индивидуално и колективно набљудување на времето и метеоролошките појави, потребно е систематско следење на тие појави, водење на дневен метеоролошки календар и решавање на посебни домашни задачи во врска со времето и промената на времето. Притоа

треба да се има предвид дека метеорологијата може да се разбере само со познавање на некои физички закони од природата. Поради тоа се наметнува потреба за корелација со запознавање на природата во V и VI одделение, односно со оние наставни области од физиката и хемијата чија наставна материја има органска врска со метеоролошките појави.

Климата како и географскиот распоред на растителниот и животинскиот свет на земјата сочинуваат една органска целина. Во овие две теми најдобро е изразен генетско-каузалниот принцип. Поимот за времето учениците го добиваат со совладувањето на метеоролошките промени на времето, а воедно, донекаде, добиваат претстава за елементите што ја одбележуваат климата. Климите и климатските подрачја не треба да се обработуваат во овој оддел. Програмата бара учениците да добијат поим за клима (со основните нејзини елементи), како и тоа од кои фактори зависат повеќе или помалку нејзините изразени елементи. Затоа, за да се добие претстава за позначајните климатски типови, треба да се направи обопштување на веќе изучената материја за топлински појаси и нивните главни обележја во врска со привидното движење на сонцето (за распоредот на температурата, врнежите и струењата на воздушните маси). Од самото обопштување на претходната материја ќе се подвлечат најкарактеристичните климатски типови по топлинските појаси. Комплексна географска слика за одредени климатски регии се добива кога ќе се подвлече зависноста и каузалната поврзаност на климата (температура и влажност) од географските фактори (на растителноста — од климата, на животинскиот свет — од растителноста и климата).

Населението на земјата се обработува во најопшти црти: бројот (општо и по континенти), густината (причините), антрополошките црти на човечките раси, географската разместеност на човечките раси по континентите и границите на екумената.

Последната тема од елементарната основа на општата географија е запознавањето со основите на картографијата. Картографската писменост не се постигнува со обработување на предвидените неколку теми од основите на картографијата. Со првите знаци на картографската писменост учениците се запознаваат уште во претходните одделенија на основното училиште, но нејзиното совладување се постигнува со перманентно вежбање и дополнување на писменоста низ целиот курс на географијата во основното училиште. Во VI одделение учениците треба да ги разберат, усвојат и употребуваат сите видови глобуси и сите видови географски карти со познавање на поопштите географски елементи, вклучувајќи го и размерот. За темелно усвојување на предвидената картографска наставна материја нужни се постепени и систематски вежби преку читање на картата, цртање и правење на релјефи. На предвидените часови за оваа наставна содржина се даваат глобални знаења, а низ другите содржини се дополнува картографската писменост.

По изучувањето на основните елементи на општата географија и основите на картографијата се преминува на регионалната географија. Во VI одделение треба да се обработи Европа без СССР, во VII СССР и другите континенти, а во VIII географијата на СФРЈ.

Принципот на комплексноста во рамките на поголемите и помалите регии останува во целиот курс на регионалната географија. Според програмирањето на наставната материја интенциите на програмата се: преку изучувањето на општиот преглед на секоја регија да се дополнат ученичките знаења со нови претстави од основите на општата географија, односно извесни природни појави и морфолошки форми на релјефот и нови географски поими да се објаснат и научат во каузално-генетската врска со другите појави и форми што ја чинат комплексноста на еден географски пејсаж, област или регија. Притоа да се има предвид при секоја нова регија да се истакнат и научат сите географско-физички елементи што ја сочинуваат во целина физичката географија на дадената регија. При посебното изучување на државите, здобиените знаења од физичката географија на регијата ќе послужат како извор за конкретизирање на физичкиот преглед на државата со дополнување на нови поими карактеристични за нејзината физичка географија. Според тоа, при распределувањето на годишниот фонд на работните часови, региите треба да бидат доволно застапени.

Распределувањето на наставната материја од регионалната географија не е извршено по ист принцип за сите континенти. Европа и Азија се дадени индуктивно, т. е. по посебни регии, а другите континенти дедуктивно.

За усвојувањето на оваа наставна материја од регионалната географија, географската карта и овде има посебно значење. Затоа е потребно уште со првите часови, при преминот на регионалната географија, учениците да се привикнат слободно да ја читаат географската карта и преку нејзината анализа да извлекуваат нова содржина за секоја наставна единица, особено од областа на физичко-географскиот преглед (за распоредот на континентите и морињата, за географската положба, за географската ориентација, хоризонталната разгранетост, релјефот, климата), а преку посебните карти, со посебна содржина (за распоредот на врнежите, температурите, морските струи, растителниот и животинскиот свет, сообраќајот, стопанството). Покрај овие, нужно е да се користат и разни цртежи, скици, модели, неми карти, графикони, дијаграми и други географски наставни средства, преку кои се усвојува, утврдува и проширува изучената материја.

Како при регионалната географија, така и за совладување на наставната материја од географијата на СФРЈ, посебно место и значење има споредувачката наставна метода. Големината и географската оддалеченост, непознатите земји, карактеристичниот релјеф, висините, богатството на води, клима, растител-

носта, бројноста на населението, висината, природните богатства, степенот на стопанската развиеност и друго, учениците многу полесно ќе ги разбират ако за нив си создадат претстава преку веќе слични здобиени претстави од изучената географија на другите континенти, области и држави. Особено се препорачува споредувањето на нови географски области со познати области, објекти и поими од нашата земја. Со користењето на оваа наставна метода се олеснува усвојувањето на новите содржини, а воедно се рационализира и работното време. На пример, многу нови географски поими од Европското Средоземие полесно ќе се научат ако се споредат со јадранската брегова разгранетост. Географската положба на Јапонија ќе се извлече од веќе здобиените знаења за географската положба на Велика Британија. Комплексноста на климата и вегетацијата на Јужна Америка ќе се обработи со споредувањето на климата и вегетацијата на Африка. За пократко време, и попрегледно, ќе се обработи релјефот на двете Америки, ако се анализира тој на картата на двете Америки и се уочи сличноста, ако се одредат големите морфолошки целини.

За реализирање на наставната материја, за нејзиното темелно усвојување од учениците, за здобивање на посодржајни знаења и умеења, со кои се мери степенот на географската култура по завршувањето на основното училиште — нужно е да се подвлече значењето на сè пошироката примена на новите технички аудитивни, визуелни (проекциони) и аудиовизуелни наставни средства. Со нив и слични такви современи учила наставата може да стане поразновидна, поинтересна, полесно достапна и далеку посодржајна и успешна.

ИСТОРИЈА

Задачите на наставата по историја се:

— да ги запознае учениците со основните епохи на историскиот развиток на човештвото и со силите што го движат тој развиток, за да се појасни и илустрира прогресивниот тек на историјата;

— да формира кај учениците сознание за постојан развиток на човечкото општество, за неговото постепено, но незадржливо, движење од пониски кон повисоки форми на општествено-економскиот живот, за постојаната борба на човекот за подобар живот;

— да ги запознае учениците со најзначајните страници од историјата на нашите народи и нивната борба за слобода, а особено со нашата понова историја, Народноослободителната војна, изградбата на социјализмот и да придонесе за развивањето на југословенскиот социјалистички патриотизам и интернационалистичкото вспитување на учениците.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Увод: предмет на историјата, историски извори, сметање на времето:

ПРВОБИТНО ОПШТЕСТВО

Настанок на човекот. Улогата на работата во развитокот на човекот. Најрани орудија и оружја, населби, појавата на метали, стопанисување. Остатоци од предисториските населби во нашата земја.

РОБОВЛАДЕТЕЛСКО ОПШТЕСТВО

Египет. Природни услови. Изградба на насипи и канали. Масовно користење на робовскиот труд во производството.

Општествени односи и државно уредување.

Културата на Египет. Главните културни придобивки на другите источни народи.

Грција. Земја и народ. Херојско време (Илијада и Одисеја). Колонизација; религија и митови; олимписки игри. Спарта — организација на државата, начин на воспитување. Атина — робовладетелска демократска држава. Робовладетелската демократија и подемот на Атина во времето на Перикле. Слабеење на Атина и другите грчки државици (востание на робовите).

Грчка култура (театар, уметност, наука и просвета).

Македонската држава и освојувањата на Александар Македонски.

Еленистичка култура.

Р и м. Земја и народ. Настанок на Рим. Рим прераснува во голема робовладетелска држава. Востание на робовите (Спартаково востание). Диктатурата на Цезар. Римската империја и нејзиниот подем (Август и Трајан). Христијанство.

Внатрешни и надворешни причини за опаѓањето и пропаста на римската држава.

Култура (градежништво, архитектура, скулптура, наука).

Нашите земји во римско време (римски споменици).

ФЕУДАЛНО ОПШТЕСТВО

Ран феудализам. Големата преселба на народите и настанокот на варварските држави.

Настанок и развиток на франската држава — Карло Велики.

Византија од V—XI век.

Југословенските земји во времето на раниот феудализам. — Стари Словени. — Живот и општествени односи. Причини и правци на преселбите. Населување на Словените на Балканот и нивниот однос спрема староседелците. Промени во општествено-економските односи — распаѓање на родовското уредување.

Создавање на првите државни организации на јужните Словени (Карантанија, Хрватска, Рашка и Зета, Бугарија). Примање на христијанството и ширење на словенската писменост. Климент и Наум. Богомилство. Македонија во времето на Самоил. Востанијата во Македонија во XI век.

Југословенските земји во времето на развиениот феудализам. — Србија од крајот на XII до средината на XIV век — Стеван Немања и Душан. Општествени односи и државни уредувања. Душанов законик.

Босна од крајот на XII до крајот на XIV век.

Хрватска во времето на Арпадовичите и Анжујците. Словенечките земји до крајот на XV век.

Потпаѓањето на нашите средновековни држави под турска власт. — Потекло, навлегување и зацврстување на Турците на Балканскиот Полуостров. Борби со Турците и турското освојување на феудалните области во Македонија и Србија. Српската деспотовина и Босна во одбрана против Турците. Потпаѓањето на поголем дел од балканските земји под турска власт.

Културата на нашите народи: книжевност, ликовна уметност и архитектура.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Доцниот феудализам и почетоци на новото време. — Развиток на градовите — рударство, трговија. Појава на манифактурата. Саеми и банки. Разлика помеѓу еснафскиот карактер на производството и манифактурата како капиталистички начин на производство.

Географски откритија и првите колонијални освојувања; технички пронајдоци. Откривањето на Америка и поморскиот пат за Индија. Последици од откритијата и нивното значење.

Хуманизам и ренесанса — општествена основа на новата култура. Враќање кон античките примери. Нов израз во уметноста. Одразот на хуманизмот и ренесансата во југословенските земји.

Селските востанија во Европа и кај нашите народи во XIV, XV и XVI век. Причини за неуспесите и значењето на селските востанија.

Нашите народи под туѓинска власт. — Нашите народи под турска власт — турска управа, спахиски систем. Обврски на рајата. Ширење на исламот. Преселби. Пеќската патријаршија. Охридската архиепископија.

Последици од потпаѓањето на нашите народи под турска власт.

Нашите народи под австриска и венецијанска власт; — Војна Краина. Хабзбуршката политика спрема Хрватите, Словенците и Србите во монархијата. Венецијанската власт во Далмација.

Отпорот на нашите народи против турската власт од XVI—XVIII век — ајдуци и ускоци. Востанијата на нашите народи и народности и нивното учество во војната против Турција, XVI, XVII и XVIII век.

Дубровник: стопанство, државно и општествено уредување. Култура.

КАПИТАЛИСТИЧКО ОПШТЕСТВО

Европа при крајот на XVIII век и во првата половина на XIX век. — Француската буржоаска револуција: економските и општествените односи во Франција пред револуцијата. Главни

моменти и победата на револуцијата. Наполеоновите војни. Сломот на Наполеон Бонапарта и Виенскиот конгрес.

Индустриска револуција. Индустриската револуција во Англија и нејзините економско-општествени последици во градот и селото.

Животот на работниците во првата половина на XIX век — работно време. Различни облици на борбата на работничката класа (лионски востанија, чартистичко движење и др.).

Животот и работата на Карл Маркс и Фридрих Енгелс. Историското значење на комунистичкиот манифест. Париска комуна.

Борбите на нашите народи за ослободување од туѓинска власт. — Српските востанија. Формирање на српската држава.

Црна Гора во борба за самостојност и изградба на државата.

Илирското движење во Хрватска.

Народната преродба на Словенците.

Народната преродба на Македонците — развиток на занаетчиството и трговијата. Употреба на народниот јазик во црквите и училиштата (Крчовски—Пејчиновиќ). Првата печатница во Солун.

Ослободителните борби на нашите народи во втората половина на XIX век и почетокот на XX век. — Осамостојување на Србија — стопански развиток и општествени односи. Појавата на социјалистички идеи и почетоците на работничкото движење — Светозар Марковиќ. Босанско-херцеговското востание и ослободителните војни на Србија и Црна Гора против Турција. Санстефанскиот мир и Берлинскиот конгрес. Србија во времето на последните Обреновиќи. Создавање на српската социјал-демократска работничка пратија — Димитрие Туцовиќ.

Црна Гора во втората половина на XIX и почетокот на XX век.

Босна и Херцеговина — окупација, анексија, Млада Босна.

Нашите народи под австроунгарска власт — економски развиток. Отпорот на народот од Словенија и Хрватска против германизацијата и унгаризацијата. Развиток на работничкото движење.

Национално-ослободителните борби на македонскиот народ — стопанска положба и општествени односи. Борба против фанаријотите. Егзархијата и нејзината улога во Македонија. Македонските учебникари. Востанијата во Македонија од 1876—1881. Создавање на ВМРО и нејзините цели. Илинденско востание, учеството на народностите во востанието. Последици и поуки од востанието. Младотурската револуција. Работничко движење (Васил Главинов).

Балканските војни. Поделбата на Македонија. Карактерот на балканските војни.

Заемните врски и идеите за обединување на југословенските народи.

Просветата и културата кај југословенските народи во XIX и почетокот на XX век.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Светот пред Првата светска војна. — Преминот од капитализам во империјализам. Главни белези на империјализмот. Колонијалната политика на капиталистичките сили, поделбата на светот при крајот на XIX век. Создавање империјалистички блокови.

ОПШТА КРИЗА НА КАПИТАЛИЗМОТ — ЕПОХА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИ РЕВОЛУЦИИ

Првата светска војна. Причини, повод, тек и карактер на Првата светска војна. Учеството на нашите народи во војната. Версајскиот мир и неговите одлуки. Друштвото на народите.

Големата октомвриска социјалистичка револуција — Русија во времето на Првата светска војна. Февруарската револуција. Урнувањето на царизмот и победата на револуцијата. Декрети за мир и земја. Значењето на Големата октомвриска револуција и нејзиното влијание во светот. Создавањето на СССР.

Светот меѓу двете светски војни. — Ставот на големите сили спрема СССР. Економските кризи — изострување на противречностите во капиталистичките земји. Појавата на државен капитализам. Појавата на фашизмот и неговата победа во Италија и Германија.

Југославија од 1918—1941 година. — Создавање на државата. Стопанска положба. Внатрешните спротивности и судрувања. Положбата на народностите. Револуционерен вриеж и штрајкови. Формирање на комунистичката партија на Југославија и нејзината улога во политичкиот живот на земјата. Законот за заштита на државата. Криза на режимот и Шестојануарската диктатура. Профашистичките режими и незадоволствата на народните маси. Консолидација на КПЈ по доаѓањето на другарот Тито за генерален секретар на КПЈ 1937 година. Петтата земска конференција на КПЈ и нејзиното историско значење.

Подготовки за Втората светска војна. Првите фашистички агресии. Шпанската граѓанска војна и интервенцијата на Германија и Италија. Германската окупација на Австрија. Минхенската спогодба, распарчувањето и окупацијата на Чехосло-

вачка. Италијанската окупација на Албанија. Меѓународното работничко движење непосредно пред војната. Германско-советскиот договор за ненапаѓање од 1939 година.

ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И НАРОДНАТА РЕВОЛУЦИЈА ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Почеток на војната и поразот на Полска. Сломот на Франција и земјите од Северозападна Европа. Влегувањето на Италија во војната. Политиката на СССР од 1939—1941. Пристапување на Унгарија, Романија, Бугарија и Југославија кон Тројниот сојуз. 27 март 1941 година и неговото историско значење за југословенските народи. Нападот и окупацијата на Југославија и Грција. Нападот на СССР. Влегувањето на САД во војната — формирање на антихитлеровата коалиција.

Положбата во окупирана Европа и во Југославија по априлската војна. Подготовките и востанието на народите на Југославија под раководството на КПЈ. Создавање слободна територија, народноослободителни одбори и одбори на Народноослободителниот фронт. Настојување на окупаторите и четничките сили да го задушат востанието на народите на Југославија (борбите на Кадињача).

Војната во 1942 година на Источниот фронт, во Северна Африка и на Пацификот. Борбите во Југославија 1942 година (битката на Козара); развитокот на народноослободителните одбори — Првото заседание на АВНОЈ.

Војната во 1943 година — нови порази на фашистичките сили на Источниот фронт и во Северна Африка. Запирање на Јапонците на приодите на Австралија и Индија. Искрцување на сојузничките сили во Сицилија. Капитулација на Италија. Борбите во Југославија 1943 година (битката на Неретва и Сутјеска). Разгорување на НОБ во Македонија — создавање поголема слободна територија околу Дебар и Кичево. Второто заседание на АВНОЈ. Меѓународно признание на Народноослободителната борба.

Војната во 1944 година и крајот на војната: борбите на Источниот фронт; отворање на Вториот фронт во Нормандија. Борби за ослободувањето на Франција и Белгија. Продорот на Црвената армија во Полска, Романија, Бугарија и Унгарија. Стапувањето на сојузничките сили на територијата на Германија. Големата сојузничка офанзива на Пацификот.

Борбите во Југославија 1944 година: Десантот на Дрвар, борбите за ослободување на Србија, Црна Гора и Македонија. Спогодбата Тито—Шубашиќ. Создавање на југословенската федерација. Создавање на единствена југословенска влада. Избори за Уставотворната скупштина и прогласување на ФНРЈ.

Резултати и карактерот на Втората светска војна. Карактерот и специфичностите на Народноослободителната борба на југословенските народи. Придонесот на нашите народи во Втората светска војна.

Светот по Втората светска војна. — Политичката карта на светот по Втората светска војна. Главни нерешени прашања. Односите меѓу големите сили по војната. Создавање на блокови и блоковската политика. Ослободувањето на голем број азиски и африкански народи од колонијализмот и борбата против неоколонијализмот. Неангажираните земји во борбата за светски мир (Белградската и Каирската конференција). Односите во меѓународното работничко и комунистичко движење. ООН и нејзината улога во борбата за мир. Брз развиток на науката и техниката.

Развиток на Социјалистичка Југославија. — Обнова и изградба на земјата. Економски мерки во стопанството. Петгодишен план. Борбата на Југославија за рамноправни односи меѓу социјалистичките земји. Работничко самоуправување. Комунален систем. VII конгрес на СКЈ и новата програма на Сојузот на комунистите на Југославија. Основни карактеристики на Уставот на СФРЈ. Општината и нејзините функции. Самоуправувањето на работните луѓе во работните организации и општественополитичките заедници. Осмиот конгрес на СКЈ и неговите одлуки. СФРЈ во борбата за мир.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Историјата како наставен предмет во основните училишта е застапена во VI, VII и VIII одделение. При третманот на историјата треба да се поаѓа, пред сè, од становиштето колку наставната материја придонесува за остварувањето на основните цели на наставата и нејзините воспитни и идејни функции. Затоа треба да се избегнува сè она што претставува оптоварување на програмата и не придонесува за суштинското сфаќање на историските појави и настани.

За да се здобијат учениците со основни претстави за најголемите настани и појави во развитокот на човечкото општество, со програмата е предвидено изучување на најважните страници од општата историја. Во содржините од историјата на нашите народи треба, каде што е тоа можно, да се укажува на основната прогресивна линија на историскиот развиток. Во оние периоди од историјата во кои општествениот развиток на нашите народи, поради специфичните услови побавно се одвивал или, пак, не ги достигнал општествените облици карактеристични за дадената епоха, треба да се земаат содржини од општата историја и на нив да се надоврзува историјата на нашите

народи. Посебно да се укажува на постојните врски и на заемните културни и други влијанија. Покрај укажувањето на закономерностите во развитокот на човечкото општество и улогата на масите, потребно е да се истакнуваат значајните личности од политичката и културната историја, кои придонесувале за кршењето на старото, преживеаното и за создавањето на нови општествени односи. Потребно е да се дадат и кратки описи на најзначајните битки што ги воделе нашите народи против завојувачите по цена на најголеми жртви, за да можат учениците да ја сватат и доживеат величината на борбите на нашите народи за опстанок и слободен живот. При обработката на историјата не смее да се испушта од предвид истакнувањето на класната структура на општеството и положбата на работниот човек за постојните општествени рамки, за да не се дојде до идеализирање на историјата и до национален романтизам, што е неспоиво со историјата како наука.

При обработката на наставната материја да се користи културно-историскиот материјал и да не се насочува главното внимание само на политичката историја. Разните форми на животот, карактеристични економско-општествени односи, развитокот на средствата за производство — сето тоа се одразило во уметноста, литературата и другите културни дејности.

При обработката на нашата понова историја, особено е нужно да се истакнат моментите од зедничките борби и страдања на југословенските народи. На примерот на стара Југославија да се укаже на сета важност на националното и социјалното прашање со неговите компоненти — работничкото и селското прашање и улогата на КПЈ во политичкиот живот на земјата.

Во приказот за групациите на реакционерните сили во светот во периодот меѓу двете светски војни да се истакнат оние моменти што ќе им помогнат на учениците да ги сфатат општествените причини кои нужно ја водат буржоазијата во реакционерната идеологија и прибегнување кон употреба на сила за зачувување на своите класни позиции.

Посебен акцент да се посвети на наставната материја за Народноослободителната борба и Народната револуција. Оваа материја се обработува синхронизирано во склопот на Втората светска војна. Паралелно со прикажувањето на вооружените борби во Југославија да се укажува и на квалитетните револуционерни промени што настанувале кај нас, нагласувајќи ја единствената смисла на нашата Народноослободителна борба како ослободителна војна и социјалистичка револуција.

Материјата е предвидена да се обработува развојно, со истакнување на текот на војната на одделни фронтови и кај нас. Да се обработат големите битки (Кадињача, Козара, Неретва, Сутјеска, Дрвар и други) и да се истакне извонредниот хе-

роизам на партизанските војски и нивните команданти. Во склопот на обработката на наставната материја да се укаже и на учеството на народностите во Народноослободителната војна. Во наставната материја за создавањето на југословенската федерација да се обработи Првото заседание на АСНОМ и неговите историски одлуки.

Посебно внимание програмата им посветува на настаните во светот по Втората светска војна и нивното значење за развитокот на социјалистичка Југославија. На наставниците им се дава слобода со текот на времето да вршат извесни дополнувања на програмата со нови актуелни теми, што ги наметнува современиот општествен, економски и културен напредок.

ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНО-МОРАЛНОТО ВОСПИТАНИЕ

Задачите на наставата по основи на општествено-моралното воспитание се:

— да ги воведува учениците во познавање на меѓусебните односи што ја формираат социјалистичката личност;

— на учениците да им помага во средувањето на искуствата од областа на општествените односи и да ги воведува во подлабоко разбирање на тие односи;

— да развива способност кај учениците за морално расудување по нивните и туѓите постапки и способност за критично проценување на односите што настануваат во училишниот и општествениот живот;

— да ги запознава учениците со основните барања, принципи и норми за социјалистичкиот морал и да ги насочува да постапуваат во сообразност со нив;

— да развива кај учениците смисла за општествен живот и за учество во изградбата на општествените вредности.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Економско-општествени основи на моралот и моралните норми во социјалистичкото општество. Историски развиток на моралот. Разлики меѓу класниот и социјалистичкиот морал.

Личноста и условите за нејзиниот развиток во социјалистичкото општество.

Односот на поединецот кон општеството: исполнување на општествените обврски, чување на јавниот ред и законитоста, чување на општествениот имот.

Усогласување на личните и општествените интереси: можности за усогласување на личните и општествените интереси во условите на самоуправувањето и непосредната демократија. Подредување личните на општествените интереси (да се појаснат поимите: индивидуализам — индивидуалност; приватно — општествено). Колективизам и колектив. Животот и работата во колективот.

Личноста и трудот: потребата и вредноста на трудот. Улогата на трудот во социјалистичкото општество. Трудот како мерило на вредноста на човекот. Односот кон трудот и својот позив. Исполнување на работните обврски и работна дисциплина.

Односот спрема луѓето. Односот спрема луѓето во социјалистичкото општество се темели врз принципите на социјалистичкиот хуманизам, вербата во човекот и врз почитувањето правата и слободата на работниот човек.

Рамноправни односи на мажот и жената. Жената во бивша Југославија и во подалечното минато. Нерамноправноста на жената во капиталистичкото општество. Односот меѓу половите и положбата на жената во социјалистокото општество.

Младата генерација во нашето општество. Поведение на младината во семејството, на улица, во училиште и на јавни места. Улогата на младината во развивањето на социјалистичките општествени односи и во создавањето на нови општествени вредности и морални норми. Работни акции на младината.

Социјалистички патриотизам: љубов кон татковината, народот, општественото уредување. Заложување за интересите на социјалистичката заедница. Негување на братството и единството. Одбрана на слободата и независноста на татковината.

Интернационализам — односот спрема другите народи. Братска соработка помеѓу социјалистичките земји, помош на народите кои се борат за слобода и независност, солидарност со прогресивните движења во светот, борба за мир и рамноправни односи меѓу народите. Изградување правилен однос кон вредностите на нашата земја и на другите народи. Организацијата на обединетите нации.

Механизам на социјалистичката демократија (на конкретни примери во комуната). Животот во социјалистичката демократска заедница (рамноправност, братство и единство, социјалистичка демократија).

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Општествено-моралното воспитание е составен дел на целосниот воспитно-образовен процес во основното училиште. Поради тоа организацијата во целиот живот и работа во училиштето треба да биде поставена така што учениците постепено и во сообразност со нивниот психофизички развиток да ги воведува во разбирање на основните морални вредности и да ја обликува нивната општествена социјалистичка свест. Во таа смисла треба да се користи секоја погодна воспитна ситуација.

Наставникот секогаш треба да има предвид дека од неговото свесно делување зависи формирањето на моралната свест кај учениците, а тоа е можно само кога делувањето произлегу-

ва од неговото свесно сознавање и уверување. Наставничкиот колектив во оваа смисла треба да делува како целина, а особено одделенскиот раководител, кој има повеќе можности да ги користи настанатите ситуации во животот и работата на училиштето, моментите од животот на колективот, на одделни ученици итн.

Ученичките организации и слободните активности се силен фактор за формирање ликот на ученикот. Добро организиран ученички колектив придонесува во голема мера за општествено и морално воспитување. Во таа смисла голем придонес има и поврзувањето на училиштето со средината, особено со општествените организации, кои треба да им даваат соодветна помош на ученичките организации или во кои учениците членуваат како подмладок.

Работата на општествено-моралното воспитување на учениците, како и другата работа во училиштето, треба да се одвива плански, постепено и систематски. На помалата возраст се почнува со проценување и разбирање на елементарните односи што ученикот ги доживува во најблиската околина, а потоа се минува на сфаќање и разбирање на односите во поширокаша заедница, со цел да се дојде до основните поими за односите меѓу луѓето воопшто.

Општествено-моралното воспитување како составен дел на општата активност на училиштето понепосредно е поврзано со оној дел од наставата што учениците ги воведува во разбирање на општествениот живот, односно во подрачјето по запознавање на природата и општеството. Во првите три одделенија учениците се воведуваат во најосновните општествени односи во семејството, училиштето и родниот крај и во разбирање на моралните вредности што се неопходни за животот во тие заедници. Наставната содржина „Животот и работата во училиштето" овозможува децата на достапен начин да ги согледаат односите што владеат меѓу учителот и ученикот меѓу самите ученици, меѓу одделните одделенија, а посебно на ученикот спрема училиштето како целина. Наставните содржини во темата „Животот и работата во семејството" се погодни за согледување на односите спрема родителите, браќата и сестрите, членовите од потесното и поширокото семејство и воопшто спрема постарите и помладите.

И на повисоката возраст, преку сите наставни области и предмети, а посебно општествените, учениците се воведуваат во правилното оценување на моралните вредности и сфаќањето на општествените односи. Општествените односи и моралните вредности, со кои учениците се запознаваат од IV до VII одделение, се пошироки и покомпликувани отколку во првата фаза на школувањето. Ученичките поими за заедницата се прошируваат и збогатуваат со нови содржини што повеќе бараат морални одговорности за постапките и поведението.

Содржината на општествено-моралното воспитување во VIII одделение се јавува како самостојна настава. Таа овде претста-

вува составен дел на воспитните настојувања, но нејзината вредност треба да биде во тоа, што одделните општествено-морални судови и поими, со кои учениците се здобиле, натаму да се обликуваат и доизградуваат во систем на општествено морални вредности, кои не се само доживеани, туку и рационално сфатени и усвоени.

На овој степен на психофизичкиот развиток кај учениците се јавуваат многубројни и сложени прашања од етичката област, на кои тие бараат одговор. Се јавуваат интимни идеали и барања што треба да бидат сфатени. Тоа пред воспитачите поставува сложени задачи што можат да се решаваат само во атмосфера на доверба меѓу наставникот и ученикот.

Наставната програма претставува ориентациона основа на која, тргнувајќи од конкретните услови во кои што работи училиштето, се изградува програма за воспитната работа.

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА И ПАРАЛЕЛКИТЕ СО СРПСКОХРВАТСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по македонски јазик во училиштата и паралелките со српскохрватски наставен јазик се:

— да ги оспособи учениците за правилно и убаво усно и писмено изразување на македонски литературен јазик;

— да ги запознае со основните јазични законитости и правописот на македонскиот литературен јазик;

— да придонесува за подигањето на културното ниво на учениците.

— да развива естетски и етички чувства и да го негува братството и единството на југословенските народи и народности;

— да развива кај учениците интерес и љубов кон книгата и да ги оспособува самостојно да се служат со неа.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Запознавање со македонската азбука и уочување на разликата меѓу неа и српскохрватската.

Вежби во читање

Читање на текстови на кирилица и латиница. Рецитирање на песни и кратки прозни состави.

Говорни вежби

Рецитирање на кратки песни и делови од прозни дела со особено внимание на изговорот. Проширување на реченицата и пополнување на изоставените зборови во реченицата. Прераскажување на прочитаното (кратки народни песни, приказни, стихотворби и басни).

Писмени вежби

Препишување на обработените текстови со кирилица и латиница, запишување на напамет научените текстови, пополнување на изоставените зборови во обработен текст.

Се работат две писмени задачи во II полугодие.

Поуки за јазикот

На првите часови, уште пред говорните и писмените вежби, наставникот ги запознава учениците со македонската азбука и ја истакнува разликата во изговорот и пишувањето на одделни гласови, односно букви како што се ќ, ѓ и ѕ.

Реченици по значење и по состав (проста и проширена). Подмет и прирок. Атрибут. Менливи зборови. Именки по значење: подмет — предмет. Придавки: поим и поделба. Лични заменки. Броеви: поделба и правопис. Глаголи — основните времиња: сегашно и идно. Акцентот во литературниот јазик — поим.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читање

Читање на достапни текстови на кирилица и латиница, со посебно внимание на правилното и изразно читање. Преку прочитаните текстови и обработените дела во училиште учениците се оспособуваат за самостојно читање дома. При обработката на литературните творби учениците накратко се запознаваат со поважните наши и странски писатели.

Говорни вежби

Се продолжува со рецитирањето за полно естетско доживување, како на прозен текст така и на текст во стихови. Прераскажување на прочитаното и воведување во самостојно сликање на поединостите и личностите во текстот. Читање по улоги. При овие вежби се обрнува внимание на акцентот и културата на говорот.

Писмени вежби

Кратки диктати на кирилица и латиница, одговори на поставени прашања во врска со обработени четива, прераскажување на четива и давање теми во врска со обработените текстови од школската и домашната лектира. Довршување на започнат расказ. Пишување на писма за другари од други училишта. Описи на заеднички набљудувани предмети и појави.

Исправката на писмените вежби се врши на самиот час.

Се работи три писмени задачи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Проширена реченица — апозиција и прироковите додатоци. Сложена реченица. Именки — род, број, збирна и избројна множина. Придавки — компарација. Именски заменки. Глаголи: преодни и непреодни глаголи. Помошниот глагол *сум*. Утврдување и проширување на знаењата за глаголските форми — глаголска *л*-форма, минато неопределено време. Акцентот во туѓите зборови.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање и обработка на литературен текст

Изразно читање на одбрани извадоци од текстови и забележување на стилските средства. Уочување на идејата во прочитаниот текст.

Основна поделба на литературата. Уочување на позитивните и негативните ликови во текстот, изнаоѓање главната мисла како и најубавите места. Запознавање со поистакнати наши и странски писатели, чии текстови се обработуваат.

Усно и писмено изразување

Се настојува учениците да се изразуваат попрецизно. Се прават обиди на мали естетски анализи врз обработени четива. Се прават описи на убави места и најкарактеристични ликови. Учениците практично се оспособуваат за пополнување на разни формулари, пишување на молби, жалби и сл.

Се работат три задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот и обработка на граматички материјал

Изговор и пишување на звучните согласки на крајот од зборот. Едначење на согласките по звучност.

Општ поим за неменливи зборови. Прилози. Предлози. Утврдување на знаењата за предметот. Утврдување и проширување на знаењата за глаголите — свршени и несвршени глаголи. Минато определено свршено и несвршено време. Акцентот на туѓи зборови — туѓи зборови што го задржуваат својот акцент.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Се продолжува со вежбите за усовршување на изразното читање и рецитирање. Општ поим за литературата и нејзината поделба на народна и уметничка. Учениците се запознаваат со позначајни имиња на собирачи на народни умотворби (Браќа Миладиновци, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков).

Се обработуваат одбрани текстови и од поновата наша и странска литература, при што се забележуваат естетските,

психолошките, идејните и јазично-стилските црти на творбите, како и општествените и економските прилики во кои тие настанале.

Усно и писмено изразување

Во ова одделение се утврдува и продлабочува сè она што се предвидува во претходните одделенија. Покрај филмот, радиото и телевизиските емисии, особено се обрнува внимание на задолжителната и слободната лектира и во врска со тоа се организираат дискусии. Се прават помали самостојни писмени состави, кратки реферати од прочитаното, писмени извештаи за посети на разни стопански организации и сл.

Се работат три задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот и обработка на граматички материјал

Општ поим за сложена независна и сложена зависна реченица. Акцентот во акцентските целости. Членот (трите вида) како својство на македонскиот јазик. Глаголските облици: заповеден начин и глаголски прилог.

При обработката на материјалот од областа на поуките за јазикот и граматиката се препорачува употреба на компаративната метода (во однос на мајчиниот јазик), со оглед на сличноста на нивната законитост.

За лектира, училишна и домашна, во сите три одделенија се земаат творби предвидени во програмата за основните училишта со македонски наставен јазик, а во зависност од паралелката и совладаноста на јазикот.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Со вежбите во читањето се развива говорната култура. Уште од првите денови ученикот треба да свикнува слободно, правилно и естетски да го разбере текстот со особена поента на акцентот и интонацијата на реченицата и пасусот. Учењето на стихови напамет треба да биде потреба на ученикот. Преку читањето по улоги, не само што се воведува тој во текстот, туку се јакнат неговите говорни изразни особености. Ваквата работа му наложува на наставникот задача лично да навлезе во литературата за развивање на говорната култура.

Во почетната настава по македонски јазик, преку набљудувањето на најблиската околина, природата и општеството, ученикот се упатува на именување на предметите и појавите, му се даваат примери од народната и уметничката литература и постепено се воведува во изразувањето преку разговори за обработените текстови. По време, веќе според возраста, треба да се развива самостојно изразување, опишувањето на личности и настани, но и опишувањето на моменти од сопствениот живот.

Напоредно со оваа работа потребно е учениците да се запознаат со видовите зборови и со нивната служба во реченицата. При обработката на поуките за јазикот наставникот треба да се служи со методот на споредување.

Пред да пишува или зборува, ученикот треба да ја следи содржината, да направи план за писмената или говорната вежба. При тоа секогаш треба да се стреми кон што поубав оригинален израз. Ученикот треба да се воведува во набљудувањето, забележувањето, укажувањето на падежните изрази што се среќаваат во обработените текстови.

За збогатувањето на речникот на учениците може добро да послужи и решавањето на крстословки, што ги има доволно во детскиот печат.

Новите средства за сообраќај меѓу леѓуто, техничките достигања, со кои практично се служи поголем дел од нашиот народ, му наложуваат на новото училиште да ги оспособува учениците критички да се однесуваат спрема сè она што го слушаат, гледаат и читаат. Наставникот има должност преку методот на набљудување, забележување, читање на статии од весници, книги, слушање на радио, гледање на филмови и сл. да ги воведе учениците во современата општествена и политичка проблематика, да го обедини и поврзе нивното добиено знаење и да ги оспособи за практично служење со јазикот.

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА И ПАРАЛЕЛКИТЕ СО ШИПТАРСКИ НАСТАВЕН И ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по македонски јазик во овие училишта се:

— учениците да ги оспособи за правилно и убаво усно и писмено изразување на македонски литературен јазик;

— да ги запознае, во зависност од условите и можностите, со основните јазични законитости на македонскиот литературен јазик;

— да придонесува за подигање културното ниво на учениците; да развива кај нив естетски и етички чувства; да го негува братството и единството на нашите народи и народности;

— да развива интерес и љубов кон книгата и да ги оспособува учениците за самостојна работа со книга.

III ОДДЕЛЕНИЕ

Почетно читање и пишување

Подготвителен дел — запознавање со најосновниот речник. Воведување во почетното читање и пишување на писмото кирилица. При воведувањето во почетното читање и пишување учениците се оспособуваат научените зборови и изрази правилно да ги употребуваат во говорот и пишувањето.

Усно и писмено изразување

Усното и писменото изразување се изведува во врска со животот и работата во училиштето. Постојано се обрнува внимание на артикулацијата на гласовите, како и на вежбањето во правилниот изговор на консонантите и вокалите.

Вежбите во писменото изразување се вршат преку препишување на зборови и реченици, диктирање на зборови и пократки реченици.

При изведувањето на систематските вежби, за проширување на детскиот речник, се користат и детските списанија, радио и телевизиските емисии, како и филмовите за деца.

Поуки за јазикот

Разликување на предметите, односно суштествата и нивните симболи: гласови, зборови и реченици (без дефиниција). Пишување голема буква во почетокот на реченицата и најобичните сопствени имиња. Употреба на точка на крајот од реченицата.

Вежбање во правилниот изговор на гласовите: к, ќ, г. ѓ, ч.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Читање

Во ова одделение се продолжува со совладувањето на читањето и пишувањето, со цел читањето да стане што поразбирливо и поприродно, а пишувањето што поправилно. Не треба да се инсистира за брзо, туку за правилно читање. Притоа се користи читанката, детски списанија и книги за деца (народни и уметнички приказни, басни, бајки, детски песни итн.).

Може да се применува и читање по улоги, како и преработување по план.

Усно и писмено изразување

Се зема материјал од најблиската средина на учениците (домот, улицата, училиштето и др.), природата и општеството. Изразувањето да произлегува од прашања и одговори, како и од полесни преработувања на текстови што учениците ги читале во училиштето и дома, што ги слушале или гледале на радио и телевизиски емисии, филмови и др. Се учат и рецитираат напамет научени песнички, но со разбирање на зборовите.

Му се посветува внимание на правилното писмено изразување, користејќи притоа: препишување текстови со одредена задача (на пример: дополнување на испуштени зборови, класирање на зборовите според нивното значење и употреба, издвојување на одделни реченици од текстот итн.). Пишување на напамет научени текстови, писмено преработување на она што учениците го чуле во училиштето и домот, и тоа: на прашања, по план и слободно; составување на мали раскази со помош на наставникот; самостојно пишување кратки писмени состави.

Во изразното читање и рецитирање учениците ги воведува самиот наставник, преку своето читање и рецитирање.

Поуки за јазикот

Реченица: реченици со кои нешто кажуваме, прашуваме или извикуваме и знаците на крајот од овие реченици. Зборови што означуваат предмети и суштества и зборови што означуваат работа. Употреба на две точки и запирка при набројувањето.

Се продолжува со увежбувањето на правилниот изговор на гласовите к, ќ, г, ѓ, ч.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Читање

Читање кратки народни песни, приказни, стихотворби и басни. При читањето се обрнува внимание на правилното и изразното читање.

Усно и писмено изразување

Разговор за училиштето, семејството, телото и облеката. Раскажување на одбрани народни приказни. Препишување кратки реченици и текстови. Диктат. Пополнување на реченицата со изоставени зборови. Одговори на прашања од обработениот материјал. Прераскажување стихотворби научени напамет.

Се работат три задолжителни писмени работи.

Поуки за јазикот

Пишување на „не“ и „ли“ (одвоено), „не“ и „нѐ“, „и“ и „ѝ“, „му“, во најобични случаи. Самогласки и согласки и поделба на зборовите на слогови (практично).

Разликување на именката и глаголот и нивната улога во реченицата (подмет и прирок). Разликување на еднина и множина (исто така во реченицата). Во текот на годината се вршат правописни вежби за отстранување на основните правописни грешки. Пишување по диктат и други писмени вежби во врска со поуките за јазикот. Заменки — лице, род, број. Редни броеви и правопис на овие броеви. Општо за менливите зборови.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање и обработка на литературен текст

Се продолжува со правилното и изразното читање. Преку прочитаните текстови и обработените дела во училиштето учениците се оспособуваат за самостојно читање дома. Полесни погодни текстови се драматизираат и по улога се учат напамет. Се користат радио и телевизиски емисии, филмот, грамофонски плочи.

При обработката на текстовите учениците накратко се запознаваат со позначајните наши и странски писатели.

Усно и писмено изразување

Се продолжува со вежбите за убаво прераскажување на обработени текстови, прочитани книги, гледани филмови, слушани емисии, и се раскажуваат интересни лични доживувања. Се продолжува и со употребата на диктатот, препишувањата, одговорите на прашања и сл.

Се работат три задолжителни писмени работи: една во I и две во II полугодие.

Поуки за јазикот

Проста проширена реченица. Општ поим за придавки (род, број и правопис), степенување кај придавките. Определба на именката — атрибут. Кратки заменски форми, како двоен предмет во реченицата. Предмет. Трите основни времиња; сегашно, идно и минато неопределено. Помошен глагол *сум*.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Изразно читање и обработка на литературен текст

Се продолжува со изразното читање. Основна поделба на литературата: поезија и проза. Уочување на позитивните и негативните ликови во текстот и изнаоѓање на главната мисла, како и најубавите места. Се продолжува со драматизирање на погодни текстови. Преку прочитаните литературни творби учениците се запознаваат со позначајните наши и странски писатели. Се негува рецитирањето на обработени стихотворби.

Усно и писмено изразување

Се организираат разговори и кратки дискусии за она што се читало, гледало или слушало. Како извор за теми служи стварниот живот на ученикот и неговата околина.

Се прават описи на убави места и на карактеристични ликови. При изложувањето на содржината се издвојува и опишува само суштинското.

Учениците практично се оспособуваат за пополнување на разни формулари, пишување молби, жалби и сл.

Се работат три задолжителни писмени работи: една во I и две во II полугодие.

Поуки за јазикот

Изговор и пишување на звучните согласки на крајот од зборот. Општ поим за неменливите зборови. Прилози. Утврдување на знаењата за предметот, други додатоци на прирокот.

Утврдување и проширување на знаењата за глаголите. Давање поим за свршени и несвршени глаголи. Минато определено свршено и несвршено време.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Се дооформуваат вежбите за усовршување на изразното читање и рецитирање. Се дава поим за литературата и нејзината поделба на народна и уметничка. Учениците се запознаваат со позначајните имиња на собирачи на народни умотворби (Бра-ќа Миладиновци, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков).

Се земаат одбрани текстови и од поновата наша и странска литература. При анализата, покрај изнаоѓањето на убавите места, уочувањето на позитивните и негативните ликови, учениците накратко се запознаваат и со општествените и економските прилики во кои настанале творбите.

Усно и писмено изразување

Во ова одделение се утврдува и продлабочува сè она што се предвидувало во претходните. Покрај филмот, радиото, телевизијата, особено се обрнува внимание на задолжителната и слободната лектира и во врска со тоа се организираат дискусии. Се даваат усно извештаи за разни посети и сл. Се прават помали самостојни писмени состави, кратки реферати за прочитаното, писмени извештаи за посети на стопански организации и сл.

Се работат три задолжителни писмени работи: една во I и две во II полугодие.

Поуки за јазикот

Општ поим за сложена независна и сложена зависна реченица. Други глаголски облици: заповеден начин, глаголски прилог. Акцентот (без навлегување во подробности). Членот (трите вида), како особеност на македонскиот јазик.

ЛЕКТИРА

За лектира, училишна и домашна, се земаат литературни творби предвидени за основните училишта со македонски наставен јазик, а во зависност од условите, паралелката и совладаноста на македонскиот јазик.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Учениците од основните училишта и паралелки со наставен шиптарски и турски наставен јазик, со македонскиот јазик се запознаваат почнувајќи од III одделение, откако веќе се оспособиле за правилно читање и пишување на својот мајчин јазик, на писмото латиница.

Од каде ќе се почне со изучувањето на македонскиот јазик зависи, пред сè, од структурата на учениците во конкретното училиште. Во нашата Република има села со чисто шиптарско и турско население, оддалечени од градските населби, од кои децата за првиот ќе се сретнат со македонски зборови дури во трето одделение, т.е. на својата десетгодишна возраст. Втора група би претставувале оние селски и градски населби во кои живее мешано население. Во овие населби објективните услови на живеење ги терале учениците на повеќејазична комуникација, така што, покрај мајчиниот јазик, повеќето од нив, до извесен степен, го совладале и другиот (во конкретниов случај македонскиот) говорен јазик. Освен тоа, ќе се случи, во една иста паралелка дел од учениците воопшто да немаат никакви познавања за македонскиот јазик, а други да имаат знатен фонд од македонски зборови.

Во секој случај, учителот треба да почне да изведува почетна настава по македонски јазик од конверзација, т.е. од прости говорни вежби за предметите и појавите со кои учениците се сретнуваат во училиштето, во домот и во најблиската околина. Со други зборови, треба да се изврши подготовка за нормален премин кон почетното читање и пишување на македонски јазик, во иста смисла како што се врши и во мајчиниот јазик. Колку време ќе трае овој подготвителен период зависи од составот и предзнаењата на учениците, но секако тој треба да биде пократок од времето што е потребно за подготвителниот период по мајчин јазик.

По усвојувањето на македонската азбука — кирилицата, се преминува кон составување, изговорање и пишување на наједноставни реченици. При ова можат да се користат и разни аудиовизуелни средства, предмети, слики, фланелограф и др. Особено е важно во III и IV одделение учениците да свикнат на правилниот изговор и нагласокот на македонските зборови, како и да се оспособат за што поприродна интонација на реченицата.

Писмените вежби започнуваат со препишување на зборови и реченици, а потоа со запишување на издиктирани зборови и пократки реченици, за да се премине, во погорните одделенија, кон самостојно писмено изразување во вид на писмени домашни или училишни задачи.

Читање прво се изведува на сосема кратки текстови од читанката или разни илустрирани детски списанија. Потоа се преминува кон читање на посложени текстови, така што на крајот од основното образование учениците да се оспособат за изразно читање и самостојно служење со усниот и писмениот македонски литературен јазик.

Со поуките за јазикот, на определен начин, учениците се запознаваат уште од III одделение. Тие се состојат во правилното пишување и препишување на зборови и реченици, пишувањето на голема буква и употребата на точката во најобични случаи. Исто така се обрнува внимание на правилниот изговор на гласовите к, ќ, г, ѓ, ч. Во погорните одделенија се совладуваат нови

поими: се прошируваат знаењата за реченицата, за менливоста и неменливоста на зборовите, за интерпункцијата, правописот, акцентот и членот во македонскиот јазик. Во основните училишта со турски наставен јазик посебно внимание се обрнува на усвојувањето родот кај менливите зборови, бидејќи во турскиот јазик постои само еден род.

За лектира ќе се избираат оние литературни дела (од списокот на лектирата за основните училишта по македонски наставен јазик) што според оценката на наставникот најмногу одговараат на возраста и предзнаењата на учениците.

Општо земено, наставата по македонски јазик во основните училишта со шиптарски и турски наставен јазик, во текот на основното образование, на учениците треба да им даде такви знаења за македонскиот литературен јазик што ќе им овозможат лесно да се служат како во практичниот живот, така и во натамошното школување во разни видови училишта, каде што наставата се изведува само на македонски јазик.

СРПСКОХРВАТСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по српскохрватски јазик во училиштата со македонски наставен јазик се:

— да ги оспособи учениците за правилно и убаво усно и писмено изразување на српскохрватски литературен јазик за да можат по завршувањето на основното училиште да се служат со него во практичниот живот;

— да ги запознае со основните јазични законитости и со правописот на српскохрватскиот литературен јазик;

— да придонесува за подигањето на културното ниво на учениците и да развива естетски и етички чувства кај нив;

— да помага, заедно со наставата по мајчин јазик, за развивање на братството и единството на нашите народи.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Читање на текстови на кирилица и латиница со стремеж да се развие што поправилно изразно читање. Читање по улоги за што попотполно внесување во личностите. Рецитирање на песни и кратки прозни состави.

Говорни вежби

Рецитирање на кратки песни и делови од прозни дела со особено внимание на изговорот. Проширување на реченицата и пополнување на изоставени зборови во реченицата. Прераскажување на прочитаното и претворување на покусите песнички со содржина во раскази или прозни описи. За оваа цел особено можат да послужат песните на Чика Јова—Змај.

Писмени вежби

Препишување на обработените текстови со кирилица и латиница, пишување на напамет научените текстови, пополнување на изоставените зборови во обработениот текст.

Во ова одделение се работат две училишни писмени работи во II полугодие.

Поуки за јазикот

На првите часови, уште пред говорните и писмените вежби, наставникот треба да ја истакне разликата во изговорот и начинот на пишувањето на одделни букви од азбуката (ѓ, ѓ, џ, ч, љ, г, ј, њ). Азбука — изговор на новите гласови. Реченици по состав (проста и проширена); подмет и прирок. Менливи зборови. Именки — особено значење (подмет—предмет). Придавки — поим и поделба. Лични заменки — поим (номинатив и акузатив). Броеви. Глаголи — поим за инфинитив, презент, перфект и футур. Творба на презентот. Поим за императив.

Забелешка: Со говорните вежби треба да се започне уште од првите денови, така што целокупната содржина на наставата во I полугодие треба да биде само читање и прераскажување, бидејќи не е можно организирање на часови по поуките за јазикот, зашто ученикот тоа треба најпрво да го дознае од наставникот по својот мајчин јазик.

Со школските писмени задачи треба да се почне во II полугодие и тогаш треба да се направат само две писмени задачи. Меѓутоа, покуси писмени вежби можат почесто да се работат на тој начин што ќе се употреби првата половина од часот за пишување, а втората половина за поправање на вежбите.

При обработката на материјалот од областа на поуките за јазикот се препорачува и употребата на компаративната метода (во однос на мајчиниот јазик) со оглед на сличноста во нивната законитост.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Читање на текстови на кирилица и латиница со цел во текот на читањето да се разликува староста, звањето или расположението на лицата, чии зборови се читаат. Да се доживее уметнички читаниот текст.

Говорни вежби

Се продолжува со рецитирањето за потполно естетско доживување, како на прозен текст така и на текст во стихови. Прераскажување на прочитаното и воведување во самостојно сликање на поединости и личности во текстот. Читање по улоги. При овие вежби се обрнува внимание на акцентот и културата на говорот во врска со наученият материјал по граматика.

Писмени вежби

Куси диктати на кирилица и латиница. Одговори на поставени прашања во врска со обработените четива, прераскажување на истите и давање на теми во врска со обработените текстови од училишната и домашната лектира, во врска со набљудувањето на најблиската околина и сл. Исто така, на учениците може да им се прочита почетокот на некој расказ, а тие да го состават крајот. Како тема за писмени вежби може да им се даде и писмо за другарите од други училишта, како и опис на заеднички набљудувани предмети и појави. Поправката се врши, како и во V одделение, на час.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Проста и проширена реченица, сложена реченица. Именки — генитив, датив, акузатив, вокатив, инструментал и локатив (основните значења и предлозите што се јавуваат најчесто со овие форми). Придавки — компарација; јотување. Глаголи — перфект. Утврдување и проширување на знаењата за личните заменки.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Изразно читање на одбрани извадоци од текстови и забележување на стилските средства. Согледување на идејата во прочитаниот текст.

Усно и писмено изразување

Говорните и писмените вежби се изведуваат како и порано, со стремеж за уште поголема прецизност во изразувањето. Обиди за мали содржајни и естетски анализи врз обработени четива. Мали говори во врска со државните празници или училишните свеченост.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Едначење по звучност. Именки — промена. Заменки — поим и промена на општите заменки; придавски заменки — посвојни и показни. Глаголи — футур.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Изразно читање на народни и уметнички четива и определување на идејни, естетски и јазичко-стилски црти.

Усно и писмено изразување

Се утврдува и продлабочува сè она што се предвидувало и изучувало во претходните одделенија. Се организираат дискусии во врска со гледан филм, театарска претстава, слушана радио-емисија и сл. Се даваат усни и писмени извештаи за прочитани книги, посети и др.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Утврдување и проширување на материјалот обработен во претходните одделенија. Во врска со сложената реченица уште и разликување на независниот и зависниот однос на одделните реченици.

ЛЕКТИРА

V и VI ОДДЕЛЕНИЕ

Бајке — Браќа Грим
Песме за децу — Отон Жупанчич
Књига смеха — Владимир Назор
Звездене баладе — Мира Алечковиќ
Басне — избор
Народне песме и приповетке — избор
Влак у снијегу — Мато Ловрак
Истините легенди (по избору) — Јован Поповиќ
Мали певач — Јанко Веселиновиќ
Песме за децу (по избору) — Јован Јовановиќ — Змај
Суве крушке — Иван Цанкар

VII и VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Песме (по избору) — Десанка Максимовиќ
Приповетке (по избору) — Мишко Крањец
Све ће то народ позлатити — Лаза Лазаревиќ
Кроз мећаву — Петар Кочиќ
На Липару — Ѓура Јакшиќ
Орлови рано лете — Бранко Ќопиќ
Описне песме (по избору) — Војислав Илиќ
С партизанима — Владимир Назор
Ѓурѓеваk — Прежихов Воранц

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Со вежбите во читањето се одгледува говорната култура. Уште од првите денови ученикот треба да свикнува слободно, правилно и естетски да го разбере текстот со особена поента на акцентот и интонацијата на реченицата и пасусот. Учењето на стихови напамет треба да биде потреба на ученикот. Преку читањето по улоги, не само што се воведува тој во текстот, туку се јакнат неговите говорни изразни способности. Ваквата работа му наложува на наставникот задача лично да навлезе во литературата за одгледување на говорната култура.

Во почетната настава по српскохрватски јазик, преку набљудување на најблиската околина, природата и општеството, ученикот се упатува на именување на предметите и појавите, му се даваат примери од народната и уметничката литература и постепено се воведува во изразувањето преку разговори за обработените текстови. По време, веќе според возраста, треба да се одгледува самостојното изразување, опишувањето на личности и настани, но и опишувањето на моменти од сопствениот живот.

Напоредно со оваа работа потребно е учениците да се запознаат со видовите зборови и со нивната служба во реченицата. При обработката на поуките за јазикот наставникот треба да се служи со методот на споредување.

Во одгледувањето на стилот кај учениците голема улога игра наставникот. Пред да пишува или зборува, ученикот треба да ја следи содржината, да направи план за писмената или говорната вежба. Во тоа секогаш треба да се стреми кон што поубав оригинален израз. Ученикот треба да се воведува во набљудувањето, забележувањето, укажувањето на падежните изрази што се среќаваат во обработените текстови.

За збогатувањето на речникот на учениците може добро да им послужи и решавањето на крстословки, што ги има доволно во детскиот печат.

Новите средства за сообраќај меѓу луѓето, техничките достигнувања, со кои практично се служи поголемиот дел од нашиот народ, му наложуваат на новото училиште да ги оспособува учениците критички да се однесуваат спрема сето што го слушаат, гледаат и читаат. На наставникот му е должност преку методот на набљудување, забележување, читање на статии од весници, книги, слушање на радио, гледање на филмови и сл. да ги воведе учениците во современата општествена и политичка проблематика, да го обедини и поврзе нивното добиено знаење и да ги оспособи за практично служење со јазикот.

СЛОВЕНЕЧКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА И ПАРАЛЕЛКИТЕ СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по словенечки јазик во училиштата и паралелките со македонски наставен јазик се:

— да ги оспособи учениците правилно и убаво усно и писмено да се служат со словенечкиот литературен јазик;

— да ги запознае со основните јазични законитости и правописот на словенечкиот литературен јазик;

— да даде придонес за продлабочување на братството и единството на нашите народи;

— да развива кај учениците интерес кон словенечката литература, а преку неа и кон словенечката култура.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Запознавање со словенечката азбука и посочување на разликите меѓу неа и македонската азбука.

Вежби во читањето

Читање на кратки текстови со особено внимание на правилниот изговор на *l*, *v*, *j*, — во сите позиции; правилен изговор на вокалите, особено: *é*, *ê*, *ó*, *ô*, и полугласот *e*. Рецитирање на песнички и мали прозни состави.

Говорни вежби

Рецитирање на кратки песни и одломки од прозни дела со особено внимание на изговорот на вокалите и консонантите. Дијалози во форма на прашања и одговори. Проширување на реченицата со ново усвоени зборови и пополнување на изоставени зборови во реченицата.

Писмени вежби

Диктат на зборови што содржат гласови — карактеристични за словенечкиот јазик. Препишување на обработени текстови. Пополнување на изоставени зборови во обработен текст. Писмени прашања и одговори со содржина од разговорниот јазик.

Во II полугодие се работат две писмени задачи.

Поуки за јазикот

На првите часови наставникот ги запознава учениците со словенечката азбука, истакнувајќи ја разликата во пишувањето и изговорот на вокалите, особено внимание да се обрне на *é, è, ê,* полугласот *e, ó, ò, ô,* како и на сите краткоакцентирани вокали. Потоа кон правилен изговор на: *l, v, j, nj, dj, lj*; правилниот изговор на овие гласови треба да биде постојана грижа на наставникот.

Акцентот во словенечкиот литературен јазик; поим, подвижен и неподвижен акцент.

Реченица по значење и состав — проста и проширена; подмет, прирок, атрибут.

Менливи зборови: именки — како подмет и предмет во реченицата; придавки — поим и поделба, придавка како атрибут во реченицата; лични заменки; броеви — поделба и правопис; глаголи — запознавање со формите на помошниот глагол *biti* и неправилниот глагол *iti*, сегашно и идно време.

При изучувањето на менливите зборови особено внимание да се обрне на двоината во словенечкиот јазик.

ЛЕКТИРА

Slovenske narodne pravljice
Oton Župančič — *Ciciban*
Dragotin Kette — *Šivlija in škarjice*
Kristina Brenkova — *Golobje, sidro in vodnjak*

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Читање на достапни текстови со посебно внимание на правилниот изговор и естетското читање. Учениците да се запознаваат со полесни творби од словенечките писатели. Да се оспособуваат за самостојно читање на лектира достапна за нив; за таа цел да се упатат како да се служат со речник.

Говорни вежби

Естетско рецитирање на стихови и прозни текстови. Со помош на прашања да се прераскажува она што е прочитано. Читање по улоги со обрнување внимание на правилниот изговор, акцентирањето и културата на говорот. Прашања и одговори со содржината од секојдневието.

Писмени вежби

Куси диктати, одговори на поставени прашања во врска со обработените четива, прераскажување на полесни четива со помош на поставени прашања. Описи на заеднички посматрани појави и предмети. Овие писмени вежби би можеле да се работат групно. Допишување со ученици од соодветните одделенија во Словенија или вон неа, но што учат словенечки јазик. Допишувањата би можеле да бидат индивидуални и колективни.

Исправката на писмените вежби се врши на самиот час.

Се работат три писмени задачи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Проширена реченица — апозиција и прироковите додатоци. Сложена реченица. Именки — род, број и падеж. Да се обрне внимание на двоината кај именките. Деклинација на четирите групи. Придавки — компарација; совпаѓање со именките по род, број и падеж. Именски заменки — поделба и обработка на оние што најчесто се во употреба. Глаголи — преодни и непреодни, проширување на претходните знаења за глаголските времиња и запознавање со минато и одамна минато време. При тоа да се објасни содржинската страна на минатото време, во споредба со минато неопределено време во македонскиот јазик. Запознавање со формите на глаголите: *jesti, dati, vedeti.*

ЛЕКТИРА

Prežihov Voranc — *Solzice*
Tone Seliškar — *Deklica z junaškim srcem*
Janez Trdina — *Bajke in povesti o Gorjancih*
France Bevk — *Knjiga o Titu*
Ivan Cankar — *Hlapec Jernej in njegova pravica*

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читање и обработка на литературен текст

Изразно читање на одбрани текстови и забележување на стилски средства. Истакнување на идејата во прочитаниот текст позитивни и негативни ликови, како и најубави места.

Усно и писмено изразување

Учениците се оспособуваат за попрецизно изразување. Се прават усни и писмени описи на убави места од обработените текстови, мали естетски анализи, опис на ликови.

Натамошно практично оспособување со цел да можат да се снајдат на јавни места: пошта, телефонска говорница, железничка станица, кино, театар, продавница и слично.

Допишувањето со другарчињата да продолжи.

Во текот на годината се работат три писмени задачи.

Поуки за јазикот и обработка на граматички материјал

Едначење по звучност во пишувањето и во изговор. Споредба на оваа фонетска промена со промената во македонскиот јазик, бидејќи во словенечкиот јазик е извршена само во изговорот.

Општ поим за неменливите зборови; прилози; предлози — предлог *ob* со значење за време и со значење за место, предлог *v*, предлог *s*, *z* и други.

Утврдување и проширување на значењата за глаголите; партиципи; инфинитив — значење и употреба; супин — значење и употреба.

Проширување на знаењата за акцентот во словенечкиот јазик.

ЛЕКТИРА

Fran Levstik — *Martin Krpan*
Oton Župančič — *Izbrane pesmi*
Franc Filipič — *Peter*
Tone Seliškar — *Rudi*
Franc Finžgar — *Pod svobodnim soncem*
Simon Gregorčič — *Pesmi*

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежбите во читањето и натаму треба да придонесуваат естетското читање и рецитирање да се усовршува.

Да се даде општ поим за литературата и нејзината поделба на народна и уметничка.

Читање на творби од народна поезија и проза.

Стилска и естетска анализа на обработени текстови.

Запознавање со словенечките писатели, чии текстови се обработуваат.

Усно и писмено изразување

Проширување и утврдување на материјалот предвиден во претходните оделенија. Дискусии, писмени реферати и извештаи

во врска со гледана ТВ емисија, филм, колективни посети и набљудувања. Кратки слободни писмени состави и реферати за прочитани творби. Писмени контакти со ученици од Словенија.

Се работат три задолжителни писмени задачи.

Поуки за јазикот

Глаголски облици: заповеден, желбен и условен начин; активно, медијално и пасивно искажување на глаголското дејствие.

Независно сложени и зависно сложени реченици — општ поим.

Употребата на падежи во реченицата.

ЛЕКТИРА

France Prešern — *Poezije*
Ivan Cankar — *Na Klancu*
Prežihov Voranc — *Samorastniki*
France Filipič — *Pohorski bataljon*
Anton Aškerc — *Pripovedne pesmi*
Miško Kranjec — *Pod staro jablano*

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Правилниот изговор во читањето како и во говорните вежби треба да биде постојана грижа на наставникот. Со цел полесно да се премине тешкотијата во врска со акцентирањето, наставникот треба да ги упатува учениците кон бележење на акцентот во секој неакцентиран текст, читање стихови, како и учење на стихови, зашто низ ритамот на стихот се наметнува и правилното акцентирање. Читањето и учењето на стихови не треба да се занемарува, туку да се негува и во горните одделенија. Се препорачува и употреба на грамофонски плочи и магнетофон. Магнетофонот успешно служи за исправање извесни неправилности во изговорот, односно се препорачува учениците да го слушаат сопствениот изговор, а потоа да прават споредба со правилниот изговор.

Преку набљудување на најблиските предмети, лица, околината, природата, општеството, ученикот се упатува кон именување на лица, предмети и појави, а преку водење дијалози во форма на прашања и одговори, како и преку читање по улоги, ученикот не стекнува само рутина во изговорот, туку се оспособува практично да се служи со јазикот. Постојана грижа на наставникот треба да биде упатувањето на ученикот кон практич-

ната примена на секој нов збор, на секоја усвоена граматичка категорија, секојдневно ученикот да се поставува во активен однос кон јазикот што го изучува.

Предвидениот материјал од граматиката и поуките за јазикот е ускладен со соодветниот материјал по мајчиниот јазик, па успешно може да се примени компаративната метода. Кан оние форми што се карактеристични за словенечкиот јазик (двоината, падежите, искажување на идното време и друго) наставникот треба да обрне посебно внимание, но при тоа да настојува тие да не се усвојуваат механички, туку учениците да можат правилно да ги применат. Пополнувањето на испуштени зборови, допишување на менливи зборови со правилна наставка и слично, преставуваат погодни писмени вежби за совладувањето на материјалот, како и за проверувањето на знаењата и нивната практична примена.

За работење реферати, извештаи, писмени анализи се препорачува работа по групи, што ќе опфати ученици со различни интелектуални способности.

Редовно и системно читање на задолжителната школска лектира, детскиот и младинскиот печат, како и упатувањето кон лектирата достапна за учениците, ќе придонесе за богатење на речникот и фразата.

Колективното допишување би требало да се негува во сите одделенија, не само како форма на писмено изразување, туку пред сè како најпогоден начин за меѓусебно зближување и продлабочување на единството меѓу нашите народи.

ШИПТАРСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА И ПАРАЛЕЛКИТЕ СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по шиптарски јазик во училиштата со македонски наставен јазик се:

— да ги оспособи учениците за правилно и убаво усно и писмено изразување на шиптарски литературен јазик за да можат по завршувањето на основното училиште да се служат со него во практичниот живот;

— да ги запознае со основните јазични законитости и со правописот на шиптарскиот литературен јазик;

— да придонесува за подигањето на културното ниво на учениците и да развива естетски и етички чувства кај нив;

— да помага, заедно со наставата по мајчин јазик, за развивањето на братството и единството на нашите народи и народности.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Читање на текстови за да се развие што поправилно изразното читање. Читање по улоги за што попотполно внесување во личностите. Рецитирање на песни и куси прозни состави.

Говорни вежби

Рецитирање на кратки песни и делови од прозни дела со особено внимание на изговорот. Проширување на реченицата и пополнување на изоставени зборови во реченицата. Прераскажување на прочитаното и претворување на покусите песнички со содржина во раскази или прозни описи. За оваа цел особено можат да служат песните на Чика Јова-Змај, на Рецеп Хоџа, Мехмед Али Хоџа, и др, како и песните од страниците на „Gëzimi“ и „Fatosi“.

Писмени вежби

Препишување на обработените текстови, пишување на напамет научени текстови, пополнување на изоставени зборови во обработениот текст.

Во ова одделение се работат две училишни писмени работи во II полугодие.

Поуки за јазикот

На првите часови, уште пред говорните и писмените вежби, наставникот треба да ја истакне разликата во изговорот и начинот на пишувањето на одделни букви од азбуката (посебно да се води сметка за правилниот изговор на буквите: ë, y, потоа dh, th и rr, ll. За правилно пишување на: dh, gj, ll, nj, rr, sh, th, xh, zh и x, а особено за самогласката ë). Азбука — правилен изговор на новите гласови. Реченици по состав (проста и проширена); подмет и прирок. Менливи зборови. Именки — особено значење (подмет — предмет). Придавки — поим и поделба. Лични заменки — поим (номинатив и акузатив). Броеви. Глаголи — поим за инфинитив, презент, перфект и футур. Творба на презентот. Поим за императив.

Забелешка: со говорните вежби треба да се започне уште од првите денови, така што целокупната содржина на наставата во I полугодие треба да биде само читање и прераскажување, бидејќи не е можно организирање на часови по поуките за јазикот, зашто ученикот тоа треба најпрво да го дознае од наставникот по својот мајчин јазик.

Со училишните писмени задачи треба да се почне во II полугодие и тогаш треба да се направат само две писмени задачи. Меѓутоа, покуси писмени вежби можат да се работат почесто на тој начин што ќе се употреби првата половина од часот за пишување, а втората половина за поправање на вежбите.

При обработката на материјалот од областа на поуките за јазикот се препорачува и употребата на компаративната метода (во однос на мајчиниот јазик).

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Читање на текстови со цел во текот на читањето да се разликува староста, звањето или расположението на лицата чии зборови се читаат. Да се доживее уметнички читаниот текст.

Говорни вежби

Се продолжува со рецитирањето за потполно естетско доживување, како на прозен текст така и на текст во стихови. Прераскажување на прочитаното и воведување на самостојно сликање на поединости и личности во текстот. Читање по улоги. При овие вежби се обрнува внимание на акцентот и културата на говорот во врска со наученият материјал по граматика.

Писмени вежби

Куси диктати. Одговори на поставени прашања во врска со обработените четива, прераскажување на истите и давање теми во врска со обработените текстови од училишната и домашната лектира, во врска со набљудувањето на најблиската околина и слично. Исто така, на учениците може да им се прочита почетокот на некој расказ, а тие да го состават крајот. Како тема за писмена вежба може да им се даде и пишување писмо за другар од друго училиште, како и опис на заеднички набљудуван предмет или појава. Поправката се врши, како и во V одделение, на час.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Проста и проширена реченица, сложена реченица. Именки. — генитив, датив, акузатив, вокатив, аблатив (основните значења и предлозите што се јавуваат најчесто со овие форми). Придавки — компарација; Глаголи — перфект. Утврдување и проширување на знаењата за личните заменки.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Изразно читање на одбрани извадоци од текстови и забележување на стилските средства. Согледување на идејата во прочитаниот текст.

Усно и писмено изразување

Говорните и писмените вежби се изведуваат како и порано, со стремеж за уште поголема прецизност во изразувањето. Обиди за мали содржајни и естетски анализи врз обработени четива. Мали говори во врска со државните празници или училишни свеченост.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Именки — промена. Заменки — поим и промена на општите заменки. Придевски заменки — посвојни и показни. Глаголи — футур.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Изразно читање на народни и уметнички четива и определување на идејни, естетски — и јазично стилски црти.

Усно и писмено изразување

Се утврдува и се продлабочува сè она што се предвидувало и изучувало во претходните одделенија. Се организираат дискусии во врска со гледан филм, театарска претстава, слушана радиоемисија и слично. Се даваат усни и писмени извештаи за прочитани книги, посети и други.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Утврдување и проширување на материјалот обработен во претходните одделенија. Во врска со сложената реченица уште и разликување на независниот и зависниот однос на одделните реченици.

ЛЕКТИРА

V и VI ОДДЕЛЕНИЕ

Tregime — Vëllaznit Grim
Prrallza të zgjedhuna
Kangë dhe tregime popullore të zgjedhuna
Kangë për fëmij (të zgjedhuna) — Jovan Jovanoviq Zmaj
Picimuli — Rexhep Hoxha
Zani i zamares — A. Huruglica
Shtepza e iriqit — B. Qopiqi
Mëngjezi në fshat — A. Islami
Fisheku i fundit — J. Strezovski
Rrethimi — Tajar Hatipi

VII и VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Krejt ate populli do ta prarojë — Ll. Llazareviq
Shqiponjat fluturojnë heret — B. Qopiq
Lungjet e verdha — R. Hoxha
Kangë maji — Maksut Shehu
Te kroni — Mehmedali Hoxha
Marsjanët dhe mijt — S. Janevski
Druvari — G. Popovski
Përralla popullore — Dr. Petro Janura

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Со вежбите во читањето се одгледува говорната култура. Уште од првите денови ученикот треба да свикнува слободно, правилно и естетски да го разбере текстот со особена поента на акцентот и интонацијата на реченицата и пасусот. Учењето стихови напамет треба да биде потреба на ученикот. Преку читањето по улоги, не само што се воведува тој во текстот, туку се јакнат неговите говорни изразни способности. Ваквата работа му наложува на наставникот задача лично да навлезе во литературата за одгледување на говорната култура.

Во почетната настава по шиптарски јазик, преку набљудување на најблиската околина, природата и општеството, ученикот се упатува на именување на предметите и појавите, му се даваат примери од народната и уметничката литература и постепено се воведува во изразувањето преку разговори за обработените текстови. По време, веќе според возраста, треба да се одгледува самостојното изразување, опишување на личности и настани, но и опишување на моменти од сопствениот живот.

Напоредно со оваа работа потребно е учениците да се запознаат со видовите на зборови и со нивната служба во реченицата. При обработката на поуките за јазикот наставникот треба да се служи со методот на споредување.

Во одгледувањето на стилот кај учениците голема улога игра наставникот. Пред да пишува или зборува, ученикот треба да ја следи содржината, да направи план за писмената или говорната вежба. Во тоа секогаш треба да се стреми кон што поубав оригинален израз. Ученикот треба да се воведува во набљудувањето, забележувањето, укажувањето на падежните изрази што се среќаваат во обработените текстови.

За збогатувањето на речникот на учениците може добро да послужи и решавање на крстоловки што ги има доволно во детскиот печат.

Новите средства за сообраќај меѓу луѓето, техничките достигнувања со кои практично се служи поголемиот дел од нашиот народ му наложуваат на новото училиште да ги оспособува учениците критички да се однесуваат спрема сè она што го слушаат, гледаат и читаат. На наставникот му е должност преку методот на набљудување, забележување, читање на статии од весници, книги, слушање на радио, гледање на филмови и сл. да ги воведе учениците во современата општествена и политичка проблематика, да го обедини и поврзе нивното добиено знаење и да ги оспособи за практично служење со јазикот.

ТУРСКИ ЈАЗИК ВО УЧИЛИШТАТА И ПАРАЛЕЛКИТЕ СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

Задачите на наставата по турски јазик во училиштата со македонски наставен јазик се:

— да ги оспособи учениците за правилно и убаво усно и писмено изразување на турски литературен јазик, за да можат по завршувањето на основното училиште да се служат со него во практичниот живот;

— да ги запознае со основните јазични законитости и со правописот на литературниот турски јазик;

— да придонесува за подигањето на културното ниво на учениците и да развива естетски и етички чувства кај нив; и

— да помага, заедно со наставата по мајчин јазик, за развивањето на братството и единството на нашите народи и народности.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Во текот на почетната фаза од учењето ќе се обработуваат теми што се сврзани со најблиската околина на ученикот како: ученици и училница, училиште, училишен двор; родителскиот дом, родителите, браќата и сестрите; домашните животни; човечкото тело; најважните работи и состојби; најобичните особини; основните аритметички операции.

Наставникот своето излагање го следи со мимика, ги покажува лицата, предметите и сликите со кои се служи во наставата; употребува фланелограф, грамофон и други аудиовизуелни средства. Покрај наставниковото излагање се применуваат и сите други форми на говорни вежби како: прашања и одговори, дијалози помеѓу наставникот и ученикот, дијалози помеѓу самите ученици, но под раководство на наставникот.

Натамошни форми на работа се: учење покуси прозни состави напамет, рецитирање песни и покуси прозни текстови како и пеење на песни.

Вежби во читањето

Читање на текстови на турска латиница за да се развие што поправилно изразно читање. Читање по улоги за што попотполно внесување во личностите. Рецитирање на песни и куси прозни состави.

Говорни вежби

Рецитирање на кратки песни и делови од прозни дела со особено внимание на изговорот. Проширување на реченицата и пополнување на изоставени зборови во реченицата. Прераскажување на прочитаното и претворување на покусите песнички со содржина во куси раскази или прозни описи. За ова цел можат да послужат и песните на Orhan Veli Kanık од циклусот: „Nasrettin Носа".

Писмени вежби

Препишување на обработени текстови, пишување на напамет изучени текстови, пополнување на изоставени зборови во обработениот текст, диктати.

Во ова одделение се работаат две училишни писмени работи во II полугодие.

Поуки за јазикот

На првите часови, уште пред говорните и писмените вежби, наставникот треба да ја истакне разликата во изговорот и начинот на пишувањето на одделни букви од турската азбука (â, û, î, ü, ö, ğ, ı). Азбука — изговор на гласот ğ, ı, ü, ö. Проста и сложена реченица, основни разлики по составот. Сврзници. Именки: општи и сопствени. Именски додатоци. Множина и еднина кај именките. Лични заменки. Глаголи: сегашност, минатост и идност: Придавки: описни, присвојни и бројни придавки. Разликување на директен и индиректен говор (со практични вежби). Глаголи — поим за инфинитивна форма.

Забелешка: Со говорните вежби треба да се започне уште од првите денови, така што целокупната содржина на наставата во I полугодие треба да биде само конверзација, читање и прераскажување на куси состави, бидејќи не е можно организирање на часови по поуките за јазикот, зашто ученикот тоа треба најпрво да го дознае од наставникот по својот мајчин јазик.

Со училишните писмени задачи треба да се почне во II полугодине и тогаш треба да се направат само две училишни задачи, главно преписи, диктати или куси лични состави, описи. Меѓутоа, покуси писмени вежби можат да се работат почесто на тој начин што ќе се употреби првата половина од часот за пишување а втората половина за поправање на вежбите.

При обработката на материјалот од областа на поуките за јазикот се препорачува и употреба на компаративната метода (по однос на мајчиниот јазик) во случаи на сличност во нивната основна законитост.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Читање текстови на турска латиница со цел во текот на читањето читаниот текст да се доживее уметнички и да се утврди правилниот акцент и изговор на текстот, зависно од самата содржина на читаниот текст.

Говорни вежби

Се продолжува со рецитирањето за потполно естетско доживување, како на прозен текст така и на текст во стихови. Прераскажување на прочитаното и воведување во самостојно сликање на поединости и личности во текстот. Читање по улоги. Дијалози и драматизации при читањето со обрнување внимание на акцентот и културата на говорот во врска со наученият материјал по граматика.

Писмени вежби

Куси диктати и куси преводи од македонски на турски јазик. Одговори на поставени прашања во врска со обработените четива, прераскажување на истите и давање теми во врска со обработениот материјал од училишната и домашната лектира, во врска со набљудувањето на најблиската околина и сл. Исто така, на учениците може да им се прочита почетокот на некој расказ, а тие да го состават крајот. Читање од весникот „Birlik", списанијата: „Sevinç" и „Tomurcuk" како и од литературното списание „Sesler". — Како тема за писмена вежба може да им се даде и пишување писмо за другарите од други училишта, опис на заеднички набљудуван предмет и појава. Поправките се вршат, како и во V одделение, на самиот час.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Проста и проширена реченица. Придавки и видови на придавки. Заменки и видови на заменки: İle, de ki, ise, imiş, ek ve takıların doğru yazılışları. Глаголи: fiil çekim cetveli (basit zamanlar); İmlâ ve ses uyumunun yabancı kelimelerdeki değişikliği; Basit, bileşik ve türemiş fiiller; zamanlar: basit ve bileşik zamanlar (örneklerle).

Утврдување и проширување на знаењата по поуките за јазикот од V одделение.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Изразно читање на одбрани извадоци од текстови и забележување на стилските средства. Следување на идејата во прочитаниот текст.

Усно и писмено изразување

Говорните и писмените вежби се изведуваат како и порано со стремеж за уште поголема прецизност и точност во изразувањето. Обиди за мали содржајни и естетски анализи врз обработени четива. Мали говори во врска со државните празници или училишни свеченост.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Вежби за утврдување минатиот материјал по поуките за јазикот за VI одделение. Cümleler: basit, töremiş bileşik, bağımsız ve yan cümlecikler. Fiillerde kip, şahıs, zaman, soru, olumluluk ve olumsuzluk takıları. Bileşik zamanlar: hikâye, rivayet ve şart. Fiil çekim cetveli: Bileşik zamanlar. Ek (takı fiiller). Cümle öğeleri: yüklem, özne. İsim ve sıfat tamlamalarının ayrılıkları. Zarflar (açıklama). Fillerde olumluluk ve olumsuzluk anlamı ve çekimi.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Вежби во читањето

Изразно читање на народни и уметнички четива и определување на идејни, естетски и јазичко-стилски црти.

Усно и писмено изразување

Се утврдува и продлабочува сè она што се предвидувало и изучувало во претходните одделенија. Се организираат дискусии во врска со гледан филм, театарска претстава, слушана радио или телевизиска емисија и сл. Се даваат усни и писмени извештаи за прочитани книги, посети и др.

Се работат најмалку две писмени работи во текот на годината.

Поуки за јазикот

Утврдување и проширување на материјалот обработен во претходните одделенија. Во врска со глаголите ќе се продолжи со обработка на сложените глаголи: Bileşik fiiller ve cetveli; Filimsiler; Cümle öğeleri ve çatılarındaki değişiklikler; Cümle bilgisi kuralları: kurallı ve devrik cümleler.

ЛЕКТИРА

V и VI ОДДЕЛЕНИЕ

1. *Türk masalları*
2. Grim kardeşler: *Andersen*
3. *Nasrettin Hoca hikâyeleri*

4. Slavko Janevski: *Sokak*
5. Seçme Yugoslavya hikâyeleri: *Glişiç, Çankar, Koçiç, Nazor, Jakşiç*
6. Mato Lovrak: *„Büyük köyün çocukları“*
7. Zmay: *Şiirler*
8. *Azınlık yazarlarından seçme hikâyeler*
9. Lafonten: *Masallar*
10. Daniyel Defo: *„Robinson Kruso“*
11. Ezop: *„Masallar“*

VII и VIII ОДДЕЛЕНИЕ

1. Milovan Glişiç: *„Şeker parçası“*
2. İvan Çankar: *„Uşak Yerney ve onun hakkı“*
3. Vladimir Nazor: *„Çocuklar şiirler“*
4. Çarls Dikens: *„David Koperfild“*
5. *Çağdaş Yugoslavya yazarlarından seçme hikâyeleri*
6. Gorki: *„Çocukluğum“*
7. Françe Bevk: *„Tito için kitap“*
8. Slavko Yanevski: *„Sokak“*
9. Slavko Yanevski: *„Şekerli hikâyeler“*
10. Halide Edip: *„Handan“*
11. Yakup Kadri: *„Yaban“*
12. Reşat Nuri: *„Çalıkuşu“*
13. *Yugoslav Türk edebiyatı ve yazarlarından seçme eserler*
14. Puşkin: *„Hikâyeler“*
15. Necati Zekeriya: *„Bizim sokağın çocukları“*
16. Mustafa Karahasan: *„Kalbim yaşları“*
17. Yovan Boşkovski: *„Kaçaklar“*

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Со вежбите во читањето се одгледува говорната култура. Уште од првите денови ученикот треба да свикнува слободно, правилно и естетски да го разбере текстот со особена поента на акцентот и интонацијата на реченицата и пасусот. Учењето стихови напамет треба да биде потреба на ученикот. Преку читањето по улоги, не само што се воведува тој во текстот, туку се јакнат неговите говорни изразни способности. Ваквата работа му наложува на наставникот задача лично да навлезе во литературата за одгледување на говорната култура.

Во почетната настава по турски јазик, преку набљудување на најблиската околина, природата и општеството, ученикот се упатува на именување на предметите и појавите, му се даваат примери од народната и уметничката литература и постепено се воведува во изразувањето преку разговори за обработените текстови. По време, веќе според возраста, треба да се одгледува самостојното изразување, опишувањето на личности и настани, но и моменти од сопствениот живот.

Напоредно со оваа работа потребно е учениците да се запознаат со видовите зборови и со нивната служба во реченицата. При обработката на поуките за јазикот, наставникот треба да се служи со методот на споредување.

Во одгледувањето на стилот кај учениците, голема улога игра наставникот. Пред да пишува или зборува, ученикот треба да ја следи содржината, да направи план за писмена или говорна вежба. Во тоа секогаш треба да се стреми кон што поубав оригинален израз. Ученикот треба да се воведува во набљудувањето, забележувањето, укажувањето на деклинацијата на глаголите во турскиот јазик и други особености, различни од особеностите на мајчиниот јазик на ученикот, а кои што се среќаваат во обработените текстови.

Новите средства за сообраќај меѓу луѓето, техничките достигнувања со кои практично се служи поголемиот дел од нашиот народ, му наложуваат на новото училиште учениците да ги оспособува критички да се однесуваат спрема сè она што го слушаат, гледаат и читаат. На наставникот му е должност преку методот на набљудување, забележување, читање на статии од весници, книги и списанија, слушање на радио, гледање на филмови или телевизиски преноси и сл. да ги воведе учениците во современата општествена и политичка проблематика, да го обедини и поврзе нивното добиено знаење и да ги оспособи за практично служење со јазикот.

СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

Задачите на наставата по странски јазици се:

— учениците практично да го совладаат наједноставниот говор од секојдневниот живот за да можат во скромни граници да се служат во усниот сообраќај;

— да го совладаат правилниот изговор, основите на правописот, течното читање и разбирање на полесни текстови во рамките на одредениот фонд зборови;

— да се здобијат со основи за натамошно учење на странскиот јазик;

— да добијат најопшти знаења за убавините на земјата и прогресивните стремежи на народите чиј јазик учат.

РУСКИ ЈАЗИК

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Учењето странски јазик во IV одделение претставува подготовка за наставата во погорните одделенија. Тука јазикот се учи низ разговор, игри, песни, стихотворби, озвучени дијафилмови, басни, бајки и др. Затоа наставата по странскиот јазик во IV одделение се воведува само ако наставникот е подготвен стручно и методски за изведување настава со деца од оваа возраст. Должината на часот може да трае од 30—45 минути.

Тематика. Најблиската околина на децата, секојдневниот живот (училиште, семејство, улица, пазар, спортови, сообраќај и др.).

Учениците го обработуваат речникот од овие области со набљудување и помош на аудиовизуелни средства, користејќи наједноставни зборови за објаснување на ситуациите што ги гледаат во непосредната околина, на сликите, стрипот и дијафилмовите. Исто така се разработуваат басни и бајки издадени во сликовници, како и песни и игри кои многу придонесуваат за правилното усвојување на реченичната интонација.

Говорните вежби се единствена форма за работа со учениците од оваа возраст. Наставникот ја разработува темата без да се служи со превод на мајчин јазик. Новите поими ги објаснува со мимика, гестови и движења, користејќи ги визуелните средства. При секоја нова лекција се зема мал број нови зборови и форми кои не се даваат издвоено, туку во реченица што често се повторува и увежбува. Се води сметка за постапноста во давањето нови конструкции. Учениците поставуваат прашања едни на други, одговараат на поставените прашања, се обраќаат едни на други со молба за извршување на некоја мала заповед или задача итн.

Граматичкиот материјал се изучува само низ говорните вежби. Затоа се земаат наједноставните форми кои најчесто се јавуваат во секојдневниот живот. Тие често се повторуваат и увежбуваат. Такви се: сегашното време, еднина и множина на именките, придавките во нивните наједноставни форми.

Читањето и пишувањето не се практикуваат во ова одделение. Главно внимание се обрнува на говорниот јазик, на совладувањето на изговорот и интонацијата на простите реченици.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Училиште (училница, наставник, ученици, предмети во училницата, училишен двор, детски игри). Семејство; човечко тело, облека; стан; дејствија и состојби, лесни стихотворби и песни во врска со ситуациите во градот и селото зимно време и на пролет; бојата, формата и бројот на предметите што го опкружуваат ученикот; некои домашни животни.

Во првите три месеци овие теми се обработуваат со мал број зборови само орално, а потоа, кога ќе се мине на пишување и читање, се прошируваат и збогатуваат со нови содржини предадени во нови ситуации. Оваа тематика треба да опфаќа околу 300 зборови.

Говорните вежби се основа на работата во V одделение. Се практикуваат прашања и одговори, заповеди, куси дијалози, учење напамет на куси текстови, стихотворби и песни. Уште од првите часови учениците се навикнуваат сами да поставуваат прашања, се поттикнува хорско и индивидуално повторување на одговорите. Бидејќи речникот предвиден за ова одделение е конкретен, наставникот со мимика и гестови, со покажување на предмети, слики и други визуелни средства, ги објаснува новите зборови без да го користи преводот на мајчин јазик. Преминот на читање станува постепено. Секој текст за читање се обработува најнапред усно. Речениците за читање и пишување треба да се кратки и да не содржат многу непознати зборови и правила. За увежбување на правилното читање се употребува магнетофон и грамофонски плочи. Не се дозволува разделување на говорните целини. Се практикува хорско читање во помали групи.

Писмени вежби. По оралната настава во V одделение постапно се преминува на пишување кратки реченици, што ги содржат специфичните гласови и формите, кои учениците ги усвоиле низ хорските вежби. Најчести писмени вежби се: препишување на кратки реченици и текстови, диктати од неколку кратки реченици со колективна поправка кои траат 10 минути; дополнување на реченици во кои е испуштен некој збор (именка, придавка и др.).

Училишни писмени задачи. Бидејќи вниманието на наставата е сконцентрирано на говорните вежби, во ова одделение не се работи никаква писмена задача во одделението. Претстава за совладаниот правопис наставникот ќе добие низ кратките писмени вежби од неколку минути.

Граматика. Во почетната фаза на учењето ќе се увежбуваат усно, а подоцна и писмено (без да се навлегува во објаснување

на правилата) следниве граматички елементи: именките во трите рода и двата броја, сите тврди основи, а од меките основи: машкиот род со мек знак, женскиот род со я, средниот со е; придавките во сите три рода и двата броја; најпотребните заменки: лични, повратни, присвојни, показни и прашални; броевите главни и редни до 20 без деклинација; глаголите во сегашно и минато време во потврдна, одречна и прашална форма, императивот и инфинитивот; најпотребните зборови од другите видови.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на лексичкиот материјал од V одделение. Теми од училишниот живот (час, одмор, логорување, почеток на новата учебна година, распуст, зимски спортови); домашни животни; семејство, оброци; облека, улица, пазар; национални празници; полски работи; песни, приказни и стихотворби.

Темите се движат во рамките на конкретното. Сметањето на броевите и операциите се обработуваат низ конверзација за плаќање, купување, пребројување итн. Содржините ќе се обработуваат така што да можат да се прераскажуваат или репродуцираат во вид на дијалог. Фондот на зборовите се движи околу 300.

Говорни вежби. И во ова одделение се води грижа околу вежбите за изговор и реченична интонација. Низ често повторување и имитирање на спикерот или наставникот, со пеење разни песнички и рецитирање стихотворби се увежбуваат специфичните гласови. Секоја лекција се обработува најнапред усно, при што се користат аудиовизуелните средства. Потоа доаѓаат вежбите по читање. Најчести говорни вежби се: поставување прашања и одговори, учење напамет на делови од текстови, дијалози, стихотворби, песни, давање на ситуации по слики, дијапозитиви и стрипови, изнесување на лични настани во врска со лекцијата и др.

Писмени вежби. Во ова оделение се обрнува поголемо внимание на читањето и пишувањето. Писмените вежби се применуваат откако материјалот е усвоен усно. Се практикува овие форми: кратки диктати од 10 минути со колективна корекција; поставување на прашања на даден текст; давање одговори на поставени прашања; варијации на текстот со оглед на бројот родот, лицето, времето и сл. Домашните задачи се задаваат секогаш кога не се зема нов текст, затоа што тој бара домашни вежби на читање и усна обработка на лекцијата. За работењето на домашните задачи наставникот дава објаснениј, а поправката се врши колективно на следниот час. И во VI одделение може да се задава за домашни вежби препишување на текст со варијации на лицето и бројот или без варијации. Исто така треба да се практикува пишување по сеќавање на текстови научени напамет, составување реченици од познати зборови, давање описи на слики по утврден план.

Писмени училишни задачи. За проверување на знаењата се даваат по 2 писмени задачи во полугодието, кои треба да претставуваат синтеза на систематски обработувани говорни и писмени вежби.

Граматика. Именки, деклинација на именките (повторување на именките од машки род со тврда основа и со мека на ь; од женски род на а, я; од среден род на о, е). Деклинација на именките од машки род на й, од женски род на ия и од среден род на ие. Придавки (повторување на промената на придавките со тврда и мека основа; менување на присвојните придавки. Броеви (прости и редни до 100). Заменки (лични, присвојни и показни, прашални и односни. Глаголи (функцијата на глаголот во реченицата, промена на глаголот по лица, броеви и времиња). Неопределена форма. Сегашно и минато време на глаголите од прва и втора коњугација без изедначување на согласките (думать, читать, слушать, говорить итн.). Сегашно време од глаголите со суфиксите ов, ев, (советовать, рисовать, одевать). Глаголот давать. Сегашно време од глаголите што најчесто се употребуваат од првата и втората коњугација со изедначување на согласките (писать, плакать, ходить, искать, ловить, корпить). Минато време. Поим за свршеноста и несвршеноста кај глаголите. Помошен глагол быть. Реченици од типот на: „Я ученик; Пушкин поет". Употреба на есть со значење има. Минато и идно време од овој глагол. Увежбување на формите од сложеното и простото идно време. Заповеден начин. Поим за повратните глаголи.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на тематиката од секојдневниот живот: патувања, хотел, ресторан, парк, театар, кино, пошта, фабрика, летување, национални празници. Тито и НОБ; странска земја и нејзините жители. Октомвриската револуција; татковинската војна, прочуени личности што дале свој прилог за развитокот на науката и културата.

Текстовите, било да се дадени во вид на опис, анегдоти, раскази, дијалози, биографии и др., треба да овозможуваат прераскажување и репродукција во вид на дијалог. Со обработувањето на оваа тематика ученикот треба да усвои околу 300 нови зборови.

Говорни вежби. Се практикуваат истите говорни вежби како во претходните одделенија, но само со подолги реченици, со пошироки содржини и нови конструкции. Учениците се оспособуваат самостојно да раскажуваат, да опишуваат, споредуваат. Излагањето треба да биде системно, по план што заеднички го утврдува одделението, за да можат правилно да се искористат усвоените јазични форми и вокабуларот, како и за да се навикнат учениците на логично искажување на мислите и на разли-

кување на битното од второстепеното. И во ова одделение се внимава на ритамот на реченицата и на изговорот. Учениците учат напамет стихотворби, текстови, дијалози и куси сценски моменти, при што се служат со грамофонски плочи и магнетофон.

Писмени вежби. Освен формите што се практикуваат во претходните одделенија се применуваат и следниве форми на писмени вежби: пишување на куси состави, описи, писма, прераскажување, давање портрети и др. Одговорите на прашања се посложени. Учениците поставуваат прашања според текстот од учебникот, прават варијации на текстот во однос на времето и лицето. Преводот од мајчин јазик се задава за увежбување на специфичните конструкции и фрази и за споредување со мајчиниот јазик.

Писмени училишни задачи. Во секое полугодие се работат по 2 писмени задачи.

Граматика. Именки: деклинација на именките од машки род на ей: ручей, ручья; деклинација на именките на мя; особености во деклинацијата. Родителен и предложен падеж на „у", родителен падеж, множина без завршок. Придавки: повторување на материјалот од минатите години; споредба на придавките, кратка и полна форма на придавките. Броеви: деклинација на простите броеви: 2, 3, 4, 5, 20, 30, 40, 90, 100, 50, 60, 70, 80. Простите броеви од 100 нагоре без деклинација. Заменки: деклинација на показните и прашалните. Прилози: споредба на прилозите. Предлози: преглед на најчестите предлози. Да се истакне разликата во употребата на предлозите во рускиот и македонскиот јазик. Глаголи: повторување и проширување на знаењата за глаголските форми со најважните гласовни промени; утврдување на повратните глаголи. Условен начин. Сите форми на заповедниот начин. Најчестите форми на неправилните глаголи (доколку се јавуваат во текстот). Сегашно време од глаголите на ти и ть со претходно з и с: везти — везу; вести — веду. Минато време од глаголите со основа на согласка: везти — вез — везла — везло, вести — вел — вела — вело. Глаголи од несвршен и свршен вид. Претворање на несвршени глаголи во свршени и обратно. Идно време — сложено и просто.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на тематиката од секојдневниот живот на ученикот: ученичка задруга, ученичка заедница, младинска организација, слободни активности, младински акции, продолжување на школувањето, приредби, празници. Татковина: изградба на земјата, културниот развиток, општественото уредување, самоуправувањето, НОБ и народни херои. СССР: природни убавини, херои и придонес во науката и културата, од твореш-

твото на современите писатели. ООН, борбата за мир во светот; анегдоти, писма, песни, стихотворби и одломки од раскази и романи.

Текстовите, било да се изводоци од оригинални дела или претставуваат описи, портрети, биографии, анегдоти, треба да бидат погодни за прераскажување, да опфаќаат зборови и изрази од современиот јазик, а не архаизми и непотребни граматички форми. Стилот да биде близок до ученикот, а речениците да не бидат многу долги и преоптоварени со апстрактни поими. При составувањето писма учениците да ги научат разните форми на учтиво однесување, благодарење и честитање, како и извинување.

Говорни вежби. Освен вежбите, како во претходните одделенија, треба да се практикува поставување прашања на кои учениците ќе даваат поопширни одговори; наставникот ги поттикнува учениците да изнесуваат свое мислење за ликот на главниот јунак. Прашањата можат да бидат во врска со некои настани од нашата изградба, од училишниот живот, за елементарните непогоди, за некој нов настан од политичкиот живот или од напредокот на науката, за кое во учебниците не се зборува. Со прашања наставникот ги наведува учениците на таков разговор, а овие ги користат веќе усвоените зборови од учебниците. Новите зборови наставникот ги пишува на табла, објаснувајќи го нивното значење. На овој начин речникот на учениците се збогатува и така учениците ја согледуваат практичноста од познавањето на странскиот јазик, што е многу важно за ова одделение кога учениците одржуваат коресподенција со ученици од странската земја.

Писмени вежби. Овие вежби се поопширни од претходните и имаат повеќе индивидуален белег. Учениците сами составуваат дијалози на тема од лекцијата или, ако е директен говор, ја изнесуваат лекцијата во индиректен говор. Превод во духот на мајчиниот јазик се практикува и со текстови надвор од учебникот, од наши списанија што излегуваат на странски јазик или од ученички странски списанија. Исто така може да се практикува превод на странскиот јазик од наши ученички списанија.

Училишни писмени задачи. Во секое полугодие се работат по 2 писмени задачи. Тие се пообемни отколку во претходните одделенија. Во нив треба да дојде до израз самостојноста на ученикот во писменото изразување и способноста да ги користи знаењата здобиени во текот на четирите години.

Граматика. Именки: деклинација на машкиот род што завршува на: анин, јанин, онок, ёнок; женскиот род на я; средниот на ко. Предлозите со родителен падеж: из, от, до, с, у, без и для. Предлозите со дателен падеж: к, по. Предлозите со винителен падеж: в, на, через, сквоз, про. Предлозите со творителен падеж: с, под, над, перед, за. Предлозите со предложен падеж: в, на, при, о, об. Предложен падеж со окончание у и ю. Употреба на предлози со два падежа: в, на. Деклинација на именките кои во првиот падеж множина завршуваат на: -а, -я, -ья; города, края,

братья, криля. Деклинација на именките со основа на: ж, ш, ч, шт, ц, во еднина и множина. Придавките — неправилна компарација. Повторување и проширување на материјалот од минатата година. Броеви: утврдување на деклинацијата; поим за збирните броеви и најважните дропки. Заменки: повторување и проширување на знаењата од претходните одделенија. Глаголи: детерминирани и недетерминирани глаголи: лететь — летать, нести — носить и сл. Безлични глаголи.

Од синтаксата да се земе инфинитивот со глаголите од неполно значење како на пример: хочу читать, могу работать и сл. Конструкција на безличните реченици. Општо за безличните реченици од типот на мне хочеться гулять, ему нравится рисовать и сл.

Домашна лектира по избор на наставникот.

ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Учењето странски јазик во IV одделение претставува подготовка за наставата во погорните одделенија. Тука јазикот се учи низ разговор, игри, песни, стихотворби, озвучени дијафилмови, бајки, басни и др. Затоа наставата по странски јазик во IV одделение се воведува само ако наставникот е подготвен стручно и методски за изведување настава со деца од оваа возраст. Должината на часот може да трае од 30—45 минути.

Учениците го обработуваат речникот од овие области со набљудување и со помош на аудиовизуелните средства, зборувајќи и друго).

Учениците го обработуваат речникот од овие области со набљудување и со помош на аудиовизуелните средства, зборувајќи со наједноставни зборови за ситуациите што ги гледаат во непосредна околина, на сликата, стрипот и дијафилмовите. Исто така се разработуваат басни и бајки издадени во сликовници. Се изучуваат песни и игри кои многу придонесуваат за правилното усвојување на реченичната интонација.

Говорните вежби се единствена форма за работа со ученици од оваа возраст. Наставникот ја разработува темата без да се служи со превод на мајчин јазик. Новите поими ги објаснува со мимика, гестови и движења користејќи ги визуелните средства. При секоја нова лекција се зема мал број нови зборови и форми, кои не се даваат издвоено, туку во реченица која често се повторува и увежбува. Се води сметка за постапноста во давањето нови конструкции. Учениците поставуваат прашања едни на други, одговараат на поставените прашања, се обраќаат едни на други со молба за извршување на некоја мала заповед или задача итн.

Граматичкиот материјал се изучува само низ говорни вежби. Затоа се земаат само наједноставните форми што најчесто се јавуваат во секојдневниот живот. Тие се усвојуваат низ често повторување и увежбување. Такви се: именките и придавките

од двата рода и двата броја. Личните заменки и најчестите придавски заменки; глаголите во заповеден начин и сегашното време од индикативот во потврдна, одречна и прашална форма (само со est-ce que); броевите до 20; најважните прашални зборови и честички.

Читањето и пишувањето не се практикуваат во ова одделение. Главното внимание се обрнува на совладувањето на изговорот и интонацијата на простите реченици.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Училиште (училница, наставник, ученици, предмети во училницата, училишен двор, детски игри), семејство, човечко тело, облека, стан, дејствија и состојба, лесни стихотворби и песни во врска со ситуациите во градот и селото, зимно време и на пролет; бојата, формата и бројот на предметите што го опкружуваат ученикот; некои од домашните животни.

Во првите три месеци овие теми се обработуваат со мал број зборови во едноставни реченици само орално, а потоа, кога ќе се мине на пишувањето и читањето, тие се прошируваат и збогатуваат со нови содржини предадени во нови ситуации. Оваа тематика треба да опфаќа околу 300 зборови.

Говорните вежби се основа на работата во V одделение. Се практикуваат прашања и одговори, заповеди, куси дијалози, учење напамет на куси текстови, стихотворби и песни. Уште од првите часови учениците се навикнуваат сами да поставуваат прашања. Се практикува хорско и поединечно повторување на одговорите. Бидејќи речникот предвиден за ова одделение е конкретен, наставникот со мимики и гестови, со покажување на предметите, сликите и другите визуелни средства ги објаснува новите зборови без да го користи преводот на мајчин јазик. Преминот на читање станува постапно. Секој текст за читање се обработува најнапред усно. Рецениците за читање и пишување се кратки и не содржат многу непознати зборови и правила. За увежбување на правилното читање се употребува магнетофон и грамофонски плочи. Не се дозволува разделување на говорните целини. Се практикува хорско читање по помали групи.

Писмени вежби. По оралната настава постапно се преминува на пишување кратки реченици, што ги содржат специфичните гласови, и формите, што учениците ги усвоиле низ говорните вежби. Најчести писмени вежби се: препишување на кратки реченици и текстови, диктати од неколку кратки реченици со колективна поправка кои траат 10 минути; дополнување на реченици во кои е испуштен некој збор (именка, придавка и др.).

Бидејќи вниманието на наставата е концентрирано на говорните вежби во ова одделение не се работи ниедна писмена задача во одделението. Претстава за совладаниот правопис наставникот ќе добие со кратките писмени вежби што траат неколку минути.

Граматика. Во почетната фаза, кога се работи само орално, се увежбуваат: именките и придавките во двата рода и броја; личните заменки; сегашно време од глаголите avoir и être во потврдна, одречна и прашална форма (est-ce que), некои глаголи од првата група во заповеден начин и сегашно време во потврдна, одречна и прашална реченица; броевите до 60 (главни и редни); најважните прашални зборови и частички.

По завршувањето на оралната работа, кога ќе се мине на читањето се обработува, без да се навлегува во детални објаснувања на правилата, следниот граматички материјал: членот (одреден, неодреден и елидиран); именките во двата рода и двата броја (може и некои неправилни множини на именките неопходни за водење природна конверзација); придавките (описни, компарација со plus, присвојни, показни и прашални); заменките (лични несамостојни); глаголите (прва група, помошните глаголи во сегашно време и заповеден начин во потврдна, одречна и прашална форма од индикативот; инфинитив); броевите до 60; просто-проширена реченица.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на лексичкиот материјал од претходните одделенија, а натаму: училишен живот (почеток на учебната година, час, одмор, логорување, распуст, зимски спортови); семејство (оброци, храна, облека, роден ден); занаети, купувачки, здравје, болест, птици и цвеќиња, сообраќај, годишни времиња, работа во поле, национални празници, песни, прикази, стихотворби, басни.

Темите се движат во рамките на конкретното. Фондот на новите зборови се движи околу 300. Операциите на сметањето да бидат разработени низ конверзација за купување и плаќање и др. Содржините да бидат обработени така што да можат да се репродуцираат во вид на дијалог и да се прераскажуваат по даден план.

Говорни вежби. И во ова одделение се води грижа за вежбите на изговорот и реченичната интонација. Низ често повторување и имитирање на спикерот или наставникот, со пеење разни песнички и рецитирање стихотворби се увежбуваат специфичните гласови. Секоја лекција се обработува најнапред усно, при што се користат аудиовизуелните средства. Потоа доаѓаат вежбите по читање. Најчести говорни вежби се: поставување прашања и одговори, учење напамет на делови од текстови, дијалози, стихотворби, песни, давање описи на ситуации по слики, по дијапозитиви и стрипови, изнесување на лични настани во врска со лекцијата и др.

Писмени вежби. Во ова одделение се обрнува поголемо внимание на читањето и пишувањето. Писмените вежби се приме-

нуваат откако материјалот е усвоен усно. Се практикуваат овие форми: кратки диктати од 10 минути со колективна корекција; поставување на прашања на даден текст; давање одговори на поставени прашања; варијации на текстот со оглед на бројот, родот, лицето, времето и сл. Домашни задачи се задаваат секогаш кога не се зема нов текст, затоа што тој бара домашни вежби на читањето и усна обработка на лекцијата. За работењето на домашните задачи се даваат објаснениј а, а колективната поправка се врши на следниот час. И во VI одделение може да се задава за домашни вежби препишување на текст со варијации на лицето и бројот или без варијации. Исто така треба да се практикува пишување по сеќавање на текстови научени напамет, составување реченици од познати зборови, давање опис на слики по утврден план.

Писмени училишни задачи. За проверување на знаењата се задаваат по 2 писмени задачи во полугодието, кои треба да претставуваат синтеза на систематски обработувани говорни и писмени вежби.

Граматиката се увежбува со често повторување во говорот, а не со давање опширни правила и учење напамет на дефинициите. Материјалот од V одделение се повторува и се систематизира најважното за членот, партитивниот член и партитивното de; се прошируваат знаењата за родот и бројот на именките и придавките, се дава поредбата на придавките со aussi que; moins que. Се прошируваат и систематизираат знаењата за присвојните, показните и прашалните придавски заменки, а како нов материјал се даваат: личните, присвојните, показните и прашалните самостојни заменки, релативните заменки qui, que; броевите над 60 и сметањето; од глаголите се земаат futur и passé composé со двата помошни глаголи во сите три форми, како и некои неправилни глаголи што се среќаваат најчесто во говорот.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на тематиката од секојдневниот живот: патувања, хотел, ресторант, театар, кино, пошта, фабрика, летување, национални празници и херои, Тито и НОБ; странската земја и нејзините жители, прочуени личности што дале свој придонес во науката.

Текстовите било да се дадени во вид на опис, анегдоти, раскази, дијалози, биографии и друго, треба да овозможуваат прераскажување по определен план и репродукција во вид на дијалог. Со обработувањето на оваа тематика ученикот треба да усвои 300 нови зборови.

Говорни вежби. Се практикуваат истите говорни вежби како и во VI одделение, но само со подолги реченици, со пошироки содржини и нови конструкции. Учениците се оспособуваат самостојно да раскажуваат, да опишуваат, споредуваат. Излагањето да биде изнесено системно, по план што заеднички го утврдува

одделението за да можат правилно да се искористат усвоените јазични форми и вокабуларот, како и за да се навикнат учениците на логично искажување на мислите и разликување на битното од второстепеното. И во ова одедление се внимава на ритамот на реченицата и на изговорот. Учениците учат напамет стихотворби, текстови, дијалози и куси сценски моменти, при што се служат со грамофонски плочи и магнетофон.

Писмени вежби. Освен формите, што се практикуваат во претходните одделенија, се применуваат и следниве облици на писмени вежби: пишување на куси состави, описи, писма, прераскажување, давање портрети и друго; одговорите на прашањата се посложени. Учениците поставуваат прашања според текстот од учебникот, прават варијации на текстот во однос на времето и лицето, го пренесуваат директниот говор во индиректен служејќи се со сегашното време во главната реченица. Преводот од мајчин јазик се задава за увежбување на специфичните конструкции и фрази од туѓиот јазик и за споредување со мајчиниот јазик.

Писмени училишни задачи. Во секое полугодие се работат по 2 писмени задачи.

Граматика. Се врши повторување и систематизирање на материјалот од првите две одделенија. По индуктивната метода се обработуваат новите партии; релативното dont, прилошките заменки en и y, imparfait, plus que parfait, futur prochain, passé récent, conditionnel présent во независните реченици, индиректниот говор со сегашно време во главната реченица, некои неправилни глаголи, негациите со point, rien, jamais; infinitif со de, à, pour, sans и зад полупомошните глаголи; заменските објекти со сите времиња.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на тематиката од секојдневниот живот на ученикот: ученичка задруга, ученичка заедница, младинска организација, слободни активности, младински акции, продолжување на школувањето, приредби, празници. Татковина: изградба на земјата, културниот развиток, општественото уредување, самоуправувањето, НОБ и народни херои. Земјата чиј јазик се учи: природни убавини, херои, придонес во науката и културата; ООН, борбата за мир во светот; ликови на научници, анегдоти, писма, песни, стихотворби и одломки од раскази и романи; Француската револуција, Парискатa комуна, Движењето на отпорот.

Текстовите, било да се извадоци од оригинални дела на странските писатели или да претставуваат описи, портрети, биографии, анегдоти, треба да бидат погодни за прераскажување, да опфаќаат зборови и изрази од современиот јазик, а не архаизми и непотребни граматички форми. Стилот да биде близок до ученикот, речениците да не бидат долги и преоптоварени со

апстрактни поими. При составувањето писма, учениците да ги научат разните форми на учтиво однесување, благодарење, извинување и честитање.

Говорни вежби. Освен вежбите од претходните одделенија да се практикува поставување прашања на кои учениците ќе даваат поопширни одговори: наставникот ги поттикнува учениците да изнесуваат свое мислење за ликот на главниот јунак. Прашањата можат да бидат во врска со некои настани од нашата изградба, од училишниот живот, за елементарните непогоди, за некој нов настан од политичкиот живот или од напредокот на науката, за кое во учебниците не се зборува. Со прашања наставникот ги наведува учениците на таков разговор, а овие ги користат веќе усвоените зборови од учебниците. Новите зборови наставникот ги пишува на табла објаснувајќи го нивното значење. На овој начин речникот на учениците се збогатува и учениците ја согледуваат практичноста од познавањето на странскиот јазик што е многу важно за ова одделение, кога учениците одржуваат коресподенција со ученици од странската земја.

Писмените вежби се поопширни од претходните и имаат повеќе индивидуална црта. Учениците сами составуваат дијалози на тема од лекцијата или, ако е директен говор, ја изнесуваат лекцијата во индиректен говор користејќи ги минатите времиња во главната реченица. Преводот во духот на мајчиниот јазик се практикува и со текстови надвор од учебникот, од наши списанија што излегуваат на странски јазик или од ученички странски списанија. Исто така може да се практикува превод од наши ученички списанија на странскиот јазик.

Писмени училишни задачи. Во секое полугодие се работат по две писмени задачи. Тие се пообемни отколку во претходните одделенија. Во нив треба да дојде до израз самостојноста на ученикот во писменото искажување, способноста да ги користи знаењата здобиени во текот на четирите години учење странски јазик.

Граматика. Систематско повторување на материјалот од претходните одделенија и дополнување со нови форми обработени по индуктивен пат: местото на заменските објекти (compléments directs et indirects); passé simple, passif, participe présent, gérondif, повратните глаголи во сите земени времиња, а особено во passé composé, согласување на времињата од индикативот, образување на прилозите за начин.

АНГЛИСКИ ЈАЗИК

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Учењето странски јазик во IV одделение претставува подготовка за наставата во погорните одделенија. Тука јазикот се учи низ разговор, игри, песни, стихотворби, озвучени дијафилмови, бајки, басни и др. Затоа наставата по странскиот јазик во IV одделение се воведува само ако наставникот е подготвен стручно и методски за изведување настава со деца од оваа возраст. Должината на часот може да трае од 30—45 минути.

Тематика. Најблиската околина на децата и секојдневниот живот (училиште, семејство, улица, пазар, спортови, сообраќај и др.).

Учениците го обработуваат речникот од овие области со набљудување и со помош на аудиовизуелни средства, зборувајќи со наједноставни зборови за ситуациите што ги гледаат во непосредната околина, на сликите, стрипот и дијафилмовите. Исто така се разработуваат басни и бајки издадени во сликовници, како и песни и игри, кои многу придонесуваат за правилното усвојување на реченичната интонација.

Говорните вежби се единствена форма за работа со учениците од оваа возраст. Наставникот ја разработува темата без да се служи со превод на мајчин јазик. Новите поими ги објаснува со мимика, гестови и движења, користејќи ги визуелните средства. При секоја нова лекција се зема мал број нови зборови и форми, кои не се земаат издвоено туку во реченица што често се повторува и увежбува. Се води сметка за постапноста во давањето нови конструкции. Учениците поставуваат прашања едни на други, одговараат на поставените прашања, се обраќаат едни на други со молба за извршување на некоја мала заповед или задача итн.

Граматичкиот материјал се изучува само низ говорни вежби. Затоа се земаат наједноставните форми кои најчесто се јавуваат во секојдневниот живот. Тие често се повторуваат и увежбуваат. Такви се: Present simple od to be u to have; Present continuous од глаголите поврзани со тематиката; именките во еднина и множина; секојдневните заменки и придавки (без давање правила).

Читањето и пишувањето не се практикуваат во ова одделение. Главното внимание се обрнува на совладувањето на изговорот и реченичната интонација.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Училиште (училница, наставник, ученици, предмети во училницата, училишен двор, детски игри) семејство, човечко тело; облека, стан; дејствија и состојби; лесни стихотворби и песни во врска со ситуациите во градот и селото зимно време и на пролет; бојата, формата и бројот на предметите што го опкружуваат ученикот; некои од домашните животни и сл.

Доколку во IV одделение немало настава по странскиот јазик во првите три месеци од V одделение овие теми се обработуваат со мал број зборови само орално, а потоа, кога ќе се мине на пишување и читање, се прошируваат и збогатуваат со нови содржини предадени во нови ситуации. Оваа тематика треба да опфаќа околу 300 зборови.

Говорни вежби. Говорните вежби се основа на работата во V одделение. Се практикуваат прашања и одговори, заповеди, куси дијалози, учење напамет на куси текстови, стихотворби и песни. Уште од првите часови учениците се навикнуваат сами да поставуваат прашања. Се практикува хорско и поединечно повторување на одговорите. Бидејќи речникот предвиден за ова одделение е конкретен, наставникот со мимики и гестови, со покажување на предметите, сликите и другите визуелни средства ги објаснува новите зборови, без да го користи преводот на мајчин јазик. Преминот на читање станува постапно. Секој текст за читање најнапред усно се обработува. Речениците за читање и пишување треба да се кратки и да не содржат многу непознати зборови и правила. За увежбување на правилното читање се употребува магнетофон и грамофонски плочи. Не се дозволува разделување на говорните целини. Се практикува хорско читање во помали групи.

Писмени вежби. По оралната настава постапно се преминува на пишување кратки реченици кои ги содржат специфичните гласови и формите што учениците ги усвоиле низ говорните вежби. Најчести писмени вежби се: препишување на кратки реченици и текстови, диктати од неколку кратки реченици со колективна поправка кои траат 10 минути; дополнување на реченици во кои е испуштен некој збор (именка, придавка и др.).

Бидејќи вниманието на наставата е концентрирано на говорните вежби, во ова одделение не се работи никаква писмена задача. Претстава за совладаниот правопис наставникот ќе добие низ кратките писмени вежби од неколку минути.

Граматика. Учениците низ конверзација се запознаваат со инфинитивот, Present simple i Continuous, на глаголите to be и to

have и другите најобични глаголи во потврдна, прашална и негативна форма. Се земаат и дефективните глаголи can и must. Се обработува и заповедниот начин од глаголите што најчесто се употребуваат. Именките се земаат во еднина и множина, без оглед на тоа дали се правилни или не. Исто така, низ говорните вежби, се обработуваат и личните и прашалните заменки, како и придавките (присвојни, показни и описни). Наставникот може да употребува и други форми ако тоа го бара ситуацијата и потребата за поттикнување на разговор, за оживување на конверзацијата со индиректниот говор на пример: Tell your friend to put the apple into the basket или Ask him where he is going.

Наставникот, во сите случаи каде што е во конверзацијата вообичаено, ќе се служи со скратениците I don't; I can't. Во текот на годината наставникот се служи со најобичните идиоматски изрази и настојува со често повторување учениците да ги усвојат.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на лексичкиот материјал од V одделение. Понатаму ќе се разработуваат теми од училишниот живот (час, одмор, логорување, почеток на новата школска година, распуст, зимски спортови). Семејство: оброци, исхрана, облека, роденден, национални празници, улица, годишни времиња, полски работи, песни, приказни и стихотворби. Темите се движат во рамките на конкретното. Сметањето на броевите и операциите се обработува низ конверзација за плаќање, купување, пребројување итн. Содржините се обработуваат така што да можат да се прераскажуваат или репродуцираат во вид на дијалог. Фондот на зборовите се движи околу 300.

Говорни вежби. И во VI одделение се води голема грижи околу вежбите за изговор и реченична интонација. Низ често повторување и имитирање на спикерот или наставникот, со пеење разни песнички и рецитирање стихотворби, се увежбуваат специфичните гласови. Секоја лекција се обработува најнапред усно, при што се користат аудиовизуелните средства. Потоа доаѓаат вежбите по читање. Најчести говорни вежби се: поставување прашања и одговори, учење напамет на делови од текстови, дијалози, стихотворби, песни, давање описи на ситуации по слики, дијапозитиви и стрипови, изнесување на лични настани во врска со лекцијата и др.

Писмени вежби. Во ова одделение се обрнува поголемо внимание на читањето и пишувањето. Писмените вежби се применуваат откако материјалот усно е усвоен. Се практикуваат овие форми: кратки диктати од 10 минути со колективна корекција; поставување прашања на даден текст; давање одговори на поставени прашања; варијации на текстот со оглед на бројот, родот, лицето, времето и слично.

Домашни задачи се задаваат секогаш кога не се зема нов текст, затоа што тој бара домашни вежби на читањето и усна обработка на лекцијата. За работењето на домашните задачи се даваат објаснениja, а колективната поправка се врши на следниот час. И во VI одделение може да се задава за домашни вежби препишување на текст со варијации на лицето и бројот или без варијации. Исто така треба да се практикува пишување по секавање на текстови научени напамет, составување реченици од познати зборови, давање опис на слики по утврден план.

Училишни писмени задачи. За проверување на знаењата се задаваат по 2 писмени задачи во полугодието, кои треба да претставуваат синтеза на систематски обработувани говорни и писмени вежби.

Граматиката се увежбува со често повторување во говорот, а не со давање опширни правила и учење напамет на времињата и лицата. Материјалот од V одделение се повторува преку нови четива. Нов материјал: Past, Past continuous од глаголите to have и to be и најчестите глаголи; искажување на иднината со going to; проширување на знаењата за именките; личните заменки (падеж на објектот); some и any, правилна и неправилна компарација на некои придавки; главни и редни броеви и сметање.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на тематиката од секојдневниот живот: патување, хотел, ресторан, парк, театар, кино, пошта, фабрика, летување, национални празници и херои. Тито и НОБ, странската земја и нејзините жители. Текстовите, било да се дадени во вид на опис, анегдоти, раскази, дијалози, биографии и др. треба да овозможуваат прераскажување по определен план и репродукција во вид на дијалог. Со обработувањето на оваа тематика ученикот треба да усвои околу 300 нови зборови.

Говорни вежби. Се практикуваат истите говорни вежби како и во VI одделение, но само со подолги реченици, со пошироки содржини и нови конструкции. Учениците се оспособуваат самостојно да раскажуваат, да опишуваат, споредуваат. Излагањето треба да биде системно, по план, што заеднички го утврдува одделението, за да можат правилно да се искористат усвоените јазични форми и вокабуларот, како и за да се навикнат учениците на логично искажување на мислите и уочување на битното од второстепеното. И во ова одделение се внимава на ритамот на реченицата и на изговорот. Учениците учат напамет стихотворби, текстови, дијалози и куси сценски моменти, при што се служат со грамофонски плочи и магнетофон.

Писмени вежби. Освен формите, што се практикуваат во претходните одделенија, се применуваат и следниве форми на писмени вежби: пишување на куси состави, описи, писма, пре-

раскажување, давање портрети и др. Одговорите на прашањата се посложени. Учениците поставуваат прашања според текстот од учебникот, прават варијации на текстот во однос на времето и лицето. Превод од мајчин јазик се задава за увежбување на специфичните конструкции и фрази од туѓиот јазик и за споредување со мајчиниот јазик. Воведување во фонетската транскрипција.

Писмени училишни задачи. Во секое полугодине се работат по две писмени задачи.

Граматика. Се врши повторување и систематизирање на материјалот од првите две одделенија. По индуктивната метода се обработуваат новите партии: Futur; романска поделба кај придавките; Present и Past perfect; дефективните глаголи; присвојните и повратните заменки.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на тематиката од секојдневниот живот на ученикот: ученичка задруга, ученичка заедница, младинска организација, слободни активности, младински акции, продолжување на школувањето, приредби, празници. Татковина: изградба на земјата, културниот развиток, општественото уредување, самоуправувањето, НОБ и народни херои. Земјата чиј јазик се учи: природни убавини, придонес во науката и културата; ООН, борба за мир во светот; ликови на научници, анегдоти, писма, песни, стихотворби и одломки од раскази и романи. Активно се совладуваат околу 300 нови зборови.

Текстовите, било да се извадоци од оригинални дела на странските писатели или да претставуваат описи, портрети, биографии, анегдоти, треба да бидат погодни за прераскажување, да опфаќаат зборови и изрази од современиот јазик, а не архаизми и непотребни граматички форми. Стилот да биде близок до ученикот, речниците да не бидат многу долги и преоптоварени со апстрактни поими. При составувањето писма учениците да ги научат разните форми на учтиво однесување, благодарење, извинување и честитање.

Говорни вежби. Освен вежбите од претходните одделенија треба да се практикува поставување прашања, на кои учениците ќе даваат поопширни одговори. Наставникот ги поттикнува учениците да изнесуваат свое мислење за ликот на главниот јунак. Прашањата можат да бидат во врска со некои настани од нашата изградба, од училишниот живот, за елементарните непогоди, за некој нов настан од политичкиот живот или од напредокот на науката, за кое во учебниците не се зборува. Со прашања наставникот ги наведува учениците на таков разговор, а овие ги користат веќе усвоените зборови од учебниците. Новите зборови наставникот ги пишува на табла објаснувајќи го нивното

значење. На овој начин речникот на учениците се збогатува и така учениците ја согледуваат практичноста од познавањето на странскиот јазик, што е многу важно за ова одделение, кога учениците одржуваат коресподенција со ученици од странска земја.

Песмени вежби. Овие вежби се поопширни од претходните и имаат повеќе индивидуален белег. Учениците сами составуваат дијалози на тема од лекцијата или, ако е директен говор, ја изнесуваат лекцијата во индиректен говор, користејќи ги минатите времиња во главната реченица. Превод во духот на мајчиниот јазик се практикува и со текстови надвор од учебникот, од наши списанија што излегуваат на странски јазик или од ученички странски списанија. Исто така може да се практикува и превод од наши ученички списанија на странскиот јазик.

Училишни писмени задачи. Во секое полугодие се работат по 2 писмени задачи. Тие се пообемни отколку во претходните одделенија. Во нив треба да дојде до израз самостојноста на ученикот во писменото изразување, способноста да ги користи знаењата здобиени во текот на четирите години учење странски јазик.

Граматика. Систематско повторување на материјалот од претходните одделенија и дополнување со нови форми обработени по индуктивен пат: односните заменки; Present perfect continuous, Gerund, Infinitive со to и без to, индиректен говор, согласување на времињата. Пасивните конструкции се даваат само информативно.

ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Учењето странски јазик во IV одделение претставува подготовка за наставата во погорните одделенија. Тука јазикот се учи низ разговор, игри, песни, стихотворби, озвучени дијафилмови, бајки, басни и др. Затоа наставата по странскиот јазик во IV одделение се воведува само ако наставникот е подготвен стручно и методски за изведување настава со деца од оваа возраст. Должината на часот може да трае од 30—45 минути.

Тематика. Најблиската околина на децата и секојдневниот живот (училиште, семејство, улица, пазар, спортови, сообраќај и друго).

Учениците го обработуваат речникот од овие области со набљудување и со помош на аудиовизуелни средства, употребувајќи наједноставни зборови за објаснување на ситуациите што ги гледаат во непосредната околина, на сликите, стрипот, и дијафилмовите. Исто така се разработуваат басни и бајки, издадени во сликовници. Песните и игрите многу придонесуваат за правилното усвојување на изговорот и реченичната интонација.

Говорните вежби се единствена форма за работа со учениците од оваа возраст. Наставникот ја разработува темата без да се служи со превод на мајчин јазик. Новите поими ги објаснува со мимика, гестови и движења, користејќи ги визуелните средства. При секоја нова лекција се зема мал број нови зборови и форми, кои не се земаат издвоено, туку во реченица што често се повторува и увежбува. Се води сметка за постапноста во давањето нови конструкции. Учениците поставуваат прашања едни на други, одговараат на поставените прашања, се обраќаат едни на други со молба за извршување на некоја мала заповед или задача итн.

Граматичкиот материјал се изучува само низ говорните вежби. Затоа се земаат наједноставните форми кои најчесто се јавуваат во секојдневниот живот. Тие често се повторуваат и увежбуваат. Такви се: именките и најпотребните заменки во двата броја, во номинатив, акузатив и датив; придавки во сите три

степена на компарацијата, првенствено како предикати, а исклучително како атрибути; глаголи во презент во потврдна, одречна и прашална форма.

Читањето и пишувањето не се практикуваат во ова одделение. Главното внимание се обрнува на говорниот јазик, на совладувањето на изговорот и реченичната интонација.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Училиште (училница, наставник, ученици, предмети во училницата, училишен двор, детски игри) семејство, човечко тело, облека, стан, дејствија и состојби, лесни стихотворби и песни во врска со ситуациите во зимно време и на пролет во градот и на селото, бојата, формата и бројот на предметите што го окружуваат ученикот, некои од домашните животни.

Во првите три месеци овие теми се обработуваат со мал број зборови само орално, а потоа, кога ќе се мине на пишувањето и читањето се прошируваат и збогатуваат со нови содржини предадени во нови ситуации. Оваа тематика треба да опфаќа околу 300 зборови.

Говорните вежби се основа на работата во V одделение. Се практикуваат прашања и одговори, заповеди, куси дијалози, учење напамет на куси текстови, стихотворби и песни. Уште од првите часови учениците се навикнуваат сами да поставуваат прашања. Се практикува хорско и индивидуално повторување на одговорите. Бидејќи речникот предвиден за оваа одделение е конкретен, наставникот со мимики и гестови, со покажување на предметите, сликите и другите визуелни средства, ги објаснува новите зборови без да го користи преводот на мајчин јазик. Преминот на читање станува постапно. Секој текст за читање треба најнапред да се обработи. Речениците за читање и пишување се кратки и не содржат многу непознати зборови и правила. За увежбување на правилното читање се практикува примена на магнетофон и грамафонски плочи. Не се дозволува разделување на говорните целини. Се практикува хорско читање во помали групи.

Писмени вежби. По оралната настава во V одделение постапно се преминува на пишување кратки реченици што ги содржат специфичните гласови и формите кои учениците ги усвоиле низ говорните вежби. Најчести писмени вежби се: препишување на кратки реченици и текстови, диктати од неколку кратки реченици со колективна поправка кои траат 10 минути; дополнување на реченици во кои е испуштен некој збор (именка, придавка и др.).

Училишни писмени задачи. Бидејќи вниманието на наставата е концентрирано на говорните вежби, во ова одделение не

се работи никаква писмена задача во одделението. Претстава за совладаниот правопис наставникот ќе добие низ кратки писмени вежби што траат неколку минути.

Граматика. Се врши увежбување на основните јазични елементи без навлегување во теоријата. Се увежбуваат: именките и најпотребните заменки, во обата броја, во номинатив, акузатив и датив; придавки во сите три степена на компарација, првенствено како предикати, а исклучително како атрибути; глаголи во презент, потврден, одречен и прашален облик, во инфинитив и императив; броевите до 100 без деклинација; најпотребните зборови од другите видови; најобичните идиоми. По завршената почетна фаза од учењето постапно се поминува кон систематизацијата на најобичните јазични елементи, но без формулирање правила за нив.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика. Проширување на лексичкиот материјал од V одделение. Понатаму ќе се разработуваат теми од училишниот живот (час, одмор, логорување, почеток на новата година, распуст, зимски спортови). Семејство, оброци, исхрана, облека, роденден, национални празници, улици, годишни времиња, полски работи, песни, приказни и стихотворби.

Темите се движат во рамките на конкретното. Сметањето на броевите и операциите да бидат обработени низ конверзација за плаќање, купување, пребројување итн. Темите се обработуваат така што да можат да се прераскажуваат или репродуцираат во вид на дијалог. Фондот на зборовите се движи околу 300.

Говорни вежби. И во VI одделение се води голема грижа околу вежбите за изговор и реченична интонација. Низ често повторување и имитирање на спикерот или на наставникот, со пеење разни песнички и рецитирање стихотворби, се увежбуваат специфичните гласови. Секоја лекција се обработува најнапред усно, при што се користат аудиовизуелните средства. Потоа доаѓаат вежбите по читање. Најчести вежби се: поставување прашања и одговори; учење напамет на делови од текстови, дијалози, стихотворби, песни, давање описи на ситуации по слики, по дијапозитиви и стрипови, изнесување на лични настани во врска со лекцијата и др.

Писмени вежби. Во ова одделение се обрнува поголемо внимание на читањето и пишувањето. Писмените вежби се применуваат откако материјалот усно е усвоен. Се практикуваат овие форми: кратки диктати од 10 минути со колективна корекција; поставување прашања на даден текст; давање одговори на поставени прашања; варијации на текстот со оглед на бројот, родот, лицето, времето и сл. Домашни задачи се задаваат секогаш, кога не се зема нов текст, затоа што тој бара домашни вежби на читање и усна обработка на лекцијата. За работењето на домашните задачи се даваат објаснениј, а колективната поправка се врши на следниот час. И во VI одделение може да се задава за

домашни вежби препишување на текст со варијации на лицето и бројот или без варијации. Исто така треба да се практикува пишување по сеќавање на текстови научени напамет, составување реченици од познати зборови, давање опис на слики по утврден план.

Училишни писмени задачи. За проверување на знаењата се задаваат по 2 писмени задачи во полугодието, кои треба да претставуваат синтеза на систематски обработувани говорни и писмени вежби.

Граматика. Прво практично усвојување без навлегување во теорија, а потоа систематизирање на знаењата за основните јазични форми и конструкции. Ќе се обработи следниот материјал: именки (деклинација), придавки (правилна и неправилна компарација), заменки (лични, присвојни, показни и прашални), броеви (прости и редни), глаголи (Present, Imperatif, Imperfect, Perfect и Futur на слаби и ограничен број силни и неправилни глаголи, прости и сложени), основни предлози и нивното сливање со пренос, прилози (компарација). Реченица просто — проширена (потврдна, негативна и прашална).

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика — Проширување на тематиката од секојдневниот живот: патувања, хотел, ресторан, парк, театар, кино, пошта, фабрика, национални празници и херои. Тито и НОБ. Странската земја и нејзините жители, прочуени личности што дале свој прилог за развитокот на науката; од историјата на земјите со германско јазично подрачје (Австрија, Германија, Швајцарија).

Текстовите, било да се дадени во вид на опис, анегдоти, раскази, дијалози, биографии и др., треба да овозможуваат прераскажување по определен план или репродукција во вид на дијалог. Со обработувањето на оваа тематика ученикот треба да усвои околу 300 зборови.

Говорни вежби — Се практикуваат истите говорни вежби како и во VI одделение, само со подолги реченици, со пошироки содржини и нови конструкции. Учениците треба да се оспособат самостојно да раскажуваат, да пишуваат, споредуваат. Излагањето треба да биде изнесено системно, по план, што заеднички го утврдува одделението, за да можат правилно да се искористат усвоените јазични форми и вокабуларот, како и за да се навикнат учениците на логично искажување на мислите и уочување на битното од второстепеното. И во ова одделение треба да се внимава на ритамот на реченицата и на изговорот. Учениците учат напамет стихотворби, текстови, дијалози и куси сцени, при што се служат со грамофонски плочи и магнетофон.

Писмени вежби — Освен формите, што се практикуваат во претходните одделенија, се применуваат и следниве форми на писмени вежби: пишување куси состави, описи, писма, прераскажување, давање портрети и др. Одговорите на прашањата се поопширни. Учениците поставуваат прашања според текстот од учебникот, прават варијации на текстот во однос на времето и лицето. Преводот од мајчин јазик се задава за увежбување на специфичните конструкции и фрази од туѓиот јазик и за споредување со мајчиниот јазик.

Писмени училишни задачи — Во секое полугодие се работат по 2 писмени задачи.

Граматика — Увежбување најнапред усно, потоа писмено, а најпосле систематизирање на јазичните појави и конструкции, како што се: особеностите во деклинациите на именките, придавките и заменките, Plusquamperfect и Konditionnel I — (правење и најважното за неговата употреба во реченицата); предлози, сврзници извици. Реченица: заповедна и желбена, најбитното за сложената реченица.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Тематика — Проширување на тематиката од секојдневниот живот на ученикот: ученичка задруга, ученичка заедница, младинска организација, слободни активности, младински акции, продолжување на школувањето, приредби, празници. Татковина: изградба на земјата, културниот развиток, општественото уредување, самоуправувањето, НОБ и народни херои, земјата чиј јазик се учи: природни убавини, херои, придонес во науката и културата; ООН, борбата за мир во светот. Ликови на научници, анегдоти, писма, песни, стихотворби и одломки од раскази и романи.

Текстовите, било да се извадоци од оригинални дела на странските писатели или да претставуваат описи, треба да бидат погодни за прераскажување, да опфаќаат зборови и изрази од современиот јазик, а не архаизми и непотребни граматички форми. Стилот да биде близок до ученикот, реченицте да не бидат многу долги и преоптоварени со апстрактни поими. При составувањето писма учениците да ги научат разните форми на учтиво однесување, благодарење, извинување и честитање.

Говорни вежби — Освен вежбите од претходните одделенија, треба да се практикува поставување прашања, на кои учениците ќе даваат поопширни одговори. Наставникот ги поттикнува учениците да изнесуваат свое мислење за ликот на главниот јунак. Прашањата можат да бидат и во врска со некои настани од нашата изградба, од училишниот живот, за елементарните непогоди, за некој најнов настан од политичкиот живот или од напредокот на науката, за кое во учебниците не се зборува. Со прашања наставникот ги наведува учениците на таков

разговор, а овие ги користат веќе усвоените зборови од учебниците. Новите зборови наставникот ги пишува на табла, објаснувајќи го нивното значење. На овој начин речникот на учениците се збогатува и тие ја согледуваат практичноста од познавањето на странскиот јазик, што е многу важно за ова одделение, кога учениците одржуваат коресподенција со ученици од странската земја.

Писмени вежби — Писмените вежби се поопширни од претходните и имаат повеќе индивидуален белег. Учениците сами составуваат дијалози на тема од лекцијата или, ако е директен говор, ја изнесуваат лекцијата во индиректен говор. Превод во духот на мајчин јазик се практикува и со текстови надвор од учебникот, од нашите списанија што излегуваат на странскиот јазик или од ученички странски списанија. Исто така може да се практикува превод од наши ученички списанија на странски јазик.

Училишни писмени задачи — Во секое полугодие се работат по 2 писмени задачи. Тие се пообемни отколку во претходните одделенија. Во нив треба да дојде до израз самостојноста на ученикот во писменото изразување, способноста да ги користи знаењата здобиени во текот на четирите години учење странски јазик.

Граматика. — Најважното за употребата на членот; конјунктивот (форма и најосновното за неговата употреба); Инфинитив со zu; скратување на зависни реченици со инфинитив со zu; најосновното за условната реченица (реална, нереална); најважното за употребата на времињата; индиректниот говор. Не треба да се инсистира во основното училиште наполно да се усвои тој материјал, но да се здобијат учениците само со најпотребните поими за него.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

Програмата на наставата по странски јазици за основните училишта го истакнува на прв план говорниот јазик и поставува два основни момента:

1. Странскиот јазик треба да се учи што подолго време без посредување на мајчиниот јазик;

2. Странскиот јазик треба да се усвојува првенствено по пат на усната реч, а потоа преку печатен и пишуван текст.

По завршувањето на основното училиште ученикот треба да биде оспособен да води разговор по теми од секојдневниот живот во рамките на фонд од околу 1200 зборови. Овој минимален фонд зборови треба да биде активно усвоен од учениците. Затоа ученикот зборовите ги учи во контекстот, а никако издвоено од реченицата, бидејќи јазикот не претставува редење на зборови, туку логична поврзаност со одредено мисловно значење. Материјалот треба да биде едноставен, природен, ненаместен

и близок по својата содржина на ученикот. Во првите две години на учењето странски јазик се земаат поими од најблиската околина на ученикот, а во VII и VIII одделение се преминува на тематика од нашата стварност, изградбата на земјата, НОБ, историските настани, како и на тематика од животот и историјата на народите на странската земја, чиј јазик се учи. При тоа треба да се води сметка учениците да се запознаат со напредните движења и со светлите ликови кои дале придонес за напредокот на науката и културата.

Изучувањето на говорниот јазик поставува нови, посовремени методи и бара примена на современи аудиовизуелни средства, кои помагаат побрзо и поправилно да се совлада изговорот и реченичната интонација. Затоа, уште од првиот час се обрнува внимание на совладувањето на специфичностите во изговорот и ритмот, што ќе се постигне по пат на често имитирање на изговорот од спикерот и наставникот. Специфичните гласови не се изучуваат издвоено од зборот. Треба да се увежбува течното и убавото читање, а не да се дозволува разделување на говорните целини. Во првите години на учењето не се дава фонетска транскрипција. Правилата од ортографија и фонетика се даваат подоцна кога ученикот по природен пат, имитирајќи го наставникот и спикерот, успеал веќе правилно да го изговори специфичниот глас.

Почетната настава почнува од V одделение, а таму, каде постои наставен кадар и дозволува просторот, таа може да почне и од IV одделение. До колку ќе се организира настава по странски јазик во IV одделение, таа ќе се изведува исклучиво на странскиот јазик низ игри, песни, стихотворби, разговор, со максимално користење на аудиовизуелните средства, особено со сликовници, дијафилмови и филмови со тематика од детскиот живот, басни, бајки и др. Читањето и правописот не доаѓаат никако предвид во IV одделение. Кога овие ученици ќе преминат во V одделение, веднаш ќе почнат со читање и пишување на зборови, односно реченици што усно ги усвоиле во IV одделение.

Ако учениците почнуваат да го учат странскиот јазик во V одделение, *оралната настава* треба да трае околу 3 месеци од I полугодие. За тоа време наставникот користи што е можно повеќе нагледни средства; зборовите ги објаснува со покажување на предметите, сликите, цртежите, со мимика и движење, што многу ќе помогне наставата да се изведува исклучиво на странскиот јазик по директната метода. На оваа етапа од учењето, мајчиниот јазик не треба никако да се користи за проверување на знаењата на ученикот, ниту пак за објаснување на странскиот збор. По пат на слушање и имитирање ученикот ги усвојува новите зборови и реченични конструкции, без да дојде во положба да ги научи погрешно, споредувајќи ги со наши слични гласови и букви. Затоа речениците во почетната фаза се кратки, со по еден непознат збор. Усвојувањето на новиот збор станува низ почесто повторување во познати конструкции.

Граматиката во почетната фаза се изучува по природен пат, низ конверзација, без да се даваат објаснениј за формите и нивното значење.

Пишувањето и читањето треба постапно да се воведуваат. Се почнува со читање кратки реченици, чие значење и изговор учениците го усвоиле во оралниот дел. Се пишуваат специјално одбрани реченици, низ кои постапно ќе се усвојат ортографските специфичности. Бидејќи во V одделение главната задача на наставата е правилното усвојување на говорниот јазик, процесот на читањето и пишувањето ќе продолжи и во VI одделение, затоа што воведувањето во пишување станува многу побавно отколку во читањето. Од учениците не треба да се бара да напишат правилно сè што можат да прочитаат. Токму затоа во V одделение не се задава никаква контролна писмена работа, туку се работат само кратки писмени вежби.

Говорните вежби до крајот на основното училиште остануваат главна форма на наставата по странскиот јазик. Наставникот секој нов текст темелно го обработува најнапред усно, за да ги запознае учениците со новите зборови и содржина, а потоа преминува на читање и говорни и писмени вежби. При усната обработка на текстот наставникот дава објаснениј, користејќи до максимум нагледни средства.

Најосновни говорни вежби се прашањата и одговорите. Уште од првиот час учениците се навикнуваат да поставуваат прашања, а во погорните одделенија да составуваат посложени прашања и на текстови од учебникот. Во говорни вежби спаѓа и учењето напамет на песни, стихотворби, кратки прози, одломки и дијалози. Раскажувањето на текстот доаѓа во погорните одделенија, кога се задава план според кој ученикот треба да ги изнесе своите мисли. Наставникот ги навикнува учениците да водат разговор за ситуации по дадени слики, стрипови, дијапозитиви и др. При водењето разговори за настани во училиштето, во градот (селото), дома и за разните актуелни настани се користи усвоениот јазичен материјал, се обновува и утврдува основниот вокабулар од првите години на учењето, при што се поврзува со нови изрази и конструкции. За совладување на реченичната интонација се изведуваат и покуси драматизации на текстови.

Читањето се увежбува откога учениците ги усвоиле новите зборови и конструкции низ усниот увод. Иако говорниот јазик останува центар на наставниот процес, потребно е на изразното читање да му се обрне внимание. За таа цел се користат грамофонски плочи, на кои се снимани текстови и стихови што се читаат од проучени актери на странските театарски куќи.

Писмени училишни и домашни вежби се задаваат откако учениците усно добро ќе ги усвојат новите поими. Во V и VI одделение се практикува препишување на кратки реченици и делови од текстови од учебниците. За увежбување на правописот

во сите одделенија се даваат кратки диктати што траат најмногу 10 минути. Поправката на диктатите се врши колективно. За писмени вежби се задаваат: прашања и одговори, поставување прашања на текст, дополнување на реченицитe со нови зборови и форми, варијации на текстот во однос на бројот, лицето, родот, времето и др. Во завршните одделенија се препорачува раскажување на текстот по зададен план, опишување на ситуации по слики, давање описи на празници, екскурзии, посети на театар и кино, разни ученички доживувања и др. Составувањето писма се препорачува во VI одделение доколку учениците можат да одговараат на такво барање. Наставникот ги запознава учениците со разните форми на учтиво однесување, благодарење, извинување и честитање.

Домашните вежби треба да се кратки и едноставни, за да може секој просечен ученик за 20—30 минути добро да ги изработи. При задавањето домашни задачи се води сметка тие да бидат разновидни, а по својата тежина и сложеност да одговараат на возраста на учениците.

За учениците што покажуваат особен интерес наставникот подготвува специјални наставни ливчиња и организира секции на слободните активности.

Контролните писмени работи (писмените класни работи и тестовите) служат за проверување на писменоста и на знаењата на учениците по граматика. Тие не даваат слика на способностите од ученикот за служење со говорниот јазик. Затоа оценката од писмените задачи и тестовите може само делумно да делува на општата оценка на ученичките знаења по странскиот јазик.

Во писмените работи и тестовите се задава само материјал што е предвиден за соодветен степен на образование и што е содржан во учебниците. Видот на писмените работи зависи од говорните и писмените вежби, претходно работени и утврдени во класот.

По завршеното тестирање коригираните ливчиња не се враќаат на учениците.

Преводот на мајчин јазик се користи во почетокот само за правилно толкување на изразите и специфичните конструкции. Во VIII одделение се преведуваат подолги текстови во духот на мајчиниот јазик.

Граматичкиот материјал во V одделение се увежбува само низ разговор, без да се даваат објаснениja за неговото формирање и функција. Во другите одделенија граматичкиот материјал се систематизира откако ќе се обработи во реченица. Учениците треба да се запознаат со јазичните законитости постапно. Никако да не се издвојува граматичката форма и да не се менува одделно по падежи, по времиња, по лица, туку да се менуваат цели реченици. Се тргнува од примерот и поединостите кон согледување на законитостите, а потоа врз основа на тие согледувања се доаѓа до правилото.

Аудиовизуелните средства многу придонесуваат за правилното усвојување на странскиот јазик. Визуелните средства: цртежот, сликата, фланелографот, стрипот, дијафилмот, и филмот му служат на наставникот да ги запознае учениците со новите поими без да го користи мајчиниот јазик. Аудитивните средства: магнетофонот, грамофонот, радиото и телевизијата се користат за правилно усвојување на реченичната интонација и изговорот. Во почетната настава потребно е на секој час да се употреби некое аудиовизуелно средство. Наставникот ги користи нив при обработка на нов материјал, при говорни вежби, како и при утврдување на материјалот. На магнетофонската лента треба да биде снимено само правилно читање на текст, дијалог, стихови или одделни реченици. Не треба да се дозволи наставникот да сними читање на текст, во кој реченициte се разделени и не претставуваат говорни целини. Доколку нема магнетофонски снимки на учебниците по странски јазици, може да се преснимаат текстовите од грамофонските плочи, со кое се овозможува учениците да повторуваат повеќепати определени реченици.

ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

ЗАДАЧИТЕ НА НАСТАВАТА ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

Наставата по физичко воспитание во основното училиште има за цел правилно да го насочува биолошкиот развиток на телото на ученикот, да развива здравствено-хигиенски навики, да ја јакне отпорноста на организмот, да развива одредени психофизички особини (сила, издржливост, брзина и подвижност), како битни предуслови за сестрано развивање на ученикот.

Поради тоа и задачите на оваа настава се:

— Училиштето да ги развива и сестрано јакне сите компоненти на здравјето (физичката, душевната и социјалната), да го поттикнува растењето и развитокот на организмот на учениците и сестрано да ги јакне нивните органски функции и физички способности;

— учениците да стекнуваат знаења, умеења и навики за движење, особено на такви од практична вредност, нужни во условите на денешниот сложен живот со механизација и развиена индустрија;

— учениците да ги усвојат најелементарните знаења од теоријата на физичкото воспитување и хигиената;

— училиштето да организира и спроведува систематска контрола и проверување на здравјето, телесниот развиток и растењето на учениците, и за тоа да води соодветна евиденција;

— физичкото воспитување треба да врши компензаторска улога, кога на правилниот психички развиток на учениците негативно се одразуваат долгото мирување и седење во клупа, разните задолжувања и друго;

— да им помогне на учениците да го разберат значењето на физичката култура за поединецот и за заедницата; да им развива чувство на лична одговорност за чување на здравјето и одржување на физичката кондиција, како и да им создава навики за постојано користење на физичката култура во секојдневниот живот;

— сестрано да ја развива телесната спретност кај учениците; да им помогне што потполно да ги совладаат практичните

знаења и активностите, потребни за чување на здравјето и одржување на работоспособноста;

— да помогне во развивањето на позитивните психички особини, моралните својства, квалитетите на волјата и карактерните одлики во духот на социјалистичкиот морал;

— да го оспособи ученикот за самостојна борба против телесните недостатоци, со примена на корективни вежби;

— да им обезбеди на учениците активен одмор и разонода, освежување на организмот, прибирање на нови сили и подигање на општото животно расположение за работа.

I и II ОДДЕЛЕНИЕ

Основно обликување на телото и движењата

Упатување на учениците во уочување на доброто и лошото држење на телото и правилното дишење и навикнување на секојдневни утрински вежби дома.

Со соодветни вежби за обликување се влијае на големите групи на мускулите (грбната мускулатура со лопатичниот појас и 'рбетниот столб, трбушната, предната и задната положба на бутот и потколениците, како и кусата мускулатура на стапалото со скочниот зглоб и на шепите), а во прв ред за спречување на телесните деформитети. Посебно внимание се посветува на вежбите на стапалата.

Се изведуваат вежби за развивање чувството на рамнотежа, видот, слухот, допирот, како и на мускулно-зглобната осетливост.

Се изведуваат вежби за ориентација и снаоѓање во просторот, со менување на разни положби: во лежење, стануване, тркалање и колутање (за II одделение).

Одење и трчање — Учениците се оспособуваат за одење и трчање со различно темпо, поединечно и групово, на куси патеки до 30 м. Се води сметка за природно и неусилено држење на телото и изведување на движењата, како и за нормалното дишење.

Скокање — Скокање во височина, далечина и длабочина, со совладување на препреки од место и во движење, со посебно внимание за еластичноста во доскокот. Скокањето се изведува поединечно, групово и во бранови (I одделение), како и со наизменично менување на нозете при одразот и изведувањето (II одделение).

Фрлање — Фрлање на мала топка, палка, камчиња, костења и сл. во височина, далечина, или во цел од место со лева и десна рака (I одделение).

Истите фрлања од различни положби на телото и на различни начини (II одделение).

Фрлање на топка со лева и десна рака (II одделение).

Лазење и качување. — Лазење и качување со нозете и рацете по клупи, сандаци, скали и слично, поединечно и групово (I одделение).

Да се научи лесно и вешто совладување на најдени и импровизирани препреки со лазење и качување (II одделение).

Дигање и носење — Ученикот да се оспособи за умешно дигање и носење на предмети со различни форми; до 3 кгр. (за I одделение).

Носење на справа и други предмети од 2 и повеќе ученика така, што на еден ученик да падне тежина до 5 кгр. (за II одделение).

Влечење, потискување и надвлекување — Совладување на жив отпор помеѓу двајца (I одделение).

Влечење, туркање и потискување на справи и на разни предмети (II одделение).

Висење — Слободен начин на висење на разни справи, дрва и предмети (I одделение).

Мешан и слободен начин на висење и поместување во висењето на различни справи (природни и конструирани): гранки, стап што го држат двајца на рамењата и др.; со рацете и нозете на вратило, разбој, скали и др.; стоејќи, чучејќи и лежејќи (II одделение).

Вежби во партер — Предвежби за колут напред и назад (елементарни движења за спретност): тркалање, клацкање, превртување, вртење преку надолжна и напречна оска на телото во лежење, седење и стоење (за I одделение).

Колут напред од место (II одделение).

Игри — Игри со трчање, скокање, фрлање, тркалање, удирање и одбивање на топка со рака и нога.

Игри за развиток на чувството за рамнотежа, на видот и слухот, постојаноста на вниманието, допирот, кинетичкиот осет и ориентацијата во просторот.

Развивање на ритмичко движење и творечки способности на ученикот, со помош на игри и елементи на народните ора, со давање ритам преку инструменти, песна, рецитација, разни чукања, како и со елементи на детски народни игри.

Строеви вежби — Постапно и на соодветен начин учениците треба да се навикнуваат на организирано собирање и движење: поим за внимание — став мирно, врста, ред — колона и круг, како и за промена на движењето и вртењето на место со давање соодветен знак (II одделение).

III, IV и V ОДДЕЛЕНИЕ

Основно обликување на телото и движењето — Да се обрне внимание на правилното формирање на лопатичниот појас, градниот кош и стапалата, како и на зајакнувањето на трбушната мускулатура (во IV, особено во V одделение се бара поголема прецизност во изведувањето на вежбите).

Учениците се оспособуваат да ги уочуваат и да ги совладуваат просторните и временските елементи на движењата и тоа: полека, бргу, побргу, најбргу и обратно.

Учениците се оспособуваат да ја чувствуваат напнатоста и олабавеноста на мускулатурата и разликата меѓу нив, со посебно конструирани и комплексно прикажани вежби (особено во V одделение).

Се развива спретност на рацете во спретното ракување со различни помали справи (топки, јаженца, камчиња, кутивчиња и друго).

Се поврзуваат повеќе елементарни движења во хармонична целина — мали комплексни композиции.

Преминување преку греда на различни начини, за развивање чувство на рамнотежа (височината на гредата постепено се зголемува).

Одење и трчање — Правилно и еластично одење и трчање со зголемување на брзината и далечината, водејќи сметка за одмарање (кусо и често), со менување на одењето и трчањето.

Одење во чекор со песна и со музичко следење (грамофон, магнетофон, виолина, клавир и др.).

Совладување препреки со трчање.

Штафети од различни ставови и положби.

Увежбување на елементите и основите на техниката во брзо трчање и став од различни положби.

Брзо трчање на 30—50 м.

Крос од 3—5 минути (наизменично со одење).

Скокање — Се усовршува и јакне одразот, поврзувајќи го со залет; се усовршува способноста за управување на движењата во лет, како и за мекоста во доскок.

Скокање во далечина и височина од залет право, со одраз на лева и десна нога.

Вежби во прескокнување на препреки — ендеци со помош на стап.

Нагазни скокања преку положени справи (коњ, козлиќ, греда и др.).

Фрлање — Фрлање топчиња, камчиња, костења и сл., со одење и залет во далечина (со лева и десна рака);

Фрлање топчиња со лева и десна рака во цел што виси и во цел на подлога (од место и во движење).

Лазење и качување — Лазење и качување со раце и нозе при посложени услови преку клупа, греда, сандак, скала, вратило, разбој и препреки, што се наоѓаат во близината на училиштето (ограда, греда и слично), поединечно, со помош на соученик и групово (III одделение).

Совладување на правилната техника на качување со раце и нозе по јаже и стап (IV одделение).

Качување до 3 м. височина (V одделение).

Дигање и носење — Дигање и носење на другар со двајца, на далечина 10—15 м.

Носење другар на плеќи до 10 м. (V одделение).

Носење другар на рамо од два ученика, со скрстени раце, држејќи го за раце и нозе.

Влечење, потискување и надвлекување — Борба меѓу двајца за предмети (медицинки, топка, буздогани, палки и др.).

Слободно борење и тоа за покусо време (само за IV и V одделение).

Надвлекување со јаже групово (V одделение).

Вежби на справи — Вис-стоечки, преден и заден, со премин од еден во друг вис.

Нишање во висење со одраз на нога од подлога (карики во мирување и ниско вратило).

Лулање на дофатни карики, скок во залулај (карики во движење).

Премин од мешан вис преден во мешан вис заден и во мешан потпор.

Возмак — одраз со една нога на ниско вратило (V одделение).

Совладување на препреки во нишање и лулање (V одделение).

Наскок во опор преден и саскок назад (ниско вратило, висок разбој).

Одење, трчање, разни прескоци на ниска греда.

Прескокнување — Јарец, коњ, сандак; претрчувања, наскоци, саскоци.

Згрчка (јарец, коњ, сандак).

Јарец: разношка (може и преку вежбач).

Предношка со кос залет и од одраз со една нога.

Височина на справата од 80—120 см.

Вежби на партер — Сите можни основни вежби на подлога за подвижност на учениците.

Колут напред и назад од место.
Поврзување на повеќе колути напред и назад.
Колут напред со топка или со медицинка.
Став на рамења.

Игри — Фаќање, додавање, фрлање и водење топка во одење и трчање, водејќи сметка за потребите во техниката на ракометот, кошарката, одбојката и фудбалот, со преминување во игри, кои служат како предвежби на игрите од III и IV одделение.

Игри кои во решавањето на задачите бараат соработка на повеќе ученици (штафетни игри и др.) во кои учествува група ученици со задача преку заемна соработка да остварат што подобар успех. На пример: „Помеѓу два и четири огна“, „Игра преку граница“ и др.

Танци — Се развива ритмичко движење, чувство за ритам и креативни надарености на учениците, преку одење, трчање, потскокнување, скокање и замаси. При тоа се употребуваат и справи: топка, обрачи и др.

Се научуваат народни ора од крајот во кој се наоѓа училиштето, и тоа најмалку по две ора од циклусот на познатите ора од нашата и другите социјалистички републики (во секое одделение).

Строеви вежби — За организација на наставата се употребуваат следниве команди: равнење, разбројување, вртење на место, движење и застапување, како и постројување и престројување.

Пливање — (за училишта кои имаат услови).

Игри и вежби за обука во пливањето, и тоа прво на суво, а потоа за привикнување на вода, со совладување на задачи, што ќе го олеснат обучувањето во пливање на различни начини. Да се настојува сите ученици да научат да пливаат и тоа на еден од основните начини на пливање, — градно или краул; скокање во вода на нозе и на глава од еден метар височина.

VI, VII и VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Основно обликување и движење — Се обрнува посебно внимание на убавото држење на телото, нормалната подвижност и на правилното обликување на 'рбетниот столб и стапалата;

Се посветува внимание и на вежбите што изискуваат пригодување кон нервно-мускулни напрегања и кон отпорите, што се спротивставуваат на движењата.

Трчање — Техника на брзо и истрајно трчање. Техника на низок и висок старт.

Брзо трчање: на 50 м. за ученички и на 80 м. за ученици.

Вежби во истрајно трчање на патека до 1.000 м. (за ученици) и 800 м. (за ученички), наизменично со одење — интервално трчање.

Крос — со решавање попатни задачи (за VIII одделение).

Скокање — Се вежбаат основните техники на скокање во височина и далечина и при тоа да се бара ориентација за создавање на индивидуална техника. Одразот да се учи наизменично со обете нозе.

Скокање во далечина со чекорна техника — „шкари".

Вежби во опчекорена техника „стредл".

Фрлање — Основната техника во фрлање на ѓуле со лева и десна рака: 3 кгр. (за учениците), 2 кгр. (за ученичките).

Фрлање топчиња од 200 грама во далечина и во цел, со десна и лева рака, од место, со залет од пет чекори и во движење.

Фрлање мал обрач од гума во вид фрлање диск, со лева и десна рака.

Совладување на основата за фрлање ѓуле во современа техника (VIII одделение).

Лазење и качување — Совладување препреки на стандардна училишна патека, кои бараат лазење, качување и прескокнување. Качување по јаже и стап со рацете и нозете (3 м. за учениците, 2 м. за ученичките).

Дигање и носење — Дигање и носење на другар со еднаква тежина, и тоа на грб, на далечина од 10—20 м.

Влечење, потискување и надвлекување — Народни начини на борење — да се вежбаат елементите и техниката.

Основите на техниката во грчко-римско борење.

Надвлекување и потискување во парови и групи, со јажиња, стапови и др.

Вежби на справи — Вратило — доскочно: нишање со обрт во предниш еднорачно; наопор завесно за потколено; вртеж назад завесно за потколено; возмав напред со одбив; подметен саскок со одбив; подметен саскок од опор преден — да се учи ниско вратило;

Разбој — низок: нишање во потпор; предношка и заношка; колут напред од сед во сед; став на рамења од сед разножно; опор исклопно до сед разножен.

Двовисински разбој: од вис на висока притка со кимање, премав преку ниска притка-згрчно и разножно, како и одбочно; возмав со одбив на една и обете нозе од ниска на висока притка; од вис со одбив на ниската притка наопор на висока притка.

Карики: — кружење на телото во вис стоејќи; нишање во вис (челно, бочно и кружење); вис вознесно; вис стрмоглави; подметен саскок со одбив (карики во мирување); лулање со обрт и преоѓање во згиб и во вис вознесно; подметен саскок (сите елементи на подвижни карики и тоа во предлулај).

Греда (80—120 см.): одење; трчање со обрти и со замаси на рацете и нозете; потскокнување; ваги; наскоци во сед и во опор клечејќи и чучејќи; саскоци со вивнување челно и бочно.

За сите справи учениците треба да научат поврзување на неколку елементи во складна целина.

Прескокување: — Разношка; згрчка; предношка (одраз на една нога); одбочка; прекопит со ослон на врат и други предвежби за премет; заношка; премет.

Вежби на подлога — Поврзување на колут напред и назад; Колут летечки — преку препреки од 50 см. височина. Став на глава. Премет од страна (svezda). Мост — шпага. Став на шепи со помош на совежбач (на sид не се практикува). Салто напред (предвежби и елементи).

Игри — Да се совладаат елементите на техниката на игра со топка во движење; основите на тактиката и правилата за играње на мал ракомет, кошарка, одбојка и фудбал.

Спортските игри се играат во скратено време, на помали игралишта (со соодветни димензии).

Пливање — (за училишта кои имаат услови).

Игри и вежби во вода: се усовршува техниката на пливањето, која најповеќе одговара на секој ученик, и се запознаваат другите техники.

Скокови во вода на нозе од 3 м. височина и на глава од 1—2 м. височина.

Пливање на далечина од 50 м.

Танци — Се проширува обемот на народните ора од сите социјалистички републики, со задолжително изучување на 3 народни ора во секое одделение.

Се научуваат основните чекори на современите друштвени игри, водејќи сметка за правилното држење на телото и за нивниот физиолошки учинок.

ОДДЕЛНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Излети. Се организираат излети: за извршување на практични задачи, за ориентација, за забавен живот и за развивање практични знаења за престој во природата (според возраста на учениците). Излетите треба да се организираат вон од редовната настава.

Логорување. Логорувањата се корисна наставно-воспитна форма, преку кои учениците се привикнуваат на едноставен и практичен живот во природата. Тие треба да се организираат така, што секој ученик, во текот на школувањето, да помине на логорување најмалку седум дена. Тоа е најдобро да се изведува по завршувањето на учебната година во VIII-те одделенија.

За учениците од завршните одделенија препорачливо е да се организираат и зимски логорувања по завршувањето на I-то полугодие.

Следење на учениците и проверување на физичките способности. Во основните училишта се воведува систематско следење и проверување на физичките способности на учениците, на сите промени на организмот во текот на учебната година.

За следење и евидентирање на физичките способности, функционалните и морално-волјните квалитети, за секој ученик се устројува евиденција, со водење на дневник на работа и на лични картони.

Проверувањето на физичките способности се врши во текот на целата учебна година, како на редовните часови по физичко воспитание, така и на вончасовните активности.

Систем на натпревари и приредби

Натпреварите во основните училишта се составен дел на програмата по физичко воспитание и тие треба да произлезат од применувањето на средствата и формите во реализирањето на наставната програма. Преку натпреварите најуспешно се формира учениковата личност, со развивање интерес и желба за постигање на максимални резултати. Системот и програмата на натпреварите треба да овозможи учество на сите ученици од училиштето. Учениците постапно се воведуваат во натпреварите. Натпреварите помеѓу учениците се организираат зависно од возраста и подготвеноста на учениците. Бројот на натпреварите во текот на една учебна година не треба да е голем, за да не ги исцрпува физичките сили на учениците, а со што натпреварите би го изгубиле своето значење.

Вишебој. Вишебоите, како најдобра форма за комплексно проверување на физичките способности на учениците, треба да се применуваат во сите училишта паралелно со другите видови натпревари според следниов рамковен систем:

Атлетски вишебој. Тробој (за V и VI одделение): трчање на 50 м.; скок во височина или далечина; фрлање топче од 200 гр. во далечина.

Четворобој (за VII и VIII одделение): трчање на 60 м. (ученици), 50 м. (ученички); скок во височина; скок во далечина; фрлање ѓуле од 3 кг. (ученици), 2 кг. (ученички).

Гимнастички вишебој. Тробој (V и VI одделение): прескок или вежбање на подлога; греда; качување (по јаже или стап).

Четворобој (за VII и VIII одделение): качување по јаже или стап; прескок; вежби на подлога; вежби на една справа; вратило, греда, разбој, карики.

Спортски игри: Помеѓу два или четири огна (за V и VI одделение);

Мал ракомет, мал ногомет и др. (за VII и VIII одделение).

Крос: На 1 000 м. (ученици) и 800 м. (ученички) со извршување на неколку практични задачи.

Лизгање, терање на ролшуи (за V и VI одделение).

Пливање и скијање (за VII и VIII одделение) — во училиштата кои за соодветни натпревари имаат услови и во време кога одговараат климатските прилики.

Ритмички состави и народни ора (за VII и VIII одделение).

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

За разлика од досегашните програми, оваа програма не го става во преден план учењето на одредени и конкретизирани телесни вежби, особено вежбите за обликување на телото за сите фази (иако не ја запоставува и таа потреба), туку поставува задачи според потребите на учениците, со чие исполнување се насочува развитокот на ученикова личност и се подига неговото здравје и физичката подготвеност.

Изборот на содржините и средствата е препуштен на учителот — наставникот, кој систематски треба да се подготвува за изведување на наставата по физичко воспитание.

Во програмата е извршена периодизација на три фази: I и II; III, IV и V; VI, VII и VIII одделение, сообразно со разликите што се појавуваат во физичкиот развиток на децата (фазите не се строго разграничени).

Елементите и средствата за решавање на поставените задачи треба да се сообразат со возраста на учениците, бидејќи тие се систематизирани според тежината. Затоа содржините од програмата и вежбите во одделните фази, треба да се распоредат по одделенија, така што потешките вежби ќе се учат во погорните одделенија.

Физичкото воспитување во основното училиште, вака програмски поставено, треба да одигра значајна улога и да стане интегрален дел на општото воспитување, користејќи го телесното движење за развивање на целокупните сили на учениците, поттикнувајќи ги на творечка активност, во склад со потребите и тенденциите на општествената заедница, т.е. за хармоничен развиток на ученикова личност.

Со оглед на тоа што извесен број ученици инклинираат кон телесни недостатоци, односно покажуваат знаци на инсулфициенција на органите за држење и движење, во училиштата за таквите ученици треба да се организираат секојдневни часови за корективна гимнастика по 30 минути (ова особено за оние, кои имаат лошо држење на телото, односно деформитет од прв и втор степен). Лекарскиот наод треба да утврди кои ученици имаат потреба за корективна гимнастика. Часовите за корективна гимнастика треба да се држат вон од редовните, како вонредна мерка на училиштето за борба против телесните деформитети. Во поголемите градови треба да се организираат единствени центри за територијалните училишта, во кои, за сите деца со лошо држење на телото корективната гимнастика би се изведувала воедно. Ефикасноста на оваа мерка ќе зависи од тоа, дали и колку дефектни ученици ќе стекнат навики секојдневно да ги вежбаат соодветните вежби, за да се оспособат што поскоро за редовна настава по физичко воспитување. Часовите за корективна гимнастика треба да ги држат само добро подготвени стручни лица.

Телесното вежбање со динамични вежбални елементи треба да е основно средство во физичкото воспитување и за најмалите ученици — првачињата, бидејќи мирувањето, односно статичките положби во секојдневието, особено во училишната клупа, делуваат штетно врз нивниот организам. Затоа, телесната активност кај учениците треба да е секојдневна, многу подвижна и динамична во организирани игри, за да може компензаторски да делува врз организмот.

Со примената и усовршувањето на основните форми и координацијата на движењето (трчање, скокање, фрлање, дигање, носење, качување, ползење и др.), кај учениците, во прв ред треба да се развива брзина и подвижност. Учениците од 9—12 години треба да ги совладаат основите на: лизгањето, пливањето, скијањето, терањето на ролшуи и возењето на велосипед. Со подвижни, динамични и дорбо организирани игри, особено кај учениците од првата (донекаде и на втората) фаза, ќе можат да се прикажат скоро сите природни движења, предвидени со програмата.

Вежбите за обликување на телото, одделенските учители и стручните наставници по физичко воспитување треба да ги конкретизираат, во вид на систематски составени комплекси, посебно за сите три фази. Тие треба да се применуваат на секој час по физичко воспитување како коректив за правилното држење на телото на учениците. За таа цел треба да се избегнува секакво формално, бесцелно, шаблонско, едностранo и монотоно мафтање со рацете и нозете, што кај учениците делува заморително и досадно, и нема соодветно физиолошко влијание. Затоа, вежбите за обликување треба да се систематизираат и според нивното физиолошко дејство; да се распоредат по фази и да се применуваат задолжително на сите часови по физичко воспитување, за јакнење, растегнување, а посебно за лабавење — релаксација на мускулатурата на учениците. Во завршните одделенија треба да се даваат посложени комплексни состави во вежбите за обликување на телото, како и да се бара поголема прецизност од учениците во извршувањето на движењата.

Дозирањето на елементите во вежбањето на справи и обучувањето во техниката и тактиката на спортските игри, да се применува вниманието, неусилено, постапно, систематски и не така интензивно како кај возрасните, имајќи предвид дека учениците од основните училишта се во текот на интензивното растење. Така, вежбите на снагата, било на која справа, со оптоварување само на рацете треба да се избегаваат (ова особено во опорите).

Асистенцијата треба да се организира за време на секој час по физичко воспитување, особено кога се вежба на справи.

При играње на кошарка, височината на кошот, тежината на топката и начинот на ставовите во играта, како и времетраењето на играта да се определат според возраста на учениците,

односно да се намалат димензиите, со цел да се избегне деформација на рамениот појас и 'рбетникот. Што се однесува до фудбалот, препорачливо е да се игра мал ногомет на игралиште 50 × 30 метри.

Во завршните одделенија треба да се избираат такви телесни вежби и активности, кои доволно, интензивно и сестрано ќе делуваат врз развитокот на коските, мускулите, срцето и белите дробови, со кусотрајни максимални оптоварувања, при што треба да се води сметка, дека учениците во таа возраст, поради забрзаното растење, бргу се заморуваат.

ЛИКОВНО ВОСПИТАНИЕ

Задачите на наставата по ликовно воспитание се:

— кај учениците да го негува и развива ликовното искажување;

— да ги запознава со техниките за ликовно искажување што се приемливи за одредена возраст;

— кај учениците да развива усет и смисла за естетско доживување и искажување во сликарството, пластичното обликување, архитектурата, творбите на применетата уметност, наменети за украс и употреба;

— да создава навики за посетување на изложби, галерии и музеи и потреба од присуство на ликовни остварувања во амбиентот, кој го опкружува — домот, работните простории, јавните места, парковите и друго;

За остварување на поставените задачи на наставата по ликовно воспитание се служиме со: цртање, сликање, моделирање и естетско проценување на ликовното искажување на учениците и на творбите од уметничка вредност.

I ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Дожд, снег, бранови, скали;

Различни валчести и правоаголни форми;

Балони — еднобојни и повеќебојни (основни бои);

Разновидни плодови;

Илустрација на годишните времиња, цртање на слободни теми по избор, преживелици, случки и др.

Техники и материјали

Цртање и сликање: Со мек молив B-B2, креда, восочни бои, темпера, гваж, колаж (хартија во бои, разнобојни крпчиња и др.).

Пластично обликување: глина, тесто, восок, пластелин и други природни материјали (компир, репка, костен и др.).

II ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Сообраќајни средства (по сеќавање) — камион, кола, воз и др.;

Илустрација на прочитани четива;

Слободно ликовно искажување на некоја случка, доживување, излет, посета на циркус, куклен театар, музеј, забавен парк и друго;

Овошје и зеленчук (цели, во делови и композиција);

Птици и животни.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, креда, восочни бои, темпера, гваж, колаж (хартија во бои, разнобојни крпчиња и др.).

Пластично обликување: глина, тесто, кит, пластелин и други природни материјали (компир, репка, корења и дрво, дрвца и др.).

III ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Ликовно прикажување на пазар, манифестации, спортски натпревари, разновидни трговски дуќани, фабрики, работни акции, детски игри и друго;

Алати и машини за работа, сообраќај и одбрана;

Илустрација на раскази и песни;

Илустрација на семејство, стан за живеење, домашен двор и др.;

Зеленчук и овошје (поединечно, во композиција и берба);

Животни, птици, лазачи и риби;

Правење албуми од репродукции на ликовни творби.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, креда, восочни бои, мастило, туш, акварел, темпера, гваж, колаж (хартија во бои, разновидни крпчиња и друго).

Пластично обликување: глина, восок, кит, пластелин, памук, сунѓер, жица, летвички и штички, корења и плодови.

IV ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Ликовно искажување на средината во која живеат и се движат децата (соба, двор, улица, училиште, училница, спортски терени и др.);

Илустрација на раскази и песни, случки, прослави, манифестации, собири, настани од историјата на НОБ и од социјалистичката изградба;

Овошје и зеленчук;

Домашни и диви животни, птици, риби лазачи;

Едноставен орнамент (геометриски, растителен и животински) со оглед на неговата практична примена;

Разгледување на репродукции од ликовни творби, остварување на архитектурата, посета на изложби и музеи со нужен коментар.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, креда, восочни бои, мастило, туш, акварел, темпера, гваж, колаж (хартија во бои, весници, разнобојни крпчиња, кожа, перја, гриз, шеќер и друго).

Пластично обликување: глина, восок, кит, пластелин, памук, сунѓер, жица, лим, штица, корења, плодови, рафија и др.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Слободен избор на мотиви по сеќавање и фантазија со цел за ликовно искажување на истите;

Преживелици, случки од НОБ, од историјата, од социјалистичката изградба и друго; пожар, сон, замислено летање во вселената и друго;

Цртање, сликање и пластично обликување на поодделни мотиви и објекти, со цел конкретизирање на деталите по форма и боја (вагон, воз, брод, автомобил, куќа, железничка станица, зеленчук, овошје), ликовно и пластично обликување по форма и боја, сообразени со просторот;

Слободно декоративно компонирање по дадена задача (лист, плод, фигура и слично), со практична цел — тапет, фриз, облека, украс и друго;

Обликување и уредување на просториите за живеење и работа;

Разгледување репродукции на ликовни творби, архитектонски остварувања, посета на изложби, галерии, музеи — со нужен коментар.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, креда, восочни бои, мастило, туш, сепија (бајц), акварел, гваж, темпера, колаж (хартија во бои, весници, разнобојни крпчиња, кожа, перја, гриз, шеќер и друго), мозаик од хартија, гипсани плочки, природни камчиња; компир, зграфито, печат, гипсорез.

Пластично обликување: глина, восок, кит, пластелин, памук, сунѓер, жица, лим, штица, корења, рафија, плодови, папирмаше (книжна каша).

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Визуелно забележување на поодделни предмети со уочување на основните карактеристики (линија и простор), и пренесување на истите по секавање: улица, пазар, плоштад, парада, спортски игри и друго;

Конкретизирање на главните елементи, забележени во ограниченият простор пред табла со плакат, пред трафика, разговор пред врата, на театарска сцена, на спортски ринг итн.;

Декоративно компонирање со мотиви од растителниот и животинскиот свет и геометриски елементи на фризови, тапети, дезени итн.;

Запознавање и цртање на блок-букви со перо, клечка, четка и друго.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, разновидни бои, гваж, акварел, темпера, туш, колаж од разновидни материјали и друго.

Пластично обликување: правење на маски, фигури од каширана хартија, текстил, работа со жица, корења од дрвја и глина.

Естетско проценување: споредување на предмети за секојдневна употреба, остварување од областа на архитектурата, сликарството, графиката и скулптурата.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Уочување на основните карактеристики на предмети во просторот по форма (геометриска), за да се открие нивниот волумен и заемниот однос во просторот;

Цртање предмети со геометриски форми — линеарно, тонски и колористично;

Совладување на просторот преку сензибилна перспектива, по пат на објаснување за соодносот на предметите во интериерот и екстериерот (во просторот) — со контраст на линии, бои и друго;

Крокирање на различни предмети: мртва природа, пејсаж, фигури — директно со туш и боја;

Декоративно компонирање на текст и цртеж. Правење честитки, насловни страни на книги, плакат, различни дезени, декоративни паноа и друго.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, разновидни бои, гваж, акварел, темпера, туш, колаж од разновидни материјали и друго.

Пластично обликување: моделирање на предмети со глина, пластелин, жица, плех и друг материјал (на плодови, фигури и животни) со каширање, лиење во гипс, ковање, режење и др.

Естетско проценување: на облеката — начинот на облекување, избор на дезените итн.; подредување на простории за живеење и работа; организирање на изложби и друго.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Теми:

Цртање и сликање на интериери и екстериери со конкретизирање на просторот. Примена на здобиените знаења за перспективата, боите, формата; изведување на задачи спроведени линеарно и колористички;

Цртање, сликање и графичко изразување на: мртва природа, пејсаж, портрет, фигура;

Слободно декоративно компонирање и обликување на керамика, текстил, проспекти, насловни страни за книги, плакати, нацрти за зграфито, сценографии, интериери, екстериери и др.

Техники и материјали

Цртање и сликање: со мек молив B-B2, разновидни бои, гваж, акварел, темпера, туш, колаж од разновидни материјали, графички дисциплини. Примена на разновидни техники и материјали, изучени во подолните одделенија.

Пластично обликување: моделирање и лиење во гипс на одделни делови од човечкото тело и фигури. Обликување на фигури од разни пластични и декоративни материјали (рафија, жица, камен, дрво, плех и друго).

Естетско проценување: на одделни ликовни остварувања преку: гледање на репродукции и оригинални творби, творби од областа на применетата уметност и архитектурата.

ОБЈАСНЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Ликовното воспитание во основните осумгодишни училишта се изведува: во склопот на одделенската настава од I до III одделение, а во склопот на предметната настава од IV до VIII одделение.

За успешно остварување на наставната програма по ликовно воспитание, како и за примената на разни техники во ликовното изразување на децата, можат да се употребуваат разновидни начини и форми на работа со учениците. Најпрепорачливо е на секој ученик да му се пријдува индивидуално, според неговите можности, склоности и интереси и врз основа на тоа да му се поставуваат соодветни задачи. Со ваков начин на работа можеме поуспешно да ги согледаме и развиваме творечките способности на децата, што значи, наставата по ликовно воспитание ни дава можност да ги уочиме индивидуалните диспозиции и разлики на учениците во одделението.

За успешно изведување на оваа задача можат да се користат колекциите на цртежи од една генерација, чиј тек на работа сме го следеле од нејзиното стапување во училиштето па сè до завршувањето. Децата во оваа возраст ликовното творештво го одбележуваат со личен акцент и минуваат од фазата на примитивно гледање и искажување до фазата на реалистичко гледање и искажување и секое дете на својата работа ѝ дава индивидуален белег. Според тоа, во наставата по ликовно воспитување треба да го негуваме индивидуалното искажување, т.е. слободниот ликовен ракопис (црта, потег, линија, боја, форма итн.), што е од вонредно педагошко значење во современото ликовно воспитување.

Форсирањето на ликовното искажување на децата во некој одреден правец би било пречка за правилното развивање на детското ликовно творештво.

Во примената и изборот на методот на работа во наставно-воспитниот процес, ликовниот педагог — учителот ќе се раководи според поставената задача што треба да се реализира како и условите и возраста на децата. Изборот на методот, исто така, ќе зависи и од материјалите и техниките со кои се изведува зададената задача.

По реализирањето на замислите, т.е. по секоја задача, треба да се врши вреднување — оценување на резултатите, со цел да се следи развитокот на секој ученик поодделно.

Со вреднувањето — оценувањето се поттикнува вербата во успехот на секој ученик, се уочуваат неговите можности и достигнувања, а во врска со тоа, понатамошната работа подобро се планира од секој ученик.

Секој училишен час или работа треба да заврши со проценување вредноста на творбите, при што не треба да се потценуваат лошите остварувања. Треба да се објасни во што се состои убавото и лошото во поодделни творби и кон што треба да се стремат учениците во понатамошната работа.

За развивање на вкусот и усетот кон убавото — естетското ни стојат на расположение разновидни форми на работа: организирање на изложби од детски цртежи, изложби од репродукции на уметнички творби со соодветни објаснувања, гледање на каталози, илустрации, репродукции, и албуми со ликовни творби.

Потоа, посета на изложби, галерии и музеи при што би се одржале пригодни предавања и со што учениците би се вовеле во соодветните теми и упатиле како да ги гледаат изложените ликовни творби и музејски збирки.

Воспитно-образовната работа на ова подрачје треба да се одвива и низ слободните активности, во ликовни групи, клубови, ателеја итн. Притоа, треба да се води сметка за времето на учениците како и возраста, и според тоа да им се задаваат соодветни задачи и се ангажираат во поодделни форми на работа.

Во прво одделение, целта на наставата по ликовно воспитание е раката на ученикот да се навикне на слободно влечење разновидни линии — брановидни, испрекинати, крстосани и сл., со што ќе се избегне тематскиот приказ во цртањето. Оваа навика може да се создаде преку запознавање со линеарното претставување на бранови, дожд и друго и со цртање на бродови, риби, луѓе што пливаат и сл. За оваа цел потребно е учениците да користат чисти спектрални бои, затоа што се тие најблиски до ученичките можности и способности за колористично творештво.

Во второ одделение учениците пристапуваат кон илустрирање на разновидни ситуации, што биле предмет на нивно набљудување и доживување. Преку оваа ликовна активност кај учениците се развива помнењето, а илустрацијата или слободното прикажување на некоја случка, помага, исто така, да се развива и фантазијата, смислата за ликовно раскажување и сл.

Во трето одделение се користат слични теми за ликовно изразување како и во првите две, но со таа разлика што сега се врши проширување на ликовното запознавање на учениците, со тоа што тие веќе навлегуваат во посложени композиции. Преку цртање на алатки, машини и др. учениците се запознаваат со потребите на современиот човек и со сето она што современата техника го дава на човештвото. Со илустрации на раскази, прикажување на домашен амбиент и сл. тие истовремено се запознаваат со просторот, композицијата, динамиката итн. Тука посебно треба да се настојува учениците да изведуваат чисти и конкретни линии и да даваат јасен приказ на сето она што сакале да го изведат. Прикажувајќи зеленчук и овошје учениците во ова одделение не треба да ги претставуваат само плодовите, туку да прикажат и на што се тие поставени, како на пример: на маса, во чинија или др.

Во четврто одделение учениците треба далеку повеќе да го обогатат својот ликовен израз. Со комбинирање на бои, со јасно прикажани сцени, со совладување на просторот учениците треба колористички да го решат целиот распоред на хартија, а не со боја да ги покриваат само одделни форми на предметите.

Орнаментите во фриз и слично се од посебна важност за развивање на ученичките творечки способности. Треба на наједноставен начин да се прикаже каде сè орнаментот ја наоѓа својата примена, како на пр.: во текстилната индустрија, во украсувањето на книги, реклами и др.

Со разгледувањето на репродукции и посети на ликовни изложби се цели ученикот да се запознае со вредностите од областа на ликовната уметност, а истовремено да се култивира и неговиот усет за убавото во ликовната уметност.

Употребата на разновидни материјали и техники во ликовното воспитување помага учениците да се запознаат со нивните можности за ликовно изразување, а истовремено се постигнуваат и извесни воспитни ефекти, па се создаваат и соодветни навики. Така на пр. користејќи восочни бои ученикот без поголеми тешкотии спонтано ликовно се изразува; со мастилото и тушот здобива конкретност и педантност во искажувањето; со акварелот, темпера та и гважот се наведува на размислување за да постигне колористична хармонија на одредена ситуација; со колажот, покрај сите наведени особини, ученикот се стреми да постигне и техничка умешност со педантно лепење итн.

Во погорните одделенија се продолжува со работата на усовршувањето и натамошно развивање на ученичките способности за ликовно изразување. Во петото одделение, преку поединични теми и материјали, треба да дојде до полн израз ученичката фантазија и ликовна подготовка и да бидат задоволени неговите креативни, цртачки, колористички и интелектуални способности, а пак декоративното прикажување треба да најде практична вредност во одделни изведби. Во шесто одделение ученикот се здобива со поголема техничка вештина и треба да ги изнаоѓа правите ликовни вредности, што би му послужиле ликовно да се изрази на што пореален начин. Декоративното компонирање, пишувањето на букви и сл., исто така, треба да послужи за задоволување на практичните и естетски потреби на секој ученик. Визуелното забележување на одделни предмети и претставувањето на пазар, плоштад и др., треба да придонесе ученикот, пред сè правилно да ја забележи и претстави третата димензија, а донекаде и одредениот простор.

Во седмо одделение, преку правилно подредување и претставување на одделни предмети и објекти во просторот, ученикот треба ликовно да ја изрази визуелната перспектива, тродимензионалноста, бојата и да предаде правилно поставена композиција, а пак во осмо одделение, покрај сето досега кажано, ученикот треба да биде оспособен правилно да ја предаде светлината и сенката со црно-бело и со боја преку веќе здобиените технички умеења. Тој особено треба да се запознае со декоративната уметност, која на посебен начин ќе го оспособи за практична примена на ликовната уметност, како на пр.: плакатот, сценографијата, текстилот и др. На оваа возраст ученикот се запознава и со суштинските вредности на ликовните остварувања на познатите уметници, со што се прошируваат неговите културни навики и се создава фундамент за натамошен естетско-ликовен развиток.

Како и цртањето, така и пластичното обликување, претставува посебен интерес и непосредно е поврзано со општиот

психофизички развиток на учениците. Познато е дека децата уште од предучеличката возраст пројавуваат интерес за моделирање на разни предмети со што истовремено се задоволува и потребата за запознавање на предметите од непосредната околина. Поради тоа е потребно во подолните одделенија на основното училиште пластичното обликување да започне со моделирање на разни предмети, како што се на пример: овошшја, зеленчук и сл., користејќи ја при тоа околината како најпогоден материјал за пластично обликување.

Во оваа почетна работа учениците треба да се оспособат како да ја користат глината, односно да им се дадат основни упатства за моделирање на одделни делови на предметите, за нивното меѓусебно поврзување, за боењето на предметите и сл.

Откако учениците ќе се здобијат со основни умеења за ракување со овој материјал и моделирање на едноставни предмети, може да се отпочне и со пластично обликување на други посложени предмети како на пример: саксии, мастилници, птици и други животни. Моделирањето на човечката фигура, како најсложен објект на пластичното обликување, треба да се практикува откако учениците ќе се здобијат со доволно искуство и техничка умешност. Паралелно со воведувањето на посложените предмети, како објекти за пластично обликување, се користат и посложени материјали како што се: восок, пластелин, гипс, папирмаше (книжна каша), памук, сунѓер, жица, текстил, разни корења, дрвца и разни плодови. Воведувањето на посложените предмети и материјали за пластично обликување треба да биде во сообразност со возраста на учениците и степенот на нивната развиеност.

Извесна постапност треба да биде запазена и во начинот и обемот на работата при пластичното обликување на предметите. Учениците предметите прво ги моделираат набљудувајќи ја непосредно нивната форма, а потоа користат разновидни конструкции од штица и жица, претходно приготвуваат идејни скици на предметот, а потоа пристапуваат кон пластично обликување.

Како и при цртањето, така и во пластичното обликување покрај моделирањето по натура, односно моделирање на предмети од природата, треба да се практикува и моделирање по сеќавање, по зададена тема, како и моделирање на декоративни мотиви и композиции.

МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ

Задачите на наставата по музичко воспитание се:

— кај учениците да развива љубов кон музиката и да им даде основно музичко воспитание и образование;

— да развива усет за ритмичко и мелодиско движење како и за текот на музичката мисла;

— да го развива гласот на учениците и смислата за убаво пеење;

— да делува врз естетските, патриотските и социјалните чувства;

— да ја развива способноста за слушање на музички дела за да се сватат и основите на музичките форми и музичките стилови;

— да ги запознае учениците со одделните музички инструменти како и со инструментални состави;

— да го поттикнува и да го развива детското музичко творештво;

— да ги запознава учениците со музичкиот живот на својата средина;

— да ги запознава учениците со најзначајните музички установи, со музичките професии и со музичките творци во земјата и во странство;

— кај учениците да развива смисла и љубов кон значајните музички оставрувања, за да можат по завршувањето на училиштето, да го следат музичкиот живот на својата средина и во него активно да учествуваат;

— да ги оспособува учениците за групно музицирање, преку училишниот хор и училишниот оркестар.

I ОДДЕЛЕНИЕ

Во прво одделение слухово се обработуваат најмалку 10 пригодни песни. При пеењето се обрнува внимание на правилното дишење, и на правилното формирање на вокалите. Се развива усет за тонска височина, преку куси и едноставни мо-

тиви, довикувања и слично. Се развива чувството за ритам со помош на разни детски музички игри (бројалки); се поврзува ритамот со движење, и со едноставни текстови. Се вежба музичката меморија, преку едноставни ритмички и мелодиски мотиви.

II ОДДЕЛЕНИЕ

Во текот на годината се обработуваат по слух 10—15 пригодни песни од домашна и странска музичка литература. При пеењето се обрнува внимание на правилното дишење и правилното формирање на вокалите. Пеење на песни со ритмичка придружба — плескање на рацете, или во ритмичка придружба на одделни детски музички инструменти. Уочување и разликување на тонските особини: траење (долго и кратко), сила (тивко и силно) и височина (високо — ниско). Препознавање на гласовите од познати лица. Ритмички вежби како и во прво одделение, но со посложени ритмички комбинации и движења. Вежбање на музичката меморија преку повторување на едноставни ритмички и мелодиски мотиви. Слушање музика: песни и други минијатурни музички творби во жива и техничка репродукција.

III ОДДДЕЛНИЕ

Во текот на учебната година се обработуваат 10—15 пригодни песни од домашна и странска музичка литература. При пеењето се обрнува внимание на правилното дишење, убавото произведување на тонот како и на јасната дикција. Пеење на песни со ритмичка придружба на одделни удирни инструменти. Уочување бојата на тонот — препознавање на тоновите, произведени на разни народни и други музички инструменти. Разликување на човечките гласови: детски, женски и машки. Преку песни — модели, интонативно се утврдуваат 4—5 стапала од основната Ce-dur скала, не навлегувајќи во нотното читање. Развивање на ритмичкото чувство преку бројалки, пригодни текстови, чисто ритмизирање. Визуелното прикажување на ритмичките односи *долго-кратко* се врши со помош на кутивчиња или други фигури. Вежби за развивање на ритмичко-мелодиска меморија. Се прават наједноставни обиди и за творење. Слушање музика: песни и други музички творби кои по својата форма и тежина на јазикот ќе одговараат на определената возраст.

IV ОДЕЛЕНИЕ

Пеење на 10—15 пригодни детски песни од домашни и странски автори (слухово и по ноти). Шум, звук, тон. Утврдување на тоновите од основната Ce-dur скала: do, re, mi-fa-sol, la

si, do — преку модуларот, скалата и со помош на фономимија. Откривање на линискиот систем (петолиние). Распоред на тоновите според виолинскиот Ge клуч. Нотни знаци: цела, половина, четвртина и осмина нота, како и соодветните паузи. Утврдување трајноста на тоновите преку ритмичкиот стожер-четвртината нота. Тактови: дводелен, триделен и четириделен. Знак за повторување — репетиција (прима и секунда волта). Продолжување траењето на нотите и паузите (корона, лигатура и точка). Ритмички и мелодиски вежби во изминатите нотни траења. Создавање на мали ритмичко-мелодиски целини. Ликовно или литерарно изразување врз база на слушана музика. Преку пригодни форми развивање и на музичката меморија.

V ОДДЕЛЕНИЕ

Увод во уметноста и музиката. Пеење на песни и канони. Особини на тонот. Основна скала. Тетрахорд, степен; стапало. Интервали по име, големина и созвучје. (По однос големина на интервалите само информативно). Латински имиња на тоновите од основната Ce-dur скала: C, D, E, F, G, A, H, C. Природна a-mol скала. Темпо. Динамика. Каденци — во dur и mol. Непотполн такт — предтакт и узмав. Нерамно-сложени тактови: 5/8, 7/8 и 9/8 (преку пригодни народни песни (слухово, со тактирање). Творечка работа во обемот на изминатиот материјал. Устен и писмен диктат (ритмички и мелодиски). Слушање музика со ликовно-литературен одраз.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Мелодиски вежби и песни (народни, уметнички и борбени). Канони и лесно двогласно пеење. Знаци за повишување, снижување, и разрешување: диез, бемол, и бекар. Шеснаестини ноти. Осмина нота со точка. Ритмички стожер, осмина и половина нота. Квинтен однос меѓу скалите, односно квинтен круг нагоре и надолу, како начин за добивање на нови скали. Дурски и молски скали до два предзнака. Неправилна ритмичка поделба — триола. Ритмички особености: синкопа и контратан. Устен и писмен мелодиски и ритмички диктат. Нерамносложени тактови: 5/8, 7/8 и 9/8 (преку песни, со тактирање). Творечка работа во обемот на изминатиот материјал. Слушање музика со ликовно-литературен одраз. Запознавање на учениците со музичкиот живот на својата најблиска средина.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Пеење песни, вежби и канони како и полесно двогласно пеење во обработените скали. Бас клуч. Поделба на тоновите во октави. Видови хорови. Главни тризвучја во dur и mol: тоника, субдоминанта и доминанта.

Запознавање со сите видови оркестрови инструменти — гудечки: виолина, виола, виолончело и контрабас; дувачки: мала флаута (пиколо), флаута, обоа, англиски рог, фагот, кларинет, саксофон, хорна, труба, тромбон и туба. Удирни инструменти; инструменти со типки: клавир, оргуља, хармоника; други инструменти: харфа, гитара, мандолина.

За македонската народна музика и народните музички инструменти. (Во училиштата на народностите ќе се зборува и за нивната народна музика).

Мотив (фигура и пасаж), реченица, мала дводелна и триделна форма на песна.

Творечка работа: создавање мали ритмички и мелодиски целини. Ликовно или литературно изразување врз база на слушана музика. Развивање на музичка меморија преку диктати.

При слушањето на музички примери за запознавање на музичките инструменти да се спомнат најглавните личности во историјата на музиката, а исто така да се објаснат и најважните музички професии.

Да се запознаат учениците со музичките установи на својата средина, на својата земја, и во странство. Запознавање со уметничкото музичко творештво на нашите народи.

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Пеење народни и уметнички песни, од домашни и странски композитори.

Музички форми — сложена тридела форма на песна: менует, валцер и марш (другите можат само да се спомнат). Програмска и апсолутна музика. Запознавање со главните инструментални форми: варијации, соната, симфонија, концерт, увертира, симфониска поема. Вокално-инструментална форма: кантата; музичко-сценски форми: балет, оперета и опера. При слушањето на музички примери за толкување на музичките форми да се спомнат најглавните личности од историјата на музиката и најзначајните музички насоки (музички барок, класицизам, романтизам).

И овде да се прошири фондот на делата од музичкото творештво на нашите народи.

ОБЈАСЕНИЕ НА ПРОГРАМАТА

Музичкото воспитување во основните осумгодишни училишта се изведува: во склопот на одделенската настава од I до III одделение, а во склопот на предметната настава од IV до VIII одделение.

Пеење песни по слух

Пеењето на песни по слух претставува основа на музичкото воспитување во I, II и III одделение. Преку него учениците, освен текстуалното разучување, се запознаваат и со музичко-изразните елементи: ритамот и мелодијата. Во текот на учебната година во секое одделение треба да се научат најмалку 10 песни, кои по своите текстуални-изразни елементи ќе одговараат на определената возраст, а исто така да имаат и педагошко-уметничка вредност. Предвид доаѓаат нашите народни песни и уметнички песни од домашни и странски автори. При пеењето посебно внимание се обрнува на држењето на телото, на дишењето, фразирањето; посебно се настојува за убаво и нефорсирано пеење.

Здобивање со тонски и ритмички претстави

Во првите три одделенија учениците се здобиваат со основните претстави за тонските односи по: височина, по сила, по траење и по боја. Се откриваат неколку тонални функции од основната Ce-dur скала преку песнички — модели. По однос на ритамот се фиксираат ритмичките траења, кои подоцна, при нотното читање (во IV одделение) ќе одговараат на половина, четвртина и осмина нота. На тој начин се врши постепено ритмичко-тонско осознавање, кое наполно ќе се осмисли преку соодветната наставна содржина во погорните одделенија.

Слушање музика

Слушањето на музика кај учениците ја развива музичката меморија, музичкиот вкус, а исто така ги оспособува да можат да ги разликуваат тоновите и бојата на одделни музички инструменти. Часовите по слушање на музика опфаќаат: слушање песни, минијатурни творби за одделни музички инструменти, пригодни детски оперетки или музички бајки. Како основна форма за слушање можат да послужат песните што ги пее или свири учителот, потоа песните што се емитуваат преку радиото, грамофонот или магнетофонот. Најуспешните творби треба да се слушаат повеќе пати во учебната година, како би можеле потрајно да се врежат во помнењето на учениците. Оваа наставна содржина најчесто претставува дел од наставниот час, и во тој мал временски период неопходно е апсолутно внимание на слушање и восприемање на музичката материја.

Свирење

При поволни услови се применува и свирење на детски музички инструменти. Свирењето на овие музички инструменти придонесува како за творечкото активирање на учениците, така и за познавање и комбинирање на разни звучни ефекти. Од музичките инструменти се употребуваат оние, кои не претставуваат посебна тешкотија во техниката на свирењето. Најчесто се почнува со природните инструменти — дланките за плескање, но-

зете за тапкање. Потоа доаѓаат разни видови удирни инструменти: триангли; чинели, свечки, прапорци, кастењети, барабани, тимпани и сл.

Творештво

Децата од оваа училишна возраст создаваат спонтано. Основно е да им се овозможи сами да пронаоѓаат и избираат начини и средства за музичко изразување. Тоа може да се манифестира преку: музика проследена со слободно движење во просторот, впечатоците од слушана музика можат да ги изразуваат преку цртеж или литературен состав, говорно-ритмички импровизации и сл.

Детски музички игри

Во детските музички игри спаѓаат детските бројалки и игрите што се изведуваат со пеење и движење (движење во редици, во круг а и во многу други комбинации). Овде спаѓаат и детските игри што се импровизираат врз определена музика. Сето ова придонесува за развивање на ритмичкиот усет, како и на усетот за развојот на музичката фраза.

И во наредните одделенија се применуваат истите музички активности како и во претходните: пеење (песни и вежби), свирење, слушање музика, творештво, но, се разбира, со програмски усогласувања за оваа возраст.

Како нова наставна содржина е запознавањето со основите на музичката теорија. Од оваа област во програмата се вклучени оние поими и термини што се неопходни за успешно совладување на музичката писменост како и за успешно следење на одредени музички појави. И преку овој вид активност наставата не треба да се одвива вербално. Секогаш да се тргнува од практика кон теорија, од пеење, свирење или слушање музика кон теоретско толкување.

УЧИЛИШЕН ХОР

Во секое училиште треба да постои училишен хор, во кој ќе членуваат ученици што ги одбрал и определил наставникот. Работата на училишниот хор заедно со другите музички активности, придонесува за здобивање на целосна музичка култура.

За хорско пеење треба да се одбираат такви творби, кои со својата литературна и музичка содржина одговараат на возраста на учениците. Покрај другите, на својата програма хорот треба да има и неколку свечени, масовни или други пригодни песни. На секој свој настап училишниот хор треба да има заокружена, смислена и стилско-содржински добро подредена програма.

Часовите за работата со училишниот хор се третираат како редовни наставни часови и тоа од 3 до 5 часа седмично.

За формирање на училишен оркестар во сообразност со своите услови одлучува самото училиште.

ДОМАЌИНСТВО

Задачите на наставата по домаќинство се:

— Кај учениците да развива правилен однос кон работата во домаќинството и разбирање на потребата за сопствен придонес и заемно помагање во рамките на домаќинството;

— да им изградува смисла за разумно економизирање и штедење при трошењето на материјалите, парите, времето и енергијата при водењето на домаќинството;

— да влијае на подигање вкусот во уредувањето на станот и смислата за подобрување условите за живеење;

— да делува на формирање навики за уредно, практично и солидно облекување;

— да ги запознава со основните принципи на правилната исхрана и ги воведува во современото користење на прехранбените продукти, потребни за развиток и одржување на организмот;

— да ги запознава со употребата и значењето на современите технички средства во домаќинството;

— да им развива љубов кон трудот и работни навики за вршење на секојдневните работи во домот и училиштето;

— да ги запознава со мерките на општествената заедница за олеснување, водење и унапредување на домаќинството.

VI ОДДЕЛЕНИЕ

Семејство и домаќинство — основни форми на општествениот живот. Во минатото сè што било потребно се произведувало во семејството. Денес семејството се користи со општественото производство.

Животни потреби на човекот. Основни — исхрана, станување и облекување; културни — одржување на здравјето, воспитание и образование; естетски — тие што на човекот животот му го прават поубав и попријатен. Потребите се променливи: можат да се наголемуваат, менуваат и ограничуваат.

Станување — Современ стан: хигиенски, здравствени, естетски и социјални услови на современиот стан. Поредба: современ — несовремен стан.

Станбени простории: внатрешен распоред на просториите според функцијата — дневна просторија, кујна, спални, санитарни простории и друго во современиот стан.

Уредување и опрема на станот: видови материјали за обликување на ѕидовите и подот. Видови намештај: класичен и современ (позитивни и негативни страни на едниот и другиот).

Современ намештај и неговиот распоред во просториите според функцијата. Видови легла, постели и нивното одржување.

Декоративни предмети во станот: килими, завеси и друг текстил во станот. Слики, фигури, цвеќе, видови садови за цвеќе и други украсни предмети — избор, боја, форма и големина во склад со просториите и намештајот. Естетско уредување на станот.

Одржување и уредување на санитарните простории: бања, клозет, изба, шпајз, претсобје, тераса, балкон. Хигиенско-практично и естетско уредување и рационално користење.

Осветлување и затоплување на станот: природно и вештачко осветление; избор на местото за поставување на светлосниот извор, складно со просториите; хигиенските и естетските барања; поединечно, етажно и централно греење на станот. Видови топлински извори. Хигиенско-здравствени и економски вредности на одделните начини на греење.

Одржување хигиена во станот. Значење на хигиената во станот, секојдневни работи околу чистењето на станот (проветрување, чистење и бришење прашина). Детално и повремено чистење на станот: одржување на ѕидовите, подот, прозорците, вратите и др. Механички и хемиски средства за чистење — употреба, чување и одржување.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на станот. Зошто и како се врши.

Технички средства во домаќинството: технички уреди во кујната, нивната употреба и значење за уштеда на времето, енергијата и средствата. Чување и одржување на техничките средства во домаќинството.

Уредување на околината околу куќата.

Практични вежби. Изработка скици на различни станови со распоред на просториите според нивната функција. Изработка на скици и макети, во кој ќе дојде до израз функционалноста на просториите, намештајот и естетскиот момент. Вежби во правилно распоредување на намештајот на макети со минијатурен намештај. Одржување на разни видови подови со примена на соодветни средства. Чистење врати и прозорци со примена на разни средства и чистење дамки на намештајот.

Се организира чистење на простории за да се научат учениците на правилно ракување со разни технички и други средства. При тоа да се обрне внимание на рационалното користење на силата, времето и материјалот. Вежбање во ракување со апаратите во домаќинството и нивното одржување. Вежбање и навикнување на правилно држење на телото при вршење на овие работи.

Практично уредување на околината околу куќата од страна на ученикот (каде што е тоа можно).

Посета на сервиси за помош на домаќинството и запознавање со нивната работа.

VII ОДДЕЛЕНИЕ

Облекување. Облекувањето некогаш и денес. Зошто се облекуваме: климатски, здравствено-хигиенски и естетски барања. Облекувањето низ историјата.

Суровини за изработка ткаенини: природни влакна (растителни, животински, минерални), добивање и својства; вештачки — целулозни и синтетички влакна (основни својства).

Видови ткаенини: памучни, ленени, од природна свила, целулозни, синтетички. Распознавање на ткаенините по потеклото на влакната. Поважни видови ткаенини според употребата.

Современо облекување. Горна облека: видови облека спрема полот, возраста, употребата и годишното време. Долна облека: поделба спрема полот, возраста, употребата и годишното време. Хигиенско значење на долната облека.

Текстил во домаќинството: за постели, маса, кујна, декоративен текстил (избор на материјалот и бојата според потребата и употребата).

Одржување на облеката: четкање, проветрување, редење. Чување на зимската и летната облека кога не се употребува. Сместување на носената долна облека: перење (рачно и машинско), сушење и пеглање. Чистење дамки на облеката: прибор, средства за чистење и постапка при чистењето.

Крпење на облеката: значење на крпењето од економски и естетски причини. Видови закрпи според материјалот (практично).

Правилно облекување: избор на текстилот според употребата, квалитетот и постојаноста на бојата и дезенот. Избор на кројот, со оглед на хигиенските, економските, функционалните и естетските принципи. Украси и нивната употреба.

Конфекција и нејзиното значење. Видови индустриска изработка на облеката и нејзиното економски значење — уштеда во време и пари.

Шивачка машина и нејзината употреба во домаќинството.

Обувки: според полот, возраста, употребата и годишното време. Здравствени и естетски барања при изборот на обувките. Одржување на обувките со оглед на видот и материјалот од кој се направени.

Практични вежби. Посета на музеи, со цел да се види развитокот и начинот на облекување кај нас и во светот. Вежби за познавање на ткаенините. Перење ткаенини од растителни, животински и синтетички влакна. Чистење дамки. Пеглање на разни видови ткаенини и облека. Зашивање петлици, порабување и крпење. Одржување на облеката од молци. Одржување на механизмот на шивачката машина — изведување на наједноставни бодови и шавови. Изработка на подлошки и сет-гарнитури со примена на украсни бодови.

Посета на конфекциски куќи и сервиси за одржување на облеката.

Исхрана

Значењето на исхраната за човекот, за одржување и развиток на организмот, за одржување на здравјето и работната способност и подигање продуктивноста на трудот.

Состав на храната: основни хранливи материи (белковини, јаглени хидрати, масти, витамини, минерални материи и вода), нивната поделба според потеклото и функцијата во организмот.

Хранливите материи според нивната функција во организмот: градивни (белковини, минерални материи и вода), топлотно енергетски (масти и јагленохидрати), заштитни и регулаторски материи (витамини А, група В, С D, Е и К и нивното запазување при приготвување на храната), минерални материи.

Хранливи продукти: храна од животинско потекло (млеко, млечни производи, месо, месни производи, јајца, маснотии); храна од растително потекло (житни растенија и нивните производи, заленчуци, овошје). Шеќерот и медот во исхраната; зачини; храна од неорганско потекло (готварска сол и водата во исхраната). Пијалоци — алкохолни, безалкохолни и алкалоидни.

Групирање на хранливите продукти според составот: носители на белковини, носители на маснотии, носители на јагленохидрати и носители на заштитни и регулаторски материи.

Садови и прибор за готвење и јадење.

Практични вежби. Техничко-термичка обработка на хранливите продукти со варење, печење, пржење, задушување и похување. Приготвување на основни супи и чорби, јадења со месо и безмесни, предјадења, салати, солени и слатки теста, кремови, компот, кафе, чај, бело кафе.

тичните и естетските моменти при изучувањето на оваа област, како и на воспитните моменти за создавање културно поведение на учениците во облекувањето, смисла за уредност и чувство за неа.

Наставата треба да се освежува со посети на објекти што имаат непосредна врска со оваа област како: историографски музеј, текстилна фабрика или работилница, продавница на конфекција, работилница за хемиско чистење, перална итн.

Областа на исхраната не се сведува само на готвење. Задача е учениците да се здобијат со основни знаења од областа на современата исхрана, да се запознаат со степенот на хранливоста на одделните продукти и со начинот на нивното готвење со цел да се сочува природниот состав. Покрај тоа нужно е учениците да ја согледаат можноста за комбинирање на одделни продукти и да се во состојба да ја пресметуваат нивната биолошка вредност во однос на цената. Се работи повеќе за запознавање со принципите на современата исхрана, гледано од здравствен и економски аспект.

Тоа не значи дека науката за исхраната треба да се претвори во теоретски предмет. Со внатрешната организација на работата, оваа настава практично добива два часа седмично, и со тоа се создаваат услови практичните вежби да се прошират со приготвување на оброци, неопходни во семејството и секојдневниот живот.

При обработакта на продуктите учениците треба да се запознаат со промените што настануваат во текот на готвењето, како на пример: промените при готвењето на овоштието, зеленчукот, месото, млекото и јајцата. Потребно е да се постигне учениците здобиените знаења да ги применуваат во секојдневниот живот, а тоа е критериум за успехот постигнат во оваа настава.

Особено е важно наставникот во даденатa средина да ја проучи исхраната на населението и во процесот на наставата да обрнува посебно внимание на тоа што е утврдено како погрешно во исхраната на населението во соодветната средина.

И во врска со обработката на исхраната треба да се вршат посети на објекти за општествена исхрана, фабрики за прехранбени продукти, млекари, ладилници, пекари итн.

Наставникот по домаќинство има обемна работа како во училиштето, така и надвор од него за исполнување на 42-часовната недела без оглед на редовните наставни часови. Согласно со потребите на училиштето и средината содржината на неговата работа е: естетското уредување на училиштето, одржување на хигиената и општата опстановка, ученичката кујна, одржување курсеви и семинари за учениците во последните одделенија, одржување курсеви и семинари за населението итн.

2. ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ

Физичкото и здравственото воспитание, како елемент на воспитно-образовната работа, се разликува од физичкото воспитание како наставен предмет во основното училиште. За реализацијата на задачите на овој структурален елемент треба да бидат ангажирани сите членови на работната организација, а не само предметниот наставник, со што физичкото и здравствено воспитување станува интегрален дел на целокупниот училишен живот. Во оваа смисла училиштето презема мерки за активно делување на сите училишни фактори за нормален психофизички развиток на учениците, а имено: спроведува превентивни мерки за хигиенските услови на животот и работата на училиштето и личната хигиена на училиштето; организира исхрана преку училишни кујни како и редовни и повремени систематски прегледи и контроли за здравјето на учениците.

Исто така училиштето организира и разновидни форми од областа на здравственото просветување, како што се: чување и нега на болни, укажување на прва помош, предавања за влијанието на хигиенските услови и правилната исхрана за здравјето, значењето на рамномерното оптоварување на организмот со работа и одмор итн. Во врска со ова училиштето води систематска грижа за осмислена организација и содржина на одморот и летувањата на учениците, преку организирање на детски летувалишта, излети во природата, логорување, бивакување и сл.

Во извршувањето на поставените задачи училиштето соработува со здравните служби, организациите за телесно воспитување, советите за грижи и воспитување на децата и други фактори, кои се грижат за здравјето на децата и младината.

низираат масовни акции што бараат ангажирање на повеќе од 2 часа дневно (помош на задругите и стопанствата во одделни сезони, кога е потребна масовна употреба на работна рака или акција за пошумување на голетите).

Овие содржини на производствената и општествено-корисната работа се задолжителни за сите ученици во училиштето. Покрај тоа елементи на производствена работа постојат и во други активности на учениците како што се: практична работа во рамките на наставата по запознавање на природата и општеството во I, II и III одделение, работа во училишната работилница во рамките на наставата по општотехничко образование, работа на часовите за практична настава по домаќинство, работа во училишната задруга, која и натаму се третира како форма на слободна работно-производствена активност на учениците.

Производствената и општествено-корисна работа се организира во принцип по одделенија. Доколку карактерот на работата бара учество на поголем број ученици, можно е при изведувањето на одделни акции да учествуваат повеќе одделенија, групирани во една работна единица. За остварување на задачите и содржината на ова подрачје нужно е целосно и сестрано ангажирање на наставничкиот колектив, а не само на еден наставник. Покрај тоа училиштето за оваа цел треба да соработува со организациите на народната техника, производствените претпријатија, земјоделските задруги и стопанства, како и со другите фактори и организации, кои се заинтересирани за техничкото образование и општественото воспитување на учениците.

4. СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Во структурата на воспитно-образовната работа слободните активности на учениците се јавуваат како посебно подрачје со следниве задачи: поврзување на училиштето со општествената средина; задоволување на индивидуалните интереси на учениците; проширување, продлабочување и примена на здобиените знаења; придонес за општественото воспитување и негување смисла за самоуправување; збогатување на културно-забавниот живот на учениците; организирано и целисходно користење на слободното време и слично.

Во училишната практика се сретнуваат голем број форми на слободни активности. Богатството на формите во одделни училишта е зависно од објективната положба, материјалните и други услови, во кои работи училиштето, како и од потребите на општествената средина. Битно е, формите на слободните активности, што се организираат во училиштето, на соодветен начин да придонесуваат за проширување и збогатување на воспитно-образовната работа и поуспешно извршување на воспитно-образовните задачи на училиштето. При тоа треба да се води сметка слободните активности на учениците да бидат застапени, се развиваат и унапредуваат паралелно со наставата и другите структурални подрачја на воспитно-образовната работа. Во секој случај потребно е постојано да се внимава и води сметка активноста во ова и другите структурални подрачја да не се одразува негативно врз наставата како основна и најважна воспитно-образовна активност на училиштето, но таа преку нив да добие во својата содржина и да стане подинамична и поинтересна.

При определувањето на учениците за работа во одделни активности погрешно е да се смета дека секој ученик треба да биде вклучен во секоја активност, бидејќи со тоа нивната воспитна вредност се сведува на минимум, а покрај редовната настава претставува преголемо оптоварување на учениците. Затоа наставниците се должни да ги насочуваат учениците кон оние активности кои повеќе одговараат на нивните интереси, склоности и можности. Тоа значи дека стихијното и моментното расположение на ученикот не треба да делува врз неговото определување, но е потребно да му се укаже помош. Од друга страна

тоа пак не значи дека наставникот треба да врши притисок во определувањето, но да оцени дали е ученикот во состојба и без тешкотии да работи во активноста што ја избрал.

Исто така погрешно е учениците често да ги менуваат организациите или активностите, за кои што се определиле, бидејќи тоа не дава резултат и може да има и негативен воспитен ефект. Затоа најцелисходно е ученикот барем една година да помине во избраната активност.

Слободните активности на учениците се организираат во вид на ученички организации, со свои самостојни раководства, избрани од самите ученици и имаат утврдени годишни програми за работа и определено време за реализирање на програмите. Учениците самостојно, и со помош на наставникот, а согласно со своите интереси се определуваат во која од постојните активности ќе се вклучат. Потребно е секој ученик да учествува во една активност, а одличните и многудобрите ученици најмногу во две до три активности, со цел да се избегне преголема оптовареност што би се одразила врз нивниот општ успех. Имајќи ја предвид општата ангажираност на учениците во основните училишта, временското ангажирање во слободните активности за учениците од I—IV одделение е определено со 1 час седмично, а за учениците од V—VIII одделение со 2 до 3 часа седмично.

Основните принципи при организацијата на секоја форма на слободните активности се: слободно определување на учениците според способностите и интересите и самоуправноста во организирањето и реализирањето на планираната работа. Учеството на учениците во слободно избраните органи (совети, управни одбори, комисии и друго) треба да стане активност за практично подготвување на учениците за успешно вклучување во општествениот и стопанскиот живот. Поради тоа оваа активност на учениците треба да се насочува и на тесна соработка со општествените и други организации на возрасните. На тој начин учениците доаѓаат поблиску до животната стварност, што е основно за освежување на воспитно-образовната работа и реализирање на воспитно-образовните задачи.

Наставникот задолжен за укажување помош на учениците, што се вклучени во одделни активности, се јавува повеќе како советник во организирањето на работата, донесувањето на програмите и нивната реализација, применувајќи таков однос, метод и такт со кој не го нарушува самоодлучувањето на органите и учениците — членови во активноста. Само по тој пат ќе може постапно да ги води учениците кон сè посамостојното одлучување и извршување на планираната работа.

Од организационата поставеност, планирањето и програмирањето на работата и начинот на укажувањето на потребна помош, многу зависат резултатите од работата во активноста, како и нејзиниот придонес за остварување на општите цели и задачи на училиштето.

Во досегашната практика во основните училишта, како што е напред нагласено, се јавуваат бројни форми на слободни ак-

тивности, кои можат да се класираат според нивната содржина на следниве групи: слободни форми за здобивање знаења; слободни технички активности; слободни фискултурни и спортски активности; слободни културно-уметнички и културно-забавни активности, ученички организации и слободни работно-производствени активности.

а) Слободни форми за здобивање знаења

Овие форми во практиката на училиштата се јавуваат како: групи на математичари, физичари, биолози, географи, историчари итн. Работата на овие групи се одвива под раководство на наставникот на соодветниот предмет. Содржината на работата претставува проширување и продлабочување на знаењата на учениците вон предвиденото со наставната програма. Се опфаќаат ученици кои покажуваат посебни склоности и интереси за одделни предмети, а кои во практиката често се третираат како надарени ученици. Со оглед на тоа што содржината на работата ги надминува програмските барања, работата во овие групи е идентична со додатната настава, која е наменета за децата што покажуваат посебни склоности и интереси и побрзо напредуваат, односно кои редовната наставна програма без тешкотии ја совладуваат и не им ги задоволува потребите. Вклучени во работа во соодветните групи, учениците добиваат поголем квантум на знаења, се ориентираат кон истражувања, прибирање документациони материјали, обработка посебни теми, решавање на задачи и слично, при што во голема мера треба да појават самоактивност и саморабота.

Со оглед на тоа што работата во овие групи се смета во исто време како додатна настава, а се изведува во рамките на определеното време за слободните активности, нужно е да се води сметка за оптоварувањето на учениците со други слободни активности.

Иако работата во овие групи бара поголемо ангажирање на наставникот, тие, исто така, треба да имаат одговорен ученик или некој друг самоуправен орган.

б) Слободни технички активности

Во практиката, по правило, се јавуваат како клубови на млади техничари со разновидни секции (радиотехничари, фотоаматери, моделари итн.) или како самостојни секции и групи необединети во клуб. Секако, дека клубот што ги обединува секциите и групите во една организациона единица претставува повисока организациона форма и дава можност повеќе ученици да се ангажираат во заедничките и посебните самоуправни органи, што има и посебно значење за практичното општествено воспитување на учениците.

Посебно значење овие активности имаат за развивање на техничката култура на учениците, за продлабочување на здобиените знаења во наставата, здобивање на нови знаења, умеења

и работни навики. Сè тоа, зависи од правилниот избор на содржините за работа, нивното програмирање и начинот на реализирање на програмите. Некои од овие активности повремено можат да добијат и вид на производствена работа преку која се остваруваат и парични средства, што дава можност за набавување материјали за изведување на работата.

Работата во овие активности во никој случај не треба да се исцрпува само во мануелната активност, во механичко вршење на определени операции и ракување со определени механизми апарати и слично. На оваа активност секогаш треба да ѝ претходи и да ја следи планирање, скицирање, проучување на соодветна техничка литература, посета на современо технички опремени претпријатија и слично, што во исто време ќе ги ангажира и интелектуалните сили на учениците. Потребна помош на овие активности во оваа смисла треба да укажуваат наставниците по основи на општотехничкото образование, физика, хемија, биологија, математика, како и целиот наставнички колектив.

в) Слободни фискултурни и спортски активности

Во училишната практика се јавуваат, како спортски друштва или училишни друштва за физичка култура, кои што обединуваат различни спортиски секции, клубови и групи, а и како самостојни клубови и секции. Училишните друштва за физичка култура се погодна организациона форма и ги обединуваат сите форми слободни активности на ова подрачје. Во нив учениците слободно и активно учествуваат, со цел да ја издигнуваат сопствената физичка култура, да најдат здрава, културна забава и разонода, да ги задоволат своите интереси и посебни желби. Покрај поттикнувањето на сестраноста на физичкото воспитување во рамките на организираната работа, учениците се упатуваат и во општественото самоуправување.

Во рамките на овие активности и како резултат на работата во нив се организираат излети, логорувања, прослави, јавни настапи, натпревари, приредби и слично.

Работата на сите секции, клубови и групи, во рамките на училишното друштво за физичка култура, треба да биде планирана и програмирана, така што таа перманентно да се одвива, а јавните настапи, натпревари, приредби и слично да бидат само јавна манифестација и проверка на она што е во редовната работа постигнато. Во исто време, при планирањето на натпреварите и јавните манифестации, треба да се води сметка нивниот број да не биде голем, за да не ги исцрпува физичките сили на учениците, со што би го изгубиле своето основно значење, а во исто време и негативно би се одразило во работата на другите подрачја од воспитно-образовната работа. Нужно е да се води сметка сите овие активности рекреативно да делуваат на учениците.

г) Слободни културно-уметнички и културно-забавни активности

Во практиката постојат како културно-уметнички друштва или самостојни активности. Во некои случаи сите овие активности ги обединува литературната дружина, а во некои училишната задруга. Поцелисходно решение е да се организира едно друштво кое ќе ги обединува сите културно-уметнички и културно-забавни секции, клубови и групи. Покрај заедничките органи на управување овие форми би имале и свои посебни органи.

Со оглед на богатството на формите би се задржале само на некои од нив кои во практиката најповеќе се афирмирале:

Литературна дружина — Литературната дружина го проширува и продлабочува литературното образование на своите членови. Се организираат дискусии за прочитани книги, за нови уметнички творби; се проучуваат писатели и поети, литературни правци, литературно-теоретски проблеми и општествената условеност на литературата, се одгледува оригиналното творештво на членовите; се развива љубовта кон книгата; се унапредува функционалноста на библиотеката; се организираат заемни посети со исти групи од други училишта и се изведуваат заеднички литературни читања и други литературни манифестации и сл.

Драмска секција — Во драмската секција се развива смисла за глумата и драмската уметност, како и за уметничкото читање и рецитирање. На состаноците членовите се запознаваат со уметничкото читање на текстови од разни видови (лирски, епски и драмски); заеднички се гледаат и анализираат театарски претстави и нивните критики (од детските и младинските листови); се прикажуваат извадоци од драмски творби; се драматизираат текстови кои имаат драмски елементи, а најдобрите се прикажуваат пред одделенскиот колектив, училишниот колектив и пред јавноста на училишните свечаности, и друго.

Журналистичка група — Во журналистичката група се развива умешноста во конверзацијата и писменото изразување. Дејноста на оваа група се одвива во форма на усни весници, предавања, повремени актуелни информации, видни весници и ученички листови, се следи печатот; се пишуваат вести, дописи, интервјуи, репортажи, спортски извештаи, козерии, хумористички, анегдоти и сл.; се посетуваат печатници; се проучува историјатот на печатот; се пишуваат прикази на книги, филмски, театарски, телевизиски и радиоемисии, и друго.

Кино-клуб — Во кино-клубот се развива интересирањето на учениците за филмот; се организираат заеднички гледања на филмови и се водат дискусии за нив; се запознаваат разни видови филмови (играни, документарни, културно-просветни и други); се навлегува во техниката на филмот (идеја, сценарио, книга на снимањето, режија, монтажа и др.); се читаат и комен-

тираат достапни филмови, критики; се прават обиди во пишување на сценарија за нови филмови; се споредуваат литературните дела и филмовите што се снимени според нив; се споредуваат филмови и слично.

Други форми слободни активности — Покрај наброените активности, со соодветна содржина на работа се јавуваат и други активности како што се: пионерски универзитет, хор, пеачки групи, оркестри, фолклорни секции итн.

Училишниот хор — за учениците претставува слободна активност, бидејќи за работа во хорот слободно се определуваат, а пак за наставниците хорот е задолжителна наставна работа. Времето за работа на хорот се користи во рамките на определеното време за слободните активности.

Сите овие активности, како што е напред речено, во основа имаат заедничка задача да делуваат на подигањето на општиот културен ниво на учениците, го развиваат нивниот вкус и смисла за уметничко доживување. Поради тоа не е битна бројноста на формите што се застапуваат во училиштата, туку содржината и квалитетот на работата во нив.

д) Ученички организации

Покрај ученичките организации, како што се клубовите на млади техничари, спортските и културно-уметничките друштва, во училиштата постојат и делуваат и други организации кои имаат воспитно и општествено значење. Некои од нив, како што е пионерската организација, делуваат во училиштето, а некои повеќе имаат воншколски карактер и се поврзани со соодветни општествени организации на возрасните како: Друштвото за телесно воспитување „Партизан", извидници, феријален сојуз, црвен крст и слично.

Пионерската организација е општа организација на учениците во училиштето, која има свое раководство и определен организационен систем. Нејзината улога е во општото делување во училиштето, во укажување помош на другите ученички организации и активности кои што остваруваат посебни воспитно-образовни задачи. Според тоа пионерската организација е сеопфатна и се јавува како фактор во развивањето, делувањето и поттикнувањето на сите ученички активности во училиштето.

Во воншколските активности учениците се зачленуваат и делуваат како и другите граѓани. Во која мера учениците ќе учествуваат во овие организации зависи од самата организација, наставниците и свеста за потребата за соработка и учествување на учениците во нив. Во програмирањето на работата на овие организации, во колку ги опфаќаат учениците, се јавуваат тешкотии, особено ако тие програми се донесуваат без соработка со училиштето. Затоа е нужно во донесувањето на програмите за работа да учествува наставничкиот колектив за да придонесе тие по обем да бидат прилагодени на развиеноста и можностите на училиштето.

ѓ) Слободни работно-производствени активности

Во основното училиште како производствена организација се јавува ученичката задруга и некои други форми на работа како што се општествено-корисната работа, собирање лековити растенија и сл., а пак во индустриските центри се јавуваат извесни елементи на производствената работа во училишните работилници.

Ученичка задруга е општествено-производствена организација и како таква има свои самоуправни органи, кои раководат и ја насочуваат работата (собрание, совет, управен и надзорен одбор како и други индивидуални функции).

Ученичката задруга има општествено-воспитно и економско значење, бидејќи кај членовите на задругата, во процесот на работата, се формираат општи морални норми и интереси, се воспоставуваат односи на заемна соработка и меѓусебна помош. Преку вршењето на определени функции учениците се подготвуваат за општествено управување. Ученичкиот колектив се формира не само врз општествено-моралните интереси, но и врз економските интереси, што претставува силен фактор во формирањето на свеста, работните навики и моралните норми. Се развива чувство за должност, одговорност, самодисциплина, припадност на одреден колектив итн.

Многустраното економско делување на ученичката задруга придонесува учениците теоретски и практично да се запознаат со поимите: производство, распределба, понуда, побарувачка, стока, цена итн., со што се здобиваат со основно економско образование. Покрај тоа учениците здобиваат и некои практични вештини, се запознаваат со економската целисходност на производствената работа, како и со практичната примена на агротехничките мерки во производството. Натаму, решавајќи ги проблемите на распределбата на тоа што го заработиле, учениците ги согледуваат и ускладуваат општествените и личните интереси.

Полно воспитно значење производствената работа во задругата добива, ако се темели врз теоретските знаења на учениците, усвоени во наставата (при секоја задруга треба да постојат огледни парцели што ќе служат за испитување, набљудување и сл.); ако се изведува на определен ниво на агротехниката и ако на учениците им биде јасно зошто работат, како работат и што ќе се добие со применетиот начин на работа.

Работата во ученичката задруга, како и во секоја производствена работа, има определени организациони принципи. Во практиката се јавува бригадниот систем, а во некои случаи се јавуваат групи, формирани обично од учениците што учат во една паралелка. Без оглед на тоа, основен критериум при формирање на работните групи треба да биде возраста на учениците и карактерот на работните задачи.

Со оглед на тоа што во училиштето има деца од 7—15 години, се поставува прашање — кои ученици можат да бидат

Во дискусиите и подготовките на второто издание Наставен план и програма за основните училишта во СР Македонија, покрај просветните советници од Републичкиот завод за унапредување на школството, учествуваа и голем број просветни работници, наставнички колегиуми, стручни друштва и здруженија од Републиката.

СОДРЖИНА

Стр.

Увод — — — — — — — — — — — — — — — — — 3

Целите и задачите на воспитанието и образованието во СФРЈ — 7

Битните карактеристики и улогата на основното училиште — — — 9

Структура на воспитно-образовната работа во основното училиште 10

1. Настава — — — — — — — — — — — — — — — 11

НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Македонски јазик во основните училишта со македонски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — — — 21

Српскохрватски јазик во училиштата и паралелките со наставен српскохрватски јазик — — — — — — — — — — — — 45

Шиптарски јазик во училиштата и паралелките со шиптарски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — 58

Турски јазик во училиштата и паралелките со турски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — — — 90

Запознавање на природата и општеството — — — — — — — 107

Запознавање на природата — — — — — — — — — — — — 119

Физика — — — — — — — — — — — — — — — — 129

Хемија — — — — — — — — — — — — — — — — 134

Биологија — — — — — — — — — — — — — — — 139

Математика — — — — — — — — — — — — — — — 148

Основи на општотехничкото образование — — — — — — — 170

Запознавање на општеството — — — — — — — — — — 186

Географија — — — — — — — — — — — — — — — 195

Историја — — — — — — — — — — — — — — — 206

Основи на општествено-моралното воспитание — — — — — — 215

Македонски јазик во училиштата и паралелките со српскохрватски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — 219

Македонски јазик во училиштата и паралелките со шиптарски наставен и турски наставен јазик — — — — — — — 224

Српскохрватски јазик во училиштата со македонски наставен јазик 231

Словенечки јазик во училиштата и паралелките со македонски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — 236

Шиптарски јазик во училиштата и паралелките со македонски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — — 242
Турски јазик во училиштата и паралелките со македонски наставен јазик — — — — — — — — — — — — — — 247

Странски јазици — — — — — — — — — — — — — 253
Руски јазик — — — — — — — — — — — — — — — 254
Француски јазик — — — — — — — — — — — — — 261
Англиски јазик — — — — — — — — — — — — — 267
Германски јазик — — — — — — — — — — — — — 273
Објаснение на програмата по странски јазици — — — — — — 278
Физичко воспитание — — — — — — — — — — — — 283
Ликовно воспитание — — — — — — — — — — — — 295
Музичко воспитание — — — — — — — — — — — — 304
Домаќинство — — — — — — — — — — — — — — 310

2. Физичко и здравствено воспитание — — — — — — — — 317

3. Производствена и општествено-корисна работа — — — — — 318

4. Слободни ученички активности — — — — — — — — — 321

5. Јавна и културно-просветна дејност на училиштето — — — — 329

Издавачко претпријатие „Просветно дело“ — Скопје * Наставен план и програма за основните училишта во Социјалистичка Република Македонија * Технички уредник и коректор: Трајко Димовски * Книгава е отпечатена во Графичкиот завод „Гоце Делчев“ — Скопје (2970) во тираж од 8 000 примероци. Печатењето е завршено во јули 1966 година

НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА